Како тема на овој труд во однос на материјализацијата на архитектурата и просторот го одбирам дрвото. Дрвото е се уште едно од најважните растенија за човекот. Низ историјата, дрвата обезбедувале материјал за изградба на засолништа и најразлични алатки, и заштита од различни временски услови. Дрвото е материјал кој е природен, органски, лесен, цврст, достапен и лесен за обработка. Широката палета на бои, текстури и шари на дизајнерите им нуди сестрана и адаптивна експресивна алатка за градба. Неговата топла естетика и лесна обработливост со векови го прави омилен архитектонски материјал. Основната анатомска структура на дрвото се состои од влакна и клетки. Ваквата структура, заедно со неговиот хемиски состав ја одредува јачината и техничките карактеристики на секој вид дрво. Цврстите дрвени елементи се најјаки кога се сечат и употребуваат по должина на неговата шара, додека дрвото кое се сече попречно на шарата е послабо. Најголемиот дел од дрвото кое се употребува за градежни конструкции е меко, додека тврдото дрво најчесто се употребува за завршни работи и мебел. Мекото дрво, како борот, елката или кедарот е поевтино и го има во изобилие, додека тврдото, како дабот, цреша, јасенот, оревот, тополата и брезата имаат пофина шара, подобар изглед и се поскапи.

Меѓутоа, тешко е да се направи ваква генерализација, бидејќи буквално илјадници видови дрво се користат за најразлични употреби низ целиот свет, во зависност од локацијата, достапноста и квалитетот. Пред да излезе од пиланата, дрвото се класифицира

според неговата структурна јачина и крутост или според неговата естетика, во зависност од намената.

Дрвената граѓа се продава според величината, видот и класата, а класификацијата се врши според стандарди во однос на структурната јакост или изгледот. Градежната дрвена граѓа се класифицира според нејзината густина и јакост, од обучен инспектор или машински.

Пред да излезе од пиланата, дрвото се обележува со индустриски стандардни обележја. Класификацијата на дрвото му овозможува на дизајнерот да избира меѓу различните квалитети, за да може економично да го употреби за одредена намена. Начинот на кој парчето дрво ќе биде употребено може да одреди која класа е најпогодна.

На пример, за структурните делови со широк распон е потребен еден вид граѓа, додека за минималните структурни потреби е потребен друг вид на дрвена граѓа. Заради ова, често во еден проект се употребуваат различни видови или класи на дрво, во зависност од нивната примена. Други фактори кои треба да се имаат предвид кога се избира дрво за структурна употреба се временските услови (температура и ниво на влажност) каде што дрвото ќе биде поставено.

Начинот на кој дрвото се сече исто така има влијание на неговата јакост и употреба. Сечењето во серија на паралелни рамнини по должината на трупецот е метод кој овозможува максимално искористување и најголема количина на исечена дрвена граѓа. Оваа граѓа може да има најразлични шари, повеќе се витка и може да се собира или да се шири по должина.

Дрвото може да се сече и по дијагонала на четири дела, под агол од центарот на трупецот. Ваквиот начин на сечење дава поеднаква шара, меѓутоа при сечењето останува повеќе отпад, што го прави и поскапо отколку паралелното сечење. Дрвото кое се сече на овој начин (трупецот се сече на четвртини) е помалку подложно на виткање - свиткување и обично е погодно за подови и завршни детали, заради неговата тесна, постојана шара и фин изглед.

ISSN: 1857-8128

Скоро секое парче дрво има некаква мана или неправилност, како резултат на процесот на растење или производство. Јазлите означуваат каде имало гранки на трупецот и се неправилност која најчесто се сретнува на дрвото, кои пак заедно со пукнатините или искривувањата, влијаат на неговата јакост, класификација и изглед.

Карактеристиките на дрвото многу влијаат и од количеството на влага, истото се шири со зголемување на нивото на влага, а се стеснува со намалување. Ова треба секогаш да се земе предвид кога се дизајнира дрвена структура, бидејќи дрвото неизбежно ќе се стесни или рашири во зависност од содржината на влага. Сувата дрвена граѓа има зголемена јачина и отпорност на гниење, габи и инсекти. Ова може да се постигне со релативно бавниот процес на воздушно сушење или со употреба на сушари, што е типично за повеќето дрвни продукти во денешно време. Важно е да се напомене дека дрвото е високо отпорно на хемикалии.

Соодветни хемиските третмани ја зголемуваат отпорноста на оган, гниење и инсекти а со тоа се зголемува трајноста и издржливоста кај дрвото. Како архитектонски материјал дрвото е едно од најразновидните и најраспространетите материјали во историјата на градежништвото. Тоа е и единствениот органски архитектонски материјал. Овој материјал го има во изобилие и во градежништвото се употребува во големи количини.

Последниве децении, употребата на дрвото станува предмет на еколошки дебати. Од една страна, дрвото е обновлив извор, а од друга страна свесноста за исчезнувањето на шумите и како го сечеме дрвото може да биде причина за загриженост. Зголемената чувствителност за одговорноста кон животната средина, како и постојаното зголемување на палетата на алтернативни материјали, придонесува за опаѓање на доминацијата на дрвото. И покрај ваквата конкуренција, дрвото останува најпопуларен градежен материјал заради многу причини. Како материјал кој е потполно природен, истиот може да се рециклира, бескрајно се надоместува и доколку одговорно се сече не го нарушува еколошкиот баланс на животната средина. За разлика од надворешниот простор, каде во обликувањето на архитектонските објекти учествуваат и сите останати елементи на

природата, односно целокупниот пејсаж, внатрешниот простор, се мисли на архитектонските објекти, е исклучиво тродимензионално создаден простор од архитектонски елементи. Покрај обезбедувањето најдобрите можни услови за хигиена и заштита од негативните влијанијана надворешната средина, архитектурата на современите внатршни простори овозможува поврзување на ентериерот со екстериерот. Елементите со кои се создава архитектурата на внатрешните простории се: ѕидови, тавани и подови.

## 2. Ѕидови

**Функција**: просторно оградување – затварање надворешен / внатрешен ѕид, носив / неносив ѕид, флексибилен, преграден – (звук, светло, радијација, безбедност), транспарентен / нетраспарентен, носач на исталации, функционален елемент – елемент од мебел, ѕид со одредена површинска обработка на пример заштита од пожари и сл, носач на светлечки тела, одбивач на светло.



### 2.1.Облагање на ѕидови со дрво

Облагањето со ламерија е едно од најчестите облагања на ѕидовите. Ламперијата може да биде од различни видови на дрво, со различна широчина и должина. Може да биде во вид на даски или табли. Се поставува на дрвена подконструкција која во зависност од типот на ламперијата и начинот на поставување на ламперијата се поставува хоризонтално или вертикално на растојание кое соодвестува на должината на ламперијата. Дрвените фурнирани ѕидни облоги се направени од боени фурнирски парчиња со околу 0,4 мм дебелина поставени на исткаен потпорен материјал. Тие се достапни во големина од 4,5 до 6,0 цм ширина и должина до 36,0 цм. Овие облоги се доволно тенки за да бидат свитливи долж линијата на влакното но премногу дебели за да бидат флексибилни во хоризонтален правец. Постојат три главни недостатоци кои произлегуваат од нивната дебелина: завршните операции по поставувањето, соодветни подготовки на подлога и малата отпорост на влага. Дрвените фурнирни ѕидни облоги се премногу тенки за да бидат шмирглани заради што особено внимание мора да се обрне при нивното поставување односно не смееат да бидат изгребани или оштетени.

Заради нивната мала дебелина тие ја истакнуваат несоодветната обработка на подлогата, заради што поосодветни се тенките фурнирани шперплочи. Извиткувањето и искривувањето предизвикани од влагата можат да бидат голем проблем кај овој вид на ѕидни облоги, поради што дрвените фурнирски ѕидни облоги не треба да бидат употребувани за внатрешни ѕидови изложени на влага. Дрвените фурнирски ѕидни облоги се достапни како недовршени или довршени. Недовршените фурнири мора да бидат обоени и завршени после нивното поставување. Поставувањето на ѕидните фурнирски облоги е слично со постапката на поставувње на другите слични типови на ѕидни облоги, со тоа што плочите не смеат да бидат преклопени ниту пократко потсечени.

## 3. Подови

**Функција**: прекривање (носач) на инсталации, греење, ладење, климатизирање, инсталациски системи и зонирање. Подните облоги треба оптимално да ги исполнат барањата во смисла на функција и дизајн.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

Посебно треба да се земе во предвид: фреквенцијата на користење, лоцираноста во рамките на објектот, како и нивните технички параметри. Тука би се вклучиле и барањата од аспект на потребата да бидат безбедни – да не се лизгави, висината на конструктивните елементи, звучната изолација, премините помеѓу одредените простори како и нивниот спој со констуктивниот систем на објектот. Дрвените подови се едни од најчесто употребуваните подови особено во објектите за живеење. Квалитетот и трајноста на дрвените подови зависи од спецификацијата на дрвото како и од степенот на нивната обработка.

Тврдите дрва се типови кои најчесто се применуваат, како на пример дабот како најчест избор, потаоа јаворот кој исто така често се применува. Постојат уште голем број на типови на дрвени подови во зависност од типовите на дрва кои се произведуваат, како на пример подови од егзотични дрва и сл. Влагата е најчеста причина за неуспешно поставување на дрвените подови. Сите подни подлоги треба да бидат тестирани на присуство на влага пред да отпочне поставувањето на дрвените подови. Вообичаено се чека 30 дена од поставувањето на подната подлога.



MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**3.1.Цврсти дрвени подови** – Цврстите дрвени подови се појавуваат во три форми – даски, дрвени цигли и паркет

**а/ Даски** – за првокласна изведба на под од даски потребно е да се употребат правоаголно исечени даски со стандарни величини кои се движат од 50 до 115мм широчина на 25 до 32мм дебелина. Стандарната широчина на даските од меко дрво се генерално се движи од 125 до 175мм, а додека стандарната должина се движи од 0,6 до 5 метри. За да се добие атрактивна подна облога може да се употребат даски од тврдо дрво со различна широчина, но тие мораат да бидат суви до соодветниот степен на влага, присутна во нивниот состав за да се избегне подоцнежно собирање. Главно се употребуваат даски со пера и жлебови. Двојниот под кој многу често се употребува, се состои подлога на подот направена од даски од меко дрво од 25мм кои се со рамни рабови (или со рабови од жлебови и пера), кои се поставуваат дијагонално, па се покриваат со даски од тврдо дрво со широчина од 50 до 75мм и дебелина од само 10мм. Оваа тенка и тесна облога која изгледа доста атрактивно е позната како бродски под. Даските обично имаат пера и жлебови на рабовите што овозможува прикриено ковање. Една од предностите на двојниот под е што поставувањето на елементите (ѕидовите) од гипс картон може да се завршат и постават пред да се постави горната облога. На тој начин се избегнува честата причина за оштетување на веќе завршниот под. Градежното дрво кое се употребува за обложување на подот ги вклучува следниве меки дрва: дуглазија, ела, бел бор, долгоиглест бор, црвен бор, западна цуга и змијов бор и следниве тврди дрва: англиски, американски, тасманиски и јапонски даб, јавор, бреза, бука, тиково дрво ироко, јарах, шореа, нијагон и пинкадо. Даските можат да се коваат на широк лист или на  носачи кои се делумно вметнати во бетонот.

**б/ Дрвени цигли** – Дрвените цигли со жлебови и пера и со жлебови опашка на ластовица е вид подна облога која многу се препочита, бидејќи жлебот опашка на ластовица овозможува добар спој со топол мастикс или лепило од смола, а спојувањето на жлебови и перата на овој начин го спречува разлабувањето на дрвените цигли и појава на

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

нерамна површина. Често дрвените цигли се наредени со шара како плетена кошница врз бетонска подлога или во шара на рибина коска. Дрвените цигли треба да бидат исечени во форма на квадрат за да се обезбеди максимален отпор кон абење и минимум создавање на дилатација и собирање. Тие треба да бидат внимателно осушени во печка се додека не се постигне сакaната влажност и од голема важност е објектот каде што треба да се поставaт да биде што посув за да се постигнат добри резултати. Оттука, поставувањето на дрвените цигли во нов објект треба да се одложи се додека не се отстрани било каква зголемана влажност во самиот објект и атмосферата. Површината на крај се обработува со рендалка (големи површини обично се стругаат со електрични подвижни машини), се струга, се шмиргла, премачкува со восок и се полира.

**в/ Паркет** – постојат два вида – обичен и обложен

**Обичниот пракет** се состои од тенки, мали парчиња многу декоративно тврдо дрво (обично даб или тиково дрво) кои се лепат и заковуваат со клинови на подлога од меко дрво или шперплоча.

Парчињата се правоаголни и се подредени по одредена шара, но понекогаш се употребуваат видови градежни дрва со различни бои за да се постигне покомплексна шара. Се препорачува да се постави слој (5мм) од шперплоча помеѓу подлогата и паркетот. Шперплочата треба да биде закована за подлогата на подот, а споевите помеѓу шперплочата треба да бидат пополнети со дрвен мастикс или кит, да се истругаат и ишмирглаат, па дури потоа да се постави паркетот. Задачата на овој средишен слој е да обезбеди совршено рамна површина за тенката облога и да спечи било какво придвижување (собирање и дилатација). Се разбира овој средишен слој дека не е задолжителен.

**Обложен паркет** се смета за најдобра од оваа класа на облоги и се состои од површински фурнир од шарено и обоено тврдо дрво кое се лепи под голем притисок на подлога од меко дрво. Фурнирот варира од 5 до 9,5 мм дебелина, а подлогата за која се лепи е или 19 или 25 мм дебела. Потоа овој материјал се сече на плочки со различна

величина од кои најчести се оние со големина од 300 до 600 квадратни мм. Истите се лепат и коваат за подлогата од даски од меко дрво или шперплоча. Паркетот се обраборува површински и се полира.

## 4. Заклучок

Дрвопреработувачката индустрија претставува стопанска гранка чија основна задача е обработката и преработката на дрвото. Како основен материјал за преработка се користи дрвото што е добиено од шумските стопанства, со чија натамошна обработка се добиваат голем број производи што се потребни во современото живеење на човекот.

Изборот на материјали може да биде моќно средство за израз во архитектурата. За да може ефикасно да го соединат практичниот и техничкиот со теоретскиот и уметничкиот дел, мора добро да се познаваат материјалите.

## 5. Користена литература

[1] https://www.nysid.edu/academics/what-is-interior-design
[2] https://www.pazar3.mk/blog/ureduvanje-na-enterier-vo-makedonija
[3] https://foyr.com/learn/best-floor plan apps/?fbclid=IwAR2OYbUaAp8DA3R9KjRINTV7crBwRlqq8JgVRCqoEkBFZxvNGJE7Qy iehtM
[4] https://www.amara.com/editorial/lifestyle/interiordesign tips?&amss=mc9&msclkid=d3766cfb3c0e14a243630d4f33e712ca&utm_source=bing&utm_medium=cpc&utm_campaign=UK%20%20generic%20%20DSA&utm_term=shop%20lifestyle%20&utm_content=Lifestyle&ds_rl=1298931&gclid=d3766cfb3c0e14a243630d4f33e712ca&gclsrc=3p.ds%5C&fbclid=IwAR1FPERIg_YQbaV08MlSmI08DN_UNB5mbE0qW1Z-IkSpt-MQL5SRXdO76DM
[5] https://www.nda.ac.uk/blog/how-to-create-a-winning interiordesign presentation/?fbclid=IwAR3BNwad8_8uOQ8xKWNgo2EJfxrGPJnjECjPy8JCHxeL6JECXT kwoljK5cY 7. https://www.dwell.com/article/suteki-house-kengo-

kuma 195badb1?fbclid=IwAR1jRuonmtfM9Vy3dSF2bdyXan06QN2kT_A7HdKv_yBMz0ROdzLs XDkS2gg 8.https://www.designboom.com/architecture/kengo-kumas-shiro-villa-japan-05-18-2020/?fbclid=IwAR2nqxzNFBqkD0oYSgpD27glHCZWZCxzwDiERtxaT nyc4ofFJU1148m6Es

[6] http://www.home-designing.com/luxe-home-interiors-with-staple-accent-colours

[7] https://www.theinteriordesigninstitute.co.uk/bing/?partner=bn&msclkid=81c94ed31df41c4d1 45f2f6950a2ee8d

[8] https://www.designyourway.net/blog/inspiration/incredible-living-room-interior-design-ideas 50-examples/

[9] https://www.timberfocus.com

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# SOCIAL SCIENCE AND HUMANITIES

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# FAMILY AFFECTIVE ATTACHMENT AND EMOTIONAL INTELLIGENCE IN PERSONS FROM EARLY ADULTHOOD

Marija Markovska

Vesna Blaževska

MIT University, Department of Psychology str. "Macedonia", City Gallery, 1000 Skopje

vesna.blazhevska@mit.edu.mk

marija-markovska94@hotmail.com

## Abstract

Most of the theories, despite different points of view, agree with the idea that early experiences of children have different influences on the life of adults. According to the English psychoanalyst John Bowlby (Bowlby, 1973), a child is born as a social being whose primary need is the need for an emotional relationship with guardians, especially with the mother. When we talk about affective attachment, we will inevitably mention emotions, as well as emotional intelligence. Learning about emotions begins with birth itself, already in the parental home and family environment, and continues throughout life, through various forms of social interaction. (Salovey & Slyter, 1997). Bowlby (Bowelby, 1995) emphasizes that the development of emotions begins very early, that is, more in the first months of a child's life, which begins to teach him how to understand and regulate his own and others' emotions.

In this research participated 150 subjects (72 men and 78 women) at the age of 18 to 40 years. Regarding the survey, for the needs of the labor was constructed socio-demographic questionnaire, a questionnaire for assessing family affective attachment was used to measure family attachment (Brenan, Clark & Shaver 1995), while a questionnaire for emotional intelligence was used for research on emotional intelligence. competence (UEK-45, Takšiḱ, 2002). According to the obtained results, we confirm that people with secure family affective attachment have a higher level of emotional intelligence H2 (1,N=150)=8.061 p=0.018 ($p<0.05$) fi=0.18

**Keywords:** *family affective attachment, emotions, emotional intelligence*

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# СЕМЕЈНА АФЕКТИВНА ПРИВРЗАНОСТ И ЕМОЦИОНАЛНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА КАЈ ЛИЦА ОД РАНА ЗРЕЛОСТ

Марија Марковска

Весна Блажевска

МИТ Универзитет, Факултет за психлогија ул. "Македонија", City Gallery, 1000 Скопје

vesna.blazhevska@mit.edu.mk

marija-markovska94@hotmail.com

**Апстракт**

Повеќето теории и покрај различните гледишта, се согласуваат со идејата дека раните искуства на децата имаат различни влијанија врз животот на возрасните. Според англискиот психоаналитичар Џон Болби (Bowlby, 1973) детето се раѓа како социјално битие чија примарна потреба е потреба за емоционална врска со старателите, особено со мајката. Кога зборуваме за афективната приврзаност неминовно е да се споменат и емоциите, како и емоционалната интелигенција. Учењето за емоциите започнува со самото раѓање, уште во родителскиот дом и семејното опкружување, а продолжува во текот на целиот живот, низ различните облици на социјална интеракција. (Salovey & Slyter, 1997). Болби (Bowelby, 1995), нагласува дека развојот на емоциите започнува многу рано, односно веќе во првите месеци од животот на детето, кога тоа почнува да учи како да ги разбира и регулира сопствените и емоциите кај другите.

Во оваа истражување учествуваа 150 испитаници (72 мажи и 78 беа женина) на возраст од 18 до 40 години. Во однос на испитувањето, за потребите на трудот беше конструиран социо-демографски прашалник, за мерење на семејна приврзаноста се користише прашалникот за проценување на семејна афективна приврзаност (Brenan, Clark & Shaver 1995), додека за истражување на емоционална интелигенција користен е прашалник за емоционална компетентност (УЕК-45, Такшиќ, 2002г). Според добиените резултати потврдуваме дека лицата со сигурна семејна афективна приврзаност имаат

повисоко ниво на емоционална интелигенција X2 (1,N=150)=8,061 p=0.018 (p<0,05) fi=0.18

**Клучни зборови:** семејна афективна приврзаност, емоции, емоционална интелигенција

## 1. Вовед

Односот помеѓу мајката и детето е еден од најексплорираните, но и најзначајните психолошки теми кој што од страна на психолозите започнал да се изучува кон крајот на 19-ти и почетокот на 20-ти век и практично сите постоечки психолошки теории ја проучувале интеракцијата помеѓу децата и мајките, инсистирајќи на значењето на квалитетот кој во овој однос се развива за понатамошниот развој на личноста.

Повеќето теории и покрај различните гледишта, се согласуваат со идејата дека раните искуства на децата имаат различни влијанија врз животот на возрасните.

Според англискиот психоаналитичар Џон Болби (Bowlby, 1973) детето се раѓа како социјално битие чија примарна потреба е потреба за емоционална врска со старателите, особено со мајката. Приврзаноста Болби ја дефинира како силна афективна поврзаност со објектот на приврзаност, што ја карактеризира тенденцијата на барање и одржување блискост со истиот објект, особено во стресните ситуации (Bowlby, 1973 според Bretherton, 1992). Теоријата на приврзаност е важна за подобро разбирање на процесот за градење блиски односи помеѓу детето и родителот, особено мајката, а тоа влијае врз градење на врсничките, а подоцна и романтичните врски.

Кога зборуваме за афективната приврзаност неминовно е да се споменат и емоциите, како и емоционалната интелигенција. Учењето за емоциите започнува со самото раѓање, уште во родителскиот дом и семејното опкружување, а продолжува во текот на целиот живот, низ различните облици на социјална интеракција. (Salovey & Slyter, 1997). Болби (Bowelby, 1995), нагласува дека развојот на емоциите започнува многу рано, односно веќе во првите месеци од животот на детето, кога тоа почнува да учи како да ги разбира и регулира сопствените и емоциите кај другите.

ISSN: 1857-8128

Во развојот на личноста, искуствата на приврзаноста се клучни за човечкиот емоционален и когнитивен развој. Интеракциите со фигурите на приврзаност се важни за обликувањето на индивидуалната слика за личноста и социјалниот свет, кои се интернализирани во внатрешен работен модел (Bowlby, 1969), базиран на афективни и когнитивни претстави за себе, за другите и односите кои влијаат на блиските врски на поединците и регулирањето на емоциите во текот на нивниот животен век.

Кобак и Скири (Kobak и Sceery, 1988) ја истражувале врската помеѓу различните модели на приврзаност и справувањето со емоции во кои што дошле до резултати дека лицата кои се сигурно приврзани можат подобро да се соочат со непријатните емоции во социјалните интеракции во споредба со луѓето кои имаат развиено несигурен модел на приврзаност. Покрај тоа, лицата со сигурен модел на афективна приврзаност поседуваат повеќе пријатни емоции за време на интеракциите со опкружувањето и користат позитивни вештини за регулирање на емоциите (Cooper, Shaver и Colins, 1998).

Кафетсиос (Kafetsios 2002) ја истражувал врската меѓу семејната афективна приврзаност и емоционалната интелигенција, на примерок од 239 возрасни лица на возраст помеѓу 19 и 66 години. Во своето истражување дошол до резултати дека сигурната приврзаност била позитивно поврзана со емоционалната интелигенција. Спротивно на очекувањата, и несигурната приврзаност била позитивно поврзана со способноста да се разберат емоциите. Хамарта, Енгин и Салтали (Hamarta, Engin & Saltali, 2009) спровеле истражување чија цел била да се истражи дали стиловите на приврзаност можат да ја предвидат емоционалната интелигенција (интраперсоналната, интерперсоналната, прилагодливоста, управувањето со стресот и општото расположение). Во истражувањето учествувале 463 испитаници (272 жени, 191 мажи) студенти на додипломски студии избрани по случаен избор од различни факултети на Универзитетот во Селчук. За анализа на податоци биле користени корелациски и регресивни анализи. Резултатите покажале дека постои статистички значајна позитивна корелација помеѓу сигурниот стил на афективна приврзаност и емоционалната интелигенција, односно дека стиловите на афективната приврзаност влијаат врз развојот

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

на емоционалната интелигенција, но и ја предвидуваат емоционалната интелигенција. Сигурниот стил на афективната приврзаност е позитивно поврзан со емоционалната интелигенција и е значаен предиктор за интерперсоналната компонента на емоционалната интелигенција. Според тоа луѓето со сигурен стил на афективната поврзаност имаат повеќе позитивни црти составени од интерперсонални вештини, како што се свесност, самодоверба и самоактуелизација, за разлика од оние со плашлив, избегнувачки или преокупиран стил на афективна приврзаност. Сето тоа доведува до тоа да луѓето со поразвиени интерперсонални вештини имаат поголема самодоверба при решавањето на проблемите, самостојни се и свесни за своите емоции (Goleman, 1995) и се почесто самореализирани (Bar – On, 2006).

Од прегледот на многуте досегашни истражувања за поврзаноста на семејната афективна приврзаност и емоционалната интелигенција можеме да кажеме дека првиот однос кој ќе го воспостави детето со своите старатели има круцијално значење во воспоставување на врски во подоцнежните фази во животот, па поради тоа си ги поставивме прашањета дали постои поврзаност помеѓу семејната афективна приврзаност и емоционалната интелигенциј кај лица од рана зрелост во Република Северна Македонија.

## 2. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Во оваа истражување учествуваа 150 испитаници од кои 72 испитаника беа мажи и 78 испитаника беа жени на возраст од 18 години до 40 години и се граѓани на РС Македонија. Примерокот во истражувањето е без случаен избор, односно пригоден примерок, како најлесен и најбрз начин на избор на испитаници. Податоците беа прибирани онлине во период од септември 2019 година до март 2020 година.

За потребите на истражувањето дизајниран е прашалник за социо - демографски податоци: возраст (во пет категории: до 18 години, од 18 до 25 години, од 25 до 28 години, од 28 до 33 години и од 33 до 40 години), пол, место на живеење, националност, степен на

ISSN: 1857-8128

образование (во четири категории: основно училиште, средно училиште, факултет и друго), партнерска релација (во четири категории: во врска, слободен/слободна, во брак, разведен/а), работен статус (вработен/а, невработен/а) и брачен статус на родителите (во брак, самохран родител).

За проценка на семејната афективна приврзаност се користеше прашалникот за проценување на семејна афективна приврзаност (Brenan, Clark & Shaver 1995). Инструментот се базира на дводимензионален модел на индивидуални разлики во афективното приврзување (Crowel, Fraley, & Shaver, 1999; Stefanović-Stanojević, 2005). Парните ајтеми ја сочинуваат скалата за анксиозност, додека непарни ајтеми ја сочинуваат скалата на избегнување. Прашалникот содржи 18 ајтеми кои се поврзани со чувствата на испитаниците во однос на семејните односи, а резултатите се класифицираат во една од четирите форми на афективната приврзаност: сигурна избегнувачки, преокупиран/амбивалентен или плашлив/дезорганизиран.

Во оваа истражување четирите модели на семејната и партнерската афективна приврзаност ќе бидат разгледувани како сигурна афективна приврзаност и несигурна афективна приврзаност.

За истражување на емоционална интелигенција користен е прашалник за емоционална компетентност (УЕК-45, Такшиќ, 2002г). Овој прашалник е скратена верзија на прашалникот за мерење на емоционална интелигенција (УЕК-136 Такшиќ), и е конструиран по модел на Mayer и Salovey (1997,2003). Содржи 45 ајтеми кои се поделени во три субскали: способност за идентификување и разбирање на емоциите (15 ајтеми), способност за изразување и именување на емоциите (14 ајтеми), како и способност за регулирање и управување на емоциите (16 ајтеми). Испитаникот одговара на тој начин што го проценува своето ниво на сложување на тврдењето на скалата од Ликертов тип (од 1 - воопшто не се однесува на мене до 5 - во потполност се однесува на мене. Вкупникот резултат се формира по субскалите како линеарна комбинација на ајтемите која ја сочинуваат субскалата, при што поголем резултат укажува на поголема емоционална интелигенција. Спроведено е пилот истражување за изработка на докторска теза на

испитаници од Македонија, при што се добиени резултати дека психометриските особини на прашалникот се прифатливи, односно кронбах алфа коефициентот на релијабилност е ≥ 0.7. (Стојановска Ј.М, 2016).

Кронбах алфа коефициентот на релијабилност на првата субскала способност за идентификување и разбирање на емоциите е =, 816.

Кронбах алфа коефициентот на релијабилност на втората субскала способност за изразување и именување на емоциите е =, 848.

Кронбах алфа коефициентот на релијабилност на третата субскала способност за регулирање и управување на емоциите е =, 752.

## 2.1 Опис на примерокот

Табела 1. фрекфенција и проценти по категории од социо-демографскиот прашалник

| **Варијабли** | | **Фрекфенции и проценти** | |
|---|---|---|---|
| | | **F** | **%** |
| **пол** | **Мажи** | 72 | 48,0% |
| | **Жени** | 78 | 52,0% |
| **возраст** | **До 18 години** | 1 | 0,7% |
| | **Од 18 до 25 години** | 36 | 24,0% |
| | **Од 25 до 28 години** | 33 | 22,0% |
| | **Од 28 до 33 години** | 37 | 24,7% |
| | **Од 33 до 40 години** | 43 | 28,7% |
| **Степен на образование** | **Основно** | / | / |
| | **Средно** | 38 | 25,3% |
| | **Високо** | 112 | 74,7% |
| | **Др.** | / | / |
| **Партнерска релација** | **Во врска** | 41 | 27,3% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Слободен/на** | 61 | 40,7% |
| | **Во брак** | 45 | 30,0% |
| | **Разведен/а** | 3 | 2,0% |
| | **Вдовец/ца** | / | / |
| **Работен статус** | **Вработен/а** | 90 | 65,3% |
| | **Невработен/а** | 52 | 34,7% |
| **Брачен статус на родители** | **Во брак** | 131 | 87,3% |
| | **Разведени** | 19 | 12,7% |
| **Националност** | **Македонец/Македонка** | 140 | 93,3% |
| | **Албанец/Албанка** | 1 | 0,7% |
| | **Србин/Србинка** | 5 | 3,3% |
| | **Ром/Ромка** | / | / |
| | **Турчин/Турчинка** | / | / |
| | **Др.** | 4 | 2,7% |

Врз основа на податоците добиени од социодемографскиот прашалник прикажани во Табела 1, ќе биде опишан примерокот кој учествуваше во истражувањето. Како што е прикажано во табела 1, 48% од испираниците се лица од машки пол, а 52% од испираниците се од женски пол. Во истражувањето учествуваа лица од 18 до 40 години, односно лица од рана зрелост, при што 1 лице од истражуваните беше до 18 години или пак 0,7% од вкупниот број истражувани. 36 лица се на возраст од 18 - 25 години од кои поголем број беа жени 51% и мажи со 49%. Најголем процент од истажуваните лица имаат завршено основно училиште (68.75%), со завршено средно училиште се 13.75% од истражуваните лица, 11.25% од испитаниците се без основно образование. Во однос на партнерската релација, 27,3% од испираниците се во врска, 40,7% се слободни, 30% се во брак, а 2 % се разведени. Во однос на работниот статус, 65, 3% од испитаниците се вработени, а 34,7% од испитаниците се невработени. Во однос на брачниот статус на

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

родителите, 87,3% од родителите на испитаниците се во брак, а 12,7% се разведени. По националност, 93,3% од испитаниците се македонци, 0,7% се албанци, 3,3% се срби, а 2,7 % од испитаниците се изјасниле дека се друга националност.

## 3. Резултати

Истражувачката хипотеза "Лицата со сигурна семејна афективна приврзаност имаат повисоко ниво на емоционална интелигенција" се користеше Хи-квадрат тест, при што податоците беа обработувани во SPSS 20.

*Табела 2. Фрекфенција и проценти за семејна афективна приврзаност*

| **Семејна афективна приврзаност** | **F** | **%** |
|---|---|---|
| **Несигурна семејна афективна приврзаност** | 81 | 54,0 |
| **Сигурна семејна афективна приврзаност** | 69 | 46,0 |
| **Вкупно** | 150 | 100,0 |

Според табела 2, од вкупниот број на испитаници 54% имале несигурна семејна афективна приврзаност (81 испитаници), а 69 испитаници или 46% од испитаниците имале сигурна семејна афективна приврзаност.

*Табела 3 - Фрекфенција и проценти за емоционална интелигенција*

| **Емоционална интелигенција** | **F** | **%** |
|---|---|---|
| Ниско ниво на емоционална интелигенција | 2 | 1,3 |
| Средно ниво на емоционална интелигенција | 62 | 41,3 |
| Високо ниво на емоционална интелигенција | 86 | 57,3 |
| **Вкупно** | 150 | 100,0 |

ISSN: 1857-8128

Според табела 3, од вкупниот број на испитаници двајца од испитаниците или 1,3% имале ниско ниво на емоционална интелигенција, 62 лица од испитаниците имале средно ниво на емоционална интелигенција или 41,3%, а 57,3% имале високо ниво на емоционална интелигенција или 86 од испитаниците.

*Табела 4 –Поврзаност помеѓу семејната афективна приврзаност и емоционална интелигенција*

**Case Processing Summary**

| | Cases | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Valid | | Missing | | Total | |
| | N | Percent | N | Percent | N | Percent |
| Семејна афективна приврзаност * Емоционална интелигенција | 150 | 100,0% | 0 | 0,0% | 150 | 100,0% |

**Семејна афективна приврзаност * Емоционална интелигенција Crosstabulation**

| | | | Емоционална интелигенција | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ниско ниво на емоционална интелигенција | средно ниво на емоционална интелигенција | високо ниво на емоционална интелигенција | |
| Семејна афективна приврзаност | несигурна семејна афективна приврзаност | Count | 1 | 42 | 38 | 81 |
| | | % within Семејна афективна приврзаност | 1,2% | 51,9% | 46,9% | 100,0% |
| | | % within Емоционална интелигенција | 50,0% | 67,7% | 44,2% | 54,0% |

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | % of Total | 0,7% | 28,0% | 25,3% | 54,0% |
| | сигурна семејна афективна приврзаност | Count | 1 | 20 | 48 | 69 |
| | | % within Семејна афективна приврзаност | 1,4% | 29,0% | 69,6% | 100,0% |
| | | % within Емоционална интелигенција | 50,0% | 32,3% | 55,8% | 46,0% |
| | | % of Total | 0,7% | 13,3% | 32,0% | 46,0% |
| Total | | Count | 2 | 62 | 86 | 150 |
| | | % within Семејна афективна приврзаност | 1,3% | 41,3% | 57,3% | 100,0% |
| | | % within Емоционална интелигенција | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |
| | | % of Total | 1,3% | 41,3% | 57,3% | 100,0% |

**Chi-Square Tests**

| | Value | df | Asymp. Sig. (2-sided) |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 8,061[a] | 2 | ,018 |
| Likelihood Ratio | 8,184 | 2 | ,017 |
| Linear-by-Linear Association | 6,823 | 1 | ,009 |
| N of Valid Cases | 150 | | |

a. 2 cells (33,3%) have expected count less than 5. The minimum expected count is ,92.

**Symmetric Measures**

ISSN: 1857-8128

| | | Value | Approx. Sig. |
|---|---|---|---|
| Nominal by Nominal | Phi | ,232 | ,018 |
| | Cramer's V | ,232 | ,018 |
| N of Valid Cases | | 150 | |

a. Not assuming the null hypothesis.
b. Using the asymptotic standard error assuming the null hypothesis.

За тестирање на хипотезата дека испитаниците од рана зрелост кои имаат сигурна афективна семејна приврзаност, имаат и повисоко ниво на емоционална интелигенција користевме Хи-квадрат тест.

Според добиените резултати може да се увиди дека постои поврзаност помеѓу семејна афективна приврзаност и ниво на емоционална интелигенција X2 (1,N=150)=8,061 p=0.018 (p<0,05) fi=0.18 што би значело дека лицата од рана зрелост со сигурна семејна афективна приврзаност имаат и повисоко ниво на емоционална интелигенција**.** Врската помеѓу двете променливи е мала (fi =0.18).

Според добиените резултати, хипотезата „ Лицата со сигурна семејна афективна приврзаност имаат повисоко ниво на емоционална интелигенција“ **се потврдува**.

## 4. Дискусија

Од добиените податоци можеме да потврдиме дека лицата со сигурна семејна афективна приврзаност имаат повисоко ниво на емоционална интелигенција, додека оние со несигурна семејна афективна врска имаат и пониско ниво на емоционална интелигенција (X2 (1,N=150)=8,061 p=0.018 (p<0,05) fi=0.18).).

Како и останатите и ова истражување покажа дека, сигурната семејна приврзаност е поврзана со емоционалната интелигенција, односно лицата кои се сигурно приврзани можат подобро да се соочат со непријатните емоции во социјалните интеракции во споредба со луѓето кои имаат развиено несигурен модел на приврзаност.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

Покрај тоа, лицата со сигурен модел на афективна приврзаност поседуваат повеќе пријатни емоции за време на интеракциите со опкружувањето и користат позитивни вештини за регулирање на емоциите (Cooper, Shaver и Colins, 1998).

Во истражувањето кое што е спроведено од страна на Хамарта, Енгин и Салтали (Hamarta, Engin & Saltali, 2009) се добиени исто така резултати дека стиловите на афективната приврзаност влијаат врз развојот на емоционалната интелигенција, но и ја предвидуваат емоционалната интелигенција. Поточно сигурниот стил на афективната приврзаност е позитивно поврзан со емоционалната интелигенција и е значаен предиктор за интерперсоналната компонента на емоционалната интелигенција. Според тоа луѓето со сигурен стил на афективната поврзаност имаат повеќе позитивни црти составени од интерперсонални вештини, како што се свесност, самодоверба и самоактуелизација, за разлика од оние со плашлив, избегнувачки или преокупиран стил на афективна приврзаност. Сето тоа доведува до тоа да луѓето со поразвиени интерперсонални вештини имаат поголема самодоверба при решавањето на проблемите, самостојни се и свесни за своите емоции (Goleman, 1995) и се почесто самореализирани (Bar – On, 2006).

## 5. Заклучок

Емоционалниот живот на детето, емоционалната интелигенција, компетентност, емоционалната експресивност, во најголема мера, може да се должи на емоционалната приврзаност на детето кон мајката, уште во најраното детство. Атачментот или приврзаноста со други зборови е основа на емоционалниот живот понатака. Како и што беше нагласено блиските односи со родителите или старателите (семејството) влијаат на емоционални врски во иднината, односно дека приврзаноста на детето и старателот влијае на квалитетот на врската во адолесценцијата и во зрелоста.

Афективната приврзаност влијае на социјално-емоционалните вештини кои луѓето го користат во нивната социјална средина, а аспектите на овие вештини се под влијание на емоционалната интелигенција, која постепено се развива и учи уште од најрана возраст.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Bowlby, J. (1969). *Attachment and loss*: Vol. 1. Attachment. New York: Basic Books.

[2] Babić, A. (2004). *Emocionalna inteligencija I neki pokazatelji prilagodbe kod ućenika rane adolescentne dobi*. Zagreb: Sveućilište u Zagrebu.

[3] Colle, L., & Del Giudice, M. (2011). Patterns of Attachment and Emotional Competence in Middle Childhood. *Social Development, 20*. 51 - 72. doi:10.1111/j.1467-9507.2010.00576.x.

[4] Goleman, D. (1997). *Emocionalna inteligencija*. Biličić, D. Zagreb: Mozaik knjiga.

[5] Goleman, D. (1995). *Emotional intelligence*. New York: Bantam books.

[6] Hamarta, Erdal; Deniz, M. Engin; Saltali, Neslihan, *Educational Sciences: Theory and Practice*, v9 n1 p213-229 Win 2009

[7] Hamarta, E., Deniz, M.E., & Saltali, N. (2009). Attachment Styles as a Predictor of Emotional Intelligence. *Educational Sciences: Theory and Practice*, *9*(1), 213-229.

[8] Kafetsios, K. (2004). Attachment and emotional intelligence abilities across the lifespan. *Personality and Individual Differences, 37*, 129-145.

[9] Stefanović S., T. (2005). *Emocionalni razvoj ličnosti*. Niš: Prosveta.

[10] Стојановска, Ј. М. (2017). Промени в Личносня профил на обучаващи се в психотерапия студенти. Благоевград: Югозападен университет 'Неофит Рилски'.

[11] Žigmundić, M. (2016). Utjecaj privrženosti na razvoj emocionalne inteligencije. Osijek: Sveučilište J. J. Strossmayera u Osijeku, Filozofski fakultet.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# AGING AND CARE FOR THE ELDERLY IN ONE'S OWN HOME, A GLOBAL PLAN FOR THE WORLD AS A WHOLE

Elizabeta Popova Ramova[1], Emanuela Esmerova[2]

MIT University- Skopje, Republic of Nord Macedonia

Contact email author:eliramova62@gmail.com

## Abstract

Life expectancy has increased worldwide, and with it the representation of the old population. The low birth rate and higher life expectancy contribute to the transformation of the shape of the population pyramid in Europe. The most significant change is the transition to a much older population structure, which results in a decrease in the percentage of working age, while the number of retired population increases. The economic effects of an aging population are significant. Older people have higher accumulated savings per capita than younger people, but spend less on consumer goods. **The aim** of our research is to study the management possibilities and legal regulations that are already used for the care of the elderly in their own home, as an economic, social and health justification. **Material and method**: we made a retrospective analysis of data from the United Nations (UN) and the World Health Organization (WHO) on the guidelines for dealing with these demographic changes. **Results:** There are management plans for the longest possible care of the elderly in their own home, as economically and socially justified approaches to the care of the elderly. The UN and WHO provide a strategic plan for overcoming the situation. This plan includes social activities with economic, social and health benefits. **Discussion**: integrating the guidelines from the UN and WHO, in each country as a national strategy 2021-2030, according to the same principles can significantly help in every aspect for quality of life and economic justification for society's care for the elderly. **Conclusion:** The increasing percentage of the elderly in relation to the able-bodied population is a fact, and the care that the elderly received in the past from their families is different today and requires social activities for dignified aging. The guidelines given by the UN

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

provide an opportunity for a decent start with economic and health benefits for society, the individual and the family.

**Key words**: *elderly, social care, dignified life*

## СТАРЕЕЊЕТО И ГРИЖАТА ЗА СТАРИТЕ ЛИЦА ВО СОПСТВЕНИОТ ДОМ, ГЛОБАЛЕН ПЛАН СВЕТОТ ВО ЦЕЛИНА

Елизабета Попова Рамова[1], Емануела Есмерова[2]

МИТ Универзитет, Скопје, Република Северна Македонија

### Апстракт

Животниот век е зголемен ширум светот, а со тоа и застапеноста на старото население.. Ниската стапка на наталитет и повисокиот животен век придонесуваат за преобразба на обликот на пирамидата на населението во Европа. Најзначајната промена е преминот кон многу постара структура на населението, што резултира со намалување на процентот на работоспособната возраст, додека бројот на пензионираното население се зголемува. Економските ефекти од стареењето на населението се значителни. Постарите луѓе имаат повисоки акумулирани заштеди по глава од помладите луѓе, но трошат помалку на стоки за широка потрошувачка. **Цел** на нашето истражување е да ги проучуме можностите за менаџирање и законските регулативи кои веќе се користат за нега на старите лица во сопствениот дом, како економска, социјална и здравсвена оправданост. **Материјал и метод**: направивме ретропективна анализа на податоците од Обединетите нации (ОН) и Светската Здравствена Организација(СЗО) за насоките кон справување со овие демографски промени. **Резултати:** Постојат менаџмент планови за што подолга грижа на старите лица во сопствениот дом, како економски и социјално оправдани пристапи за грижа на старите лица. Стратешки план за надминување на состојбата даваат ОН и СЗО. Овој план опфаќа општествени активности со економски, социјални и здравствени бенефити. **Дискусија**: интегрирање на насоките од ОН и СЗО, во секоја земја

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

како национална стратегија 2021-2030, по исти принципи може значајно да помогне во секој поглед за квалитетен живот и економска оправданост за грижата на општеството за старите лица. **Заклучок:** Зголемениот процент на стари лица во однос на работоспособно население е факт, а грижата што ја добивале старите лица во минатото од своите семејства, денес се поинакви и бараат оптествени активности заради достојно стареење. Насоките дадени од ОН даваат можност за достојно стреење со економски и здравствен бенефит за општеството, поединецот и семејството.

**Клучни зборови**: *стари лица, општествена грижа, достоен живот*

## 1. Вовед

## Староста и нејзините карактеристики

Под стареење на населението се подразбира зголемена средна возраст кај населението поради намалувањето на стапката на плодност и зголемувањето на животниот век. Во повеќето земји е зголемен животниот, а со тоа и старото население прво тоа било карактеристично за развиените земји, но последните децении е забележано во сите земји во развој. Ова било утврдено кај сите земји членки на Обединетите нации (ОН), освен нема податоци за 18 земји кои не припаѓаат кон оваа асоцијација.[1] Постарото население моментално е на највисоко процентуално ниво во историјата на човештвото.[2] ОН предвидуваат стапка на стареење на населението во 21 век ќе го надмине оној од претходниот век.[2] Бројот на луѓе на возраст од 60 години и повеќе се зголемил тројно од 1950 година и достигнал 600 милиони во 2000 година и надминал 700 милиони во 2006 година. Се предвидува дека комбинираното постаро и геријатриско население ќе достигне 2,1 милијарди до 2050 година.[3][4] Земјите значително се разликуваат во однос на степенот и темпото на стареење, а ОН очекуваат населението што почнало да старее подоцна ќе има помалку време да се прилагоди на општествените промени кои и нивните последици кои идат со ваквите демографски промени.[5]

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 2. Епидемиолошки податоци

Се очекува поголем процент на населението да живее над шестата деценија. Секоја земја во светот бележи раст и во големината и во процентот на постари лица во населението. До 2030 година, 1 од 6 луѓе во светот ќе биде на возраст од 60 години или повеќе. Уделот на населението на возраст од 60 години и повеќе ќе се зголеми од 1 милијарда во 2020 година на 1,4 милијарди. До 2050 година, светската популација на луѓе на возраст од 60 години и постари ќе се удвои (2,1 милијарди). Бројот на лица на возраст од 80 години или постари се очекува да се зголеми тројно помеѓу 2020 и 2050 година и да достигне 426 милиони. Во Јапонија 30% од населението е веќе над 60 години), промени ќе се случат и во земјите со низок и среден приход кои ќе имаат најголеми промени. До 2050 година, две третини од светското население над 60 години ќе живее во земји со низок и среден приход. (6) Дополнителните години на живот даваат можност да се продолжи со нови активности како што се понатамошно образование или долго занемарена страст, со продолжено давање вредни придонеси за семејството и заедницата. Сепак, обемот на овие можности во голема мера зависи од еден фактор: здравјето.

## 3. Стареење на населението во Европа

Ниската стапка на наталитет и повисокиот животен век придонесуваат за преобразба на обликот на пирамидата на населението во Европа. Најзначајната промена е преминот кон многу постара структура на населението, што резултира со намалување на процентот на работоспособната возраст, додека бројот на пензионираното население се зголемува. Се предвидува дека вкупниот број на постарото население значително ќе се зголеми во наредните децении, со зголемени пропорции на повоените генерации на бејби-бум кои ќе стигнат до пензија. Ова ќе предизвика големо оптоварување на работоспособното население бидејќи тие обезбедуваат зголемување на бројот на постарото население.[7][8] Низ историјата многу држави работеле на одржување на високи стапки на наталитет со цел да имаат умерени даноци, поголема економска активност и повеќе војници за нивната војска.[9] **Стареењето на населението денес е**

**забележано во повеќето европски земји.** Стареењето на населението во Европа е предизвикано првенствено од три фактори: опаѓање на стапката на плодност, зголемен животен век и преселување.[10] Причините за стареење на населението варираат меѓу земјите.

## 4. Благосостојба и општествени политики

Економските ефекти од стареењето на населението се значителни. Постарите луѓе имаат повисоки акумулирани заштеди по глава од помладите луѓе, но трошат помалку на стоки за широка потрошувачка. Во зависност од опсегот на возраст во кој се случуваат промените, стареењето на населението може да резултира со пониски каматни стапки и економски придобивки од пониската инфлација. Некои економисти во Јапонија гледаат предности во таквите промени, особено можноста за напредок во автоматизацијата и технолошкиот развој без да се предизвика невработеност, и се нагласува промената од БДП кон личната благосостојба.

Сепак, стареењето на населението исто така зголемува некои категории расходи, вклучително и некои од јавните финансии. Најголемата област на трошоци во многу земји сега е здравствената заштита, чии трошоци веројатно драстично ќе се зголемат како што старее населението. Ова ќе им даде на владите тешки избори помеѓу повисоки даноци, вклучително и можно премерување на данокот од заработка до потрошувачка и намалена владина улога во обезбедувањето здравствена заштита. Сепак, неодамнешните студии во некои земји покажуваат дека драматичното зголемување на трошоците за здравствена заштита повеќе се припишува на зголемените трошоци за лекови и лекари и поголемата употреба на дијагностичко тестирање од сите возрасни групи, а не на стареењето на населението за кое често се тврди.[11][12][13]

Вториот најголем трошок на повеќето влади е образованието, со трошоци кои имаат тежнеење да опаѓаат со стареењето на населението, особено затоа што помалку млади луѓе веројатно би продолжиле во високото образование бидејќи би биле барани како дел од работната сила.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Цел на нашето истражување е да ги проучуме можностите за менаџирање и законските регулативи кои веќе се користат за нега на старите лица во сопствениот дом, како економска, социјална и здравсвена оправданост.

## 5. Материјал и метод

За реализација на поставената цел направивме ретроспективна анализа на веќе користени протоколи и програми за менаџирање на грижата за старите лица од аспект на квалитет на услуги, кадар кој се вклучува во грижата, кои услуги се нудат, економски бенефити наспроти грижата во дом за стари лица, како и категоризацијата и висината на надоместокот како се регулирани од службите за социјална заштита.

## 6. Резултати

### Факти поврзани со стареењето и здравјето (14)-преземено од СЗО

***Факт 1: Светското население брзо старее***

Бројот на луѓе на возраст од 60 години или повеќе ќе се зголеми од 900 милиони на 2 милијарди помеѓу 2015 и 2050 година (движејќи се од 12% на 22% од вкупното глобално население). Стареењето на населението се случува побрзо отколку во минатото. На пример, додека Франција имаше речиси 150 години да се прилагоди на промената од 10% на 20% во процентот на населението кое е постаро од 60 години, места како Бразил, Кина и Индија ќе имаат нешто повеќе од 20 години да ја направат иста адаптација.

**Факт 2: Има малку докази дека постарите луѓе денес се со подобро здравје од нивните родители**

Процентот на постари луѓе во земјите со висок приход на кои им е потребна помош од друго лице за да ги извршуваат основните активности како што се јадење и миење, може малку да се намали во текот на изминатите 30 години. Сепак, има мала промена во распространетоста на помалку сериозни ограничувања во функционирањето.

**Факт 3: Најчести здравствени состојби кај повозрасните се незаразните болести**

Постарите луѓе во земјите со низок и среден приход носат поголем товар од болести од оние во богатиот свет. Без разлика каде живеат, најголемите убијци на постарите луѓе се срцевите заболувања, мозочниот удар и хроничните белодробни заболувања. Најголемите причини за инвалидитет се сензорни оштетувања (особено во земјите со низок и среден приход), болки во грбот и вратот, хронична опструктивна белодробна болест (особено во земјите со низок и понизок среден приход), депресивни нарушувања, падови, дијабетес, деменција и остеоартритис.

**Факт 4: Кога станува збор за здравјето, не постои „типична“ постара личност**

Биолошкото стареење е само лабаво поврзано со возраста на личноста во години. Околу 80-годишниците имаат физички и ментални капацитети слични на многу 20-годишници. Други луѓе доживуваат опаѓање на физичките и менталните капацитети на многу помлади возрасти.

**Факт 5: Здравјето во постара возраст не е случајно**

Иако некои од варијациите во здравјето на постарите луѓе го одразуваат нивното генетско наследство, повеќето се должат на нивните физички и социјални средини и влијанието на овие средини врз нивните можности и здравствено однесување. Важно е дека овие фактори почнуваат да влијаат на стареењето уште од детството. Ова значи дека една постара личност од обесправено потекло има поголема веројатност да доживее лошо здравје и помала веројатност да има пристап до услугите и грижата што може да им треба.

**Факт 6: Агеизмот сега може да биде поприсутен од сексизмот или расизмот**

Агеизмот – дискриминација на лице врз основа на нивната возраст – има сериозни последици за постарите луѓе и општествата во целина. Агеизмот може да има многу форми, вклучувајќи предрасуди, дискриминаторски практики или политики кои ги овековечуваат старечките верувања. Тоа може да го попречи развојот на здрава политика и може значително да го поткопа квалитетот на здравствената и социјалната заштита што ја добиваат постарите луѓе.

**Факт 7: Сеопфатната акција за јавно здравје ќе бара фундаментални промени во начинот на кој размислуваме за стареењето и здравјето**

Здравјето во постара возраст не треба да се дефинира со отсуство на болест. Здравото стареење може да го постигне секој постар човек. Тоа е процес кој им овозможува на постарите луѓе да продолжат да ги прават работите што им се важни. Иако трошоците за здравствена и социјална заштита за постарите луѓе често се гледаат како трошоци за општеството, тие треба да се сфатат како инвестиции во остварување можности и овозможување на постарите луѓе да продолжат да ги даваат своите многубројни позитивни придонеси.

**Факт 8: Здравствените системи треба да се усогласат со потребите на постарата популација**

Повеќето здравствени системи ширум светот се лошо подготвени да одговорат на потребите на постарите луѓе, кои често имаат повеќе хронични состојби или геријатриски синдроми. Системите мора да бидат способни да обезбедуваат и интегрирана грижа насочена кон постарите лица и да се фокусираат на одржување на капацитетите како што луѓето стареат.

**Факт 9: Во 21 век, на сите земји им треба интегриран систем на долготрајна нега**

Во некои земји, тоа значи изградба на систем од речиси ништо. Во други, тоа значи преиспитување на долготрајната грижа: од основна безбедносна мрежа за најранливите, кон поширок систем кој ги максимизира функционалните способности на постарите луѓе и ја поддржува нивната автономија и достоинство. Се предвидува дека бројот на постари луѓе на кои им е потребна поддршка за секојдневните активности во земјите во развој ќе се зголеми четирикратно до 2050 година.

**Факт 10: Здравото стареење ги вклучува сите нивоа и сектори на власта**

Примери за меѓусекторска акција вклучуваат воспоставување политики и програми кои ги прошируваат опциите за домување; правење згради и транспорт достапни; промовирање на различноста на возраста во работните средини; и заштита на постарите луѓе од сиромаштија преку шеми за социјална заштита. Постигнувањето напредок во здравото

ISSN: 1857-8128

стареење ќе бара и далеку подобро разбирање на прашањата и трендовите поврзани со возраста.

**Зравствен систем-притисок кон здравствени услуги и нега (15)**

Здравствениот систем, треба да одговори на потребите на лекување во акутните состојби на болестите и оние кои бараат интервентни итни услуги. Тоа се пред се животно загрозувачки состојби на кардиоваскуларниот систем и повредите од пад. По периодот на акутен третман, и субакутна рехабилитација во болнички установи, потребно е да се направи проценка на квалитетот на живот и болните да се сместат во Геријатриска болница за рехабилитација, или рехабилитацијата да ја продолжат амбулантски. Рано вклучената рехабилитација во сите фази на лекувањето ги намалува деновите на престој во болница, потребите за нега и дава побрзо враќање кон претходната состојба или намалување на онеспособеноста.

По завршување на лекувањето постои од страна на системот на социјална заштита заедно со здравствениот систем и медицинската документација, проценка на здравствената состојба и онеспособеноста. Ова нема само значење за определување на степенот на самосталност туку и економско значење за семејството и општеството.
Немајки доволно сретства за да платат приватна здравствена нега дома или сместување во дом, семејството врши притисок кон здравствениот систем, пациентот што подолго да остане во болница. Здравствениот пак систем со потреба од кревет повеќе кој е наменет за итни и нужно потребни стационарни дијагностички постапки ги одбива од ваквите услуги кои имаат елементи на нега.

**Системот за социјална заштита**

Системот за социјална заштита одредува висина и категоризација за здравствена нега, одобрува платена здравствена нега од страна на јавниот сектор во домот на пациентот и во специјализирани домови за нега и чување на стари лица.

Грижата за старите лица се организира на два можни начини, по направена категоризација и проценка на здравствената состојба и тоа во однос на мобилност, функционален преостанат севкупен капацитет и ментални способности.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Во колку проценката на со сочуваност и самосталност е од 60-80%, проценти лицето може да биде згрижено во својот дом, каде што ќе живее со семејството а семејството услуги повремени ќе добива од Агенцијата з анега во домот. Згрижувањето во домот има повеже бенефити: помалку чини за општеството и за семејството, го продолжува животниот век на лицето бидејки е во својот дом и има подобри психо социјални ефекти. (16)

Грижата во дом за стари лица, е нужна кога лицето има под 60%, самостојност,и кога нема семејство кое се грижи за него. Издатоците за сместување во дом за стари лица, многу често неможат да се покријат со примањата од пензијата и од социјалната помош. Во развиените земји тоа го надополнува државата. Во ниско економските и средно економските земји лицата во дом се сместени во државни домови или во приватни домови за оние кои можат да платат.

Сместувањето во дом за грижа на стари лица, неможе секаде да одговори на потребите според бројот на легла. Затоа постои тренд за градење на нови сместувачки капацитети. Одиме во две крајности од една страна зголемена потреба за сместувачки капацитети од друга страна ниски и недоволни пензии.

Како можна алтернатива која веќе функционира и во развиентите земји бидејки се увидело дека е поефтино за општеството според квалитетот на услуга е Постоењето или организирањето на Нега во домот преку Агенција за нега во домот.

Во текстот што следува ќе се образложи функционирањето на агенција за нега во домот на старото лице.

**Стареење на место: Стареење дома (17)**

„Јас живеам овде 40 години. Ниту едно друго место нема да изгледа како дома.

Овие се вообичаени проблеми за постарите луѓе. Можеби ќе ја споделите често слушаната желба - "Сакам да останам во мојот дом!" Добрата вест е дека со вистинската помош можеби ќе може да се направите тоа. Престојот во сопствен дом додека се старее се нарекува „стареење на место“. Оваа излагање ќе помогне како социјалниот систем и

пациентот можат да се снајдат да се организира помош за да се продолжи да се живее самостојно.

**1.Организирање на служба за социјална заштита за проценка на состојбата на старото лице**

Планирањето однапред е тешко затоа што никогаш не се знае како може да се промени самостојноста на старото лице. Првиот чекор е да се проценат потребите и видовите на помош кои му се потребни на лицето.

- Дали живее само, па во домот нема никој кој е достапен за помош,
- Дали живее со брачен другар или член на семејството кој има потреба од помош.

**2. Проценка на здравствената состојба од страна на здравствениот систем**

Еден начин да се започне сопроценка е да се разгледаат какви болести има лицето. Контакт со матичниот лекар и добивање податоци за медицинската историја. Проценка на состојбата за во иднина и кои би биле отежнувачките состојби кои можат да се превенираат или намалат со асистивна технологија. Ако лицето има старател за повозрасни, потребно е да се едуцира како да ја добие потребната поддршка за да остане лицето подолго во својот дом.

**3. Форми на подршка што би ги нудела Агенцијата за нега во домот**

Можете да се добие секаков вид на помош во домот - честопати за одредена цена. Услугите се нудат преку евидентирани, едуцирани и легални агенции за нега и помош во домот. Најчести услуги се следните:

*Лична нега*- капење, миењето на коса, облекување по капење. Можете да се ангажира обучен помошник за кратко време секој ден.

*Домашните обврски*.- помош за домашни работи, како што се чистење на куќата, работа во двор, купување намирници или перење алишта. Некои дуќани и аптеки може да се организира да имаат достава до дома.

*Оброци*- подготовката на оброк, е важен дел за да се јаде хранливи и здрави оброци. Може да се подготви во вашиот дом и при тоа да се дружите со лицето и да не јадете сами или да ви се достави преку сервис дома по порачка. Постои и можност

организирано да се оди и да се јаде надвор во со група пријатели. Притоа целата организација и транспортот може да биде организирано од Агенијата. Здрав оброк може д абиде доставен неколку пати во неделата дома. При тоа програмите за дистрибуција на оброци за стари лица во домот се поевтини со назнака за стари лица. *Управување со пари-* грижата со плаќање на сметките може да ја преземе агенцијата. Може да се ангажира доверлив роднина или старател. Во колку користите компјутер може тоа да се плати онлајн. Може да се плаќаат и преку банка со траен налог. Треба да се внимава и да се избегнува измама со пари. Никогаш не треба да се даваат лични податоци на непознати и несигурни лица, туку тоа да оди преку овластена служба.

*Здравствена нега-* од областа на здравствената нега, агенцијата обезбедува активности поврзани со здравствената заштита како што се: навремено земање на лек, инсталација на уреди кои треба да потсетат, организирање на лекувите во посебни кутии-специјални кутии за таблети. Организирање на нега во домот по здравствена услуга.

Превоз до здравствена установа и назад. Планирање на транспорт по отпуштање од болница. Јасно наведени податоци напишани на хартија или инсталација во телефонот на повик за итна помош, со посебно копче на телефонот.

Обезбедување на лице за контакт кое ќе биде овластено при ненадејна состојба да влезе во домот на лицето и да повика итна помош. Обезбедување на ознаки-нараквици или гердан од страна на матичниот доктор за посебни болести кои ги има лицето.Пр.дијабет кои ке помогнат во идентификација на здравствениот моментален проблем.

**Обезбедување на персонален асистент при излегување надвор од домот**

Ако престојот во домот е оправдам социјално и здравствено, а има потреба и од безбедно движење или други активности од секојдневниот живот надвор од дома потребно е да се назначи или ангажира лице кое ке биде задолжено за тоа. Во колку нема близок, тоа може да го направи персоналниот асистент од Агенцијата за грижа.

*Активности и пријатели –*човекот е социјално суштество, контактите не треба да се губат во било кој период од животот. Агенцијата може д аорганизира средби на стари пријателства или средби во здруженија, настани и манифестации. При тоа нивна обврска е

грижата околу безбедно излегување од дома, присуство и враќање во домот. *Безбедност*-безбедноста во домот, злоупотребата од домашните, соседите и останатите во смисол на физичко малтретирање или губење пари како резултат на измама, може да се предадат во функција на Агенцијата за грижа. Може да се добие и систем за предупредување за итни случаи. Само со  притискање на специјално копче што се носи со себе се повикува итен медицински персонал.

*Домување.* Се нудат корекции на станбениот простор во внатрешноста како и одењето по скали и спратови со инсталација на посебни асистивни помагала, како што се рампа на влезната врата, држач за шипки во када или туш, нелизгачки подови, поудобни рачки на вратите или славините и подобра изолација.

*Повремена дневна помош*. Старото лице живее со фамилијата, но домашните имаат потреба да излезат од дома, агенцијата обезбедува лице кое ке престојува со старото лице додека членовите од фамилијата не се дома.

*24 часовна помош на повеќе денови*- Домашните ако имаат потреба да отсуствуваат повеќе денови, или има потреба од ноќна смена на работа, тогаш може да се ангажира лице од агенцијата. Во колку има дневни активности, тогаш лицето може да се однесе и врати во дневниот центар за грижа на стари лица од страна на агенцијата.

## 7. Дискусија

Во документот издаден од ОН (16) кој го опишува планот како Деценија на здраво стареење 2021–2030 година, се дадени точни насоки кон кои треба да се оди во сите општества во светот без разлика на економскиот статус, за да се овозможи во наредните 10 години усогласена, каталитичка, одржлива соработка владите на државите од целиот свет како да се постапува со постарите луѓе.

Постари луѓе ќе бидат во центарот на овој план, кој ќе донесе заедно владите, граѓанското општество, меѓународните агенции, професионалците, академијата, медиумите и приватниот сектор да го подобрат животот на постарите луѓе, нивните семејства и нивните заедници. Тоа е втор акционен план на СЗО, однејзината  Глобална стратегија за стареењето и здравјето, кој се базира на Обединетите нации.(18.19)

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Водечки принципи при спроведувањ ена планот 2021-2030

Декадата на здраво стареење ќе се придржува до водечките принципи (види Табела 1) на Агендата 2030 и оние во глобалната стратегија и Глобалната кампања за Борбениот агеизам (20). Декадата ќе се заснова на пристапот за човекови права, кој се осврнува на универзалноста, неотуѓивоста и неделивоста на човековите права на кои секој има право, без каква било разлика, вклучително и на права на уживање на највисоките достижни стандарди на физичко и психичк0 здравје; соодветен стандард на живеење; образование; слобода од експлоатација, насилство и злоупотреба; живеење во заедница; и учество во јавни, политички и културниот живот. Организациите вклучени во соработката треба да се придржуваат кон овие основни и водечки принципи и вредности на ОН.

Таб.1 Водечки принципи на имплементација на грижата за старите лица

| | |
|---|---|
| Мегусебно поврзани и неделиви | Сите засегнати страни кои го спроведуваат се однесуваат кон иста цел наместо листа на цели од кои избираат само свои цели. |
| Инклузивност | Ги вклучува сите сегменти на општеството, без разлика на нивната возраст, пол, етничка припадност, способност, локација или друга социјална категорија. |
| Патнерство на повеќе заинтересирани страни | Партнерствата со повеќе засегнати страни се мобилизираат за споделување знаење, експертиза, технологија и ресурси. |
| Универзалност | Ги обврзува сите земји, без оглед на нивото на приход и развојниот статус, до сеопфатна работа за одржлив развој, прилагодени на секој контекст и популација, по потреба. |
| Не оставајќи никого зад себе | Се однесува на сите луѓе, кои и каде и да се, таргетирајќи ги нивните<br>специфични предизвици и ранливост. |
| Капитал-сретдства | Рамномерна распределба на сретствата-ова овозможува спречување на можностите за уживање во одредниците на само |

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

| | |
|---|---|
| | одредена привилигирана група на луќе, а маргинализација на други луќе по однос на возраст, пол, и и социјален и економски статус, место на раѓање или престој, статус на мигрант и ниво на способност. Ова обезбедува најголема корист за најмалку поволните, најранливите или маргинализирани членови на општеството. |
| Меѓугенерациска солидарност | Овозможува социјална кохезија и интерактивна размена меѓу генерациите за поддршка на здравјето и благосостојбата за сите луѓе. |
| Посветеност | Постојан ангаќман на подолг рок, од 10 години |
| Да не се направи штета | Ги обврзува земјите да ја заштитат благосостојбата на сите засегнати страни и минимизирајки каква било предвидлива штета за другите возрасни групи. |

## 8. Области на активност на општествата

Да се поттикне здравото стареење и да се подобри животот на постарите луѓе и нивните семејства и заедниците, ќе бидат потребни фундаментални промени не само во дејствијата  кои треба да се преземат туку и во начинот на размислување за возраста и стареењето. (21) Декадата  има четири области за акција:

• да го промениме начинот на кој размислува индивидуата и општеството, чувствата и дејствувањата кон возраста и стареењето;

• да се осигура дека заедниците ги поттикнуваат способностите на постарите луѓе;

• да обезбеди интегрирана грижа и примарно здравствени услуги насочени кон личноста кои одговораат на постарите луѓе; и

• да обезбедете пристап до долготрајна грижа за постарите луѓе на кои им е потребна.

### Почетна точка за имплементација на ваквиот акционен план

Треба во секоја земја членка на ОН, да се изготват регистри за евиденција на стари и изнеможтенилица, по категории на социјален статус и здравствен статус. Потоа секоја земја користејки заеднички искуства да определи категоризација на лицата според нивните ментални, физички и психички капацитети. Лицата со низок квалитет на живот да бидат сместени во згрижувачки домови, додека лицата со среден квалитет на живот да примаат нега и помош во својот дом, додека лицата со висок квалитет на живот да се вклучат активно и да допринеуваат во унапредување на социјалниот живот на лицата од трето доба.

## 9. Заклучок

Стареењето е неминовен процес. Медицински се стареe веднаш штом ке се родиме. Животниот век е продолжен ширум светот. Зголемениот процент на стари лица во однос на работоспособно население е факт и услугите што ги добивале старите лица во минатото од своите семејства како и негата денес се поинакви и бараат оптествени активности зарди достојно стареење. Сепак ОН ова го предвиделе и даваат насоки кон сите земји како да ги решат овие социјални проблеми кои имаат економски импакт врз општеството и поединецот како старо лице и неговото семејство. Секторот социјална и здравствена заштита и во нашата земја треба да ги следи овие насоки.

## 10. Користена литература

[1]United Nations Development Programme (септември 2005). UN Human Development Report 2005, International Cooperation at a Crossroads-Aid, Trade and Security in an Unequal World (PDF). United Nations Development Programme. ISBN 978-0-19-530511-1.

[2]World Population Ageing: 1950-2050, United Nations Population Division.

[3] Chucks, J (јули 2010). „Population Ageing in Ghana: Research Gaps and the Way Forward“. Journal of Aging Research. 2010: 672157. doi:10.4061/2010/672157. PMC 3003962. PMID 21188229.

[4]Issahaku, Paul; Neysmith, Sheila (2013). „Policy Implications of Population Ageing in West Africa“. International Journal of Sociology and Social Policy. 33 (3/4): 186–202. doi:10.1108/ 01443331311308230.

[5] United Nations. „World Population Ageing 2013“ (PDF).

[6] UN Decade of Healthy Ageing: Plan of Action 2021.2030.

[7] Population structure and ageing - Statistics Explained“. Ec.europa.eu.

[8]Iburg, KM; Charalampous, P; Allebeck, P (24 ноември 2022). „Burden of disease among older adults in Europe—trends in mortality and disability, 1990–2019“. European Journal of Public Health (англиски). doi:10.1093/eurpub/ckac160. PMID 36421036

[9]„Europe's Shrinking, Aging Population“. Stratfor.com 2012..

[10] „World Population Ageing 2017“. United Nations, Department of Economic and Social Affairs, Population Division (2017).

[11] „Don't blame aging boomers | Toronto Star“. Thestar.com. 13 септември 2011. Посетено на 27 јуни 2023.

[12] „Don't blame the elderly for health care costs“. canada.com. 2008..

[13] „The Silver Tsunami That Isn't“. Umanitoba.ca. Архивирано од изворникот на 2012-10-02.

[14] WHO.2017. 10 facts of ageing and health.

[15] Rudnicka E, Napierała P, Podfigurna A, Męczekalski B, Smolarczyk R, Grymowicz M. The World Health Organization (WHO) approach to healthy ageing. Maturitas. 2020 Sep;139:6-11. doi: 10.1016/j.maturitas.2020.05.018.

[16] Cesari M, Calvani R, Marzetti E. Frailty in Older Persons. Clin Geriatr Med. 2017 Aug;33(3):293-303. doi: 10.1016/j.cger.2017.02.002.

[17] www.homemods.org. 2017. National Resource Center on Supportive Housing and Home Modifications.

[18] Political Declaration and Madrid International Plan of Action on Ageing, second World Assembly on Ageing, Madrid, Spain, 8–12 April 2002. New York City (NY): United Nations; 2002 ( 2019).

ISSN: 1857-8128

[19] Transforming our world: the 2030 agenda for sustainable development. New York City (NY): United Nations; 2015 (https://sustainabledevelopment.un.org/post2015/transformingourworld/publication, accessed November 2019).

[20] Global campaign to combat ageism. Geneva: World Health Organization; 2019 (https://www.who.int/ageing/ageism/campaign/en/, accessed November 2019).

[21] Integrated care for older people. Geneva: World Health Organization; 2019 (https://www.who.int/ ageing/health-systems/icope/en/, accessed November 2019).

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ECONOMIC AND SOCIAL ASPECTS FOR OLDER PEOPLE CARE

Emanuela Esmerova,[1] Elizabeta Popova Ramova[2]

MIT University Skopje,

Faculty for Economy, College for wellness, spa and physiotherapy

corresponding author email:emaesmerova@yahoo.com

## Abstract

Demographic changes followed by an increase in the percentage of the older population over 65 years of age have occurred throughout the world. These changes require changes in the health and social sector so that services for this group of citizens can be adequate and financially sustainable. **The aim** of our research was to see the situation with the representation of the older population in our country according to social status, the situation in foster homes and the care in their own home, which is offered to them. **Material and method**: we did research on the websites of several ministries in our country, the health care fund and the pension insurance fund. **Results**: In our country there are 33 homes for the care of the elderly, with a total capacity of 1700 beds, which do not correspond to the needs. The prices for accommodation in homes cannot be covered by the largest percentage of low and medium pensions of users. As an alternative from an economic and social point of view, all over the world, including in our country, services are offered in the home of the elderly by specialized home care services. **Discussion:** elderly people live at home with chronic diseases and need health and social care. Modern high economy countries have introduced protocols and control systems for assessing the health and social condition of people, as well as assessing the quality of services offered by homes and agencies. **Conclusion**: The growing number of elderly population does not correspond to the number of beds, so home care is a cheaper option. Protocols are needed to assess the economic and health status of the beneficiary of social protection, how could society withstand this pressure in the world and in our country.

**Keywords**: *elderly population, care.*

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ НА ГРИЖАТА ЗА СТАРИТЕ ЛИЦА

Емануела Есмерова[1], Елизабета Попова Рамова[2],

МИТ Универзитет Скопје,

Економски факултет,[1] Колеџ за велнес, спа и физиотерапија[2]

РС Македонија

**Апстракт**

Демографските промени следени со пораст на процентот на старо население над 65 години, настанаа во целиот свет. Овие промени бараат промени во здравствениот и социјалниот сектор како би можеле услугите за оваа група на граѓани да бидат соодветни и финансиски одржливи. **Цел** на нашето истражување беше да ја согледаме состојбата со застапеноста на старо население кај нас според социјален статус, состојбата во згрижувачки домови и негата во својот дом, што им се нуди. **Материјал и метод:** направивме истражување на веб страните на повеќе министерства во нашата земја, фондот за здравствена заштита и фондот за пензиско осигурување. **Резултати**: Во нашата земја има 33 домови за грижа на стари лица, со вкупен капацитет од 1700 легла, кои не кореспондираат со потребите. Цените за сместување во домовите неможат да се покријат со најголемиот процент на ниски и средни пензии на корисниците. Како алтернатива гледајки од економски и социјален аспект, во целиот свет па и кај нас се нудат услуги во домот на старото лице од страна на специјализирани сервиси за нега во домот. **Дискусија:** стари лица живеат дома со хронични болести и имаат потреба од здравствена и социјална грижа. Современите добро стоечки земји, имаат воведено протоколи и контролни системи за проценка на здравствената и социјална состојба на лицата, како и проценка на квалитетот на услугите што ги нудат домовите и агенциите. **Заклучок:** Растечкиот број на старо население не кореспондира со бројот на легла, негата во домот е поефтина можност. Потребни се протоколи за проценка на економскиот и здравствен статус на корисникот на социјална заштита, како би можело општеството да го издржи овој притисок во светот па и кај нас.

**Клучни зборови**: *старо население, нега.*

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Настанатите демографските промени во целиот свет одат во прилог на зголемување на застапеноста на населението над 80 години, а тие не ја заобиколуваат и нашата земја. Имено се смета дека процентот на застапеност на населението над 80 години, во 2050 година ке биде 30%, податок од Светска Здравствена Организација. (1)

Староста е следена со зголемена преваленца на хронични состојби, онеспособеност и пречки во функционирањето. Инвазивните и итни методи на лекување се развија толку што по добивање на акутна болест или малигно заболување преживувањето се зголеми и до 60%. Овие лица по акутниот третман, имаат потреба од континуирана здравствена заштита, како и од нега, заради одржување на добар квалитет на живот. (2) Потребите за здравствена и социјална грижа се зголемуваат, додека болничките капацитети наменети за итни состојби и дијагностицирање неможат да ги прифатат. Здравството и корисниците на здравствени услуги се судруваат со социоекономски проблеми. Од една страна лугето неможат да се грижат сами за себе, немаат и доволно сретства да бидат сместени во домови за грижа на стари, а од друга страна здравствениот систем немаат ниту доволно сместувачки капацитети, ниту доволно здравствени работници. (3) Престојот во болница исто така го оптоварува здравствениот систем и затоа за хронични состојби и нега се прават нови социјални програми кои би биле рентабилни и за општеството и за лугето.



***Сл.1 Сместување во дом за стари лица***

Капациетите на домовите за грижа и нега на старите лица се исто со ограничени можности прво заради недоволниот капацитет на услуги кои се нудат од страна на државните домови и второ заради високата цена на приватните домови за нега на старите лица.

Нов модел на грижа на старите лица е нега во домот на пациентот преку сервис на услуги од страна на агенција на нега на стари лица во домот. Ова може да се применува кога лицето живее само но има одредена способност за самосталност проценето со Бартел индексот. (4) Овој вид на нега може да се користи и кај лица со поголем дефицит на самосталност, но кои живеат со брачниот другар или со членови од фамилијата, па за специфична нега им треба помош од професионалец. Третата можност на ваква нега е и спроведување на нега кога домашните се отсутни од дома, заради работни обврски или семејни обврски или користење годишен одмор.




***Сл.2 Нега во сопствениот дом***

Проблемот се усложнува, заради се поголемата миграција на работоспособното население од неразвиена земја во развиена земја заради подобрување на економскиот статус, вработување и социјална сигурност. Тогаш, сретствата потребни за пензии како и за социјални услуги се намалуваат во матичната земја, заради одлив на оние кои треба да ги полнат фондовите. И така кругот се усложнува, немаме сретства, немаме здравствено социјални професионалци, немаме државни капацитети за сместување на старите лица, а

стандардот и пензиите се ниски и неможе да се дозволи нега во приватен дом за стари лица.

Овој проблем се увидел не само во неразвиените земји, но исто така и во развиените, каде што пак сместувањето во дом за стари лица не само што е економско оптоварување за семејството, туку е и оптоварување за социјалниот систем. Имено во земјите каде што има силен социоекономски систен и престојот во домот е регулиран со пензијата на корисникот и додаток од државата, заради големиот број на корисници (зголем број на старо население) тоа го чини буџетот многу. Затоа има тенденција и во развиените земји што подолго корисниот да остане во својот дом, а повремено да има нега од професионално лице. (5,6,7)

Во Здравствениот систем под нега се мисли на услугите што ги дава медицинската сестра, негователката но и услугите од страна на физиотерапевтот. Во современите земји негата од страна на сестра и терапевт е составен дел од здравствениот систем кога се организира во домот на пациентот. Услугите се на товар на фондот за здравствена заштита а придобивките се двојни и за општеството и за пациентот. Здравствениот систем има слободен болнички кревет и превенира компликации од болести заради неактивност на пациентот, како и помалку трошоци за лекување на хроничните болести затоа што тоа што се постигнало со болничкото лекување се одржува во континуитет. (8) За пациентот придобивките се следните: социјалниот фактор- се наога со семејството, со своите блиски, има континуиран третман кој не завршил по епизодното лекување во болница, има продолжен висок квалитет на живот кој не го оптоварува личниот и фамилијарниот буџет.

Цел на нашето истражување е да ја согледаме социоекономската и правната регулатива за пензионерите во нашата земја според висина на пензија, капацитет на домови за сместување, како и можностите да се вклучи нега во домашни услови според капацитет на стручни лица и цена на услуга.

## 2. Материјал и метод

За реализација на поставената цел, користевме податоци одпрописот на население на РСМ од 2021 година, податоци од објавени на веб странатa на Фондот з апензиско

осигурување, Фондот за здравствено осигурување, како и од веб страната на Министерството за труд и социјална политика. Податоците се бараа според целната група население над 65 години возраст, висина на пензија и застапеност кај пензионерите. Број на сместувачки државни домови за сместување на стари лица и приватни домови за стари лица. Податоците се групирани и прикажани табеларно.

## 3. Резултати

### 1)Демографски и епидемиолошки податоци

Според пописот од 2021 година во РС Македонија живеат 1 836 714 жители, од нив 329 354 се пензионери, според податоците од фондот за пензионо осигурување од Јули 2022, има вкупно 330 884 пензионери, од нив 108882 (32,84%) се на возраст над 80 години. (9)

Минималната пензија изнесува 150 евра, а максималната 970 евра. (10) Процентуалната застапеност според висината на пензијата во однос на вкупниот број е прикажано во табела 1. Во земјата има околу 320 илјади пензионери, а околу 75 000 од нив припаѓаат во категорија примачи на најниски пензии.

**Таб. 1 Застапеност на пензионери според висина на пензија во проценти**

| Висина на пензија | % |
|---|---|
| До 200 Евра | 27.06 |
| Од 200-250 евра | 26.25 |
| Од 250-300 евра | 17.97 |
| Повеке од 300 евра | 28.72 |

Во табела 2 е прикажан сместувачкиот капацитет во домови за стари лица со цена на чинење на едномесечен престој во дом за стари лица.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**Таб.2 Сместувачки капацитети во дом за стари лица со едномесечен износ за сместување**

| Вид на дом | Вкупен капацитет | Месечен надоместок на товар на лицето |
|---|---|---|
| Државен дом за стари лица | 5 | 105-211 евра |
| Приватни домови за стари лица | 28 | 500-600 евра |

Според истражувачките резултати цената за згрижување на еден корисник се движи од 28000 до 36000 денари и таа се формира во зависност од тоа колкава медицинска грижа е потребна за едно старо лице. Во најголем процент од направените компаративни споредбени податоци  корисници се лица на кои им е потребна нега од друго лице, која  се нуди 24 часа во текот на денот.  Во табела 3 се прикажани сместувачките капацитети на домовите во РС Македонија, по име на дом, во сопственост на државата. цената за сместување во државните домови за стари лица ја утврдуваат советите на општините, додека во приватните установи цената ја утврдува менаџментот според конкуренцијата на пазарот. Просечните трошоци на услугата на јавните установи за социјална заштита изнесуваат 12.607 денари.

**Таб.3 Сместувачки капацитети на домови за стариу лица во РС Македонија**

| **Бр.** | **Име на дом** | **Број на легла** |
|---|---|---|
| 1 | ЈОУ „Сју Рајдер“ – Битола | 150 |
| 2 | ЈОУ „Зафир Сајто“ – Куманово | 197 |
| 3 | ЈОУ „Киро Крстески Платник“ – Прилеп | 151 |
| 4 | ЈОУ „Д-р Иван Влашки“ – Берово | 15 |
| 5 | Мајка Тереза“ – Скопје | 111 |
| | Вкупно | 624 |

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

Приватни установи за социјална заштита има 28, со вкупен капацитет од 1051 легло. Просечната цена во приватните домови за самостојни, здрави корисници изнесува 27668 денари, додека за неподвижни, зависни корисници просечната цена е 30143 денари.

Во дек. 2022 г. имало 333 пензионери со пензија над 52630 денари. 63 пензионери го земале највисокиот износ од 57992 денари, покажуваат последните податоци на Фондот за пензиско. Вкупно 1340 пензионери во земјава се водат како пензионери со највисоки пензии, а распонот на нивните месечни примања по основ на пензија е од 40548 до 57992 денари во зависност од годината кога го стекнале правото. Вкупниот број на пензионери пак се зголемил на 328570 лица додека просечната пензија во дек. 2022 изнесувала 15.876 денари.

Само 0,02 отсто од сите пензионери ја уживаат највисоката државна пензија која изнесува колку две просечни плати (според податоците на ДЗС изнесува 29.130 денари за ноември 2021г.). висината на пензии и бројот на лица кои ја примаат е прикажано во табела 5.

***Таб. 5 Висина на пензии според број на лица и по година на податоци***

| Број на лица | Висина на пензија во евра | % (328 000) |
|---|---|---|
| 63<br>58 (2021 г.) | 943 | |
| >89 000 | 180 | |
| 1340 | 659-943 | |

Фондот за пензиско осигурување сервисира над 328.000 пензинери заклучно со декември 2021 година, според официјалните достапни податоци на ПИОМ.(11)

**Законскиот основ (12) по кој секој што плаќа придонеси може да стекне старосна пензија:**

Член 18

(1) Осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж.

**2) Правни прописи за користење на нега во домот на живеење**

Според податоците земени од Министерството за труд и социјална политика и Закон за социјална заштита (13) за активноста нега во домот ќе се наплаќаат по 240 денари по час, но од државни сретства. Решенија за користење на оваа услуга ќе издаваат центрите за социјална работа, а граѓаните оваа услуга ќе имаат право да ја користат 80 часа месечно.

Колку изнесува услуга за нега во домашни услови- во агенција за нега или приватна здравствена установа немаме податоци, но според некои податоци е по 300 ден. од час без ограничување на часовите, а се работи во смени од по 8 или 12 часа.

Колку изнесува рехабилитацијата во домашни услови за една терапија- во агенција за нега или приватна здравствена установа-има различни податоци и се движи од 15-20 евра на час.

Во 2020 година, за лекување пациентите користеле сретства од Фондот за здравствена заштита 55%, значи останатите се лекувале приватно. При тоа 60.6% имале задолжително здравствено осигурување. Од нив 39.3% биле болнички лекувани. (14)

Негувателите за нега на старите лице (од програмата Финансирана од Министерството за труд и социјална политика во 2023) се сертифицирани и обучени за давање на професионална нега и грижа на старите лица во домашни услови од посебна верифицирана програма на здружението Хуманост. Негувателите на стари лица се оспособени со вештини и компетенции за давање на основни здравствени и социјални услуги во домашни услови на лица кои поради возраст, хронични болести и др. причини се во состојба на изнемоштеност и неможност да се грижат за себе. Услугите се од различна природа и форма и ја заменуваат институционалната грижа и другите форми на организирана грижа.

Негата од страна на негувател/ка во домашни услови е насочена кон:

- Помагање во одржување на домот (чистење, готвење, пазарење, перење, пеглање),
- Поддршка во извршување на секојдневните активности ( прошетка, социјализација, одржување на лична хигиена кај корисникот),

ISSN: 1857-8128

- Промена на ергономски и медицински принципи во секојдневните активности (лесна масажа и вежби, комуникација со матичен лекар, придружба при рутински контроли и матичен лекар, мерење притисок, набавка на лекови).

**3) Правни прописи за користење на нега и помош од друго лице**

Правото на надоместок за помош и нега од друго лице може да го остварат сите лица и пензионери со соодветна документација, лекарско мислење од комисја од 3 лица, доставена до комисијата во фондот за социјална заштита.

Висината на месечниот надоместокот за помош и нега од друго лице во помал обем изнесува 4168 денари. Висината на месечниот износ на правото на социјална сигурност за старите лица изнесува 6.000 денари.

Овие сретства може да се користат како додаток кон пензијата за сместување во дом за стари лица, или како сретства за наплата на услуги во домот на старото лице од агенцијата за нега.

## 4. Дискусија

Во РС Македонија има околу 300 илјади пензионери. Тие години наназад се главниот таргет на Владата имајќи предвид дека тие редовно излегуваат на избори. Низа мерки се преземаат со цел да се придобие нивниот глас. Пензионерите се денес на удар заради економската криза, инфлацијата и рестриктривните мерки.

### 1) Сместување во домови и нега во домот кај стари и изнемоштени лица-светски искуства

Анализираните податоци од веке публицирани трудови покажуваат дека застапеноста на населението над 80 години, расте во сите земји и сите региони во светот. Така во Романија застапеноста на населението над 80 години е 4.8% (2021год.), а оние над 65 години 19,3%, во Кина е 13.5%. (4)

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Во една развиена земја како Холандија, околу 30% од јавните корисници на здравствена заштита на возраст од 65 години и постари живеат во институција, каде што добиваат пакет на услуги прилагодени на видот и тежината на нивната попреченост. Дома, поединци може да добијат нега, лична нега, индивидуално и групно водство. Сето тоа на товар на здравствениот и социјален систем. Услугите во страски домови ги користат претежно индивидуите со понизок економски статус, додека добро стоечките пензионери остануват дома и користат повремени или стални услуги во домот. За да се квалификуваат за јавно финансирање, постарите лица аплицираат за подобност во Центрите за социјална заштита, по кое следи проценување врз основа на податоци кои ги собира Центарот врз правилник.(6) Правилникот содржи проценка на функционалните ограничувања на апликантот, нејзиниот или неговиот здравствен статус и ограничен сет на карактеристики на позадината заради која аплицира лицето. Овој сет не ги вклучува ниту приходите нити богатството на апликантот, проценителите ја земаат предвид големината на буџетот на системот за социјална заштита во регионот на живеење на апликантот. Присуството на роднини ги намалува правата на користење на ваква нега бидејќи членовите на домаќинството се способни да обезбедат одреден минимум лична грижа за нивниот роднина со посебни потреби. Проценувачите одлучуваат за видот на обемот на нега и должината на времето за кое апликантот ќе се квалификува или дали апликацијата е целосно одбиена. Кога ќе истече подобноста, има повторна проценка. Корисниците исто така може да побараат, преоценување кога промената во нивната ситуација бара различна процена од таа што била претходно. Апликантите можат да се жалат на одлуките, но само 1% го прави тоа, бидејки само 25% од жалбите се прифакаат како основани. Корисниците можат да изберат да добијат нега во сретства (парична надокнада) или можат да се одлучат за ваучери кои ги дава Социјалната заштита, за да платат свој професионален негуватели или неформални старатели. Оние со потешка состојба и помалку поддржувачка средина се подобни за прием во старечки дом. Тие можат да изберат да останат дома или да добијат домашна нега или ваучери.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Во Јапонија која е на прво место во светот на долговечност и каде што има најголем процент на стари лица над 88 години, се судруваат со финансиски потешкотии Фондовите за социјална и здравствена заштита. (15) Затоа критериумите за добивање на право за нега во институција или добивање на нега во домот на товар на државата се многу заострени и оптоварени со големи проценителни индекси. Во оваа земја се оди до таму што и се проценува долгорочна употреба на здравствена заштита, особено неформална и формална домашна нега. Тоа е потребно да се проценат резултатите наспроти трошоците врз основа на заменливоста на неформалните облици на нега и користењето на домовите за нега за да се истражи диспаритетот на здравствените резултати врз основа на заменливоста.

Многу од семејствата во Македонија имаат сериозен проблем кога станува збор за сместување на старите лица во пензионерските или во домовите за сстари лица. Ниските пензии не им овозможуваат на пензионерите да покријат ниту 50% од трошоците за месечно сместување во тие установи. Од друга страната, ретко кое семејство може да си дозволи за еден месец да издвои околу 30000 денари, па и повеќе, за сместување член од своето потесно семејство кому му е потребна секојдневна грижа од друго лице. Македонија има мал капацитет на домови и повеќето од нив се во приватна сопственост, што е уште еден проблем што го отежнува функционирањето.

Анализа на можностите за субвенционирање на пензионерите од страна на државата, со што би се покрил дел од трошоците за сместување во домовите, треба да се разгледува од аспект на финансии. Во земјите како САД, има друг начин на финансирање, кое е претежно преку осигурителни фондови.

Во Европа најразвиени форми на социјална заштита има во Нордиските земји, но ваквите модели не се компатибилни со нашата земја како според законите за регулирање на сретствата така и по стандардите на услугите.(16)

Пензионерските здруженија велат дека на луѓето од третата доба секогаш им е потребна дополнителна помош, а во овој динамичен свет, семејствата не можат и немаат време секогаш да бидат постојано со оние стари лица на кои им е потребна нега.

ISSN: 1857-8128

Капацитетите во државните домови се мали. Цената за престој за еден месец е околу 12000 денари, додека, пак, во приватните домови, капацитетите се ограничени но условите се прилагодени според законот за ваква дејност но цените се двојно и тројно повисоки и се движат од 25- 35000 денари.

Министерството за труд и социјална политика оваа година ги финализира проектите за нови домови за стари лица и во наредниот период ќе се зголемат капацитетите.

Бариера при сместување е што приватните домови неможат да ја намалат цената за сместување на старите лица, затоа што така нема да можат да опстанат. Тие имаат медицински и технички персонал, и нудат индивидуална нега за секое лице при што бројот на вработени е поголем. Државата се соочува со решавање на ова прашање за сместувачки капацитети на старите лица, особено зашто младите се иселуваат, населението старее, останувaат старите лица, за кои најчесто нема кој да се грижи.

## 2) Нега во домот кај стари и изнемоштени лица-во РС Македонија

Во нашата земја од април 2023, во Министерството за Труд и социјална политика има активност за спроведување на Нега на старите лица во домашни услови.

Услуга „помош и нега во домот" е воведена со новиот Закон за социјална заштита, со која се обезбедува поддршка на лица со намален функционален капацитет, како и лицата со најтешка и комбинирана попреченост, потполно слепи лица и хронично болни стари лица, во домашни услови. Граѓаните ќе можат да користат помош во домот до 80 часа месечно.

„Концептот е да се прошири можноста за давање социјални услуги и да се промени начинот на финансирање на истите. Државата ќе плаќа по 240 денари за секој час помош од лиценцирани компании и граѓански организации. Секој Центар за социјална работа ќе издава решенија за користење на услугата а граѓаните на кои услугата им е потребна самостојно ќе одберат давател на услугата. (13)

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Новиот сервис е дел од социјалната реформа на која Министерството за труд и социјална политика работело во изминатиот две и пол годишен период. На огласот за изразување интерес за развој на социјални услуги се јавиле 65 општини, од кои 56 пројавија интерес токму за услугата помош во домот.

Останува недојаснето, како ке се одвива наплатата на услугите кои се од доменот на здравствена заштита и за кои треба да се префрлат сретства од министерството за здравство. Тоа пред се мислиме на инервенции кои се во доменот на домашно лекување и рехабилитација, за кои сеуште пациентите услугите ги плаќаат приватно.

Пионер во спроведување на оваа активност е општина Кисела Вода каде што е организирана нега во домот. Околу 40 лица над 65 години на кои им е потребна грижа и нега, како и лица со намален функционален капацитет и попреченост кои живеат на територија на општина Кисела Вода, во наредниот период( од Април 2023 год. па натаму) почнаа да ја добиваат неопходната помош и нега во рамки на нивните домови. За нив секојдневно се грижат 20 лиценцирани негуватели од Нега центарот Кисела Вода кои обезбедуваат помош во одржување на личната хигиена, при обезбедување на потребните намирници, лекови и слично, како и во одржување на домот.

Развојот на оваа услуга е дел од сеопфатната социјална реформа на Владата и ресорното министерство, која финансиски е поддржана од Светска банка, преку Проектот за подобрување на социјалните услуги, а има за цел да го одржи и подобри вкупниот квалитет на животот на корисниците во нивното семејно опкружување.

## 5. Заклучоци

Од нашето истражување, ги согледавме следните заклучоци:

1) Демографските промени со пораст на старото население во однос на работоспособното, бара дополнителни сретства за здравствена заштита и социјална грижа, а ова се случува и во нашата земја,

2) Најразвиените земји имаат развиено контролни протоколи за влез во системот за нега и грижа на старите лица, како и контролни механизми за квалитетот на услугите што

ги нудат домовите и агенциите за нега бидеји постојат државни пари за субвенционирана подршка на семејствата,

3) Сместувачките капацитети имаат ограниченост во однос на слободни легла и стручен кадар, имено негователите за нега во домовите за стари лица се едни од најбараните професии,

4) Демографските промени имаат голем економски импакт врз здравствениот и системот за социјална заштита, кој е уште потежок за неразвиените земји и за земјите кај кои има миграција на работоспособното, така во фондовите за пензиско и здравствено осигурување има недоволен прилив на сретства.

## 6. Литература

[1] WHO. (2022)Alana Officer: Unit Head, Demographic Change and Healthy Ageing. The Healthy Ageing 50: Leaders transforming the world to be a better place to grow older.

[2] WHO Organization. Romania (2020): Country Case Study on the Integrated Delivery of Long-Term Care; WHO Regional Office for Europe: Copenhagen, Denmark, 2020. Available online: https://www.euro.who.int/__ data/assets/pdf_ file/0008/426383/ LTC Romania.pdf .

[3] Wang, H :(2019)Rural Population Aging and Rural Spatial Evolution: An Exploration of Population Aging Process from the Perspectiveof Rural Microspace. Popul. Res. 43, 66–80.

[4] ShuWen Su, Dong Wang.(2019): Health-related quality of life and related factors among elderly persons under different aged care models in Guangzhou, China: a cross-sectional study. Quality of Life Research (2019) 28:1293–1303. https://doi.org/10.1007/s11136-019-02107-x.

[5] Hu, H.; Jiang, H. (2021)The concept of basic old-age care services in China and the meaning of policies. Soc. Policy Res. 4, 16–34.

[6] Marianne Tenand, Pieter Bakx1, Eddy an Doorslaer.(2018).: Equal long-term care for equal needs with universal andcomprehensive coverage? An assessment using Dutch administrative data.Health Economic ;**29**:435–451.. DOI: 10.1002/hec.3994.

[7] European Commission (2019). The European pillar of social rights in 20 principles. Retrieved from: https://ec.europa.eu/commission/priorities/deeper-and-fairer-economic-and-monetary-union/european-pillar-social-rights/european-pillar-social-rights-20-principles_en.

[8] Manon Lette , Eliva A. Ambugo, Terje P. Hagen3et al.(2020): Addressing safety risks in integrated care programs for older people living at home: a scoping review. Lette et al. BMC Geriatrics (2020) 20:81https://doi.org/10.1186/s12877-020-1482-7.

[9] www.popis na naselenie vo RSMakedonija.2021.

[10] www.fond na penziono osiguruvanje na RSM.

[11] http://www.piom.com.mk/statistika/statistika-2021-2

[12] http://www.piom.com.mk.Zakon za steknuvanje pravo na penzija.

[13] Услуга за нега и помош во домот.Информатор за потребна услуга. Министерство за труд и социјална политика на РСМ. European Easy-to-Read Logo: Inclusion Europe. More information at www.inclusion-europe.eu/easy-to-read.

[14] www.fondzazdravstvenoosiguruvanje na RSM.

[15] Jinrong Hu, Yuyuan Zhang,, Le Wang , Victor Shi.(2022): An Evaluation Index System of Basic Elderly Care Services. Based on the Perspective of Accessibility. Int. J. Environ. Res. Public Health 2022, 19, 4256.

[16] Commission of the European Communities (CEC) (2002). “Europe’s Response to World Ageing, Promoting Economic and Social Progress in an Ageing World: A Contribution of the European Commission to the Second World Assembly on Ageing”, Communication from the Commission to the Council and the European Parliament

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# EXPLORING THE INFLUENCE OF EMPLOYEE MOTIVATION ON EMPLOYEE PERFORMANCE

*Natasha Gligorov*

*MIT University, Faculty of Psychology ul. Treta Makedonska Brigada 66a, 1000 Skopje, Republic of Macedonia*

*Email:natasagligorov82@gmail.com*

## Abstract

This paper's aim is to contribute to the academic literature in the field of employee motivation, its contribution to increasing employee performance, and finding appropriate strategies for further motivating employees in order to fulfill company goals.

Researches have been conducted in different countries and on different categories of employees. Through surveys, interviews, and a detailed literature review, this paper explores various factors that drive employee motivation, such as rewards, recognition, career development, and a positive work environment. It examines how these factors collectively contribute to higher levels of job satisfaction and engagement, ultimately leading to better performance outcomes.

The conclusion of this research indicates that the multifaceted concept of employee motivation is essential for organizations, as it serves as a catalyst for improving employee performance. In times of technological progress and relentless competition, it is necessary to retain employees who bring their drive, dedication and energy to the organization, it is necessary to stimulate dedicated workers. This research aims to analyze the complex correlation between employee motivation and improved workplace performance in the modern business environment.

***Keywords:*** *motivation; satisfaction; performance*

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА МОТИВАЦИЈАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВРЗ ПЕРФОРМАНСАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ

*Natasha Gligorov*

*MIT University, Faculty of Psychology ul. Treta Makedonska Brigada 66a, 1000 Skopje, Republic of Macedonia*

*Email: natasagligorov82@gmail.com*

**Апстракт**

Овој труд има за цел да придонесе кон академската литература на полето на мотивацијата на вработените, нејзиниот придонес за зголемувањето на перформансата на вработените, и изнаоѓање соодветни стратегии за понатамошно мотивирање на вработените со цел исполнување на компаниските цели.

Земени се истражувања во различни земји и на различни категории вработени. Преку анкети, интервјуа и детален преглед на литературата, овој труд истражува различни фактори кои ја поттикнуваат мотивацијата на вработените, како што се награди, признанија, развој на кариерата и позитивната работна средина. Испитува како овие фактори колективно придонесуваат за повисоки нивоа на задоволство од работата и ангажман, што на крајот доведува до подобри резултати во перформансите.

Заклучокот на ова истражување посочува дека повеќеслојниот концепт на мотивацијата на вработените е од суштинско значење за организациите, бидејќи служи како катализатор за подобрување на перформансите на вработените. Во време на технолошки напредок и немилосрдна конкуренција, неопходно е задржување на вработените кои во организацијата го носат својот порив, посветеност и енергија, неопходно е стимулирање на посветените работници. Ова истражување има за цел да го анализира комплексниот корелат помеѓу мотивацијата на вработените и подобрените перформанси на работното место во современото бизнис опкружување.

***Клучни зборови:*** *мотивација; задоволство; перформанс*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Во динамичниот дизајн на модерното работно место, компаниите се повеќе ја препознаваат улогата која мотивацијата ја игра во постигнувањето на високи перформанси кај вработените. Мотивацијата е искра која го пали пламенот на ентузијазмот кај вработените, нивниот жар и посветеност кон работата, нивниот елан да го дадат најдоброто од себе во текот на работниот ден, не само за да ги постигнат зацртаните компаниски цели туку истите и да ги надминат. Во машинеријата на една компанија, мотивираните вработени се нејзината движечка сила бидејќи нивниот перформанс е она што ја носи компанијата на врвот во својата индустрија.

Во општествената претстава за мотивацијата на вработените, финансискиот надомест често зазема водечка позиција во колективната свест. Ова веројатно има своевидна поткрепа во теоријата за хиерархија на потребите на Абрахам Маслов [1], каде финансиската сигурност и физиолошките потреби се основни потреби. Луѓето мора да ги задоволат овие основни потреби пред да можат да се фокусираат на потребите на повисоко ниво како самодоверба, припадност или самоактуелизација. Финансиите се директно поврзани со овие основни потреби.

Финансите се неопходни за исполнување на основните потреби како што се храна, засолниште, облека и здравствена заштита. Без приход исполнувањето на овие потреби може да биде вистински предизвик, честопати недостижен, што придонесува за повисок стрес и анксиозност. Затоа на работото место, понудата на финансиска сигурност е олеснување на одржувањето квалитетен живот, личен и семеен, и со тоа финансиската сигурност е моќен мотиватор. Високите примања овозможуваат вработените да можат да си приуштат слободни активности од личен интерес, и тоа чувство на слобода и уживање може да биде личен мотиватор.

На многу пазари на труд, со оглед на недостатокот на персонал, финансиската компензација е клучен фактор за привлекување и задржување таленти. За да привлечат квалификувани работници, компаниите често нудат конкурентни плати и бенефициски пакети, што често е важен фактор во одлуката за работа. Дополнително компаниите

користат финансиски стимулации, како што се бонуси или провизии засновани на перформанси, за да ги наградат вработените за постигнување одредени цели или надминување на очекувањата, поттикнувајќи ја мотивацијата за добро работење.

Важно е да се напомене дека иако финансиите се моќен мотиватор за многу луѓе, тие не се единствениот мотиватор. Други фактори, како што се задоволството од работата, чувството за цел, признание, балансот помеѓу работата и животот, и можностите за личен раст и развој, исто така играат значајна улога во мотивирањето на вработените. Различни луѓе се мотивирани од различни комбинации на овие фактори, а ефективните стратегии за мотивација често вклучуваат исполнување на различни потреби и желби неповрзани со финансиска компензација.

Токму ова е и во основата на двофакторската теорија на Херзберг[2], развиена 1959, базирана на две категории на фактори- Хигиенски фактори и Мотивациски фактори. Хигиенските фактори се однесуваат на работната средина и условите на работа кои ако се лоши може да предизвикаат незадоволство на работа, ако се соодветни, нема да поттикнат мотивација, но, ќе спречат незадоволство. Под хигиенски фактори спаѓаат услови на работа, плата, бонуси, односи со колеги и претпоставени. Мотивациските фактори се однесуваат на самата природа на работата и влијаат позитивно на мотивацијата и задоволството на вработениот. Кога се присутни овие фактори ја зголемуваат мотивацијата и тука се вклучени разновидност на задачите, предизвици во работата, одговорност, раст и развој.

Дека финансиската компензација не е долготрајна мотивација зборува и теоријата за Хедонска адаптација[3], која зборува за способноста на луѓето за брзо време да се вратат на стабилно ниво на среќа и покрај големите позитивни или негативни промени. Финансиската компензација или нејзиното зголемување е секако позитивна промена, но, мотивацијата трае кратко бидејќи по првичната еуфорија, нивото на среќа се враќа на преходното стабилно ниво. Кога вработените добиваат финансиски награди, доживуваат привремено зголемување на среќата и мотивацијата. Но, со текот на времето се адаптираат на новото ниво на приходи и силата на мотивацијата, се намалува, што значи ефектот на

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

финансиската награда е краткорочен. Дополнително, со зголемување на приходите, вработените може да развијат поголеми очекувања за идни награди, но, постојаното зголемување на компензацијата со цел да се задржат вработените со текот на времето може да стане неодржливо за компаниите. Ова покажува дека компаниите треба да развијат холистички пристап кон мотивацијата, кој вклучува и нефинансиски стимули.

Овој труд е синергија на неколку различни истражувања и има за цел да ги објасни различните видови мотивација кај вработените и влијанието на мотивацијата врз перформансата на вработените.

## 2. Методи и материјали

Резултатите дисскутирани во оваа студија произлегуваат од неколку истражувања ширум светот.

Едно од истражувањата[4] за мотивацијата на вработените е спроведено во 2013 година во Романија, во компанија со над 150 вработени, чие име поради приватност е сменето и за потребите на истражувањето е наречена SC Distribution S.R.L а се занимава со дистрибуција на готвени производи. Истражувањето е спроведено со користење на прашалник од 20 прашања.

Следното истражување кое е земено во предвид во овој труд е истражување спроведено во локална компанија од автомобилската индустрија, врз 120 вработени, каде се земени во предвид мотивацијата на вработените-која се истражува со пополнување на онлине прашалник од 22 прашања на кои се одговара со избор на еден од пет одговори кои се движат во ранг од- апсолутно се согласувам, до апсолутно не се согласувам; и перформансата на вработените која се истражува со пополнување на триделен прашалник преку индивидуален разговор на секој вработен со својот претпоставен.

Третото истражување[5] кое е предмет на дискусија во овој труд е истражување спроведено врз наставници од основно училиште во Гана, а, се фокусира на различните мотиватори и влијанието на мотивацијата врз перформансот на наставниците. Квантитативните податоци се анализирани со SPSS софтвер.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

### 3. Резултати и дискусија

Истражувањето во компанијата SC Distribution SRL е спроведено со прашалник кој се фокусира на неколку фактори- нивото на исполнување на основните потреби; квалитет на односите меѓу вработените; нивото на мотивацијата во компанијата обезбедено со системот за награди, личен развој и напредок; фактор поддршка- односно ресурсите и условите за работа кои компанијата ги обезбедува за своите вработени и фактор експертиза, односно желбата на вработените да извршуваат активноси и нивниот стремеж да се истакнат како професионалци. Резултатите го покажуваат следното:

- На прашањата за причините за вработување во компанијата најчестите одговори биле: Плата: 28%; Кариера: 24%; Искуство: 23%; Претходна невработеност: 20%; Атмосфера во компанијата: 5%.
- Во врска со системот за мотивација и признанија 60% веруваат дека не постои таков систем. Во врска со условите за работа 24% се задоволни што нивното работно место ги исполнува нивните потреби, 48% се незадоволни. Само 16% сметаат дека компанијата не нуди добри капацитети.
- Во врска со извршување на задачите 76% ги завршуваат задачите пред крајните рокови, 20% често ги извршуваат задачите, а 4% повремено ги извршуваат своите должности.
- На прашањата за работната мотивација, одговорите тежнеат кон неутралност при што 28% се секогаш мотивирани на работа; 4% не се мотивирани на работа, 40% се често мотивирани на работа. Во врска со прашањето за наградите што најмногу мотивираат, одговорите се пари: 72%, унапредување: 20%, морални награди пропратени со пари: 8%.
- Системот сигурност на работното место постои за 48%, не постои за 8%. Во однос на прашањето дали платата правично ги одразува или не задачите и обврските што ги имаат, најголем дел од испитаниците не се задоволни. (60% - незадоволни, 32% - не секогаш задоволни, 28% - не навистина задоволни, 24% - задоволни).

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- За односите со колегите, 60% од вработените велат дека отсекогаш добро се согласувале со колегите , 32% - најчесто и 8% велат дека комуницираат прилично ретко со другите.
- Ниво на информации: 4% се чувствуваат неинформирани, 20% не многу добро информирани. 52% сакаат да бидат повеќе информирани,24% сметаат дека се соодветно информирани.
- Одлуките на раководството не се интерес за 20% од персоналот, 4% не ни знаат што значи транспарентност, 24% од интервјуираните вработени ја доведуваат во прашање транспарентноста на компанијата и 52% сметаат дека одлуките се доволно видливи за секого.
- 60% изјавиле дека има големи шанси за унапредување, додека 40% ги доведуваат во прашање можностите за унапредување.
- Опремата за работа не недостасува, но 12% од вработените сметаат дека ги немаат сите потребни услови. 72% од испитаниците потврдуваат дека имаат шанса да научат нови работи, а 28% велат дека повеќе ја немаат оваа шанса.
- Дури 100% од персоналот потврдуваат дека секој знае кои се неговите/нејзините задачи.
- Само 56% од вработените чувствуваат дека нивната работа се цени, а 44% не веруваат дека нивниот труд е ферски оценет.
- Во врска со атмосферата на компанијата 48% сметаат дека е пријатна, а 52% не се согласуваат.
- Акцент на квалитетите и потенцијалите: 60% велат дека нивната работа не ги нагласува нивните квалитети и потенцијал, а 40% велат дека ги нагласува. Видливост на резултатите: 96% велат дека нивните резултати се видливи, 4% ги сметаат за неважни. Глас и слушање: 64% мислат дека нивните мислења се важни и се слушнати од претпоставените, 36% не се согласуваат.

Финансискиот момент е примарен мотиватор за вработените, дополнително, кариерата и експертизата, ги мотивираат вработените до одредена мера. Многу вработени

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

забележуваат недостаток на систем за мотивација и признанија на вработените, што секако е рефлексија на компаниската култура. Повеќето вработени изразиле незадоволство со нивното работно место што е во склад со фактот дека нивната мотивација во основа е финансискиот бенефит. Вработените се вклучени во нивните дневни активности, но самата работа не е силен мотивациски фактор што во иднина може да влијае негативно на нивниот перформанс. Наградите играат голема улога во мотивирањето на вработените, и повеќето мислат дека нивното работно место е сигурно. Соработката меѓу вработените во основа е добра, но вработените би сакале подобра комуникација во врска со организациските промени. Вработените се свесни за своите обврски но само половина од нив сметаат дека нивните заложби се ценети.

Истражувањето спроведено врз 254 наставници во Гана, започнува со фреквенциска дистрибуција и описни статистики за анализирање на одговорите на наставниците во врска со одреден конструкт што е идентификуван во концептуалниот модел. Одбирањето на овие две методи е поткрепено со фактот дека податочната категорија користена во студијата вклучува категориски, рангирани и номинални варијабли кои можат да бидат тешки за сумирање со помош на обични описни статистики. Студијата покажува дека пакетот на компензации, работната средина и системот за менаџирање на перформанси се значајни фактори кои ја објаснуваат мотивацијата на наставниците, и се значајни предиктори за нивниот перформанс. Студијата препорачува да се направи простор за нови кадри кои ќе ги зајакнат старите искусни кадри, и треба да се работи на тоа професијата да добие еден вид автономија за да ја охрабри следната генерација на иновативни и креативни наставници. Ограничувањето на студијата е нејзината неспособност да ја третира мотивацијата за работа како посредничка варијабла. Студијата препорачува идни истражувања за да се истражи оваа врска.

Истражувањето за мотивацијата на вработените спроведено во компанијата во Македонија врз 120 испитаници, кое се спроведува со прашалник од 22 прашања, дава индекс на задоволство 93,3 од 100. Резултатите дискутирани детално го покажуваат следното:

ISSN: 1857-8128

- На прашањата во врска со тимовите, 81% апсолутно се согласуваат дека ги имаат потребните ресурси за работа, 79% апсолутно се согласуваат дека знаењето се споделува, 79% апсолутно се согласуваат дека тимот брзо се адаптира на промени.
- Во врска со соработката 91% апсолутно се согласуваат дека тимот ги почитува компаниските правила со цел да се постигнат целите, 84% апсолутно се согласуваат дека улогите и процесите се јасни за сите,70% апсолутно се согласуваат дека соработката со другите тимови е добра, 27% се согласуваат а 3% немаат став.
- Во врска со работните задачи 74% апсолутно се согласуваат дека уживаат во својата работа,21% се согласуваат а 5% немаат став.
- Во врска со развојот 64% апсолутно се согласуваат дека имаат можности за развој, 29% се согласуваат, 6% немаат став а 1% не се согласува дека има можности за развој.

Индексот на задоволство од 93,3 од 100 е прилично висок и покажува дека вработените во компанијата се во голема мерка задоволни и мотивирани на својата работа и работната средина. Ова е позитивен сигнал за компанијата и е резултат на добрите практики за мотивација и услови на работа. Големиот број на испитаници се согласуваат дека ги имаат потребните ресурси, знаењето се споделува и тимот брзо се адаптира на промени. Ова покажува дека тимската динамика и соработката се на високо ниво во компанијата. Повторно, висок процент се согласуваат дека улогите и процесите се јасни за сите. Ова е важно за ефикасната работа на тимот и спречување на непотребни конфликти. Висок процент од вработените уживаат во својата работа, што е добар знак за мотивацијата и задоволството. Сепак, 21% се согласуваат и 5% не се согласуваат, што може да претставуваат некои подрачја за подобрување или потреба за поинакви пристапи за мотивација. Дури 64% се согласуваат дека имаат можности за развој, што е позитивно, но 29% се согласуваат и 6% немаат став. Ова покажува дека можеби треба да се работи на подобрување на програмите за развој на кариера за оние кои се чувствуваат дека немаат доволно можност за напредок. Во целост, резултатите од ова истражување покажуваат дека вработените на оваа компанија имаат силна мотивација. Во врска со нивниот

перформанс кој е оценет на индивидуални раговори каде се споредуваат минатогодишните резултати, зацртаните цели и постигнатите овогодишни резултати, како и останати апспекти на вработените kако што се иновација, тимска работа, резултати и себе рефлексија, можности и потенцијали за развој, резултатите покажуваат дека сите вработени ги постигнуваат очекувањата од нив, а 23% дури и ги надминуваат. Несомнено дека високо мотивирани вработени покажуваат високи резултати во нивниот перформанс. И, дополнително, перформансот и продуктивноста како два различни поими не треба да се поистоветуваат. Во врска со продуктивноста резултатите од системот на компанијата го покажуваат следното:

- “Нивото на наплата”, или "charging level", е метрика или индикатор кој мери колкав процент од целната приходност е фактуриран до клиентот. Во суштина, тоа кажува колку од очекуваните или планирани приходи од одреден клиент, проект или период се реализирани преку издавање на фактури. Во оваа компанија нивото на наплата е 116% од 100.
- ‘’Нивото на искористеност" ili “utilization level” е метрика која мери колку ефективно се користи одредено лице или ресурс во одреден временски период. Се пресметува со делење на продуктивните часови со вкупните присуствени часови. Таргетот тука е 90%, постигнати се 82%.
- "Сервисна скала: часови продадени/продуктивни часови" е сооднос или метрика која ја оценува ефикасноста на сервисниот провајдер во искористувањето на продуктивните часови за исполнување на обврските за сервиси и генерирање на приходи. Оваа метрика помага да се оцени усгласеноста помеѓу часовите за сервиси продадени на клиенти или корисници и актуелните продуктивни часови работени од сервисниот провајдер. Овде резултатот е 83% од 100.

Доколку се земат во предвид сите резултати, може да се види дека работниот перформанс и продуктивност се високи, што може да се објасни како резултат на високата мотивација и задоволство кај вработените. Задоволни вработени имаат посебна мотивација за да работат со висок степен на ангажирање и посветеност, што на крај ќе

влијае позитивно на перформансата и продуктивноста во компанијата. Менаџментот може да се фокусира на поддржување на овие позитивни аспекти и да работи на подобрување на областите каде што има потреба за подобрување, како што се можностите за развој на вработените.

## 4. Заклучок

Во рамките на овој труд, анализирани се резултати од истражувања кои имале за цел да ги истражат различните видови мотивација и задоволство на вработените во компанијата, како и поврзаноста на мотивацијата со перформансот на вработените. Резултатите од трите истражувања земени во превид, иако се однесуваат на различни индустрии, различни култури и категории вработени, покажуваат иста силна врска помеѓу мотивацијата на вработените и нивниот перформанс на работното место. Колку е поголема работната мотивација што ја поседуваат вработените во компанијата, толку е подобар успехот на вработените. Мотивацијата е фактор кој влијае на подобрување на перформансите. Мотивацијата е од суштинско значење во организацијата бидејќи ги поттикнува вработените да ги постигнат своите и компаниските цели. Без мотивација, работникот нема да ја исполни својата работа според очекуваните стандарди бидејќи не се исполнува она што го мотивира да работи. Дури и ако работникот има висок потенцијал, но, не е мотивиран да ги изврши своите должности, неговата работа нема да биде задоволителна, и ќе резултира со намалени перформанси.

Во врска со мотивациските фактори, иако често финансиската добивка е клучна, потребна е диверзификација на стратегиите за мотивација. Вработените се водени од надворешна, но, и внатрешна мотивација. Од страна на компаниите потребен е фокус развојот на кариерата и препознавање на искуството и придонесите на вработените. Потребно е да се развие систем за мотивација и давање признанија за да се зајакне моралот и посветеноста на вработените. Потребно е поврзување на мотивацијата со културните вредности на компанијата. Потребно е да се создаде средина која поттикнува чувство на цел и задоволство од работата. Потребно е да се користат наградите како мотивирачки фактор, усогласувајќи ги со трудот и перформансите на вработените.

Вработените се мотивирани кога се во тек со активностите, целите и резултатите на својата компанија и затоа комуникацијата и транспарентноста се неопходни за одржување на мотивацијата на вработените. Политиката на отворени врати е неопходно да се одржува токму заради оваа транспарентност, информираност и можност да се добие фидбек. Дополнително, потребно е да се осигура дека можностите за унапредување и развој на кариерата се достапни и транспарентно соопштени за да се мотивираат вработените, и, потребно е да се понудат можности за вработените да стекнуваат нови вештини и знаења, мотивирајќи личен и професионален раст.

Накратко, додека финансиската мотивација останува од суштинско значење, од витално значење е да се земе предвид холистички пристап кој се однесува на внатрешните потреби на вработените со цел одржување на мотивирана и ангажирана работна сила, чии перформанси секогаш ќе бидат на највисоко ниво.

## 5. Библиографија

[1] Carducci, Bernardo & Nave, Christopher & Mio, Jeffrey & Riggio, Ronald. (2020). Maslow's Hierarchy of Needs. 269-273. 10.1002/9781119547143.ch45

[2] Herzberg, F. (1964). The motivation-hygiene concept and problems of manpower. Personnel Administration, 27(1), 3–7.

[3] Brickman, P., & Campbell, D. T. (1971). Hedonic relativism and planning the good society. In M. H. Appley (Ed.), Adaptation-level theory (pp. 287-305). New York: Academic Press

[4] Achim, I. M., Dragolea, L., & Balan, G. (2013). The importance of employee motivation to increase organizational performance. Annales universitatis apulensis: Series oeconomica, 15(2), 685

[5] Forson, J.A., Ofosu-Dwamena, E., Opoku, R.A. et al. Employee motivation and job performance: a study of basic school teachers in Ghana. Futur Bus J 7, 30 (2021).

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# RESEARCH ON THE BURNOUT SYNDROME IN DIFFERENT DEMOGRAPHIC GROUPS

*Natasha Gligorov*

*MIT University, Faculty of Psychology ul. Treta Makedonska Brigada 66a, 1000 Skopje, Republic of Macedonia*

*Email:natasagligorov82@gmail.com*

## Abstract

The subject of this paper is the syndrome of professional burnout, in order to contribute to the academic literature in this area, investigating the difference in the occurrence of professional burnout in individuals of different ages and genders. The results of the SALVEO study, conducted in Quebec, Canada, were taken into account; furthermore, the results of a survey carried out in Norway on over 5000 respondents, as well as the results of a survey carried out in a private sector company in Skopje, Macedonia, were also taken into consideration. The results show notable differences in the levels of burnout between men and women, yet highlight the inappropriateness of attributing these differences solely to age or gender. Instead, this paper highlights the multifaceted nature of burnout, which is undoubtedly influenced by other factors such as working in shifts, longevity of the working hours, job position, degree of involvement in decision-making, degree of workplace autonomy. These findings highlight the complexity of the burnout syndrome, offering valuable implications for appropriate intervention activities aimed at alleviating burnout in different demographic groups.

***Keywords:*** Syndrome; burnout; demographic groups

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА СИНДРОМОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНО СОГОРУВАЊЕ КАЈ РАЗЛИЧНИ ДЕМОГРАФСКИ ГРУПИ

*Natasha Gligorov*

*MIT University, Faculty of Psychology ul. Treta Makedonska Brigada 66a, 1000 Skopje, Republic of Macedonia*

*Email:natasagligorov82@gmail.com*

**Апстракт**

Предмет на овој труд е синдромот на професионално согорување, со цел да придонесе кон академската литература во оваа област, истражувајќи ја разликата во појавата на професионалното согорување кај поединци од различна возраст и пол. Земени се во предвид резултатите од студијата SALVEO, спроведена во Квебек, Канада; понатаму, преземени се резултати од истражување спроведено во Норвешка на над 5000 испитаници, како и резултати од истражување спроведено во компанија од приватниот сектор во Скопје, Македонија. Резултатите покажуваат забележителни разлики во нивоата на согорување меѓу мажите и жените, сепак ја нагласуваат несоодветноста овие разлики да се припишуваат исклучиво на возраста или родот. Наместо тоа, овој труд ја истакнува повеќеслојната природа на согорувањето, која е несомнено под влијание и на останати фактори како што се ангажирањето во смени, работните саати, работната позиција, степенот на вклученост во донесувањето на одлуки, степенот на автономија на работното место. Овие сознанија ја нагласуваат сложеноста на синдромот на согорување, нудејќи вредни импликации за соодветни интервентни активности насочени кон ублажување на согорувањето кај различни демографски групи.

***Клучни зборови***: Синдром; согорување; демографски групи

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Синдромот на професионално согорување (Burnout), во литературата прв пат се појавува во седумдесеттите години. Прв труд признат од литературата како особено важен момент за воведување на концептот на согорување како предмет на академски студии е "Staff Burn-out" (Freudenberger, 1974a)- „Професионално согорување на персоналот“ (Фројденбергер, 1974a)[1]. Во тој труд Фројденбергер го наведува професионалното согорување како  согорување поради барања за енергија, сила и ресурси кои ги поседува личноста, во поголема мера од нејзините капацитети. Дефиницијата е преземена од речник кој не е цитиран во неговите дела , туку секаде е референиран како Речникот. И иако Фројденбергер не го вовел прв овој термин, сепак е заслужен за систематско опишување и анализирање на ментална состојба што ја забележал кај некои негови колеги, а и самиот ја доживеал. Со други зборови, терминот се користел за да се опише одредено искуство и ментална состојба на работното место уште пред тоа да стане психолошки и клинички релевантна состојба.[2]

Според Фројденбергер, согорувањето се карактеризира со физички симптоми како што се исцрпеност, замор, чести главоболки и гастроинтестинални нарушувања, несоница и недостаток на здив. Знаците на однесување вклучуваат фрустрација, лутина, сомнителен став, чувство на семоќ или прекумерна самодоверба, прекумерна употреба на средства за смирување, цинизам и знаци на депресија. Фројденбергер не само што ги опишал симптомите на согорување, туку и навел фактори на личноста кои ги предиспонираат луѓето да страдаат од согорување. Според него посветените вработени се оние кои ќе доживеат професионално согорување (Фројденбергер, 1974, стр. 161).

Во својот труд Фројденбергер покрај што го опишал синдромот на професионално согорување, дополнително предложил и превентивни мерки. Неговото уверување е дека согорувањето е поврзано со работната средина и организацијата, и затоа предложил да се интервенира на организациско а не само на индивидуално ниво. Неговите препораки вклучуваат пократко работно време, редовна ротација на работните места и чест надзор и обука на персоналот.[3]

ISSN: 1857-8128

По однос на разликите во согорувањето кај различните родови, изданието на Фројденбергер насловено како Согорување кај жените: Како да го препознаете, како да се справите со него и како да го спречите- Women's burnout: How to Spot It, how to Reverse It and How to Prevent It,[4] ги анализира критичките аспекти на социјалните очекувања и предизвиците со кои денес се соочуваат жените. Ова е важна литература која ја открива длабоката проблематика на согорувањето кај жените, предизвикано од комплексните и често нереални стандарди и очекувања поставени пред нив.

Пораката која суптилно се пренесува преку општеството и медиумите е дека жените денес треба да бидат способни да постигнат перфекција во секој аспект на својот живот. Од нив се очекува да одржуваат совршен дом, да одржуваат стабилен брак, да изградат успешна кариера и да бидат идеални мајки и сопруги. Овие мултиплексни очекувања конвергираат и водат кон општествен притисок и согорување.

## 2. Методи и материјали

Податоците користени во овој труд, се извлечени од неколку студии.

Прва е студијата SALVEO[5], која претставува студија спроведена врз 2026 работници од 63 работни места, во Квебек, Канада. Податоците се анализирани со повеќестепена анализа на процесот користејќи MPlus софтвер пакет.

Понатаму, преземени се резултати од истражување[6] спроведено во Норвешка на над 5000 испитаници, со просечна возраст 42 години, од осум различни професии вклучувајќи адвокати, доктори професори и останати. При ова истражување е користен Олденбург инвентар за професионално согорување (Oldenburg Burnout Inventory) кој се состои од шеснаесет позитивни и негативни тврдења и со кој се оценуваат согорување и дистанцираност од работата како две главни димензии.

Дополнително на овие истражувања, на локално ниво е спроведено истражување на 50 испитаници вработени во компанија од приватниот сектор во Скопје, Македонија, користејќи го стандардизираниот прашалник BAT (Burnout Assesment Tool) на којшто се одговара на Ликертова скала со пет степени на согласност.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 3. Резултати и дискусија

Во рамките на истражувањето SALVEO, резултатите покажуваат дека мажите и жените доживуваат согорување на различни начини. Во почетната анализа, утврдено е дека постои разлика во нивоата на согорување меѓу мажите и жените, каде жените покажуваат неколку повисоки нивоа на согорување, особено кога возраста е единствениот фактор што се зема во предвид.

Сепак, при подетална анализа каде што се вклучени сите фактори заедно, како работните услови, семејните обврски и индивидуалните карактеристики, разликата меѓу мажите и жените во нивата на согорување исчезнува. Ова сугерира дека други фактори, освен родот, играат значајна улога во предизвикувањето на согорување.

Жените покажуваат повисоко ниво на согорување споредено со мажите поради пониското ниво на автономија во донесувањето на одлуки и самодоверба, а повисоко ниво на конфликтот работа-семејство (WFC (work-family conflict)). Дополнително, жените кои имаат ниска самодоверба покажале поголемо ниво на согорување.

Дополнителен аспект кој е земен во предвид е ангажманот на индивидуите во работа на смени и продолжените работни часови. Овој пат, мажите почесто биле вклучени во смени на работа, работеле подолго време во споредба со жените и покажале поголема склоност кон согорување. Долготрајната работа, предизвикува повеќе конфликти помеѓу работата и приватниот живот кај мажите, што на крајот резултира со повисоки нивоа на согорување.

Истражувањето покажува дека постојат конкретни фактори на работното место и во животот надвор од работата кои можат директно да влијаат на нивоата на согорување, при што овие ефекти не се зависни од родот на индивидуите.

На работното место, негативни социјални интеракции како конфликти со колегите или неефикасен надзор се поврзани со поголеми нивоа на согорување. Имањето на перспективи за успешна кариера е поврзано со помали нивоа на согорување.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Исто така, несигурноста на работното место, високите психолошки барања и недостатокот на признание за добро сработената работа се фактори кои негативно влијаат и на нивоата на согорување и на балансот помеѓу работа и личниот живот.

На лично ниво, поседувањето на чувство за контрола врз сопствениот живот е поврзано со пониско ниво на согорување и подобар баланс помеѓу работа и личен живот.

Во рамките на истражувањето спроведено во Норвешка на над 5000 испитаници од осум различни работни позиции- адвокати, лекари, медицински сестри, наставници, црковни лица, возачи на автобуси и лица кои работат во маркетинг и ИТ. За да се истражат разликите меѓу родовите, користена е алатка “LISREL 8.72”.

Анализата на резултатите во целост покажува дека жените воопшто почесто изразуваат нивоа на согорување во споредба со мажите. Меѓутоа, кога се разгледуваат резултатите според професиите, се забележува дека разликите во нивото на согорување меѓу мажите и жените се разликуваат во зависност од видот на професијата. Во најголем број од професиите, жените изразуваат поголемо ниво на согорување во споредба со мажите, освен во случај на професиите во маркетинг и информатичка технологија (ИТ). Повторно нивото на согорување не зависи само од родот, туку и од работните позиции, па така, нема разлика во нивото на согорување кај мажи и жени од исти професии, а има разлика помеѓу различните професии, како на пример високи нивоа на согорување се јавуваат кај наставниците, возачите на автобуси, црковните лица и докторите, а ниски нивоа на согорување се јавуваат кај адвокатите, вработените во ИТ и медицинските сестри. Доколку и овие групи ги споредуваме меѓу себе кај адвокатите се забележува помало ниво на согорување отколку кај наставниците, и т.н..

Во рамките на истражувањето, спроведено на 50 испитаници во приватна компанија во Скопје, Македонија, каде 50% од испитаниците се жени, и возраста на сите испитаници варира од 18 до 50+ години. со користење на BAT (Burnout Assesment Tool) каде 1 е најниско ниво на согорување а 5 е највисоко, се добиени следните резултати:

Резултати кај машките испитаници:

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- Мажи на возраст од 18-30 години (Опсег на согорување: 1,45-2,21): Резултатите за согорување кај мажите во оваа возрасна група се движат од 1,45 до 2,21. Оваа возрасна група покажува умерено ниво на согорување, бидејќи оценките се помеѓу 1 (минимално исцрпување) и 5 (највисоко исцрпување). Варијацијата во оваа група сугерира дека некои поединци во оваа возрасна граница доживуваат релативно ниско согорување, додека други доживуваат повисоко ниво на согорување.
- Мажи на возраст од 31-40 години (Опсег: 1,66-1,84): Резултатите за согорување кај мажите во возрасната група 31-40 имаат потесен опсег, помеѓу 1,66 и 1,84. Овие резултати укажуваат на релативно ниско ниво на согорување, бидејќи сите резултати се блиску до долниот крај на скалата.
- Мажи на возраст од 40-50 години (Опсег: 1,27-2,21): Мажите на возраст од 40 до 50 години покажуваат поширок опсег на согорување, од 1,27 до 2,21. Додека поголемиот дел од оценките спаѓаат во пониските опсег, има поединци во оваа група кои доживуваат повисоко ниво на согорување, што е потврдено со оценката од 2,21.
- Мажи на возраст од 50+ (Опсег: 1,36-1,96): Резултатите за согорување кај мажи на возраст од 50 години и постари, исто така, покажуваат релативно тесен опсег, помеѓу 1,36 и 1,96. Оваа возрасна група, во просек, пријавува пониско ниво на согорување, при што сите резултати спаѓаат во долниот опсег на скалата.
- Резултати кај женските испитаници
- Жени на возраст од 18-30 години (Опсег: 1,75-2,09): Жените на возраст од 18 до 30 години имаат најтесен опсег на резултати на согорување, помеѓу 1,75 и 2,09.Оваа возрасна група има тенденција да пријави пониски до умерени нивоа на согорување, при што сите резултати паѓаат под средната точка на скалата.
- Жени на возраст од 31-40 години (Опсег: 1,48-2,9): Резултатите за согорување кај жените од возрасната група 31-40 имаат поширок опсег, од 1,48 до 2,9. Оваа возрасна група покажува варијабилност, при што некои жени пријавиле пониски

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

нивоа на согорување, додека други пријавиле релативно повисоко ниво на согорување.

- Жени на возраст од 41-50 години (Опсег: 2,48-2,84): Жените на возраст од 41 до 50 години покажуваат малку повисок опсег на резултати на согорување, помеѓу 2,48 и 2,84. Оваа возрасна група доживува нешто повисоко ниво на согорување во споредба со возрасната група над 50 години, но сепак спаѓа во умерениот опсег.
- Жени на возраст од 50+ (Опсег: 2,03-2,24): Резултатите за согорување за жени на возраст од 50 и повеќе се движат од 2,03 до 2,24. Оваа возрасна група покажува умерено ниво на согорување, при што резултатите паѓаат во средината на скалата од 1 до 5.

Споредба на резултатите меѓу машките и женските испитаници

- Мажи наспроти жени - 18-30 години: И мажите и жените во возрасната група 18-30 пријавуваат релативно ниски до умерени нивоа на согорување. Иако има одредена варијабилност во секоја група, не постои значајна полова разлика во оваа возрасна граница.
- Мажи наспроти жени - 31-40 години: Мажите на возраст од 31-40 години имаат тенденција да искусат пониски нивоа на согорување, со потесен опсег на резултати (1,66-1,84). Жените на возраст од 31-40 години покажуваат поголема варијабилност, со оценки кои се движат од 1,48 до 2,9. Има родова разлика во оваа возрасна група, при што мажите во просек пријавуваат помало согорување.
- Мажи наспроти жени - 40-50 години: Мажите на возраст од 40-50 години, исто така, покажуваат поширок опсег на резултати на согорување (1,27-2,21). Жените на возраст од 41-50 години имаат нешто повисок опсег на резултати (2,48-2,84). Во просек, мажите од оваа возрасна група имаат тенденција да пријавуваат малку пониски нивоа на согорување.
- Мажи наспроти жени - 50+ години: Мажите на возраст од 50 и повеќе години имаат потесен опсег на резултати на согорување (1,36-1,96). Жените на возраст од 50+

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

пријавуваат повисоки нивоа на согорување со резултати кои се движат од 2,03 до 2,24.

Во оваа возрасна група, жените генерално пријавуваат повисоки нивоа на согорување во споредба со мажите.

Кај возрасните групи, јасно е дека постојат родови разлики во искуствата со согорување. Во многу случаи, жените имаат тенденција да пријавуваат повисоки нивоа на согорување во споредба со мажите. Овие разлики може да бидат под влијание на различни фактори, вклучувајќи ги општествените очекувања, одговорностите за грижа и динамиката на работното место.

Возраста исто така игра улога во искуствата на согорување и кај мажите и кај жените. Постарите поединци, и машки и женски, имаат тенденција да пријавуваат повисоки нивоа на согорување кај некои возрасни групи, што може да биде поврзано со животниот стадиум или факторите поврзани со работата.

Важно е да се забележи дека постои варијабилност во секој пол и возрасна група, што укажува дека индивидуалните разлики и единствените околности значително влијаат на искуствата со согорување и дека ниту родот ниту возраста не можат да биде земени како единствена причина за разлики во согорувањето, и како во САЛВЕО истражувањето, неопходно е да се земат и други фактори во предвид.

Искуствата на согорување варираат меѓу различни родови и возрасни групи. Препознавањето на овие разлики е од суштинско значење за дизајнирање ефективни системи за поддршка кои се однесуваат на уникатните потреби на поединците во различни животни фази. Потребни се дополнителни истражувања за да се истражи сложената интеракција на факторите кои придонесуваат за согорување кај овие различни групи а се неповрзани со родот и возраста.

## 4. Заклучок

Споредбата на нивоата на согорување меѓу различни демографски групи, опфаќајќи различни возрасни опсези и за мажи и за жени, открива важни сознанија за

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

сложената динамика на согорувањето. Иако оваа анализа фрла светлина врз разликите, од суштинско значење е да се забележи дека согорувањето е повеќеслојна појава под влијание на огромен број фактори надвор од возраста и родот. Сепак, истражувањето дава вредни информации за тоа како овие демографски варијабли се вкрстуваат со појавата на согорување.

Накратко, наодите од истражувањето покажуваат дека родот и возраста на поединците се значајни фактори за разбирање на согорувањето, иако со нијанси кои варираат во различни фази од животот. Низ испитуваните возрасни групи, треба да се забележи дека жените имаат тенденција да пријавуваат повисоки нивоа на согорување во споредба со мажите во некои случаи.

Поточно, жените на возраст од 50 и постари пријавиле највисоки нивоа на согорување меѓу сите испитувани групи. Ова може да се припише на комбинација од фактори како што се општествените очекувања, одговорностите за грижа и динамиката на работното место. Од друга страна, мажите во нивната возрасна група од 31 до 40 години генерално пријавиле пониски нивоа на согорување во споредба со жените во иста возрасна група.

Сепак, од клучно значење е да се нагласи дека врската помеѓу родот и согорувањето не е универзално конзистентна кај сите возрасни групи и дека постои значителна варијабилност во секоја демографска категорија. Факторите како што се индивидуалните животни околности, личните механизми за справување и надворешните стресови играат клучна улога во одредувањето на нивоата на согорување. Следствено, иако родовите разлики во согорувањето се евидентни кај одредени возрасни групи, тие не претставуваат паттерн кој одговара на сите.

Понатаму, самата возраст се појавува како истакнат фактор во искуствата со согорување. Помладите поединци, и мажи и жени, имаат тенденција да искусат релативно пониски нивоа на согорување, што сугерира дека факторите како што се стресот поврзан со работата, семејните обврски и здравствените грижи може да се акумулираат со

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

возраста. Варијабилноста во рамките на возрасните групи ја нагласува важноста од препознавање на индивидуалните разлики и соодветно приспособување на интервенциите.

Кога ги разгледуваме резултатите според видот на професиите, откриваме дека разликите во нивото на согорување меѓу мажите и жените зависат од типот на работата која ја вршат. Во многу професии, жените и мажите изразуваат согорување на различни нивоа, но не секогаш жените се тие кои покажуваат повисоко ниво на согорување. На пример, во професии како маркетинг и информатичка технологија (ИТ), нема значителни разлики во нивото на согорување меѓу мажите и жените.

Исто така, овој труд истакнува дека нивото на согорување зависи и од конкретната работна позиција. Во исти професии, како на пример во случајот на адвокатите, може да има разлика во нивото на согорување меѓу различните работни позиции, каде адвокатите покажуваат помало ниво на согорување во споредба со наставниците, итни. Следствено, за да се разбере согорувањето, потребно е да се разгледаат и други фактори, како видот на работата и конкретната работна позиција, а не само возраста и родот.

Како заклучок, истражувањето ја нагласува сложеноста на согорувањето и неговата врска со возраста и родот. Додека некои родови разлики во искуствата со согорување се евидентни, врската е под влијание на бројни контекстуални и индивидуални фактори. Возраста, исто така, игра улога во обликувањето на искуствата со согорување, при што постарите поединци често пријавуваат повисоки нивоа на согорување. Затоа, ефикасното справување со согорувањето бара повеќеслоен пристап кој ги зема предвид уникатните потреби на поединците во нивните соодветни демографски групи. Понатамошните истражувања треба да ги истражат основните фактори кои придонесуваат за овие разлики за да се развијат насочени стратегии за превенција и поддршка.

## 5. Библиографија

[1] Freudenberger, Herbert J.. “Staff burn-out.” *Journal of Social Issues* 30 (1974): 159-165.

[2] Fontes, Flávio. (2020). Herbert J. Freudenberger and the making of burnout as a psychopathological syndrome. 37. 1-19. 10.35699/1676-1669.2020.19144.

[3] Herbert J. Freudenberger PhD (1989) Burnout, Loss,Grief&Care, 3:1-2, 1-10, DOI: 10.1300/J132v03n01_01

[4] Freudenberger, H. J. & North, G. (1986). Women's burnout: How to Spot It, how to Reverse It and How to Prevent It. New York: Penguin Books.

[5] Nancy Beauregard, Alain Marchand, Jaunathan Bilodeau, Pierre Durand, Andrée Demers, Victor Y Haines, Gendered Pathways to Burnout: Results from the SALVEO Study, *Annals of*

[6] Innstrand, S.T., Langballe, E.M., Falkum, E. *et al.* Exploring within- and between-gender differences in burnout: 8 different occupational groups. *Int Arch Occup Environ Health* **84**, 813–824 (2011). https://doi.org/10.1007/s00420-011-0667-y

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# TRAINING OF EMPLOYEES IN WORKING ORGANIZATIONS

Daniela Dukovska Institute for Public Health, Republic of Macedonia

danieladukovska@yahoo.com

## Abstract

Employee training can be defined as a planned effort by organizations to improve employee performance in order to perform work better and more efficiently. The basic reasons and need for training appear as a result of: the increase of competition between organizations, continuous changes in technique, technology, management of enterprises, the state of the labor market, demographic tendencies, the obsolescence of knowledge and skills of employees. The training process consists of: determining the needs and goals of training, designing, organizing and implementing training programs and evaluating the effects of training on human resources. In order to determine the need for training, a detailed analysis of the organization is required, namely: analysis of the organization, analysis of the work at the workplace and analysis of the person performing the work. The objectives of the training specify the problems and determine what the knowledge, skills and behaviors of the individuals should be after the completion of the training, what are the criteria against which such behavior will be evaluated and under what conditions such behavior is expected. Non-off-the-job training methods: briefing, demonstration, apprenticeship, employee rotation, job enrichment and expansion. Off-the-job training methods: lectures, CD-recorded lectures, self-study from books, materials, etc., simulation, role-playing, behavior modeling, conference. The purpose of this paper is to define and elaborate the concept of training of employees in organizations, the need for training and their importance for the success of organizations and employee satisfaction. The most valuable capital and resources that an organization has are human resources, if their potential is not adequate, the organization cannot develop. The paper is based on the analysis of the content of available domestic and foreign literature from reference world and domestic authors through the available books,

magazines, online database in the field of human resources management. The results show that 93.4% agree that the motivation for work increases with appropriate training, while 93.5% answered that the motivation of the employees affects the work performance. According to another research, the attitude of respondents about the impact of training on job performance is positive, 58.6% of respondents evaluate that training has an impact on job performance, 24.7% evaluate it as average, and 16.7% consider that it has little impact. The goal of the training is to eliminate any deficits in the performance of the employees, and thus of the organizations, in the short term.

**Keywords:** training, methods, job analysis, work skills, performance

## ОБУКИ НА ВРАБОТЕНИ ВО РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ

**Даниела Дуковска Инстотут за Јавно Здравје, РСМакедонија**
**danieladukovska@yahoo.com**

### Апстракт

Обуката или тренингот на вработените може да се дефинира како плански напор на организациите да ги подобрат перформансите на вработените со цел подобро и поефикасно извршување на работата. Основните причини и потреба од обуки се појавуваат како резултат на: зголемувањето на конкуренцијата помеѓу организациите, континуирани промени во техниката, технологијата, управувањето со претпријатијата, состојбата на пазарот на работната сила, демографските тенденции, застарувањето на знаењата и вештините на вработените. Процесот на обука се состои од : одредување на потребите и целите на обуката, проектирање, организирање и реализација на програмите за обука и евалуација на ефектите на обуката на човечки ресурси. За утврдување на потребата од обуката потребна е детална анализа на организацијата и тоа: анализа на организацијата, анализа на работата на работното место и анализа на извршителот на работата. Целите на обуката ги конкретизираат проблемите и одредуваат какви треба да

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

бидат знаењата, вештините и однесувањата на поединците после завршувањето на обуката, кои се критериумите врз  кои ќе се оценува таквото однесување и во какви услови се очекува таквото однесување. Методи за обука без отсуство од работа: инструктажа, демонстрирање, приправнички стаж, ротација на вработени, збогатување и проширување на работата. Методи за обука со отсуство од работа: предавања, предавања снимени на ЦД, самостојно учење од книги, материјали и сл., симулација, играње на улоги, моделирање на однесувања, конференција. Целта на овој труд е да се дефинира и елаборира поимот обуки  на вработените лица во организациите, потребата од обуки и нивната важност за успехот на организациите и задоволството на вработените. Највредниот капитал и ресурси  што ги има една организација, се човечките ресурси, ако нивниот потенцијај не е соодветен, организацијата не може да се развива.  Трудот се базира на анализа на содржината на достапна домашна и странска литература од референтни светски и домашни автори преку достапните книги, списанија, online база на податоци од обласга на управување со човечки ресурси. Резултатите покажуваат дека 93,4% се сложуваат дека со соодветна обука се зголемува мотивацијата за работа, додека пак 93,5 % одговориле дека пак мотивацијата на вработените влијае на работната перформанса. Според друго истражување ставот на испитаниците за влијанието на обуката врз успешноста на работата е позитивен, 58,6% од испитаниците оценуваат дека обуката има влијание врз успешноста на работата, 24,7% го оценуваат како просечно, а 16,7%  сметаат дека има мало влијание. Целта на обуката е во краток рок да се елиминираат било кои дефицити во перформансите на вработените, а со самото тоа и на организациите.

**Клучни зборови:** *тренинг, методи, анализа на работа, работни вештини, перформанса*

## 1. ВОВЕД

Постојаното учење и напредување е од суштинско  значење за успехот на секоја организација. Обуките и развојот на вработените помагаат во обликување на вработените според потребите на организациите за зголемување на  продуктивноста и успехот во

работата. Промените кои секојдневно се случуваат, на економски, политички, општествен или технолошки план го поставуваат тренингот/обуката како фундамент за развој на компаниите. Многу организации денес веруваат дека клучот за стекнување и одржување на конкурентската предност на пазарот е развојот на интелектуалниот капитал.

Со соодветно развиен стратешки пристап кон обуката и развојот на вработените, се овозможува надградба на знаењата и вештините најчесто усогласени со специфичните потреби на фирмата, нејзината стратегија и нејзините цели.

**Поим и дефиниција за обуки на вработените**

Обуката или тренингот на вработените може да се дефинира како плански напор на организациите да ги подобрат перформансите на вработените низ систематски процес на збогатување и проширување на знаењата, вештините и однесувањето со цел подобро и поефикасно извршување на работата на работно место.

Основните причини и потреба од обуки се појавуваат како резултат на следниве карактеристики на современата економија: зголемувањето на конкуренцијата помеѓу организациите, континуирани промени во техниката, технологијата, организацијата и управувањето со претпријатијата, состојбата на пазарот на работната сила, демографските тенденции, застарувањето на знаењата и вештините на вработените. Затоа денес одредени организации инвестираат милионски суми во различни програми за обука на вработените со што би оствариле конкурентска предност на пазарот. Некои истражувања покажуваат дека на различни програми за образование се троши и до 2% од буџетот на организациите, а овој раст на инвестициите во образованието е резултат на прифаќањето дека знаењето е фактор кој прави разлика помеѓу успешните и неуспешните.

Целта на обуките е во што е можно пократок временски период да се елиминира било кој дефицит во перформансите на вработените лица во организациите. Високите стандарди во селекцијата на кандидатите од аспект на нивното потребно образование и искуство, можат да ја намалат потребата за одржување на формални програми за обука.

Исто така, обуката на вработените е во цврста врска и со функцијата за развојот на кариерата, и таа може да биде и клучен инструмент во промената на организационата култура.

## 2. ПРОЦЕС НА ОБУКА

Обуката на човечките ресурси претставува комплексна функција која бара квалитетно извршување на низа активности и нејзините конечни резултати зависат од тоа колку тие активности се добро и квалитетно извршени. Процесот на обука се состои од :

- одредување на потребите и целите на обуката на човечки ресурси,
- проектирање,организирање и реализација на програмите за обука и
- евалуација на ефектите на обуката на човечки ресурси.

### 2.1. Потреба од обука на вработените

Организираниот пристап кон обуката на вработените претставува најпрво одредување на потребите и  целите на обуката.

Анализата на потребата од обука подразбира прво да се дефинираат барањата на ниво на целата организација, согласно мисијата, визијата, целите и стратегиите на организацијата.Организациите треба да знаат каде се наоѓаат моментално и каде сакаат да бидат за две до три години и врз база на тоа  да се осмисли и самиот развој на вработените.

За секое работно место треба да се дефинираат способностите, значењето и компетенциите кои се потребни за тоа работно место. Така, може да се провери тоа дали вработените се добро прераспределени на соодветни работни места во рамките на организацијата, согласно компетенциите.  Организациите кои имаат педесетина или повеќе вработени, би требало да имаат инвентар на способностите и знаењата кој би претставувал преглед за способностите и знаењата на вработените со кои  моментално

располагаат.  Врз база на таквиот преглед, ќе може да се заклучи дали постои потребен број на вработени со одреден вид на знаења и способности.

Промените во технологиите и настапувањето на информатичката ера имаат силно влијание врз економијата и пазарот.Технолошките промени се толку брзи и динамични, што секој нов производ на пазарот кратко време опстојува пред појавата на поефтин производ на друго место. Затоа, конкуренцијата на пазарот е се пожестока, а барањата на потрошувачите се поголеми.

За да можат претпријатијата да одговорат на брзите промени во опкружувањето и на предизвиците , треба да се менуваат брзо и неповторливо, за да ги пресретнат промените предизвикани на пазарот. За да се справат со драматичните промени во препријатијата, менаџерите треба да развиваат нови знаења, навики и методи на управување,и вработените неопходно е да се развиваат и обучуваат. Најуспешни менаџери се оние кои ќе ги мотивираат најдобрите тимови и ќе создадат услови за развој на вработените.

## 2.2.Анализа во организацијата за потребите од обука

Обуката и развојот на кадрите претставува процес на одржување, усовршување и развивање на нивната работна способјност во претпријатието. Решавањето на овие проблеми  и надминувањето на разликата, јазот помеѓу потребните знаења и вештините кои се потребни, и кои вработени треба да бидат опфатени со обуката се постигнува со детална анализа на три нивоа на организацијата и тоа:

- анализа на организацијата,
- анализа на работата на работното место и
- анализа на поединецот, извршителот на работата

Анализата на едукативните потреби и нивната идентификација на компаниско ниво подразбира анализа на целосниот систем и на сите елементи во организацијата, стратегиите, расположливите ресурси, целите на компанијата, работната клима и култура, надворешните или внатрешните ограничувања со кои се соочува компанијата.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**Анализа на организациските потреби за обука**

Кога се анализира една организација со цел да се утврдат образовните потреби, се поаѓа од деловната стратегија и поставените цели, од позицијата на организацијата во околината и од организациската клима и култура.

Потоа тие дефинираат три слики на човечкиот потенцијал:

- преглед на тековните знаења и вештини,
- какви знаења и вештини треба да има организацијата за успешно извршување на задачите и постигнувањето цели
- прогноза на идните знаења и вештини

Организацијата има способност да ги постигне своите цели само доколку постигне хармонија помеѓу барањата на работата и способноста на вработениот за неговото извршување.

Анализата за потребата од обука во организацијата треба да одреди колку организацијата и нејзините организациски делови ги остваруваат утврдената стратегија и целите и дали обуката на човечките ресурси претставува фактор за остварување на подобри резултати.

Анализата за потребата за обука во организацијата, може да се разликува во случај доколку станува збор за потреба за обука на нови или потреба за обука на веќе вработени во организацијата.

**Анализа на работата на работното место**

Овој вид на анализа опфаќа одредување на работните активности и прецизирање на работните задачи кои ги извршува поединецот.

Анализата на работата се извршува во три фази:

- избор на работите кои се анализираат
- попис на задачите кои се извршуваат на одделните работни места

ISSN: 1857-8128

- определување на знаењата, вештините и способностите кои се потребни за успешно извршување на секоја задача.

Се смета дека без опис на работното место не е возможно во компанијата ниту да се планира, ниту пак да се организира. Ова се однесува на обновување на персоналот, образование, развој на кариера или, воопшто, унапредување. Анализата на работните места вклучува внимателно истражување на работните должности и одговорности, како и меѓусебните односи со други работни места. Без вистинска анализа на работата, би било тешко да се извршат други функции за управување со човечки ресурси.

**Анализа на поединецот- извршителот на работата**

Оваа анализа има за цел да даде одговор како поединецот-работникот ги извршува работните задачи и да одреди кои знаења, вештини, способности и о днесувања треба да ги поседува за успешно извршување на работата. Врз основа на тоа се одредуваат и целите на обуката. Анализа покажува кои членови во организацијата имаат потреба од обука и кои знаења, вештини и однесување треба да го стекнат со обуката.

Извршените анализи на сите три нивоа овозможуваат одредување на потребите за обука на човечки ресурси во организацијата и врз таа основа се формираат и целите на обуката кои претставуваат еден вид мост помеѓу потребите од обука и програмите за обука.

## 3.ЦЕЛИ НА ОБУКАТА

Целите на обуката ги конкретизираат проблемите и одредуваат какви треба да бидат знаењата, вештините и однесувањата на поединците после завршувањето на обуката. Добро формулираните цели треба да содржат информации за сите елементи на обуката: какво однесување се очекува од поединецот после завршувањето на обуката, кои се критериумите врз кои ќе се оценува таквото однесување и во какви услови се очекува таквото однесување.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Правилно формулирање на целите на обуката придонесуваат за:

- подобар избор на методите на обуката,ако се имаат предвид знаењата, вештините и однесувањата кои треба да се усовршат со обуката
- попрецизно одредување на задачите на учесниците во обуката и на предавачите во обуката
- подобро оценување на резултатите на обуката

Резултатите од претходно споменатата анализа даваат основа за креирање на програмата за обука. Оваа фаза опфаќа формулирање на целите за обука, утврдување на буџетот и утврдување на одредените методи и техники за обука. Што се однесува до целите на обуката, под истите се подразбира опис на сето она што учесникот во обуката ќе биде во можност да го оствари по успешно завршената програма за обука. За работодавачот, исто така, многу е важно да биде запознаен и да го одобри буџетот кој ќе го услови дизајнирањето на самата програма за обука на вработените, под што се подразбира одредување на содржината на програмата за обука, но и методите и техниките на самата обука.

За да бидат формулирани на јасен и недвосмислен начин целите на обуката, потребно е следното:

- целите треба да бидат изразени во писмена форма,
- целите треба да бидат јасни и мерливи,
- потребно е да се идентификува како вработените ќе покажат дека: ги разбрале презентираните цели и дека се стекнале со посакуваните вештини и знаење.
- потребно е да се дефинираат и точно да се прецизираат посакуваните резултати или однесувања кои ќе произлезат од програмата за обука.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 4. ИЗБОР И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА

Идентификувањето на потребите од обука и планирањето на програмата за обука, не е исклучително задача на специјалистите во областа за обука и развој на кадрите. Големите организации имаат сектори кои се занимаваат со управување и развој на луѓето, и во нивна надлежност е и организирањето на програмите за обука. Во современите организации, а пред се претприемачките организации, грижата за развојот на луѓето се во надлежност на менаџерите, вклучувајќи го и планирањето на нивниот развој и кариера, потребите од обука, нивно планирање, организирање и успешно спроведување.

Организацијата која ќе одлучи да го зголеми своето ниво на услуги знае дека програмата за обука и развој е од суштинско значење за нејзиниот напредок и успех. Откако ќе биде идентификувана потребата од обука, неопходно е да се направи избор на соодветни програми. Во таа насока, неопходно е да се утврди следното:

- кому е наменета обуката
- која е целната група
- кој ги изведува програмите
- што треба да биде предмет на обуката и
- кои цели на организацијата се во фокусот на избраната програма за обука
- кој вид на вештина треба да се развие

Процесот на идентификување на потребите треба да има за цел идентификување на специфичните групи на вработени, кои имаат потреба од обука во најразлични области. Исто така, неопходна е одлука за тоа колку лица ќе се обучуваат истовремено. Програмата за обука на вработените може да се изведува од еден или неколку различни изведувачи, а изборот  треба да биде прилагоден на барањата на конкретната програма, односно на профилот на посетителите и научната област.

Програмите за обука на вработените на кои можат да се развиваат различни знаења и вештини, обично се групираат во четири групи:

- основна писменост - пишување, читање, пресметување
- основни технички знаења - одржување на технички експертизи на вработените
- интерперсонални способности - комуникација, меѓучовечки односи, оцена на учинокот, лидерство, преговарање
- концептуално-интегративни способности - стратегиско и оперативно планирање, организационен дизајн, креирање на деловната политика

Програмата за обука во организацијата може да биде организирана на ниво на поединци, одредени служби или одделенија на ниво на организацијата. Искусните претприемачи, добро знаат дека обуките се всушност инвестиции во луѓето и затоа при планирањето на обуките, акцентот се става на оние позиции каде што се очекува директен позитивен придонес во работењето.

## 4.1.Методи за обука

После утврдувањето на потребата за обука и поставувањето на цели, дефинирањето на учесниците и изведувачите, потребно е да се определат и најсоодветите видови на обука. Видовите на обука се различни и според тоа каде се одржува обуката на вработените, се одредува и изборот на методите.

Тие најчесто се делат во две основни групи:

1.Методи за обука без отсуство од работа: инструктажа, демонстрирање, приправнички стаж, ротација на вработени, збогатување и проширување на работата.

2.Методи за обука со отсуство од работа: предавања, предавања снимени на ЦД, самостојно учење од книги, материјали и сл., симулација, играње на улоги, моделирање на однесувања, конференција.

**Методи за обука без отсуство од работа**

Обуките со помош на **инструктажа** се извршува од непосредниот раководител или искусен работник кој го инструира и советува работникот за извршуваење на задачата. Инструктажата често пати се поврзува со друг употребуван метод без отсуство од работа - демонстрирање.

**Приправничкиот стаж** претставува специфичен метод на обука, кој често се применува во претпријатијата. Низ приправничкиот стаж обично поминуваат поединците со високо образование или со висока квалификација, во период од 6 до 12 месеци. Врз основа на покажаните резултати за време на приправничкиот стаж се врши распоредување на соодветно работно место и самостојно вршење на задачата.

**Ротација** на работата претставува движење на вработените на други работни места за одреден период на време, со цел стекнување знаења и искуство за вршење различни специјализирани работи.

Предности на методите за обука без отсуство од работа:

- обуката се остварува во вистинска работна средина
- обучуваното лице прима инструкции и совети од обучувач кој располага со доволно искуство и знаење
- обуката лесно се организира и не предизвикува големи трошоци
- активно учество на двата субјекти обучуваното лице и обучувачот придонесува за создавање на добри меѓучовечки односи помеѓу нив
- Недостатоци на методите за обука без отсуство од работа:
- постоење на можност обучувачот да не умее да ги пренесе знаењата и вештините на лицата што се обучуваат, да нема доволно време, да не е доволно мотивиран
- при обуката постојаните средства и материјали недоволно се искористуваат, а можни се грешки поради кои можат да настанат оштетувања на машините и другата опрема, или пак повреда на работниците.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**Методи за обука со отсуство од работа**

**Предавања** - претставуваат популарен и често употребуван метод на обука. Со нив предавачот ги запознава слушателите со материјалот што треба да се научи. Предавањата се најбрз, најефтин и наједноставен метод за пренесување на информации за одреден проблем на голем број слушатели.

**Аудиовизуелна техника** - се карактеризира со презентирање на материјалот кој треба да се совлада со помош на филмови, видеа, слајдови, макети и сл. Најчесто аудиовизуелната техника се комбинира со предавања и дискусии.

**Мултимедијално презентирање на обуката** - овој вид на презентација е со помош на компјутери кои овозможуваат мултимедијски пристап.

**Метод на случај** - најупотребувана техника што се користи за обука на менаџерите. Менаџерите се запознаваат со некој вистински проблем на организацијата и од нив се бара да го анализираат проблемот, да предложат решенија, да ја одберат најдобрата алтернатива и да ја применат. Методот на случај се употребува индивидуално и групно.

**Конференција** - нејзиното организирање овозможува вербална комуникација помеѓу кандидатите и инструкторот за проблемите, појавите или процесите кои претставуваат предмет на обуката.

**Симулација** - претставува метод на обука кој користи специјализирана опрема или материјали, и се користи за обучување на пилоти, шофери и други ракувачи со разна опрема, кои треба да ги совладаат производствените процеси и постапки.

**Играње на улоги** - претставува еден облик на симулација на практичниот живот и проблемите во организацијата. Од секој учесник се бара да игра улога при решавањето на проблемите што таа ситуација ги наметнува,  најчесто се користи за стекнување на вештини за интервјуирање, преговарање, продажба и други работи поврзани со интерперсоналното комуницирање.

**Менаџерски игри** - во обуката менаџерите имаат т.н. деловни игри, кои често се нарекуваат менаџерски игри и се применува за стекнување на вештини за решавање на комплексни проблеми и ситуации од функционирањето на една организација.

**Моделирање на однесувањето -** суштината на методот се состои во тоа што поединецот го набљудува инструкторот како извршува некоја задача, а потоа го моделира тоа што го видел и се обидува да ја изврши истата задача.

Недостатоци на методите на обука со отсуство од работа се:

- лицата кои се обучуваат додека трае обуката не се на своите работни места, така што трошоците за обуката се зголемуваат

- ако поединците што се обучуваат формираат голема и разновидна група, тешко е програмата за обука да се приспособи на специфичните барања на секој од нив

Предноста на овој метод е што ги одалечува нововработените од стресот, кој може да го предизвика работното место, па можат непречено да обрнат внимание на самата обука, но има и голем недостаток, бидејќи бара големи финансиски средства за да се симулираат вистински работни услови.

## 5. ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА

За постигнување на ефективност на обуката, потребно е соодветно усогласување на потребите за обука на поединците и групите со организациските цели.

Во фазата за проценка на резултатите од обуката, потребно е да се разгледа прво, на кој начин е потребно да се спроведе проценката и второ, кој учинок на обуката треба да се измери.

Постојат два вида на евалуација на програмите за обука. Првиот вид на евалуација е насочен кон унапредување на самиот процес на обуката, односно проверка на организираноста на програмата за обука и задоволство на посетителите на таа обука. Благодарение на наведената евалуација, се добиваат информации кои се потребни за да се унапредат програмите за обука. Вториот вид на евалуација го воспоставува степенот на

ISSN: 1857-8128

промената во однесувањето на вработените како резултат од спроведената обука. Евалуацијата на резултатите од програмата за обука треба да укаже на остварените активности и за понатамошните активности на организацијата во процесот на спроведувањето на програмите за обука.

## 6. ЦЕЛ НА ТРУДОТ

Целта на овој труд е да се дефинира и елаборира поимот обуки на вработените лица во организациите, потребата од обуки и нивната важност за успехот на организациите и задоволството на вработените. Иако е добро познато и прифатено сфаќањето дека образованието и обуката на вработените имаат влијание врз успехот на организацијата, во овој труд, се планира да се прикаже важноста од обуката и тие да бидат инвестиција, а не трошок за организацијата, поткрепено со уверувањето дека растот на инвестициите во образованието во многу компании ја прави разликата помеѓу успешните и неуспешните и поединци и организација.

Највредниот капитал и ресурси што ги има една организација, се човечките ресурси, ако потенцијалот на вработените не е соодветен, организацијата не може да се развива. Залудно постои оригинална мисија и визија, ако нема кој да ја следи. Организациите сè повеќе инвестираат во обука и развој на своите вработени. Обуката/образованието има влијание на перформансите на организацијата доколку е усогласена со стратешките цели на организацијата и интегрирани во функција на управување со човечки ресурси.

## 7. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Трудот е реализиран согласно современите принципи на истражувачката работа, заради исполнување на целите, комбинирани се неколку квалитативни и квантитативни методолошки постапки : консултација и анализа на научна и стручна литература, описен

метод, компаративен метод, техника на анализа и синтеза, статистички метод. Трудот се базира на анализа на содржината на достапна домашна и странска литература од референтни светски и домашни автори преку достапните книги, списанија, online база на податоци од обласата на управување со човечки ресурси, теорија на човечки капитал, организациско однесување и промени, бихејвиорални теории и теории за учење.

Со имплементација на наведените методи се успеа во тоа да се изработи теориската содржина на трудот која ќе даде слика за важноста и потребата од обуки на вработените во организациите.

## 8. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Според истражување кое е направено во Србија од Кристина Нешковиќ во 2017 година ,,Обуката на вработените како стратегија за мотивација,,резултатите покажуваат дека 93,4% се сложуваат дека со соодветна обука се зголемува мотивацијата за работа, а тоа покажува дека кај луѓето постои развиена свест за важноста на обуките за мотивацијата за работа. Додека пак 93,5 % одговориле дека пак мотивацијата на вработените и задоволството од работа на вработените влијае на работната перформанса.

Во однос на континуираните обуки 34,2% смета дека обуките се многу значајни, а додека 43,4% сметаат дека обуките се значајни, од ова можеме да заклучиме дека важноста на обуките ја препознале вработените и дека тие имаат високо развиена свест за потребите и важноста на обуките за вработените и организацијата.

Според истражување направено од Оливера Станишиќ Вештица ,,Влијанието на обуките и образованието врз перформансата на организацијата и задоволството на вработените,,во 2016 година прикажан е ефектот на тренингот врз перформансите на работа .

Ставот на испитаниците за влијанието на обуката врз успешноста на работата е позитивен, 58,6% од испитаниците оценуваат дека обуката има влијание врз успешноста на работата, 24,7% го оценуваат како просечен, а 16,7% го сметаат дека има мало

ISSN: 1857-8128

влијание. Повеќе од половина од испитаниците мислат, дека нивната продуктивност, знаење квалитет на работна изведба по обуката се подобри, а доколку имаат поголеми можности за напредување самите тие се поподготвени за прифаќање на покомплексни работни задачи. 40,4% од испитаниците сметаат дека во нивни компаниите има услови и воспоставен план за обука и едукација на вработените, дека е правилно дизајниран, и дека менаџментот поддржува обука, образование и индивидуален развој на вработените, и смета дека обуката е инвестиција, а не трошок.

Истражувањето за вештините на работодавачите (ESS) е спроведено двапати, еднаш од 2011 година, и во 2017 година обезбедувајќи витален извор на податоци за проблемите со вештините со кои се соочуваат работодавците.

Покрај тоа, посебна анкета ги истражила инвестициите што работодавачите ги направиле за обезбедување обука на вработените во претходните 12 месеци.

Три петтини (61%) од работодавачите финансирале или договориле обука за некој од нивните вработени во претходните 12 месеци. Ова е пониско отколку што било забележано претходно во претходната ЕСС студија од 2011 до 2017 година, кога две третини од работодавачите (65%-66%) обезбедиле обука во текот на претходните 12 месеци.

Трендовите на индустријата, регулативите и вештините на побарувачката секогаш се менуваат. Ако ја занемарите обуката и развојот на вашите вработени, го ризикувате идниот успех на вашата компанија. Статистика која ја докажува вредноста на обуката на вработените Статистика за обука за 2022 година

Вработените ги ценат можностите за учење и развој, па не е изненадување што работниците имаат поголема веројатност да останат во компании кои инвестираат во нивното континуирано образование. Организациите со успешни програми за обука обично забележуваат значително зголемување на задржувањето на вработените, повеќето бизниси не можат да си дозволат да ги загубат своите вработени со најдобри перформанси.

70% од вработените би можеле да ја напуштат својата моментална работа за да работат во организација позната по инвестирањето во развојот и учењето на вработените.

34% од вработените кои ја напуштиле претходната работа биле мотивирани да го сторат тоа за повеќе можности за развој на кариерата.

86% испитсниците не би ја напуштиле својата сегашна позиција доколку нивниот работодавец понуди обука и развој.

Над 70% од вработените со висок ризик од задржување ќе ја напуштат својата компанија за да ја унапредат својата кариера.

Стапките на задржување се зголемуваат за 30-50% за компаниите со силна култура на учење..

## 9. ЗАКЛУЧОК

Сè повеќе организации денес сфаќаат дека клучот за стекнување и одржување на конкурентската предност на пазарот е развојот на интелектуалниот капитал или популарно, развојот на човечките ресурси.

Развојот на луѓето подразбира стекнување на различни видови знаења.

Во современите услови на деловното работење, обуките и континуираното унапредување на знаењата и на вештините на луѓето во организациите, станува основна мотивациона алатка во рацете на менаџерите.

Потребата од обука е недостиг на вештини или способности кои можат да се намалат или да се елиминираат преку обуката. Потребите можат да бидат предизвикани од недостиг на способност, знаење или разбирање, или можат да произлезат од промените на барањата од работата. Секој недостиг на вештини оневозможува работата да биде завршена ефективно и ефикасно и со самото тоа ја ограничува организацијата во остварувањето на нејзините цели.

Имајќи го предвид истакнататото значење и важноста на обуката, во процесот на планирање на програмата за обука, неопходно е да се осигура дека приоритетите на

организацијата се земени предвид и дека обуките се прилагодени на деловните цели, дека обуката се занимава со решавање на постоечките проблеми и да се испорача на ефикасен, и економичен начин.

Ефикасен тренинг, мора да има јасно дефинирана цел, да се планира и да обезбеди употреба од наученото. Идеална е ситуацијата во која тренингот ги задоволува како потребите на организацијата, така и индивидуалните потреби на вработените. Целта на обуката е во краток рок да се елиминираат било кои дефицити во перформансите на вработените, а со самото тоа и на организациите.

## 10. ЛИТЕРАТУРА


**[1]** 1.Бојаџиоски Д, Ефтимов Љ, (2009) Менаџмент на човечките ресурси, Еконономски факултет,Скопје,стр.149-168

[2] Пиперкова И, Лозановаска А, (2020) Вештини на вработените за конкурентност на мали и средни претпријатија, Економски институт,Скопје,стр. 36-39

[3] Rahimic Z, (2010) Menadžment ljudskih resursa, Ekonomski fakultet, Sarajevo , стр.160-165

[4] Stefanović V, Vojnović B, Urošević S,(2012) MENADŽMENT LJUDSKIH RESURSA, Urošević Institut za ekonomiku poljoprivrede, Beograd, стр.140-145 стр.

[5] Bogicevic Milikic, B,(2006) Menadzment Ljudskih Resursa,Београд,стр.151-181

[6] 6.Интернет превземено 25 август 2023 година http://www.pretpriemac.com/obuka-sozdavanje-na-uspeshni-i-efikasni-kadri/

[7] 7.Интренет превземено 25 септември 2023 година https://www.lorman.com/blog/post/39-statistics-that-prove-the-value-of-employee-training

[8] 8. Интернет превземено 25 септември 2023 година 2http://www.pretpriemac.com/obuka-sozdavanje-na-uspeshni-i-efikasni-kadri

[9] 9. Интернет превземено 25 септември 2023 година http://union.edu.rs/wp-content/uploads/2016/06/Olivera-Stani%C5%A1i%C4%87-Vje%C5%A1tica-disertacija.pdf

[10] 10.Интернет превземено 27 септември 2023 година https://assets.publishing.service.gov.uk/government/uploads/system/uploads/attachment_data/file/936487/ESS_2019_Training_and_Workforce_Development_Report_Nov20.pdf

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# CONFLICTS IN WORK ORGANIZATIONS AND THEIR RESOLUTION

Daniela Dukovska Institute for Public Health, Republic of Macedonia

danieladukovska@yahoo.com

## Abstract

In everyday speech, conflict usually means a clash between persons or groups with the aim of achieving and satisfying an interest, where they use force as a means to win or defend themselves. From a professional point of view, the conflict is composed of three components: parties to the conflict, conflict behavior, conflicting interests. Organizational conflicts are a deviation from the normal working atmosphere and a manifestation of irregularities. When we talk about "conflict prevention", we mean prevention of a violent way of coping. Conflict can cause lower productivity, increased dissatisfaction, absence from work. The way in which the manager will try to resolve the conflict depends on his psychological profile. When managing conflicts, strategies such as: understanding the interests and position of the opposite party and consensus are applied. The purpose of this paper is to define and elaborate the concept of conflict, analysis and classification of the causes that lead to conflict as a phenomenon in society, and therefore also in work organizations, as well as to recognize the level of conflict and its type, and then the process of its resolution. Within the framework of the existing research, in order to fully cover the subject of research and to fulfill the goals, several qualitative and quantitative methodological procedures were combined: consultation and analysis of scientific and professional literature, survey questionnaire, interview and statistical processing of data. Results of a survey: 67% stated that conflicts rarely occur at work. Regarding the atmosphere in the organizations, the results show, 78% that in their work organization conflicts are successfully resolved, only 2% stated that conflicts are not resolved. The results of another research show the frequency of workplace conflicts, 71% of the respondents had a conflict at the workplace, and 29% of the respondents did not have a conflict at the workplace. The results of the research regarding the cause, the presence of conflicts is a communication cause 45%, then organizational

reason 33% and 22% personal reason. According to Workplace Conflict Statistics 2023 | Pollack Peacebuilding, the following results for workplace conflicts are presented. US company employees spend approximately 2.8 hours per week involved in conflict, and 38% of UK employees experience interpersonal conflict at work in an average year. Statistics on conflict resolution in the workplace show that 85% of employees experience some kind of conflict, 29% of employees experience conflict almost constantly, 34% of workplace conflicts occur between frontline employees, 12% of employees say they often see conflict in the senior team Conflicts are sometimes inevitable, and they should be constructive with the opportunity for growth and development of the organization.

**Key words**: Impatience, interests, parties, work tasks, communication

## КОНФЛИКТИ ВО РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ И НИВНО РАЗРЕШУВАЊЕ

Даниела Дуковска Инстотут за Јавно Здравје, РСМакедонија

danieladukovska@yahoo.com

### Апстракт

Во секојдневниот говор, под конфликт најчесто се подразбира судир меѓу лица или групи со цел постигнување и задоволување на интерес при што применуваат сила како средство за да победат или да се одбранат. Од стручен аспект конфликтот е составен од три компоненти: страни на конфликтот, конфликтно однесување, конфликтни интереси. Организациските конфликти се отстапување од нормалната работна атмосфера и манифестација на неправилности. Кога зборуваме за „превенција на конфликт“се мисли на превенција од насилен начин за справување. Конфликтот може да предизвика помала продуктивност, зголемено незадоволство, отсуство од работа. Начинот на кој менаџерот ќе се обиде да го разреши конфликтот зависи од неговиот психолошки профил. При менаџирање на конфликтите се применуваат

стратегиите како: разбирање на интересите и на позицијата на спротивната страна и консензус. Целта на овој труд е да се дефинира и елаборира поимот конфликт, анализа и класификација на причините кои доведуваат до конфликтот како феномен во општеството, а со тоа и во работните организации, како и да се препознае нивото на конфликтот и неговиот вид, а потоа процесот на неговото решавање. Во рамките на постојното истражување, со цел целосна опфатеност на предметот на истражување и заради исполнување на целите, комбинирани се неколку квалитативни и квантитативни методолошки постапки : консултација и анализа на научна и струча литература, анкетен прашалник, интервју и статистичка обработка на податоци. Резултати истражување : 67% изјавиле дека конфликти ретко се случуваат на работа. Во однос на атмосферата во организациите, резултатите покажуваат, 78% дека во нивната работната организација конфликтите успешно се решаваат, а само 2%, изјавиле дека конфликтите не се решаваат. Резултатите од друго истражување ја прикажуваат зачестеноста на конфликтите на работните места, 71% од испитаниците имале конфликт на работното место, а 29% испитаници немале конфликт на работното место. Резултатите од истражувањето во однос на причината, порисуството на конфликти има комуникациска причина одговориле 45%, потоа организациска причина 33% и 22% лична причина. Според статистиките за конфликти на работното место кои се ажурирани 2023(Workplace Conflict Statistics 2023 | Pollack Peacebuilding) презентирани се следниве резултати за конфликти на работното место. Вработените во компаниите во САД поминуваат приближно 2,8 часа неделно вклучени во конфликт, а 38% од вработените во Обединетото Кралство доживуваат интерперсонален конфликт на работа во просечна година. Статистиката за решавање на конфликти на работното место покажува дека 85% од вработените доживуваат некаков конфликт, 29% од вработените речиси постојано доживуваат конфликт, 34% од конфликтите на работното место се случуваат меѓу вработените на првата линија,12% од вработените велат дека често гледаат конфликт во повозрасниот тим. Конфликтите понекогаш се неизбежни, и тие треба да бидат конструктивни со можност за раст и развој на организацијата.

**Клучни зборови**: *нетрпеливост,интерси,страни,работни задачи,комуникација*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1.ВОВЕД

*“Денес најкорисна личност на светот е личноста која знае како да се сложи со другите луѓе. Меѓучовечките односи се најважната наука во животната школа”. Stanley C. Allyn*

Во секојдневниот говор, под конфликт најчесто се подразбира судир меѓу две или повеќе лица или групи кои сакаат да остварат некоја своја желба, цел или интерес при што применуваат сила како средство зада победат или да се одбранат. Конфликт е судир, спор, борба, расправија, кавга, нерешителност, страв, недостиг на толеранција.

Конфликтот е природна и неопходна компонента во секојдневниот живот и се јавува во семејството, помеѓу пријателите, соседите, соработниците, менаџерите, помеѓу групи различни по својата големина и структура, меѓу различни етноси, цели народи итн.

### 1.1. ПОДЕЛБА НА КОНФЛИКТИТЕ

Од стручен аспект конфликтот е составен од три компоненти: страни на конфликтот, конфликтно однесување, конфликтни интереси.

**1.Конфликтите во однос на страните можат да бидат**

**Интраперсонални конфликти -** Овој вид на конфликт е познат и како интраиндивидуален или интрапсихички. Се јавува кога од еден член на организацијата се бара да изведува извесни задачи и улоги кои не се поклопуваат со неговата стручност, можности интереси, цели и вредности.

**Интерперсонални конфликти -** Се случуваат меѓу поединци во работната организација (колега-колега, шеф-вработен). Се однесува на конфликт помеѓу два или

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

повеќе члена на организацијата од исто или различно хиерархиско ниво или единица и може да биде вертикален или хоризонтален конфликт.

**Интергрупни конфликти -** Овој вид на конфликт познат е и како интеродделенски.Се однесува на конфликт помеѓу две или повеќе единици или групи во една организација. Посебен вид на интергрупен конфликт е конфликтот помеѓу работниците и менаџментот т.е. нивните раководители.

**Интрагрупни конфликти -** Познат е и како интраодделенски конфликт. Се однесува на конфликт помеѓу членовите на групата или помеѓу две или повеќе подгрупи во една група во врска со нивните цели, задачи, процедури и т.н. Овие конфликти се меѓу припадници на помали групи и ги вклучуваат сите припадници на групата (конфликти во рамките работни групи, различни комисии).

**2. Конфликтно однесување -** Се состои од активностите што ги превзема определена страна со намера да и се спротивстави на другата страна и тие активности се со различен интензитет од пасивна индиферентност (неподдржување), преку отворено несогласување по пат на расправање, саботирање, насилство, навредување.

**3. Конфликтни интереси -** Подразбираат искажаните или неискажаните грижи, потреби, желби и стравови што приозлегуваат од дејствувањето меѓу страните на конфликтот. Ако двете страни имаат заеднички интерес,тогаш не постои конфликт. Ако интересите се спротивставени тогаш постои конфликт при што едната страна сака да добие (победи) за сметка на другата страна. Дали конфликтот ќе стане деструктивен или конструктивен зависи од пристапот што учесниците го применуваат за да се справат со него.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1.2. ОРГАНИЗАЦИСКИ КОНФЛИКТИ

Под организациски конфликт се подразбира несогласување на два или повеќе членови на организацијата или организациската група кои се појавуваат при делење на ресурси, работни задачи, имаат различни цели, ставови или перцепции. Организациските конфликти се разбираат како отстапување од нормалната работна атмосфера и манифестација на неправилности. Организацијата не може да функционира без конфликти, појавата на конфликти е нормална појава и не е знак дека организацијата е лошо дизајнирана или пак лошо раководена. Конфликтите не се априори добри или лоши, тоа зависи од тоа зошто и како настанале и како се решаваат. Затоа менаџерите мора да знаат како да ги препознаат ефикасно да ги разрешат конфликтите. Конфликтите кои се јавуваат во една организација се предизвикани од повеќе причини како на пример:

- заедничко делење на ресурсите и работните задача,
- желба да се надвладее во средината со статус,
- донесување на одлуки ,
- при спогодување со и околу платата со соработниците,
- при склучување на договори за продажба на производите,
- услугите на организацијата,
- при спогодување со владата за одредени погодности на организацијата и др.

Во конфликтните ситуации во организацијата особено менаџерите мора да знаат да управуваат со конфликтите. Бидејќи конфликтите во поголем обем се еден од основните елементи што ја попречуваат ефикасноста на организацијата, неопходно е справување со нив односно нивно решавање.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

### 1.3. Конфликти според функционалноста

Според функционалноста конфликтите можат да бидат: функционални или конструктивни конфликти и дисфункционални или деструктивни конфликти.

Функционалните конфликти ги поддржуваат целите на групите и ги подобруваат перформансите на тимовите, а пак дисфункционални или деструктивни конфликти се конфликтите кои што ги попречуваат.

### 1.4. Превенирање и трансформација на конфликтите

Прво, кога зборуваме за „превенција на конфликт“ обично не мислиме на превенција на конфликтот туку на превенција на насилен начин за справување со конфликтот.

- обиди да не се компликуваат работите повеќе одошто е потребно,
- да се идвои битното од небитното и да се насочи само на битното,
- да не се поставува лице во позиција да заповедува и од другиот да бара да ги почитува само неговите потреби,
- да се размисли за своите вистински потреби,
- конфликтите можат да покренат кај сите нас негативни емоции: бес, лутина, загрозеност, страв тага и.т.н.
- да се оди во потрага по решение на конфликтот.

Конфликтот е нераздвоив дел од општествените односи и предуслов за општествена промена и затоа тој не може да се избегне. Ефикасната превенција бара трансформација на конфликтот и се однесува на дејствата и процесите кои се стремат да ги сменат карактеристиките и манифестацииите на конфликтот преку решавање на причините за истиот. Истиот има за цел да го трансформира негативниот деструктивен конфликт во позитивен конструктивен конфликт. Во

процесите на насилни конфликти постојат три фази на превенција и превентивни дејства:

- превенција на развој на состојби кои би можеле да ескалираат во насилство,
- избегнување на хоризонтална и
- вертикална ескалација на веќе постоечки насилни конфликти.

Тензијата помеѓу вработените може да предизвика помала продуктивност, зголемено незадоволство, отсуство од работа. Во многу организации се спроведуваат разни програми за помош со услуги на вработените да се справат со лични прашања, финансиски прашања и конфликти од работа. За таа цел постојат програми за медијација и се ангажира неутрална трета страна т.е. организација, да дејствува како посредник.

## 1.5.НАДМИНУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Конфликтите се неминовност во работењето на една организација.Постојат повеќе дефиниции за конфликт возависност од тоа дали конфликтот го разгледуваме од аспект на однесување на учесниците во конфликтот, изворите на конфликтот, ставовите и чувствата што се јавуваат.

Во конфликтните ситуации во организацијата каде работиме, особено доколку сме во улога на менаџер, мора да знаеме да управуваме со конфликтите и да ги надминуваме истите.

Меѓусебните односи во организацијата се особено важни за вработените, поважни дури и од напредувањето и наградувањето. Конструктивните дискусии меѓу вработените најчесто водат до квалитетни одлуки. Лошите меѓучовечки односи во организацијата имаат немерливо финансиско влијание врз организацијата.

Начинот на кој менаџерот ќе се обиде да го разреши конфликтот ќе зависи од неговиот психолошки профил, но постојат ситуации кога е поправдано да се реагира на еден или друг начин. За сериозно разрешување на конфликтите, секој мора да научи, да води сметка како за своите потреби и интереси така и за потребите и интересите на другиот.

Некои од најчесто користените начини на редукција и разрешување на конфликтите се:

**Преговарање помеѓу спротивставените страни -** преговарањето е предуслов за решавање на судирот бидејќи укажува на желбата на страните да ги запознаат интересите на спротивната страна.

**Медијација** е преговарање со посредство на трета страна.

**Арбитража** е процес на преговарање во кој третата страна има авторитет да наметне или строго да препорача одредено решение на проблемот.

**Формулирање на надредена цел** е најлесно и најбрзо решавање на конфликтите кога на спротивствените страни ќе им се понуди заедничка цел која е надредена во однос на нивните парцијални цели, преку која се надминува лошата комуникација и недовербата.

**Развојот на интерперсоналните вештини** се смета дека ќе ги унапреди односите меѓу луѓето и во групите бидејќи конфликтите се сметаат како една интерперсонална ситуација.

**Проширување на ресурсите** се применува кога конфликтот е настанат од недостаток на средства (пари, можности, средства, простор, опрема) тогаш потребно е обезбедување додатни средства за решавање на проблемите.

**Формален авторитет** е решавање на проблемот користејќи го раководителот сопствениот формален авторитет - принуда.

**Промена на навиките и однесувањето на тимот** е сокористење на некој вид на тренинг или интервенција за да се промени ставот и однесувањето на членовите на тимот коишто го предизвикуваат конфликтот .

ISSN: 1857-8128

**Промена на структурата на тимот** е со промена на формалната структура на тимот такашто на завојуваните членови ќе им се ограничи интеракцијата. Построг метод е да се отстранат членовите од тимот.

**Комуникација** претставува интензивирање на социјални контакти и размена на информации помеѓу спротивставените страни. Ако главен извор на конфликтот се разликите помеѓу страните и различниот поглед на свет, најдобра стратегија за разрешување на конфликтот е комуникација и меѓусебно запознавање.

**Донесување на лица од надвор** со додавање на нови лица во тимот кои имаат различно искуство, вредности, однесување или пак различен менаџерски стил,ќе допринесат за разрешување на конфликтот.

**Преструктурирање на тимот** е со прераспределување на задачите, работата или на комуникацискиот процес со цел да се поместиме од status quo.

Непопуларна стратегија би претставувала примената на закани и притисоци, иако некогаш таа може да доведе до решение. Сепак, најчесто примена на сила ја предизвикува нападнатата страна да го возврати ударот ако е доволно силна за тоа. Исто така поединци и групи можат да формираат коалиција со други поединци и групи, доколку нивната цел е зголемување на моќта и со неа би можеле да ги реализираат своите интереси.

### 1.6. Стратегии и тактики за решавање на конфликтите

Конфликтите во една организација кои што настануваат заради различни интереси и идеи помеѓу луѓето и во групите, најдобро се менаџираат доколку постојано се држат под контрола и на одредено прифатливо ниво. При менаџирање на конфликтите се применуваат стратегиите како: разбирање на интересите и логиката на позицијата на спротивната страна, консензус меѓу спротивните страни за заедничките надредени цели, како и заедничко работење за постигнување на тие цели. Само со ефикасно управување конфликтите можат да станат стимулирачка сила во организациите, бидејќи на тој начин се спречува тие да се потиснат, да се елиминираат или да ескалираат до точка на кулминација и да доведат до штетни последици од голем размер.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Менаџирањето на конфликтите се состои од две бихејвиорални димензии - себеуважување и кооперација. Себеуважувањето вклучува грижа за себе и превземање акција, со цел да се задоволат сопствените желби, потреби и интереси, додека кооперацијата се однесува на грижата за некој друг и превземање на акција за да се задоволат неговите желби, потреби и интереси.

Врз основа на овие две бихелвиорални димензии се развиваат пет стратегии за менаџмент на конфликти: колаборација, доминација, акомодација, консензус, одбегнување.

Најдобрата стратегија за менаџирање на конфликтите во организациите е колаборативно –интегративната стратегија бидејќи тогаш, спротивните страни соработуваат меѓу себе за постигнување на заедничка или надредена цел. Сепак, оваа стратегија има ограничување,д околку постои нееднаква распределба на моќта меѓу учесниците на конфликтот-поединците или групите.

Различни начини за менаџирање со конфликтите се манифестираат во различни култури. Во колективистичките култури присутни се хармонизирачки стратегии како одбегнување, акомодација и колаборативна стратегија на компромис. Додека во индивидуалистичките култури се практикуваат компетитивни и конфронтирачки стратегии, во хиерархиските култури се применуваат стратегии кои вклучуваат моќ и присила и стратегии со бирократски правила.

По секој успешно разрешен кофликт да се инсистира на заеднички договор составен од тоа: како решението да се спроведе, задачи на секој од учесниците, која е временската рамка, која ќе биде санкцијата за непочитување и неспроведување на договорот, во одредени ситуации и награда за спроведување на договореното.

На изборот на стилот на менаџирање на конфликтот влијаат не само преференците на менаџерите или на медијаторите кон одредени тактики и стратегии туку и самата конфликтна ситуација, како и карактеристиките на учесниците.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

## 2.ЦЕЛ НА ТРУДОТ

Целта на овој труд е да се дефинира и елаборира поимот конфликт, анализа и класификација на причините кои доведуваат до конфликтот како феномен во општеството, а со тоа и во работните организации, како и да се препознае нивото на конфликтот и неговиот вид, а потоа процесот на неговото решавање. Во работната средина конфликтот се јавува како неизбежен феномен и поради оваа причина е неопходно правилно да се управува со него. Иако конфликтот е природен феномен во тимската работа, дали ќе има позитивни последици во голема мера зависи од лидерот кој тоа мора да го препознае, типот на конфликт и управувањето со него. За менаџерите чија цел е на најдобар можен начин раководење со работната единица, од непроценливо значење е да се знае до кој степен е нивото на задоволството на вработените од менаџментот, организациската култура и интерперсоналните односи. Во овој труд анализирани се појавите на конфликти во организациите и нивното успешно решавање, како и управувањето со конфликти, исто така и нивото на задоволство што постои меѓу вработените кога се во прашање меѓучовечките и организациските односи, култура и менаџмент во дадени организации.

## 3.МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Во рамките на постојното истражување, со цел целосна опфатеност на предметот на истражување и заради исполнувањето на целите, комбинирани се неколку квалитативни и квантитативни методолошки постапки и методи, како што се следните: консултација и анализа на научна и струча литература, анкетен прашалник, интервју и статистичка обработка на податоци.

Консултацијата и анализата на научна и стручна литература како метод на истражување е искористен преку претходно проучуваната литература и достапните материјали од областа на привлекување и менаџмент на човечки ресурси, психологијата

на менаџментот, психологијата на трудот. Овој метод е спроведен  преку достапните книги, списанија, online база на податоци итн.

Со имплементација на наведените методи се успеа во тоа да сеизработи теориската содржина на трудот која ќе  даде  слика за конфликтите во претпријатијата со фокус кон менаџментот на конфликтите и нивно решавање.

## 4. РЕЗУЛТАТИ  И ДИСКУСИЈА

Според едно истражување направено од Соња Китиќ на Универзитетот во Белград ,Отсек за инженјерски менаџмент Бор,Србија, на тема „Управување со конфликти во организаци„ се добиени следниве резултати. Прашалникот на анкетата ги праша граѓаните кои се вработени во Бор за појавата на конфликти во организациите и успешноста на нивното решавање, личниот пристап на испитаниците кон управувањето со конфликти, како и задоволството на вработените од организацијата во која се вработени.

Анализа на појавата на конфликти во организациите и успешноста на нивното решавање

Испитаниците најпрво одговориле на прашањето до кој степен се јавуваат конфликти во организациите каде што работат, 67% изјавиле дека конфликти ретко се случуваат на работа. Врз основа на вака добиените резултати, може да се заклучи дека вработените имаат соодветно ниво на стручност и сестраност, дека се подготвени да се издигнат над непријатните ситуации и да најдат свое решение и да создадат подобра работна атмосфера и подобри меѓучовечки односи. Во однос на атмосферата што владее во организациите каде што се вработени, резултатите покажуваат дека, 78%  се изјасниле дека во работната организација во која се вработени конфликтите најчесто успешно се решаваат. Многу мал процентот на испитаници, само 2%, изјавиле дека конфликтите воопшто не се решаваат кога ќе се појават. Успешното решавање на конфликтите може да доведе до здрава работна средина, позитивна работна атмосфера и зголемена продуктивност и успешност на организацијата.

Извршено е и истражување од Кризманиќ Ивана на тема ,,Конфликти и начин на нивно разрешувања во организациите,,каде податоците се собрани преку изразување на мислења, верувања, ставови и искуства кај лица кои се вработени или биле вработени во различни организации.

Резултатите од истражувањето ја прикажуваат зачестеноста на конфликтите на работните места, 71% од испитаниците имале конфликт на работното место, а 29% испитаници немале конфликт на работното место.

Причината за конфликти на работните места може да биде: организациска, лична или комуникациска. Резултатот од истражувањето за порисуство на конфликти е комуникациска причина 45%, потоа организациска причина 33% и 22% лична причина. Повеќето конфликти произлегуваат од премалата или преголемата комуникација.

Гледиштето на испитаниците за конфликтот. Резултатот од истражувањето покажува дека 79% од испитаниците веруваат дека конфликтите не се секогаш негативни и дека водат кон нови идеи и пристапи, додека 21% од испитаниците гледаат негативно. Заклучокот од истражувањето е дека преовладува модерно и постмодерно гледиште на организациската теорија е дека конфликтот се гледа како нормална и неизбежна појава која може да доведе до нови идеи и пристапи.

Резултатот од истражувањето за најдобра стратегија за решавање на конфликтите покажува дека 67% од испитаниците веруваат дека соработката и решавањето проблеми се најдобрата стратегија за решавање на конфликти, а ниту еден испитаник не избрал конкуренција и авторитативно однесување како најдобра стратегија за решавање конфликти. Компромисот е вториот најчест одговор, 24% од испитаниците го сметаат за најдобра стратегија за решавање на конфликти. Помирувањето или адаптацијата 7%, а 2% од испитаниците сметаат дека избегнувањето е најдобрата стратегија за решавање конфликти. Комуникацијата која е прекината или на ниско ниво е јасен сигнал до менаџерите дека има конфликт, што е поткрепено со истражување во кое 45% од испитаниците сметаат дека неквалитетната комуникација е главната причина за

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

конфликти на работното место. Уметноста на добрата комуникација е од суштинско значење за меѓусебното разбирање на вработените.

33% од испитаниците сметаат дека најчеста причина за конфликти е организациска причина, што е структурен или суштински тип на конфликт што треба да се гледа како можност и создавање на нови идеи кои ќе ги зголемат работните перформанси, исто така 33% од испитаниците ја сметаат личната причина за конфликтот. Личните конфликти тешко се решаваат и треба да се сведат на најниско можно ниво. Тие најчесто се решаваат со спречување на меѓусебната интеракција меѓу конфликтните страни и со префрлање на едно лице во друг оддел. Управуваните конфликти се најдобриот поттик за промени, раст на бизнисот и создавање позитивни резултати.

Несоодветната, недоволната или преголемата комуникација е најчеста причина за конфликтни ситуации. Перспективите за конфликтите не се секогаш негативни, но се верува дека тие можат да придонесат за појава на нови идеи и пристапи кои ќе ја зголемат ефективноста на компанијата. Со одговорот дека соработката и решавањето на проблемите е најдобрата стратегија, испитаниците ги потврдија теоретските гледишта на работата, кои наведуваат дека соработката води кон решавање на проблемите и нивно создавање.

Според статистиките за конфликти на работното место кои се ажурирани 2023(Workplace Conflict Statistics 2023 | Pollack Peacebuilding) презентирани се следниве резултати за конфликти на работното место.

Вработените во компаниите во САД поминуваат приближно 2,8 часа неделно вклучени во конфликт. Ова изнесува околу 359 милијарди долари во платени часови кои се исполнети со - и фокусирани на - конфликт наместо со позитивна продуктивност. Бројката е еквивалентна на 385 милиони денови на работа кои одат кон целта на расправија, наспроти тоа што се ставаат на соработка. Цел ден на продуктивност секој месец. Ова е 2-1/2 недели продуктивност секоја година (CPP Inc., 2008).

38% од вработените во Обединетото Кралство доживуваат интерперсонален конфликт на работа во просечна година (CIPD, 2015).

60% од вработените никогаш не добиле основни часови за управување со конфликти или обука за решавање конфликти на работното место. Од оние кои го сториле тоа, 95% изјавиле дека обуката им помогнала позитивно да се движат кон конфликтот на работното место и да бараат заемно корисни резултати (CPP Inc., 2008).

Дополнителни статистики (CPP, Inc.) за конфликти на вработени:

Статистика за решавање на конфликти на работното место

• 85% од вработените доживуваат некаков конфликт

• 29% од вработените речиси постојано доживуваат конфликт

• 34% од конфликтите на работното место се случуваат меѓу вработените на првата линија

• 12% од вработените велат дека често гледаат конфликт во повозрасниот тим

• 49% од конфликтите на работното место се случуваат како резултат на судири на личности и его

• 34% од конфликтите на работното место се резултат на стрес на работното место

• 33% од конфликтите на работното место се резултат на големи оптоварувања

• 27% од вработените виделе дека личните напади произлегуваат од конфликти

• 25% од вработените биле сведоци на отсуство или болест поради конфликт

• 9% од вработените виделе дека проектите пропаѓаат поради конфликт на работното место

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 5. ЗАКЛУЧОК

Конфликтите кои се јавуваат во една организација се дефинираат како несогласување меѓу членовите или групите во организацијата предизвикано од повеќе причини. Според ова разбирање, конфликтите треба да се елиминираат, но доколку сепак се појави конфликтна ситуација во организацијата, менаџерот треба да го отстрани што е можно побрзо.

Оптималната работна реализација, бара конфликтот да се одржува на оптимално ниво затоа што конфликтот често пати е средство со кое се постигнуваат организациски промени и иновации.

Повеќето конфликти се добра можност за постигнување подобри деловни резултати и промена во размислувањето и однесувањето.

Процесот низ кој треба да се помине за да се приближат гледиштата и ставовите на заинтересираните страни е всушност разрешувањето на конфликтите. Лошите меѓучовечки односи носат повеќе штета во организацијата отколку лошите деловни одлуки. Покрај финансиските, лошите интерперсонални односи имаат многу други негативни последици врз организацијата: губење време, зголемување на боледување и отсуство од работа. Лошите меѓучовечки односи честопати се придружени со уште полоша комуникација и негативно влијаат на тимската и организациска комуникација и работна перформанса.

Клучни улоги во разрешувањето на конфликти играат менаџерите од сите нивоа. Конфликтите треба да се решаваат на пониски нивоа на менаџмент, освен во потешки ситуации, како што се прекршување на обврските од договорите за вработување, кои ги решава највисокото раководство. За жал, не е секогаш можно да се најде задоволително решение за двете конфликтни страни.

Конфликтите во организациите не треба да се игнорираат бидејќи нерешените конфликти обично доведуваат до многу поголеми последици. Раната интервенција е важна за навреме да се елиминираат причините за конфликтите. Во една работна организација и „непостоењето на конфликти„ зборува дека таму конфликтите се на многу високо ниво,

ISSN: 1857-8128

бидејќи комуникацијата е сведена на минимум или воопшто не постои. Решавањето на конфликтите не е едноставно и секоја ситуација е различна, а процесот долгорочен. Важно е, конфликтната ситуација да се користи за учење и изнаоѓање заеднички решенија. Конфликтите понекогаш се неизбежни, и тие треба да бидат конструктивни со можност за раст и развој на организацијата.

## 6. ЛИТЕРАТУРА

[1] Дракулевски, Љ, (2006) Организациско однесување, Економски факултет, Скопје

[2] Сарџоска Е, (2014) Психологија на менаџментот, Филозофски факулет, Скопје

[3] Николовски Т, (2000) Психологија на трудот, Филозофски факултет, Скопје

[4] Бојаџиоски Д, Ефтимов Љ, (2009) Менаџмент на човечките ресурси, Еконономски факултет, Скопје

[5] Интернет: Issuu Превземено 7 февруари 2023 https://issuu.com/filosof/docs/konflikt-menadzment_i_medijacija_

[6] Интернет: Travelerscoffe.ru.mk Превземено 7 февруари 2023 https://travelerscoffee.ru/mk/cvety/sposoby-i-metody-razresheniya-konfliktov-strategii-razresheniya-konfliktov/

[7] Интернет: Koncept.com.mk Превземено 7 февруари 2023 https://koncept.com.mk/post_obuki/od-kade-proizleguvaat-konfliktite-vo-organizaciite-i-kako-da-se-spravime-so-niv/

[8] Интернет: Превземено на 20 септември 2023 *https://img.en25.com/Web/CPP/Conflict_report.pdf*

[9] Интернет: Превземено на 20 септември 2023 https://pollackpeacebuilding.com/workplace-conflict-statistics/

[10] Kitić S, (2020) UPRAVLJANJE KONFLIKTOM U ORGANIZACIJAMA Sonja *Univerzitet u Beogradu, Tehnički fakultet u Boru, Odsek za inženjerski menadžment Bor, Srbija*

[11] Krizmanić, I, ( 2016 ) Konflikti i način njihova rješavanja u organizacijama

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# FACTORS AND CAUSES OF JUVENILE DELINQUENCY

Associate Prof. Dr. Natasha Georgieva

natashageorgievaivanovska@gmail.com

Faculty of Security Sciences

MIT University-Skopje

Philip Stojanovski

stojanovski_f@yahoo.com

MIT University-Skopje

Abstract

## Abstract

Juvenile delinquency refers to crimes committed by minors. As an indicator of the general state of morality, law and order in the country, the level and type of juvenile crime can be used. In modern conditions, a large part of the young population faces the challenge of how to fit in the relationships between family, school and work. Today, the social relations that enable the smooth realization of the process of socialization of the youth are becoming more visible and less predictable.

**Key words:** juvenile, juvenile delinquency, factors, causes.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ФАКТОРИ И ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

Вонр. проф. д-р Наташа Георгиева

natashageorgievaivanovska@gmail.com

Факултет за безбедносни науки

МИТ Универзитет-Скопје

Филип Стојановски

stojanovski_f@yahoo.com

МИТ Универзитет-Скопје

**Апстракт**

Малолетничката деликвенција се однесува на кривични дела кои се извршени од страна на малолетни лица. Како индикатор на општата состојба на моралот, законот и редот во земјата, може да се искористи нивото и видот на малолетничкиот криминал. Во современи услови голем дел од младата популација се соочува со предизвикот на кој начин да се вклопи во односите помеѓу семејството, училиштето и работата. Денес социјалните односи кои овозможуваат непречена реализација на процесот на социјализација на младината стануваат се пораповидни и помалку предвидливи.

**Клучни зборови:** *малолетник, малолетничка деликвенција, фактори, причини.*

## 1. ВОВЕД

Ниту најтешкото неправо сторено од дете или од малолетник, ниту пак малолетничкиот криминалитет како појава, може да го достигнат степенот на општествената дезорганизација што им ја создал светот на возрасните.

Ова е затоа што токму во овие случаи, токму децата и младите се најчестите жртви на нагласеното лицемерие, кусогледоста и алчноста на власта, на родителите, на

наставниците, на средината и воопшто на едно од илузија малигнизирано општество. Бидејќи, верно, илузија е дека противправното стекнато денес, не претставува грабеж од иднината.

А, токму тие се нашата иднина, зарем и ова е илузија?!

Човештвото му го должи на детето најдоброто што може да му го даде и без оглед на расата, на националноста или на вероисповедта:

- детето мора да има средства потребни за нормален развој;
- детето што е гладно мора да биде нахрането, на детето што е болно мора да му се помогне, детето делинквент мора да се спаси, детето сираче и бездомник мора да се засолни и да му се помогне;
- детето прво мора да прими помош во случај на несреќа и покрај другото;
- детето мора да биде заштитено од секаков вид експлоатација.

(извадоци од Повелбата за доброто на децата, Декларација за правата на децата донесена од Лигата на народите 1924 во Женева).

Малолетничката деликвенција е посебен вид криминално поведение на кое му се придава посебно внимание поради неговите бројни специфичности.

Во таа смисла, на прво место се истакнува дека малолетниците се наоѓаат во период на созревање, кога нивната психофизичка состојба не е во целост оформена.

Неопходно е општеството, државните органи и институциите итно и неодложно да реагираат на овој навистина тежок општествен проблем.

Развојот и напредокот на науката и техниката и брзите промени во политичкиот и општествениот живот, на нов начин ја определуваат положбата на младината која поминува низ тешки и длабоки промени во животниот период во кој се наоѓа.

Преструктурирањето на стопанството, воведувањето повеќепартиски систем, доминирањето на приватната сопственост и други транзициони процеси, кои доведуваат до осиромашување на населението, губење на работните места, промените во воспитно–образовниот систем, негативно влијаат врз младината.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Како последица на тоа, младината реагира бурно и агресивно, што е својствено за личности кои се недоволно созреани и изградени во комплетни личности.

Младата популација своето незадоволство и агресија ги манифестира преку кршење на општествените и правните норми и правила на однесување и разни облици на социјална непослушност.

Во литературата токму ваквите однесувања ја оквалификуваат младината како: воспитно запуштена младина, општествено – неприлагодени малолетни личности, хулигани, малолетници престаници, малолетни деликвенти и деца и млади во конфликт со законот.

За секое современо опшество криминалот, а посебно малолетничкиот криминал претставува тежок проблем.

Многу често како значаен индикатор при оценка и вреднување на општествено–економските, политичките, социо–културните и други состојби во едно општество се зема малолетничкиот криминалитет.

Од тоа каква е младината, како таа се развива и колку опшеството посветува внимание за нејзиниот правилен развој, зависи развитокот и иднината на секое опшество.

Неводењето грижа за правилна социјализација на младата популација доведува до деликвенција, криминалитет како единствен начин на кој младината ги решава своите проблеми и ги задоволува своите потреби.

За жал многу лесно и се почесто малолетниците се вклучуваат во криминалната активност на своите врсници кои таквото однесување го прифаќаат како нивна животна определба. Како резултат на тоа малолетничкиот криминалитет динамично се зголемува и преставува значаен дел од вкупниот криминалитет.

Поради сето ова, е неопходно секое општество соодветно да реагира и дејствува преку претходно изградена стратегија со активирање на соодветните надлежни државни и општествени институции и органи, со цел изнаоѓање на мерки и средства за спречување на криминалитетот кај малолетниците.

Во последниве години малолетничката деликвенција претставува глобален проблем кој е распространет низ Европа.

Истражувањата покажуваат дека околу 15% од вкупната деликвенција на подрачјето на Европската унија, може да се категоризира како малолетничка деликвенција.

Пример, во Франција малолетничката деликвенција особено кога станува збор за напади врз луѓе се зголемила за 190% во последниве десетина години.

Во Германија се забележува пораст на деликвенцијата зад која стојат малолетничките банди.

Статистичките анализи кои се направени последниве години во Република Македонија, за жал покажуваат поголемо учество на малолетничкиот криминалитет во вкупниот криминалитет, како и негово изразување во потешки и поопасни видови на напад врз општествените вредности и норми.

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКЦЕНЦИЈА

Малолетничката деликвенција, најчесто се дефинира како негативно и неприфатливо однесување на малолетните лица кое се изразува низ конкретни инкриминирани дејствија на тие лица со кои ги пречекоруваат општествените стандарди, вредности и норми на однесување.

Терминот деликвенција произлегува од латинскиот збор „delictum“ со кој се означува кривично дело, злосторство, престап, односно зборот деликвент (lat. delinquere) што значи извршител на кривично дело, злосторник, престапник.

Во поширока смисла на зборот, под поимот деликт се подразбира недозволен чин, постапување спротивно на законите за кој е предвидена задолжителна казна – санкција и надомест на штета.[3]

---

[3]Tomic, R., Sehovic, M., Karic, N., Hasanovic, I., Delikventno ponasanje djeca i mladih, Tuzla, 2008.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Во потесна смисла поимот деликт означува намерно предизвикување на штета на друг, а во кривичното право, престапот преставува вид на кривично дело.[4]

Освен поимот малолетничка деликвенција во литературата се користат и следниве поими:

- престапничко однесување;
- девијантно однесување;
- социјална неприлагоденост;
- асоцијално однесување;
- антисоцијално однесување;
- ризично однесување и сл.[5]

Како специфична, сложена и комплексна социолошко-патолошка појава малолетничката делинквенција, била присутна уште од почетоците на создавањето и функционирањето на општествата, засновани на обичајни, социјални и правни норми, но сепак интересот за нејзино научно проучување е од понов датум.[6]

Во криминолошката, правната и социјалната литература, се сретнуваат голем број на различни и непрецизни одредби на поимот на малолетничка делинквенција, кои можат да се класифицираат во три групи:

1. Првата група ја сочинуваат поимите, определувањата и одредбите кои произлегуваат од општите кривично-правни инкриминации, според кои малолетничката делинквенција го опфаќа само поимот на однесување на малолетникот, инкриминиран во Кривичниот законик. Оваа група ги опфаќа потесните дефинирања за малолетничката делинквенција, која во феноменолошки поглед не се разликува од криминалитетот на возрасните, туку се разликува малолетниот сторител на кривично дело од возрасниот, како извршител, а не нивното поведение.[7] Ваквото определување на поимот за одредување на повреда на

[4]Tomic, R., Sehovic, M., Karic, N., Hasanovic, I., Delikventno ponasanje djeca i mladih, Tuzla, 2008.
[5]Tomic, R., Sehovic, M., Karic, N., Hasanovic, I., Delikventno ponasanje djeca i mladih, Tuzla, 2008.
[6]http://eprints.ugd.edu.mk/5619/1/MT.pdf
[7]Jašović, Ž., Kriminologija maloletničke delikvencije, drugo dopunjeno izdanje, Beograd: Naučna knjiga, 1983.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

кривично-правните норми од страна на малолетниците се именува и како „малолетнички криминалитет";[8]

2. Втората група пошироко го одредуваат поимот на малолетничка делинквенција, и покрај кршењето на општите кривично-правни норми, ги подразбира и поведенијата кои се во судир со други законски прописи. И овие дефиниции се задржуваат на повредите на правните норми од потежок или полесен вид, со тоа што за разлика од првата група повредата ја прошируваат и на останатите прописи, а не само на кривично-правните норми;
3. Третата група на дефиниции ги надминува легално формалните лимити и се означува како социолошко-криминолошки поим на престапништвото на младите. Оваа социјално-патолошка појава (се мисли на малолетничката деликвенција) го вклучува девијантното однесување на малолетниците во неговата севкупност, односно овие дефиниции го опфаќаат и поведение на малолетниците, кое се смета за асоцијално и со кое се кршат моралните норми на заедницата. [9]

При определувањето на поимот на малолетничката делинквенција се смета дека постојат толку дефиниции, колку што постојат автори кои се занимаваат со оваа појава.[10]

Според Јашовиќ престапничкото поведение на младите е секое поведение на поединец, група на млади кое е противопштествено, односно општествено неприфатливо, однесување со кое се кршат правните и моралните норми на определено општество и кои, кога тоа е општествено видливо, предизвикуваат спонтано или организирано општествено реагирање со намера да се заштитат општествените добра и вредности, како и самите актери на таквото поведение.[11]

Наспроти широката определба, неопходно е малолетничката делинквенција, како и криминалитетот на возрасните да се определи во нејзината потесна смисла, што значи дека со неа се опфаќаат кривични дела определени со кривичното законодавство, и тоа

---

[8]Арнаудовски, Љ., Криминологија, Штип: 2-ри Август-С, 2007.
[9]Jašović, Ž., Kriminologija maloletničke delikvencije, drugo dopunjeno izdanje, Beograd: Naučna knjiga, 1983.
[10]Скаберне, Б., Аспекти на воспитната запуштеност, Скопје: Правен факултет, Скопје, 1968.
[11]Vidanovič, I., Metodika socijalnog rada s pojedincem I porodicom opšti deo, Beograd: Naučna Knjiga, Beograd, 1991.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

само оние кои и за возрасните претставуваат кривични дела. Според Милутиновиќ, оправдувањето на овој став се наоѓа во ограничувањето на малолетничката делинквенција на дејности кои се инкриминирани со позитивен Кривичен законик и оттаму што казнената политика бара јасни и прецизно определени поими.[12]

Во најновата литература, постојат две сфаќања за малолетничката деликвенција:

Според потесното сфаќање, под поимот малолетничка деликвенција се подразбираат сите однесувања на малолетните лица кои исто како и за полнолетните лица, се инкриминирани во законите како кривични дела. Поаѓајќи од оваа дефиниција за поимот на малолетничката деликвенција неопходно е да се направи разграничување на малолетничкиот криминалитет од предделиквентните однесувања на малолетниците, кои преставуваат сигнал за превземање на превентивни мерки и активности со цел спречување на појава на малолетничка деликвенција.[13]

Според поширокото сфаќање, малолетничката деликвенција ја сочинуваат сите облици на девијантно однесување од предделиквентни до инкриминираните во законодавството. Тоа значи дека под малолетничка деликвенција се вбројуваат и однесувањата на малолетниците со кои се кршат некои непишани норми т.е. морални норми на однесување.

Според Тодоровиќ под поимот малолетничка деликвенција во поширока смисла на зборот се подразбираат девијантните однесувања на младите на определена возраст со кои се кршат правните норми на општеството.[14]

Во поголем број земји, преовладува првото мислење, бидејки тоа ја ограничува малолетничката деликвенција на дејностите инкриминирани во позитивно кривично законодавство.

[12]Милутиновиќ, М., Криминологија, Белград: Современа администрација, 1990.
[13]Milutinovic, M., Osnovni fenomenoloski i etioloski problemi maloletnicke delikvencije, Etiologija maloletnickog prestupnistva, Zbornik clanaka, Savez drustva defektologa Jugoslavije, Beograd, 1971.
[14]Todorovic, A., Uslovi i uzroci maloletnickog prestupnistva u urbanim i ruralnim sredinima, Institut za kriminoloska i socioloska istrazivanja, Institut drustvenih nauka, Beograd, 1971.

Малолетничката делинквенција претставува општествено штетна и опасна појава (криминална појава), со која се напаѓаат најзначајните, најголемите вредности на општеството, општествените групи и поединецот.

Во степенување на поимот малолетничка делинквенција, се опфакаат девијантните, делинквентните, асоцијалните, антисоцијалните-криминални поведенија на младите.

Општественото значење на малолетничката деликвенција се одредува од неколку аспекти:

- специфичностите на малолетниците како посебна категорија на луѓе што се опфатени со оваа појава и се јавуваат како нејзини носители: младите, младата генерација, младината на секое општество;
- постои една општо прифатена теза која гласи: општество кое не води сметка за својата младина, не води сметка за својата иднина. Тоа е вистина која не треба да се докажува. Младината е генерација која се раѓа, расте, се развива, се образува, се формира во општеството, ги впива во себе и ги носи со себе сите најзначајни социјални, културни, историски и други вредности на општеството, ги заштитува, ги чува и одгледува, ги унапредува и на тој начин го продолжува животот и постоењето на својата заедница;
- обемот и динамиката со која се манифистира малолетничката делинквенција, структурата, начинот на манифестирање, распространетоста и опфатеноста на младите луге со делинквентното однесување е индикатор за положбата, условите на живот и работа, за развој на младата генерација во тоа општество: колку е повисоко учеството на младите во малолетничката делинквенција, толку е понесигурна и полоша положбата на младата генерација во тоа општество. Правната, социјалната, економската сигурност, опстанокот и опстојувањето, младите луге ја чувствуваат многу посилно од возрасните;
- повратно, феноменолошките карактеристики на малолетничката делинквенција се индикатор за тоа на кој степен во својот развој, политички, економски, стопански,

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

правен, социјален, културен, цивилизациски, се наоѓа одредено општество или заедница;

- на овие две поставки се надоврзуваат карактеристиките на оваа појава што од општествен и криминолошки аспект ја чинат општествено опасна појава: малолетничката делинквенција покажува тенденција на многу брз пораст (побрз од претходните периоди), што значи постојано зголемување на бројот на младите што манифестираат делинквентно (криминално) поведение, што непосредно влијае врз зголемувањето на криминалитетот во даденото општество воопшто, границата на започнување на делинквентната активност (криминалната кариера), постојано се поместува спрема помладите години (учеството на децата се зголемува), феноменолошките карактеристики се изразуваат преку суровост и насилство со примена на тешки оружја и орудија, рецивидизмот постојано се зголемува (колку помлади почнуваат со криминално поведение толку е поголема веројатноста да постанат рецидивисти), се поголема е употребата на дрога, алкохол кај младите луѓе, присутна е проституцијата, коцкањето, просјачењето и други социопатолошки појави.[15]

### 2.1.Старосни граници на малолетничката деликвенција

Биолошки аспект на младоста – период на детство, пред пубертет, пубертет и постпубертетски период:

- предпубертетот – кај девојчињата се смета од 11-12 година, а кај момчињата од 12-14 година и се карактеризира со судир меѓу детските црти и цртите на малолетството;
- пубертетски период – кај девојчињата трае од 12-15 години, а кај машките од 14-18 години. Често пубертетот не завршува до пред средината на 20та година. Познато е

[15]Арнаудовски, Љ., Општ пристап кон концептот за превенција на малолетничката делинквенција, Печатница Кавадарци, 2000.

MIT UNIVERSITY SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

дека пубертетот понекогаш трае цел живот. Карактеристично е забрзано и несразмерно растење на телото, почеток на делување на половите жлезди и мутација. Тоа е период окарактеризиран со внатрешна вознемиреност, желба за патување и авантури, со силна емоционалност и нереална еротична насоченост кон постари лица од спротивниот пол, меѓусебното одбивање на половите од иста возраст и по самозадоволувањето.

Хентиг – „Младоста е бина на три големи физички и ментални кризи: кризата на пубертетот, кризата на растење и функционалната криза. Прва е кризата на пубертетот. Добро познатите соматски промени тесно се поврзани со психичките промени. Спротивставените состојби на духот ја карактеризираат менталната слика. Силниот нагон за лутење е ублажен со болното чезнеење за куќата. Инстинктот на самоодржување еднаш е потиснат, друпат претерано изразен. Постои склоност за непосредни и целосни решенија на сите проблеми: жестока лојалност спрема пријателите и омраза према непријателите, не се почитуваат постоечките авторитети, изразена е склоност кон себеистакнување и свтрување на вниманието кон себе. Во овој период се јавуваат многу ментални растројства. Изгледа дека пубертетот ги мобилизира сите телесни и ментални слабости на младото суштество до опасни искушенија. Кај многу поединци, пубертетот се продолжува или останува во облик на изразен инфантилизам. Ние среќаваме возрасни луге со детски лик или детски менталитет. Често пубертетот не завршува пред дваесеттата година од животот. Понекогаш пубертетот останува да живее со менталните обележја на вечно дете и покрај долгата брада и староста која предизвикува почит. Она што го одбележува периодот од пубертетот до зрелоста не е толку количникот на интелигенција, колку што е тоа емотивното и волевото држење. Накратко, може да се поддржи поставката дека вистинскиот криминалитет може да биде тесно поврзан со органската агресивност на пубертетот и дека е во суштина симптом на пубертетска криза";[16]

[16]Henting, H., Zlocin, uslovi I izroci, Sarajevo, Naucna knjiga, 1959.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- постпубертетски период – девојчиња од 16-20 години, машки од 18-24 години. Во овој период постепено доаѓа до синхронизирање мегу емоционалните и рационалните елементи во критичен реализам. Почнува постепено да се признава авторитетот на возрасните луѓе, во прв ред во семејството. Со овој период завршува процесот на созревање на поединецот. [17]

## 3. ФАКТОРИ И ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

### 3.1.Фактори за појава на малолетничка деликвенција

Етиологијата на малолетничката деликвенција ги проучува факторите кои ја предизвикуваат оваа општествено - негативна и асоцијална појава што ги зафаќа најмладите.

Причините и условите кои допринесуваат до појава на малолетничкиот криминалитет се разновидни и мошне комплексни:

- неповолни социјални, семејни и други животни услови;
- недоследност во воспитувањето и образованието;
- запуштенос на децата од страна на родителите;
- недоволна ангажираност во училиштата и други воспитно - образовни институции и општествени организации што опфаќаат млади.

Пехар сите фактори на криминалитетот ги дели на:

- наследни фактори - структура на нервниот систем, телесна конструкција, жлезди со внатрешно лачење;

[17]Стојановски, Н., Сулејманов, З., Социјална патологија, Југореклам, Скопје, 2002.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

- влијание од родителите - разорени семејства, семејства во кои владеат пороци, невротична љубов, недостаток на внимание и љубов спрема децата, запуштање на децата, начини на казнување, ускратена и невозвратена љубов и внимание и сл.;
- влијание на околината - со кој се дружи, какви се влијанијата, колкава е казната и контролата, терор од реклами, прекумерни сексуални потреби, како детето или младиот човек успева во училиштето и животот, како ги решава проблемите во животот;
- училишна средина - претходно знаење, ниво на интелегенција, организација на наставата, однос на наставникот спрема ученикот, односи помеѓу учениците, организација на животот и работата, можноста за истакнување и потврдување, сликата за себе и сл.;
- врсници - со кој се дружи, каква му е положбата во друштвото, основна ориентација на групата со која се дружи и сл.[18]

Според психолошките теории во основата на деликвентното однесување се наоѓаат определени психолошки фактори, а општествените фактори имат второстепено значење. Тука спаѓаат: теоријата на интелегенција, теоријата на неприлагоденост, психоаналитичката теорија, теоријата на фрустрации и теоријата на условеност.[19]

Преставниците на теоријата на интелегенција, ја истакнуваат интелегенцијата како фактор за деликвенција. Според најновите истражувања интелегенцијата е една од многубројните причини кои допринесуваат или овозможуваат манифестирање на деликвентно однесување.[20]

Преставниците на теоријата на неприлагоденост, сметаат дека престапниците се лица кои не се интегрирани и вклучени во општествените процеси, односи и вредности на определено општество.

Според психоаналитичарите, деликвентното однесување е условено од делување на несвесни сили. Недостатоците на оваа теорија можеме да ги согледаме во тоа што таа

[18] Pehar, L., Uticaj porodice na razvoj agresivnog ponasanja kod dece ranog uzrasta, Nasa skola, Sarajevo, 1991.
[19] Tomic, R., Sehovic, M., Karic, N., Hasanovic, I., Delikventno ponasanje djece i mladih, Tuzla, 2008.
[20] Tomic, R., Poremecaji u ponasanju kod djece i mladih, Tuzla, 2005.

премногу им дава значење на несвесните сили и вредности, а ги запоставува општествените фактори и причини во настанувањето на криминалитетот.

Имено, кај социолошките теории за разлика од психолошките размислувања, преовладува ставот дека основните причини кои допринесуваат до појава на криминалитетот се социјално-срединските фактори.

Најзначајни теории во оваа група се: теоријата на аномија, теоријата на диференцијална асоцијација и диференцијална идентификација и теоријата на поткултура и контракултура.

Според Бекер изворот на деликвентното однесување се наоѓа во процесот на интеракција помеѓу лицето кое го извршило делото и оној кој реагира на тоа дело.[21]

Мултифакторскиот пристап во етиолошките објаснувања на криминалитетот и деликвенцијата на младите е насочен кон испитување на поврзаноста на деликвенцијата со разни фактори и услови од субјективна и објективна природа.

Клиничкиот пристап како основна причина која допринесува за појава на криминалитетот ја смета личноста на сторителот и поаѓа кон проучување на индивидуалните престапници и карактеристиките на нивната личност.

### 3.2.Причини за малолетничка деликвенција

#### 3.2.1.Улогата на семејството во настанувањето на деликвентните однесувања

Семејството секогаш било предмет на научен интерес на општествените и природните науки. Голем број на социолози семејството го нарекуваат „камен темелник на општеството", основна единица без која тешко е да се замисли функционирање и егзистенција на човечкото општество.[22]

[21]Jasovic, Z., Kriminologija maloletnicke delikvencija, Beograd, 1978.

[22]Георгиева, Н., Криминологија, интерна скрипта, 2020.

ISSN: 1857-8128

Децата во семејството ги прават првите чекори во животот, бидејќи семејството е прва општествена средина во која децата доаѓаат. Без оглед на фактот што семејството се менува низ текот на времето, неговите основни функции остануваат исти.[23]

Најважни функции кои ги извршува семејството се:

- репродуктивната функција;
- економската функција;
- давањето заштита;
- социјализаторната функција;
- воспитно-образовната функција.

Семејството претставува дел од организациска структура на општеството кој е заеднички за сите луѓе, без разлика на нивната класна припадност, општествена моќ и влијание.

Тоа е една од примарните општествени групи во која се одвива зачетокот на воспитувањето и социјализацијата, каде се учат општествените вредности, но и се создаваат паралелно сопствени вредносни системи.

Исто така семејството претставува „неопходна средина”, која поединецот не ја избира туку со самото раѓање ја затекнува.

Тоа е средина на раст и искуство на успеси и падови, која има одлучувачко и првостепено значење во воспитувањето и формирањето на човекот.

Најбитното влијание семејството го остварува врз своите најмлади членови.

Детето во семејството го гради својот морален лик, се запознава со основните општествени вредности и идеали, стекнува љубов и претстава за самото себе и за другите, останатите членови во семејството.

По пат на интеракција се одвива процесот на социјализација на детето во семејството и при тоа се формираат ставови и начини на однесување.

[23]Tomic, R., Sehovic, M., Karic, N., Hasanovic, I., Delikventno ponasanje djece i mladih, Tuzla, 2008.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Доколку овој процес се одвива во емоционална рамнотежа и во семејството преовладува атмосфера на љубов и посветеност, и при тоа има позитивно воспитување на своите членови, се формираат позитивни ставови и вредности, почитување на општествените правила и моралот.

Но во современото општество се поголем е бројот на семејства во кои семејните односи не се хармонични. Токму овој тип на семејства се предмет на изучување на криминологијата, посебно трудовите кои се посветени на малолетничката деликвенција.

Многубројните истражувања на влијанието на семејството врз криминалитетот, покажуваат дека криминогено влијание навистина постои, но семејството не треба да се земе како единствен и пресуден криминоген фактор.

Во дел од овие истражувања се дошло до заклучок дека поголем број на малолетни деликвенти се од нецелосни, непотполни семејства.

Семејствата во кои постојат лоши семејни односи во криминолошката литература се истакнуваат како значаен фактор на криминалитет (деградирано семејство).

Семејните односи и целокупната семејна атмосфера се согледуваат преку односите на брачните другари, родителите и децата и децата помеѓу себе.

Најсилно криминогено влијание имаат лошите односи помеѓу брачните другари и пореметените односи помеѓу родителите и децата.

Резултатите од истражувањата на влијанието на „пореметените“ семејни односи врз малолетничката деликвенција, покажуваат дека најголемиот дел на малолетни престапници потекнуваат од семејства со пореметени семејни односи.

Лошите меѓусебни односи, рамнодушноста, отфрлувањето, прекумерена строгост, недостаток на доверба, соработка и приврзаност делуваат како криминогени фактори.[24]

Во објаснувањето на деликвентното однесување на младите во литературата посебно се нагласуваат следните фактори во семејството кои имаат определено влијание во таа насока:

- социјален и економски статус на фактори;

[24]Георгиева, Н., Криминологија, интерна скрипта, 2020.

- состав и структура на семејството;
- меѓучовечки односи во семејството;
- асоцијални појави во семејството.[25]

**Социјален и економски статус**

Голем број криминолози се занимавале со многубројни истражувања за социо-економската состојба на семејствата и нејзиното влијание врз појава на деликвентни однесувања кај малолетни лица.

Социо-економскиот статус може, но и не мора да биде причина за појава на деликвентно однесување, бидејќи има голем број случаи на малолетници деликвенти кои потекнуваат од добро ситуирани семејства, па затоа пред да се донесуваат заклучоци, неопходно е на овој проблем внимателно да му се приоѓа.

**Состав и структура на семејството**

Кога станува збор за структура на семејството, пред се се мисли на семејство кое е составено од двајца родители и деца.

Но кога станува збор за структура на семејството како фактор за појава на девијантно однесување кај младите, во тој случај најнапред се мисли на различни видови непотполност во семејството.

Некои автори под овој поим подразбираат семејство со пореметени односи, нарушени меѓучовечки односи, појава на разни асоцијални појави и сл.

За да може едно семејство правилно да функционира и да ги исполнува своите функции, мора да биде структурално целосно.

Би сакала да потенцирам дека постојат многубројни причини и облици на непотполни семејства. Зависно од причините кои допринесуваат до непотполни и нецелосни семејства, се разликуваат и последиците.

---

[25]Tomic, R., Sehovic, M., Karic, N., Hasanovic, I., Delikventno ponasanje djece i mladih, Tuzla, 2008.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

Пример - дел од истражувањата покажале дека нецелосните, непотполни семејства, по смртта на еден од родителите може да имаат поцврсти семејни врски и подобра семејна атмосфера, во споредба со нецелосните, непотполните семејства послем развод. [26]

.

**Меѓучовечки односи во семејството**

Разликите во материјалните, социјалните и структуралните карактеристики на семејствата на деликвентите и неделиквентите, според поголем број од истражувањата на деликвентното однесување, покажуваат дека немаат толку големо значење за појавата на деликвентното однесување, како што се разликите во неадекватноста на односите, постапките на родителите спрема децата, неквалитетното воспитување и лошите односи помеѓу родителите, односно целокупната атмосферата во семејството.[27]

Позитивната социоемоционална клима во семејството, според голем број автори, е многу значаен фактор за успешна социјализација на децата.

Позитивна семејна педагошка клима постои во следниве случаи:

- ако родителите се искрени, ги разбираат проблемите на децата, се радуваат и веселат со децата, а во случај кога постои опасност за развојот на децата, стануваат строги и сериозни;
- доколку се емотивно зрели и нивните односи се засновани на меѓусебна љубов и љубов спрема децата;
- доколку се грижливи, но не премногу, ги задоволаат сите потреби на децата;
- флексибилни, им овозможуваат на децата да ја искажат својата способност и потикнуваат самосталност кај децата, како и вклучување на децата во разрешување на семејните проблеми.[28]

[26]Todorovic, M., Analiza nekoh obijezja kriminaliteta maloletnika u Republici Hrvatskoj s posebnim naglaskom na vrste krivicnih djela i mjesto njihova izvrzenja, Policija i sigurnost, Zagreb, 1992.
[27]Tomic, R., Sehovic, M., Karic, N., Hasanovic, I., Delikventno ponasanje djece i mladih, Tuzla, 2008.
[28]Tomic, R., Obiteljski odgoj, Tuzla, 2008.

Овие карактеристики на педагошката клима во семејството се предуслов за правилно воспитување и развој на децата, како и основна пречка за развој на асоцијалното однесување кај децата.

Негативна семејна педагошка клима постои во следниве случаи:

- изразување на претерана „слепа“ љубов спрема децата која се манифестира со нивно разгалување, попуштање и преголема толерантност за нивните постапки;
- изразување несигурност, колебливост, недоследност на родителите, менување на строгоста и попустливоста;
- изразување ладност, авторитарен однос спрема децата, барање на апсолутна послушност;
- тенденција да се попушта повеќе на децата од машки пол, неизедначен став спрема децата во зависност од полот;
- недостаток на топлина во меѓусебните односи во семејството;
- неусогласени односи меѓу родителите, караници, конфликти, омраза;
- грижата за децата се сведува само на обезбедување егзистенција;
- изговор дека родителите се преоптеретени, а со тоа го запоставуваат детето;
- надреден однос спрема децата и недозволување детето да го истакне своето мислење;
- реагирање на родителите само на позитивните детски резултати (пофалба и награда);
- реагирање на родителите само на негативните детски постапки, често во вид на казна;
- недостаток од разбирање на детските потреби за другарување, љубов, успех, сигурност;
- обид сопствените желби и амбиции да се остварат преку децата, без оглед дали детето за тоа поседува способности;

ISSN: 1857-8128

- неводење грижа за слободното време на децата и младите. [29]

Од горенаведеното со право можеме да констатираме дека за деликвентното однесување на децата и младите, многу значаен и битен фактор преставува квалитетот на меѓучовечките односи во семејството.

Според повеќето автори внатрешното добро организирано емоционално и меѓучовечко семејство, е многу позначајно од формалните, структуралните и економските состојби во семејството.

**Асоцијални појави во семејството**

Асоцијалното однесување на членовите на семејство, имаат големо значење врз појавата на деликвентното однесување кај децата и малолетниците.

Социопатолошките облици на однесување од страна на родителите и од страна на повозрасните браќа и сестри, негативно влијаат врз развојот на личноста на детето.

Значи, облиците на асоцијалните однесувања на членови на семејството како што се: алкохолизмот, скитањето и нередот, просењето, проституцијата и сл, ја нарушуваат климата на меѓучовечките односи во семејството и негативно влијание врз равојот и воспитувањето на децата.[30]

Во етиологијата на малолетничката деликвенција особено е значајна семејната средина.

Според одредени криминолошки истражувања постои висока поврзаност помеѓу алкохолизмот на родителите и деликвентното однесување на децата и младите и помеѓу криминалното однесување на родителите и криминалитетот на малолетниците.

Некои од следниве фактори можеме да ги сретнеме во семејствата на деликвентите малолетници:

- родителите на живеат заедно;
- децата се вонбрачни;

[29] Pehar, L., Oduzeto djetinstvo, Sarajevo, 2000.
[30] Singer, M., Todorovic-Miksaj, Lj., Delikvencija mladih, Zagreb, 1993.

- родителите се работници или земјоделци;
- постои лоша материјална состојба во семејството;
- присуство на алхоколизам, дрога и постојани конфликти;
- грижата за децата е занемарена, а воспитувањето несоодветно;
- болест на некој од членовите на семејството;
- долго отсуство на еден од родителите и сл. [31]

### 3.2.2.Улогата на училиштето во настанувањето на деликвентните однесувања

Училиштето претставува значаен фактор на социјализација, организирано како општествена институција пред се за образование, но и за воспитување.

Повеќе од сигурно е дека недостатоците во процесот на воспитувањето и остварување на целите при воспитувањето, како и развојот на културните, работните и другите обележја на ученикот можат да предизвикаат негативни ефекти и како резултат на тоа да допринесат до појава на девијантно и деликвентно однесување.

Промената на училиштето, прекини во текот на образованието, конфликтите во училишната средина се поврзани со слабиот успех на ученикот како и повторување на учебната година.

Во текот на 19 век, се сметало дека неписменоста и отсуството – недостатокот на образование, се значаен фактор кој влијае врз појава и развој на криминалитет.

И покрај тврдењата на „оптимистичката” струја, дека со зголемувањето, порастот на образованието, опаѓа криминалитетот, статистичките податоци покажуваат нешто друго, односно дека обемот на криминалитетот не само што не се намалил со намалување на бројот на неписмени, туку напротив со намалување на бројот на неписмените, во поголем број на земји дошло до нагло зголемување на криминалитетот.

[31]Tomic, R., Sehovic, M., Karic, N., Hasanovic, I., Delikventno ponasanje djece i mladih, Tuzla, 2008.

„Песимистичката" струја тврди дека одредени облици на криминалитет не можат да бидат извршени од страна на лица со ниско ниво на образование како и од страна на лица кои не се наоѓаат на одредена позиција во општествената хиерархија.

Односно според оваа „песимистичка" струја, повисокото ниво на образование може и те како да биде криминоген фактор, бидеејќи го наоружува човекот со потребните знаења кои ќе му послужат при развивање на криминални активности.[32]

Според Милутиновиќ појавата на малолетничка деликвенција ја пратат следниве образовни фактори:

- занемарување на развивањето на работни навики;
- недостаток на адекватно оспособени наставници;
- придржување кон застарени сфаќања во наставата;
- спречување на иницијативи кај учениците;
- неводење сметка за училишната и работната дисциплина;
- неправилни меѓучовечки и меѓугрупни односи кај школската младина;
- недостаток на професионални советувалишта, психолози и педагози;
- недостаток на училишни здравствени и други специјализирани служби и сл.[33]

### 3.2.3.Средства за масовна комуникација

Под средства за масовна комуникација или информација (масовни медиуми), се подразбираат општествени активности преку кои со посредство на одредени техники се даваат известувања по повод социјални прашања и процеси, односи и други случувања.

Преку средствата за масовна комуникација, малолетниците може да имаат позитивни и негативни влијанија.

Содржините кои се хумани, квалитетни, морално и уметнички ориентирани можат да имаат позитивно дејство врз формирањето на младата личност, додека пак негативно

[32]Георгиева, Н., Криминологија, интерна скрипта, 2020.
[33]Milutinovic, M., Kriminologija, VI izdanje, Savremena administracija, Beograd, 1990.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

врз младите и врз нивното општествено однесување влијаат содржините кои фаворизираат насилство, брутална сила, го воздигнуваат криминалот и другите негативни и неморални постапки. [34]

Силни фактори кои имаат влијание врз современиот човек и младината се всушност средствата за масовна комуникација како што се: филмот, телевизијата, радиото, печатените медиуми, а во најново време и најмасовното средство за комуникација - интернетот.

Кај младите кои сакаат да го надоградуваат своете знаење, особено е изразен интересот за масовните медиуми како што се телевизијата и интернетот.

Поради тоа овие средства за комуникација имаат вонредна воспитно -образовна функција и силно влијание врз младите личности.

Овие медиуми според своето влијание кое го имаат врз младите личности се приближуваат до примарните воспитно - образовни институции како што се семејството и училиштето.[35]

Поединечни облици на средства на масовна комуникација, различно влијаат врз криминалитетот:

1. Филмот како облик на уметничко изразување позитивно влијае врз културното созревање, образование и воспитување на луѓето. Меѓутоа доколку во филмот отсуствува присуството на уметнички и етички пораки, а наспроти тоа е збогатен па и преоптоварен со сцени на насилство и агресивност, може негативно да влијае врз навиките и ставовите на одредени лица и да допринесе до појава на криминално однесување. Одредени филмови можат да послужат како пример за подготовка и избор на начин и техника за вршење на кривични дела;
2. Радиото има долга традиција како средство за масовна комуникација, меѓутоа неговото влијание врз криминалното однесување е многу мало во споредба со останатите средстава за комуникација, од причина што кај радиото недостасува

[34]Tomic, R., Sehovic, M., Karic, N., Hasanovic, I., Delikventno ponasanje djece i mladih, Tuzla, 2008.
[35]Јашовиќ, Ж., Малолетничка деликвенција, Скопје, 1988.

визуалниот ефект, а и во денешни услови многу повеќе се гледа телевизија отколку што се слуша радио;

3. Телевизијата која располага со голем број на канали, врши најголемо влијание од сите останати средства за масовна комуникација. Телевизијата и покрај тоа што има позитивно влијание, истата прикажува и такви серии, филмови, спотови на популарни групи и пеачи во кои се прикажува одредена доза на насилство, агресија, порнографија, и сл. Последниве неколку години фрапантна е појавата на цртани филмови со задоволителна доза на насилство и агресивност.[36]

Со појавата на интернетот, како и осовременување на телевизијата преку појава на кабловски телевизиски канали и сателитски канали, влијанието на овие медиуми значително има поголемо значење од останатите, пред се радиото, а особено печатените медиуми, кои не се толку популарни и интересни пред се за младата популација.

Иако масовните медиуми може да допринесат во појавата на деликвентни однесувања кај младата популација, сепак генерално не можеме да заклучиме дека тие преставуваат фактор кој предизвикува деликвентно однесување кај младите.

Како и да е масовните медиуми во голем број случаи имаат позитивни влијанија и овозможуваат подобра и побрза социјална интеграција на младите во општествените процеси и односи.

### 3.2.4. Активности во слободното време

Во услови на современо живеење на човекот, активностите во слободното време преставуваат универзална и значајна појава.

Слободното време преставува дел од денот со кој поединецот располага слободно надвор од неговите професионални, општествени и семејни обврски, поконкретно тоа е времето кое го користи за одмор, рекреација и релаксација.

[36]Георгиева, Н., Криминологија, интерна скрипта, 2020.

ISSN: 1857-8128

Иако слободното време треба да биде достапно за сите, луѓето кои имаат поголеми професионални и семејни обврски поголем дел од слободното време, или речиси целото слободно време го користат за решавање на професионалните или семејните обврски и проблеми.

Од друга страна со право можеме да потенцираме дека за младата популација е карактеристично слободното време, поради нивните помали професионални и семејни обврски.

Од начинот на користење на слободното време можеме да очекуваме позитивни и негативни ефекти.

Добро организираното слободно време опфаќа добро организирани спортски активности, планирање разни активности од област на „хоби", градинарство, фотогрфирање, резбарење, сликарство, активности поврзани со музика, посета на библиотеки, театри и сл.

Интересот за улогата на слободното време во криминолошката литература посебно се воочува кај етиологијата на малолетничката деликвенција.

Истражувањата покажуваат дека малолетниците најголем број на кривични дела и други престапи ги вршат во слободното време.[37]

Наспроти истражувањата според кои слободното време преставува одличен терен за појава на малолтничкиот криминалитет, постојат и истражувања според кои слободното време не е пресуден фактор за таквото малолетничко однесување.[38]

Постојат неколку сфаќања за влијанието на слободното време врз криминалитетот на малолетниците:

1. Според едно сфаќање – криминалитетот на малолетниците е облик на „убивње на досада", кое е исполнето слободно време;
2. Според друго сфаќање – криминалитетот на малолетниците се сфаќа како облик на задоволување на потребите за игра;

[37]Jasovic, Z., Kriminologija maloletnicke delikvencije, Beograd, 1978.
[38]Tomic, R., Sehovic, M., Karic, N., Hasanovic, I., Delikventno ponasanje djece i mladih, Tuzla, 2008.

3. Според трето сфаќање – недостатокот на клубови за забава, игралишта и други објективни услови за организирано користење на слободното време, може да допринесе за појава на криминалитет и девијантно однесување.[39]

### 3.2.5. *Деликвентно однесување*

Доколку покрај на социјалните и културните услови и околности, се посвети внимание и на особините на личноста може да се објасни деликвентното однесување.

Според голем број истражувања деликвентното однесување е тесно поврзано со следниве особини на личноста:

- емоционална несатбилност;
- слаба фрустрациона толеранција;
- недоволна упорност;
- ниско ниво на интелегенција;
- емоционална напнатост;
- ментално пореметување;
- намалена способност на поединецот да се спротивстави на социјално негативните однесувања;
- дружење со некои личности;
- алкохолизам;
- невротични тенденции;
- лабилност и непристојност;
- чуство на страв и несигурност;
- ирeална слика за себе, самопреценување или потценување;
- непостоење личност која се сака и која го сака;
- негативен однос спрема родителите и останати членови на семејството;
- фрустрации;

[39]Георгиева, Н., Криминологија, интерна скрипта, 2020.

- конфликти во семејството или смрт на некој од членовите од семејството;
- неуспех во училиштето;
- желба за пари, забава, патување и уживање;
- неорганизирано или лошо организирано слободно време и сл. [40]

Во литературата како типови на социјално однесување се наведуваат:

- тип на агресивен деликвент;
- тип на пасивен деликвент;
- тип на креативно антисоцијално однесување.[41]

Покрај особините на личноста на деликвентот и психолошките карактеристики на малолетниците имаат влијание врз деликвентото однесување.

Од тука, емоционалните карактеристики се тесно поврзани со криминалното однесување како последица на емотивната слабост, раздразливост, потиштеност, љубомора и сл.

Личности со вакви карактеристики многу често доаѓаат во конфликти и се оддаваат на деликвентна активност.

Особини на малолетници деликвенти:

- деликвентите покажуваат нешто пониско ниво на интелегенција од неделиквентите;
- кај деликвентите многу почесто се среќаваат психолошки црти отколку кај неделиквентите, како:
  - -егоистичност, неспособност за прифаќање на други личности;
  - -самопреценување и чувство на инфериорност;
  - -недостаток на чувство на одговорност;
  - -емоционална нестабилност;
- деликвентите се многу поагресивни личности отколку неделиквентите;

[40]Tomic, R., Sehovic, M., Karic, N., Hasanovic, I., Delikventno ponasanje djece i mladih, Tuzla, 2008.
[41]Pehar, L., Oduzeto djetinstvo, Saraevo, 2000.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

- деликвентите појавуваат поголема потреба за забава, патување, сексуални задоволства, како и желба за игра и истакнување;
- во поглед на истакнувањето на нервозата нема разлика помеѓу деликвентите и неделиквентите;
- на деликвентите им недостигаат мотиви кои бараат дисциплина и континуиран напор;
- првенствени мотиви кај деликвентите се желбата за патување, забава и пари;
- деликвентите се карактеризираат со понизок степен на позитивни ставови спрема средината во која живеат;
- деликвентите имаат повеќе негативни ставови спрема семејството и родителите;
- деликвентите имаат повеќе негативни ставови спрема работата, училиштето и општествените институции, воопшто. [42]

## 4. ЗАКЛУЧОК

Во современи услови голем дел од младата популација се соочува со предизвикот на кој начин да се вклопи во односите помеѓу семејството, училиштето и работата.

Одвојувањето на младината од семејствата и нејзино осамостојување влијаат врз односите во семејството и пријателите, образовните можности и изборот, учеството на пазарот на трудот, времето за слободни активности и избор на начинот на живот кај младите.

Понатаму, брзиот раст на населението, сиромаштијата, невработеноста која се повеќе е доминантна кај младата популација, дезинтеграцијата на семејството, неможноста за образование и сл, всушност претставуваат притисоци врз младите, кои влијаат во манифестирање и појава на деликвентни однесувања кај нив.

Со право можеме малолетничката деликвенција да ја окарактеризираме како особено штетна и негативна општествена појава, против која секое општество мора да се

[42]Tomic, R., Sehovic, M., Karic, N., Hasanovic, I., Delikventno ponasanje djece i mladih, Tuzla, 2008.

бори. Но не е возможно да се изградат и развијат ефективни програми без да се определат и разберат причините за малолетничката вмешаност во криминални активности.

Постојат истражувања според кои зголемувањето на малолетничкиот криминалитет е резултат на економскиот пад, посебно во посиромашните општества. Децата на улица, во голем број случаеви, подоцна откако ќе се сретнат со насилството во нивната непосредна средина, или ќе бидат сведоци или жртви на насилни акти стануваат млади прекршители.

Негативните последици на социјалниот и економскиот развој, политичката нестабилност, како и ослабнувањето на главните институции на системот (вклучувајќи ги тука јавните системи за образование, државната помош, семејството), ја управуваат малолетничката деликвенција.

Императив на секое современо општество би требало да биде борбата против малолетничката деликвенција, со цел нејзино спречување т.е. превенција.

## 5. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Арнаудовски, Љ., Општ пристап кон концептот за превенција на малолетничката делинквенција, Печатница Кавадарци, 2000.

[2] Арнаудовски, Љ., Криминологија, Штип: 2-ри Август-С, 2007.

[3] Vidanovič, I., Metodika socijalnog rada s pojedincem I porodicom opšti deo, Beograd: Naučna Knjiga, Beograd, 1991.

[4] Георгиева, Н., Криминологија, интерна скрипта, 2020.

[5] Jasovic, Z., Kriminologija maloletnicke delikvencija, Beograd, 1978.

[6] Jašović, Ž., Kriminologija maloletničke delikvencije, drugo dopunjeno izdanje, Beograd: Naučna knjiga, 1983.

[7] Јашовиќ, Ж., Малолетничка деликвенција, Скопје, 1988.

[8] Milutinovic, M., Osnovni fenomenoloski i etioloski problemi maloletnicke delikvencije, Etiologija maloletnickog prestupnistva, Zbornik clanaka, Savez drustva defektologa Jugoslavije, Beograd, 1971.

[9] Милутиновиќ, М., Криминологија, Белград: Современа администрација, 1990.
[10] Milutinovic, M., Kriminologija, VI izdanje, Savremena administracija, Beograd, 1990.
[11] Pehar, L., Uticaj porodice na razvoj agresivnog ponasanja kod dece ranog uzrasta, Nasa skola, Sarajevo, 1991.
[12] Pehar, L., Oduzeto djetinstvo, Sarajevo, 2000.
[13] Singer, M., Todorovic-Miksaj, Lj., Delikvencija mladih, Zagreb, 1993.
[14] Скаберне, Б., Аспекти на воспитната запуштеност, Скопје: Правен факултет, Скопје, 1968.
[15] Стојановски, Н., Сулејманов, З., Социјална патологија, Југореклам, Скопје, 2002.
[16] Todorovic, A., Uslovi i uzroci maloletnickog prestupnistva u urbanim i ruralnim sredinima, Institut za kriminoloska i socioloska istrazivanja, Institut drustvenih nauka, Beograd, 1971.
[17] Todorovic, M., Analiza nekoh obijezja kriminaliteta maloletnika u Republici Hrvatskoj s posebnim naglaskom na vrste krivicnih djela i mjesto njihova izvrzenja, Policija i sigurnost, Zagreb, 1992.
[18] Tomic, R., Poremecaji u ponasanju kod djece i mladih, Tuzla, 2005.
[19] Tomic, R., Sehovic, M., Karic, N., Hasanovic, I., Delikventno ponasanje djece i mladih, Tuzla, 2008.
[20] Tomic, R., Obiteljski odgoj, Tuzla, 2008.
[21] Henting, H., Zlocin, uslovi I izroci, Sarajevo, Naucna knjiga, 1959.
[22] http://eprints.ugd.edu.mk/5619/1/MT.pdf

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# INTERNATIONAL ANTI-MONEY LAUNDERING ORGANIZATIONS

*Associate Prof. Dr. Natasha Georgieva*

*natashageorgievaivanovska@gmail.com*

*Faculty of Security Sciences*

*MIT University-Skopje*

*Philip Stojanovski*

*stojanovski_f@yahoo.com*

*MIT University-Skopje*

## Abstract

Money laundering is a process that hides the trace of the true source of illegally acquired money, while exploiting the financial and, more often, the non-financial sector of the profession. That process includes concealment of the true nature and sources of the money, the conversion and transfer of property in terms of concealment of the illegal origin, i.e. procurement, possession or use of property, resulting from a crime, i.e. participation, connection, attempt to help, instigate and enabling the performance of any of the listed activities.

**Key words:** money laundering, prevention of money laundering, international bodies responsible for prevention of money laundering.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

*Вонр. проф. д-р Наташа Георгиева*

*natashageorgievaivanovska@gmail.com*

*Факултет за безбедносни науки*

*МИТ Универзитет-Скопје*

*Филип Стојановски*

*stojanovski_f@yahoo.com*

*МИТ Универзитет-Скопје*

**Апстракт**

Перењето пари е процес со кој се сокрива трагата на вистинскиот извор на незаконски стекнати пари, при што се искористува финансискиот, а се почесто и нефинансискиот сектор на струката. Тој процес опфаќа прикривање на вистинската природа и изворите на парите, претворањето и преносот на имот во смисла на прикривање на противзаконското потекло, односно набавка, поседување или употреба на имот, произлезени од кривично дело, односно учествување, поврзаност, обид за помагање, поттикнување и овозможување на извршување на било која од наведените активности. За валкани пари се сметаат сите пари кои се стекнати со кривично дело и сиот имот кој произлегува од тие пари. Тоа значи дека перењето пари без претходни криминални активности не постои.

**Клучни зборови:** *перење пари, спречување на перење пари, меѓународни органи надлежни за спречување на перење пари*

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1.ВОВЕД

Перењето пари претставува комплексен процес или прикриена, софистицирана и профитабилна активност со чија „помош“ успешно се остварува богатство, односно се стекнува директна или индиректна финансиска или некој друг вид материјална корист.

Перењето пари е еден широко распространет феномен.

Со сè поголемиот развој на финансиските пазари тој процес станува сè покомплексен, а со него и правната регулатива која се обидува да го искорени.

Според експертите, и покрај глобалните напори за спречување на перењето пари, се проценува дека на годишно ниво се перат помеѓу 500 и 1.000 милијарди долари.

Најчести начини за перење пари се:

- инвестиции во недвижен имот;
- набавка на возила;
- трансфер на пари преку сметки на физички лица;
- бизнис инвестиции со фиктивни кредити.

Потенцијални компании кои може да се користат за перење пари се сите компании вклучени во приватниот сектор, како што се:

- нотари;
- финансиски институции - банки, инвестициски фондови, брокерски куќи, осигурителни компании, пензиски фондови;
- компании за големо – продажба;
- адвокати;
- сметководители;
- компании за недвижен имот;
- спортски клубови;
- дилери на стоки од голема вредност - возила или накит.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Перењето пари задава огромен удар на секоја економија, врши директен упад во монетарниот систем и го кочи економскиот напредок.

Понатаму, перењето пари представува опасна криминална работа, па токму поради тоа ова кривично дело тешко се открива и докажува.

Ова кривично дело е резултат на неефикасното функционирање на системот на институциите, па порати тоа борбата против оваа организирана негативна појава представува и борба за реформи во системот на институциите.

Перењето пари, може да предизвика значајни штети во светската економија и тоа преку:

- нарушување ефективни операции на националните економии и промовирање посиромашна економска политика;
- постапно корумпирање во финансискиот пазар и намалување на свеста на јавноста за меѓународниот финансиски систем, како и дестабилизација на системот;
- намалување на стапката на пораст на светската економија.

Самиот процес на перење пари ја зголемува веројатноста дека целата институција ќе стане корумпирана и управувана од криминални структури, а ваквата опасност е посебно присутна во државите во развој и државите во транзиција.

Меѓутоа финансиските институции во државите во развој и државите во транзиција се помали, па е многу полесно да се преземе контрола врз нив.

Неопходно е да се прецизира дека законските одредби и супервизорските стандарди во државите во развој и државите во транзиција се поблаги во однос на развиените држави што овозможува полесно криминализирање на финансиските институции.

Перењето пари ја слабее улогата на финансискиот сектор во економскиот раст и развој на една држава.

Тоа е посебно значајно од аспект на инвестициите во финансискиот сектор кои се сериозно „разнишани“ доколку се оцени дека постои криминализација на финансискиот сектор.

Единствено, силни финансиски институции се клучни за стабилност на финансискискиот сектор и создавање на правна рамка за борба против перење пари.

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Постојат податоци кои укажуваат на тоа дека за прв пат изразот „перење“ бил употребен од страна на лондонскиот „The Guardian“ пред триесетина години, во врска со познатата афера на Никсон „Watergate“, а станувало збор за 200.000 американски долари кои биле предвидени за финансирање на републиканската предизборна кампања.

Почетоците на поимот перење пари се поврзуваат со Ал Капоне, криминалец, кој во триесетите години на минатиот век работел на начин со кој незаконскиот приход од продажбата на алкохол го прикажувал како приход од перална за облека, и не бил казнет бидејќи во тоа време, перењето пари не постоело како кривично дело.

Постојат различни сфаќања за поимот перење пари:

Според поширокото сфаќање, перењето пари е процес во кој приходите, за кои постои основан сомнеж дека се стекнати со криминална активност, се пренесуваат, префрлаат, транформираат, разменуваат или менуваат со легални средства, заради скривање или прикривање на вистинската природа, извори, намена на движење или сопственост на тие приходи. Целта на пренесувањето на тие пари е да се направи средствата добиени со недозволени активности или поврзани со нив, да бидат прикажани како легитимни.

Според потесното сфаќање, кое е усвоено од страна на Генералното собрание на Интерпол, перењето пари претставува секаква активност или обид за активности со која се сокрива или прикрива нелегално потекло на средствата, така да изгледа дека тие потекнуваат од легални извори, или се третира како процес во кој се прикрива потеклото на средствата стекнати со криминални дејности.[43]

[43]Richards, R., J., Transnational criminal organizations, cybercrime and money laundering,, London, 1999.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Според Меѓународниот монетарен фонд, перењето пари претставува процес во кој средства собрани или здобиени преку криминални активности се затајуваат или преместуваат со цел создавање врска помеѓу криминалот и средствата, која е тешка за разбирање.

Според Претседателската комисија на Соединетите Аамерикански Држави за организиран криминал, перењето пари претставува процес со кој некој прикрива постоење, илегално потекло или нелегална употреба на приходи, за да го прикаже на тој начин да изгледа како легален[44].

Според Царината на Соединетите Американски Држави, перењето пари претставува легализирање на средства стекнати преку нелегални активности.

Според Обединетите нации, перењето пари прво бара покревање на фондови кои се во директна врска со криминалот, потоа прикривање на траги за да се залаже истрагата и на крај повторно ставање на парите на располагање на криминалците при што е сокриено географското потекло и потеклото на занимање.

Според Финансиската акциона група, перење пари опфаќа: конверзија или пренос на имот, знаејќи дека е призлезен од криминални активности со намера прикривање, или помагање на било кое лице кое е вклучено во таква криминална дејност за да се избегнат законски последици на своите дејности; прикривање или маскирање на вистинската природа, извор, локација, располагање, движење, правна природа на имотот, знаејќи дека истиот е производ на учество во криминална активност и стекнување, поседување, користење или располагање со имот, знаејќи дека потекнува од кривично дело, или од учество во криминална дејност.[45]

Според Европскиот парламент, активности кои се сметаат за перење пари се: конверзија или трансфер на имот, со знаење дека таквиот имот потекнува од криминални активности или од учество во такви активности, со цел сокривање или прикривање на незаконско потекло на имот, или помагање на било кое лице вмешано во извршување на

[44]Масњак, Б., Кесељ, Ж., Мјере и радње за спречавање прања новца, Београд, 1998.
[45]Бјелајац, Ж., Специфичности феномена прање новца, Мегатренд ревија, 2012.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

таква активност со цел да се избегнат законски последици од активностите; сокривање или прикривање на вистинската природа, потекло, место, обележја, преместување, правна природа на имотот, со знаење дека таквиот имот потекнува од криминални активности или од учество во таквата активност; стекнување, поседување или користење на имот, со знаење во времето на прием дека таквиот имот потекнува од криминални активности или од учество во таа активност и учествување и здружување заради сторување, обид за сторување или помагање, потпомагање, овозможување и поттикнување на сторување некои од активностите, претходно споменати. [46]

Според Законот за спречување на перење пари и други приноси од кривично дело и финансирање тероризам, перењето пари претставува замена или трансфер на имот со цел да се прикрие или сокрие незаконското потекло на тој имот; прикривање или преправање на вистинската природа, локација, употреба и пренесување на имот стекнат на незаконит начин; стекнување, поседување или употреба на имот од кое било лице за кое се знае или можело да се знае дека таквиот имот потекнува од криминални активности и пуштање во оптек, растурање и користење противправно стекнати пари за вршење законска дозволена дејност или за стекнување имот на законски начин.[47]

Според Бошковиќ, перењето пари претставува легализација на капиталот стекнат со криминална активност. Го сочинуваат финансиски трансакции заради прикривање на вистинското потекло на парите и други облици на капитал на пазарот. Се состои од фалсификување на документација и манипулација во системот на меѓубанкарски трансакции.[48]

Според Кулиќ, перењето пари претставува активност која е насочена кон легализација на пари стекнати со вршење на криминални дејности. Учесниците во процесот вршат најразлични финансиски трансакции, за да го прикријат потеклото на

[46]Бјелајац, Ж., Специфичности феномена прање новца, Мегатренд ревија, 2012.
[47]Фил, В., Перење пари, Безбедност, 4/97.
[48]Бошковиќ, М., Организовани криминалитет, Полицијска академија, Београд, 1988.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

парите и да го направат легално средство за промет на пазарот на пари, што им обезбедува нормално користење во деловните односи во кои го пласираат својот капитал.[49]

## 3. ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ПЕРЕЊЕТО ПАРИ

### 3.1.Виенска конвенција за незаконски промет со наркотични дроги и психотропски супстанци на ООН од 1988 година

Оваа Конвенција била донесена во 1988 година како зајакнување на правните механизми од Конвенцијата за наркотични дроги од 1961 година и Конвенцијата за психотропни супстанци од 1971 година, и стапила на сила 11.11.1990 година.

До 2014 година Виенската конвенција за незаконски промет со наркотични дроги и психотропски супстанци на ООН ја ратификувале 189 држави - членки.

Основна цел на Виенската конвенција за незаконски промет со наркотични дроги и психотропски супстанци на ООН била да се промовира соработката помеѓу страните за поефикасно разгледување на различните аспекти на недозволената трговија со опојни дроги и психотропна супстанција со меѓународна димензија.[50]

Со Виенската конвенција за незаконски промет со наркотични дроги и психотропски супстанци на ООН се настојува да се обезбеди концептот на банкарската тајна да не ги попречува истрагите и постапките за конфискација.

### 3.2.Базелска декларација за превенција на злоупотребата на банкарскиот систем за целите за перење пари од 1988 година

Оваа Декларација била донесена во 1988 година, во која се предлагаат основни принципи за борба против операции на перење пари преку банкарскиот систем.

[49]Кулиќ, М., Прање новца, Београд, 2001.
[50]https://www.unodc.org/pdf/convention_1988_en.pdf

Базелската декларација за превенција на злоупотребата на банкарскиот систем за целите за перење пари бара:

- идентификација на клиентите;
- усогласеност со законските прописи кои се однесуваат на финансиските трансакции;
- одбивање на извршување трансакции за кои постои сомневање дека се поврзани со перење пари;
- соработка со надлежните органи во рамките на дозволеното, согласно со начелата за доверливост на клиентите.[51]

### 3.3. Стразбуршка конвенција за перење, откривање, запленување и конфискување приноси од криминал од 1990 година

Оваа Конвенција била изработена во периодот од октомври 1987 година до јуни 1990 година од страна на комисија составена од владини експерти во надлежност на Европскиот комитет за кривични прашања, била одобрена од страна на Комитетот на министри во септември 1990 година, а стапила во сила на 01.09.1993 година.

Стразбуршката конвенција за перење, откривање, запленување и конфискување приноси од криминал има за цел да обезбеди комплетен систем од правила коишто ги покриваат сите степени на постапката, од истрагата на криминалните дела до правосилноста на мерките за конфискување на заработките од нив.

Стразбуршката конвенција за перење, откривање, запленување и конфискување приноси од криминал го проширува криминализирањето на перењето пари, без притоа да се ограничува на прецизирање на претходното кривично дело „трговија со дрога“, како во Виенската конвенција за незаконски промет со наркотични дроги и психотропски

[51]Prevention of Criminal Use of the Banking System for the Purpose of Money-Laundering, Basel Committee, December, 1988.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

супстанци на ООН, туку дозволува секоја држава сама да одреди кои криминални дела ќе ги смета за претходно кривично дело на делото перење пари.

Стразбуршката конвенција за перење, откривање, запленување и конфискување приноси од криминал се состои главно од три дела:

1. Во првиот дел се дефинираат термини кои се употребуваат и се од значење за Стразбуршката конвенција за перење, откривање, запленување и конфискување приноси од криминал;
2. Во вториот дел се пропишани мерките кои се преземаат на национално ниво: мерката на конфискација, истражни и привремени мерки и специјални техники на истражување;
3. Во третиот дел се укажува на обврската за преземање на привремени мерки, а дури потоа следи правото на конфискација на имот или парична вредност.

Стразбуршката конвенција за перење, откривање, запленување и конфискување приноси од криминал посветува големо внимание на меѓународната соработка во случај на спроведување истраги и конфискација на приноси стекнати од криминални активности.

Исто така Стразбуршката конвенција за перење, откривање, запленување и конфискување приноси од криминал пропишува дека за да се реализира и одвива меѓународната соработка неопходно е државите да имаат определени органи за таа цел.

### 3.4.Конвенција против транснационалниот организиран криминал на ООН – Конвенцијата од Палермо од 2000 година

Оваа Конвенција е главниот меѓународен инструмент во борбата против транснационалниот организиран криминал, која стапила на сила на 29.09.2003 година.

Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на ООН – Конвенцијата од Палермо е збогатена со три протоколи, кои се насочени кон специфични области и манифестации на организираниот криминал:

ISSN: 1857-8128

1. Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца;
2. Протоколот за борба против криумчарење на мигранти по копнен, воден и воздушен пат;
3. Протоколот против недозволено производство и трговија со огнено оружје, нивни делови и компоненти и муниција.

Основна цел на Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на ООН – Конвенцијата од Палермо е да ја промовира соработката за поефикасно спречување и борба против транснационалниот организиран криминал.[52]

Во Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на ООН – Конвенцијата од Палермо се нагласени четири вида на кривични дела кои државите – членки треба да ги инкриминираат во своето законодавство:

- учество во организирана криминална група;
- перење пари;
- корупција;
- попречување правда.

Понатаму во Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на ООН – Конвенцијата од Палермо се дефинирани поимите: „замрзнување“, „запленување“, „конфискација“, „контролирана испорака“ и сл.

Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на ООН – Конвенцијата од Палермо, пропишува:

- одговорност за правните лица;
- меѓусебна соработка за целите на конфискацијата;
- екстрадиција и трансфер на осудени лица;

[52]United Nations Convention Against Transnational Organized Crime and the Protocols Thereto, United Nations Office on Drugs and Crime, Vienna, 2004.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- меѓусебна правна помош;
- споени истраги и специјални истражни мерки;
- заштита на сведоци;
- помош и заштита на жртвите;
- полициска соработка;
- собирање, размена и анализа на информациите за природата на организираниот криминал;
- тренинг и техничка помош;
- превенција.[53]

## 4. МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Спречувањето на перење пари е поврзано со меѓународните институции и договори.

Во најголем број случаи, финансиските институции, а особено банките се посредници во борбата против перење пари, вклучувајќи ги и судските и регулаторните тела.

Сите заедно имаат една единствена цел, а таа е да најдат соодветен одговор на следново прашање - Како да ги спречат лицата да уфрлаат валкани пари во легални текови, и со тоа да создаваат огромна штета која има негативни последици како врз државата, така и врз поединците?

Организираниот криминал има интернационален карактер, и со текот на времето станува се поголема опасност од сите аспекти - политички, државни, идеолошки и сл.

Поради фактот дека ситуацијата е повеќе од сериозна, челниците на меѓународните заедници пристапиле кон дефинирање на правата и обврските на државите со задача за

[53]Чапрагоски, Ц., Чоневски, А., Перење пари и финансирање тероризам во глобалниот криминалитет, Скопје, 2011.

MIT UNIVERSITY SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

преземање на соодветни мерки, постапки и средства, со цел намалување или целосно сузбивање на криминалните активности.

Перењето пари има глобален карактер. Под меѓународна соработка се подразбира меѓусебната соработка на државните агенции за борба против перење пари, како и соработката со државниот врв, финансиските институции, преку почитување на меѓународните конвенции и препораки кои се однесуваат на перење пари.

### 4.1.Интерпол

Со цел што поефикасна меѓународна соработка заради одземање на имотна корист стекната преку организиран криминал, посебно значење имаат меѓународните организации со чија помош на стратешко и оперативно ниво се поттикнува имплементацијата на ефикасни механизми за одземање на имотна корист стекната преку криминал.

Интерпол претставува меѓународна криминалистичко - полициска организација која е формирана со цел реализирање на меѓународна полициска соработка, чија работа е насочена кон соработка, помош и поддршка во сузбивање на криминал, недозволено производство и недозволена трговија со дрога, недозволена трговија со луѓе, криумчарење на оружје, детска порнографија, перење пари, компјутерски криминал и сл[54].

Оваа организација е формирана во Австрија, во 1923 година.

Поради потребата од спротивставување на организираниот криминал и одземање на приходите стекнати преку криминал, Интернационалната полициска заедница донела многубројни меѓународни акти со кои се регулира оваа област.

Кон ова се придружил и Интерпол, кој преку своите резолуции ги повикал државите - членки, тежиштето на истрагите да го фокусираат на идентификација, следење и одземање на противправно стекнатите приходи на криминалните организации.

[54]Николоска, С., Перење пари, Факултет за безбедност, Скопје, 2015.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Со овие резолуции исто така се повикуваат државите - членки да ја подобрат размената на информации на тоа поле и да ги упатат своите Влади да донесат закони со кои ќе се овозможи пристап до финансиските евиденции и конфискација на приходите стекнати преку криминал.

Надлежности на Интерпол:

1. Идентикафиција, воспоставување и одржување контакти со експерти;
2. Следење и анализирање на информации поврзани со одредени области на активност и криминални организации;
3. Посочување на главните криминални закани со потенцијално глобално влијание;
4. Превземање на стратешки партнерства со разни организации и институции;
5. Помагање во изнаоѓање решенија за проблемите со кои се соочуваат силите за спроведување на законот;
6. Проценка и користење на информациите добиени од централните национални банки;
7. Промовирање и спроведување на заеднички проект со други меѓународни организации и институции активни во одредени области на криминал;
8. Обезбедување поддршка на државите - членки во тековната меѓународна истрага при одредени случаи.[55]

Во полициското одделение на Генералниот секретаријат на Интерпол настанал и специјализиран огранок под името FOPAC, како резултат на напорите на интернационалната полициска заедница која стреми кон спротивставување на организираниот криминал[56].

И Генералниот секретаријат и FOPAC, соработуваат со другите интернационални организации заради развој на свеста за потребата од користење на истражни методи во борба против организираниот криминал и други облици на криминал.

[55]Николоска, С., Перење пари, Факултет за безбедност, Скопје, 2015.
[56]FOPAC, француска кратенка за Fonds Provenant d`Activites Criminelles – Фондови стекнати на криминал, формиран од страна на Генералното собрание на Интерпол во Кан, 1983.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Оваа соработка е насочена кон заедничко спротивставување на организираниот криминал во глобални рамки, развој на соработка и координација при имплементација на интернационалните програми чија цел е одземање на имотна корист стекната преку вршење на кривично дело.

### 4.2.Европол

За жал, сведоци сме дека во последниве години не постојат граници за организираните криминални групи.

Нивното делување ширум светот е овозможено од страна на модерната технологија и располагањето со големи финансиски ресурси.

На иницијатива на Германија е создаден Европол, полициска организација на Европската унија, како одговор на потребата за спречување на организираниот криминал кој се повеќе претставувал закана за граѓаните на Европа, односно нивните слободи и права.

Основањето на Европол било предвидено уште со Мастришкиот договор од 1992 година за основање на Европската Унија, но Европол почнал со работа со ограничени надлежности на 03.01.1994 година.

Во 1998 година била усвоена Европол Конвенцијата од страна на сите држави - членки на Европската Унија и таа стапила на сила во октомври истата година.

Европол станал целосно оперативен на 01.07.1999 година.

Седиштето на Европол се наоѓа во Хаг, Холандија.

Од 2007 година во Европол членуваат 27 држави - членки на Европската Унија.[57]

Европол остварувал соработка при реализација на својата цел со државите - членки на Европската унија, државите кои се кандидати за членство во Европската унија, како и со органите за ред и мир.

---

[57] https://dzlp.mk/mk/node/2091

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Основна цел на постоењето на Европол е да се подобри ефективноста и соработката на органите за борба против организираниот криминал на државите - членки на Европската Унија, преку размена на разузнавачки информации за организираниот криминал или другите сериозни облици на криминал.

Европол има мисија да придонесе во борбата на Европската Унија против организираниот криминал.

Европол нема извршни надлежности, што значи дека тој претставува сервис за поддршка на надлежните органи на државите - членки на Европската Унија, а таа поддршка ја реализира преку размена на информации, изготвување на разузнавачки анализи, експертизи и обука.

Односно, ова би значело дека службените лица на Европол немаат надлежности да спроведуваат истраги или да апсат во државите - членки на Европската Унија.

Европол не е составен само од полицајци, туку и од вработени во другите органи со слични надлежности како што се: цариници, гранична полиција, финансиска полиција, офицери за имиграција и сл.

Можни се три нивоа на соработка:

1. Првото ниво е техничка соработка или обука;
2. Второто ниво е стратешка соработка која опфаќа информации за општите трендови на организираниот криминал и размена на проценки за можни закани;
3. Третото, највисоко ниво на соработка е размена на лични податоци и бара претходно исполнување на условите за заштита и безбедност на личните податоци, поставени од страна на Европол.[58]

Пред се Европол ги поврзува надлежните органи на државите – членки во борба против тероризмот, перење пари, нелегална трговија со droги и останати форми на меѓународен криминал, доколку постојат индикации дека се вклучени криминални структури на две или повеќе држави - членки.

Во денешни услови заканите се се поголеми и се по опасни.

[58]https://dzlp.mk/mk/node/2091

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Покрај трговијата со дрога, постои реален проблем за спречување на трговијата со нуклеарни и радиоактивни супстанции, криумчарењето на илегални имигранти, трговијата со луѓе, трговијата со човечки органи и отуѓувањето на моторни возила.

Сума сумарум сите горенаведени видови на криминал се поврзани со нелегално перење пари.

Задачи на Европол:

1. Олеснување на размена на информации на државите - членки;
2. Прибирање, обработка и анализа на информации;
3. Известување на надлежните органи на државите - членки, преку национални бироа, за информации кои ги засегаат и за било каква идентификувана поврзаност помеѓу криминалните прекршители;
4. Помагање во истрагата на државите - членки со проследување на сите релевантни информации на националните бироа;
5. Водење на компјутерски систем со собраните информации.[59]

Во однос на горенаведените задачи, Европол може согласно кадровските и буџетските ресурси со кои располага, да им помогне на државите - членки преку:

- спроведување на обука на членовите на нивните надлежни органи;
- организирање и подготовка на органите;
- спроведување на методи за превенција од криминал;
- спроведување на технички и форензички полициски методи за истражувачки процедури.

[59] https://www.europol.europa.eu/crime-areas-and-trends/crime-areas/economic-crime/money-laundering

MIT UNIVERSITY SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

## 4.3.Комитет на експерти за оценување на мерките против перење пари на Советот на Европа - MONEYVAL

Во 1997 година по барање на европските министри за правда, во рамките на Советот на Европа, бил формиран Комитет на експерти за оценување на мерките против перење пари на Советот на Европа - MONEYVAL, следбеник на Комитетот PC-R-EV.

Во Комитетот на експерти за оценување на мерките против перење пари на Советот на Европа - MONEYVAL, членуваат 28 постојани членки (членки и на Советот на Европа) и членки во својство на набљудувачи.

Негова цел е обезбедување на ефикасни и стандардизирани системи со цел спречување на перење пари и финансирање тероризам во државите - членки на овој комитет[60].

## 4.4. Група за финансиска акција - ФАТФ

Покрај мерките пропишани во Виенската конвенција за незаконски промет со наркотични droги и психотропски супстанци на ООН, Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на ООН – Конвенцијата од Палермо и други, од големо значење е да се истакне работата на Групата за финансиска акција - ФАТФ (FATF - financial action task force).

Групата за финансиска акција - ФАТФ е основана во 1989 година, во Париз на предлог на групата Г-7, и претставува меѓународно тело од привремен карактер, чие членство го сочинуваат 31 држава и две меѓународни организации, над 20 набљудувачи, од кои пет се регионални тела за спречување на перење пари и повеќе од 15 други меѓународни организации и органи.

[60]http://www.ufr.gov.mk/?q=node/35

Групата за финансиска акција - ФАТФ која е невладина меѓународна организација, за основна задача има развој и промоција на мерки со цел спротивставување на перење пари на национален и меѓународен план.

Групата за финансиска акција - ФАТФ го следи:

- процесот на имплементација на мерките за спротивставување на перење пари во државите – членки;
- развојот на начинот на перење пари во глобални рамки;
- дефинирањето на адекватни против мерки за спротивставување на перење пари и сл.

Групата за финансиска акција - ФАТФ интензивно соработува со други меѓународни организации кои се заинтересирани за спротивставување на перење пари.

Основни задачи на Групата за финансиска акција – ФАТФ се:

1. Проучување на начинот и трендовите на перење пари во глобални рамки;
2. Евалуација на мерките за спротивставување на перење пари кои се преземени на државен и меѓународен план;
3. Дефинирање на мерки за спротивставување на перење пари на национален и интернационален план. [61]

Групата за финансиска акција – ФАТФ во 1990 година, на почетокот на својата работа, дефинирала 40 препораки како глобална рамка за борба против перење пари, кои опфаќаат низа мерки во спротивставување на перење пари.

Овие препораки се карактеризираат со флексибилност, што им овозможува на државите кои сакаат да ги применат, тоа да го направат, приспособувајќи ги на своите економски, општествени и политички прилики.

40 препораки, кои подоцна биле дополнети (во 1993 година и во 2003 година), настанале врз основа на Конвенцијата на Обединетите нации против незаконски промет на

[61] Boskovic, G., Pranje novca, Beograd, 2005.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

опојни droги и психотропни супстанции и листата на насоки за супервизија на банки кои Базелскиот комитет за супервизија на банки ја објавил во декември, 1988 година.

По нападите од 11.09.2001 година кои се случија во Соединетите Американски Држави, Групата за финансиска акција – ФАТФ издаде 9 специјални препораки со цел спречување и борба против финансирањето тероризам.

40 препораки се групирани во три групи:

1. Препораките од првата група од 4 до 8 се однесуваат на финансиските институции кои се должни да преземат мерки за идентификација на клиентите при извршување трансакции, да ги чуваат нивните податоци, да го усовршат правниот систем и да донесат Закон за конфискација;
2. Во втората група влегуваат од 9 до 29 препорака. Оваа група ги опфаќа мерките за ангажирање финансиски систем во борбата против перење пари. Бидејќи финансиските институции се тие кои ги откриваат илегалните трансакции, истите се обврани да ги чуваат податоците на клиентите, да посветат внимание на поголемите трансакции, задолжително да ги пријавуваат сомнителните случаи, да развиваат програми за спречување перење пари и финансирање тероризам, да соработуваат со управните орган како и да применуваат посебни постапки за идентификација и водење интерни досиеја за трансакциите;
3. Од 30 до 40 препорака спаѓаат во третата група препораки. Оваа група ги опфаќа мерките со кои треба да се спречи злоупотребата на правните лица од страна на перачите на пари, мерки со кој би се подобрил пристапот до информации, за крајните сопственици, имплементација на Виенската конвенција, Палермо Конвенцијата и Конвенцијата на Обединетите Нации за спречување на финансирање тероризам од 1999 година и сл.

Државите – членки на Групата за финансиска акција – ФАТФ ја надгледуваат примената на 40 препораки по пат на двоен пристап:

- годишна самопроценка;

- детален процес на меѓународна проценка во чија согласност секоја држава – членка станува предмет на контрола на лице место.

Групата за финансиска акција – ФАТФ е мултидисциплинарно тело чии состаноци се одржуваат неколку пати годишно, на кои се дефинираат основните правци на дејствување на оваа група во наредниот период.

**4.5.Егмонт група**

Егмонт групата претставува меѓународна мрежа на национални уреди специјализирани за борба против перење незаконски средства.

Истата поддржува соработка на национални уреди, поттикнува меѓусебна размена на информации и искуства за можни случаеви на перење пари.

Членките на Егмонт групата се занимаваат со откривање и спречување на перење пари.

Создавањето на заштитена интернетска конкуренција претставува всушност едно од најважните постигнувања на оваа група.

Меѓународниот сигурносен интернетски веб систем на Егмонт групата, им овозможува меѓусебна комуникација на членовите, преку заштитена електронска пошта, олеснителна практична и брза размена на податоци во борба против перење пари.

Егмонт групата има за цел создавање на услови за сигурна, брза и законски втемелена размена на информации неопходни за борба против перење пари[62].

Користењето на интелигентен информациски систем опфаќа стратегиска и оперативна аналитика и визуелизација, со крајна цел детектирање на сомнителни трансакции по пат на одредени индикатори и доставување на известувања за сомнителни трансакции до надлежните државни тела, со цел понатамошно постапување, поврзувајќи сомнителни трансакции со криминални активности на поединци, групи или организации, вклучувајќи познати методи за перење пари.

---

[62] https://www.state.gov/j/inl/rls/nrcrpt/2015/vol2/239473.htm

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

Бидејќи Егмонт групата е форум на Единици за финансиско разузнавање (од целиот свет), своите цели, кои се поставени во функција на подоброто спроведување на законите од страна на Единиците за финансиско разузнавање, ги остварува преку:

- проширување и продлабочување на меѓународната соработка за размена на податоци и информации врз основа на принципот на реципроцитет и преку користење на сигурен канал за размена на податоци, обука и размена на искуство;
- поттикнување на соработката и координацијата меѓу Единиците за финансиско разузнавање на оперативно ниво;
- поттикнување за развивање на (оперативните) капацитети на секоја Единица за финансиско разузнавање;
- поттикнување на формирање на нови Единици за финансиско разузнавање во државите каде истите не постојат и сл.[63]

### 4.6.Евроазиска група за борба против перење пари - ЕАГ

На иницијатива на Руската федерација на 06.10.2004 година била основана Евроазиската група за борба против перење пари – ЕАГ, која на почетокот имала неколку држави - членки: Белорусија, Кина, Русија, Казахстан, Киргистан, Туркменистан и Таџикистан.

Од 2005 година својство на полноправна членка има и Узбекистан, а пак од 2010 година и Индија станала полноправна членка[64].

Покрај државите кои се полноправни членки, во Евроазиската група за борба против перење пари – ЕАГ, има и држави кои имаат статус на набљудувачи.

Својство на набљудувачи имаат: Обединетите Нации, Групата за финансиска акција – ФАТФ, Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка, Интерпол,

[63] http://www.ufr.gov.mk/?q=node/36
[64] https://eurasiangroup.org/en

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Соединетите Американски Држави, Велика Британија, Франција, Германија, Италија, Јапонија и други.

Евроазиската група за борба против перење пари – ЕАГ ги има следниве задачи:

1. Промовирање на Препораките на Групата за финансиска акција – ФАТФ и другите меѓународни стандарди во областа на спречување перење пари и финансирање тероризам;
2. Помагање на државите - членки да ги имплементираат наведените стандарди;
3. Осмислување и одржување на обука во областа на спречување перење пари;
4. Координација на програмите за соработка со меѓународни организации, работни групи и заинтересирани држави;
5. Изработка на типологија во областа на перење пари;
6. Пружање на техничка помош и поддршка на државите - членки.[65]

Овие задачи се насочени кон остварување на основната цел на Евроазиската група за борба против перење пари – ЕАГ, а тоа е унапредување на ефиксноста на системот за спречување на финансирање тероризам во секоја држава - членка на Евроазиската група за борба против перење пари – ЕАГ, што се постигнува по пат на минимализација на опасноста од тероризам во регионот и на глобално ниво, обезбедување на транспарентност, одговорност и сигурност на финансискиот систем, обезбедување на јавна сигурност во регионот со создавање на услови кои овозможуваат откривање на тешки кривични дела, вклучувајќи и прекугранични кривични дела, намалување на стапката на криминал и сл.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Парите се сметаат за мерило на вредноста и средство за плаќање и поради значењето кое го имаат во платниот промет тие имаат посебна правна заштита, посебно во доменот на кривичното право.

[65] https://eurasiangroup.org/en

Современиот организиран криминал во однос на традиционалните форми се разликува по тоа што се јавува во голем број облици и по тоа што постојано открива нови области кои можат да бидат извор на криминален профит.

Перењето пари се појавува како облик кој го следи организираниот криминал кој на криминалните организации им овозможува легализација на средства стекнати со криминална дејност.

Криминалните групи, организациите и поединци, кои се занимаваат со криминална дејност, остваруваат огромни количини на криминален профит, а основен проблем кој стои пред нив е како непречено да ги користат приходите од криминални дејности и да избегнат кривично гонење.

Перењето пари, претставува негативна општествена појава која за своето настанување и развој користи поволни услови во дадено општество и време, константно развивајќи се и создавајќи нови облици.

Оваа појава има тенденција да се интернационализира и да прими облик на транснационален организиран криминал, приспособувајќи се на можностите кои постојат не само во една држава, туку и на меѓународен план.

Законските решенија од областа на спречување перење пари се сложени и опфаќаат различен спектар на делување на заштитните објекти и активностите на различни институции, при што не се мисли само на репресивниот апарат, како што е полицијата, туку и на ангажираноста на адвокат и други лица со различни професии, со цел да се спречи перењето пари, да се детектира и да се санкционира.

Перењето пари станува сериозен меѓународен проблем кој ја наметнува потребата и националните законодавства да ги усогласат своите законски одредби со меѓународните конвенции кои ги регулираат прашањата во врска со перење пари.

Последиците од перењето пари се многубројни и се јавуваат во различни облици, но сите заедно имаат еден заеднички ефект во однос на државата и меѓународната заедница, кој се гледа во дестабилизација и претворање на постоечките социјални структури со создавање на нова група богати луѓе во општеството.

ISSN: 1857-8128

Процесот перење пари е сложен, динамичен и сериозен предизвик како за државата, така и за целата меѓународна заедница.

## 6. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Бјелајац, Ж., Специфичности феномена прање новца, Мегатренд ревија, 2012.
[2] Бошковиќ, М., Организовани криминалитет, Полицијска академија, Београд, 1988.
[3] Boskovic, G., Pranje novca, Beograd, 2005.
[4] Кулиќ, М., Прање новца, Београд, 2001.
[5] Масњак, Б., Кесељ, Ж., Мјере и радње за спречавање прања новца, Београд, 1998.
[6] Prevention of Criminal Use of the Banking System for the Purpose of Money-Laundering, Basel Committee, December, 1988.
[7] Richards, R., J., Transnational criminal organizations, cybercrime and money laundering,, London, 1999.
[8] United Nations Convention Against Transnational Organized Crime and the Protocols Thereto, United Nations Office on Drugs and Crime, Vienna, 2004.
[9] Фил, В., Перење пари, Безбедност, 4/97.
[10] FOPAC, француска кратенка за Fonds Provenant d`Activites Criminelles – Фондови стекнати на криминал, формиран од страна на Генералното собрание на Интерпол во Кан, 1983.
[11] Чапрагоски, Ц., Чоневски, А., Перење пари и финансирање тероризам во глобалниот криминалитет, Скопје, 2011.
[12] https://dzlp.mk/mk/node/2091
[13] https://www.unodc.org/pdf/convention_1988_en.pdf
[14] https://www.europol.europa.eu/crime-areas-and-trends/crime-areas/economic-crime/money-laundering
[15] http://www.ufr.gov.mk/?q=node/35
[16] https://www.state.gov/j/inl/rls/nrcrpt/2015/vol2/239473.htm

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

[17] http://www.ufr.gov.mk/?q=node/36

[18] https://eurasiangroup.org/en

[19] https://eurasiangroup.org/en

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# TERRORISM WITH SPECIAL REFERENCE TO WAHABISM IN THE BALKANS

*Associate Prof. Dr. Natasha Georgieva*
*natashageorgievaivanovska@gmail.com*
*Faculty of Security Sciences*
*MIT University-Skopje*

*Alexander Arsovski*
*aleksandar.ar@hotmail.com*
*MIT University-Skopje*

**Abstract**

Terrorism is a criminal phenomenon characterized by the terrorist act (as an individual phenomenon), the terrorist (as the perpetrator of the terrorist act), the victim of terrorism (direct and indirect), terrorism as a mass phenomenon, as well as the reactions (social and state) to terrorism . Given the increasingly frequent association of the Wahhabi movement with extremist and terrorist acts, finding elements of extremism and terrorism in the Wahhabi interpretation and practice of Islam, it is imperative to study this phenomenon through the context of extremism and terrorism.

**Key words:** *terrorism, Wahhabism, extremism, Wahhabis, Wahhabist movement.*

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

# ТЕРОРИЗАМ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ВАХАБИЗМОТ НА БАЛКАНОТ

*Вонр. проф. д-р Наташа Георгиева*

*natashageorgievaivanovska@gmail.com*

*Факултет за безбедносни науки*

*МИТ Универзитет-Скопје*

*Александар Арсовски*

*aleksandar.ar@hotmail.com*

*МИТ Универзитет-Скопје*

**Апстракт:** Тероризмот претставува криминален феномен кој го карактеризираат терористичкиот акт (како индивидуална појава), терористот (како извршител на терористичкиот акт), жртва на тероризмот (непосредна и посредна), тероризмот како масовна појава, како и реакциите (општествени и државни) на тероризмот. Со оглед на сè почестата поврзаност на вахабистичкото движење со екстремистички и терористички акти, наоѓајќи елементи на екстремизам и тероризам во вахабистичкото толкување и практиката на исламот, се наметнува како императив потребата да се проучува овој феномен преку контекстот на екстремизам и тероризам.

**Клучни зборови:** тероризам, вахабизам, екстремизам, вахабисти, вахабистичко движење.

## 1.ВОВЕД

Тероризмот со меѓународно значење своите зачетоци ги има уште во далечната 1930 година, кога било извршено првото грабнување на авион, за денес да прерасне во глобална закана и сериозен акт на современата цивилизација.

Современиот меѓународен тероризам не се однесува само на едно изолирано општество, односно не е насочен само против интересите на една држава. Неговата

деструктивна моќ подеднакво ја чуствува целокупната меѓународна заедница што значи дека е неопходно да се познаваат сите видови на поврзаност меѓу терористичките акти и севкупните односи и состојби во меѓународната политика.

Голем број на меѓународни конвенции го инкриминираат терористичкото однесување и ги обврзуваат сите земји да се борат со сите средства на правната држава против сите видови на тероризам.

Од тој аспект, можеме да константираме дека меѓународниот тероризам претставува збир на активности забранети со меѓународното право, насочени против поединци, групи, држави и нејзини институции.

Во извршувањето на терористичките активности важна улога имаат и државите, кои условно можеме да ги поделиме во три групи:

1. Држави кои не го подржуваат тероризмот, меѓутоа тој се спроведува на нивна територија;
2. Држави кои не го спроведуваат тероризмот, меѓутоа го подржуваат;
3. Држави кои го подржуваат тероризмот или од кои доаѓаат програмите и силите кои го спроведуваат.

Држави кои го спонзорираат тероризмот се: Куба, Иран, Ирак, Либија, Северна Кореја, Судан и Сирија.

Најновата етапа во развојот на тероризмот, претставува глобална закана и го отвара патот за создавање на нова „Империја на насилство" односно светот го внесува во новото „Царство на стравот и ужасот".

Пречекорувањето на последниот праг на тероризам ќе значи отворање на нова „Цивилизациска врата" во пеколот, иако за утеха ќе констатираме дека шансите за успешен супертерористички акт сè уште се минимални, но прашањето е - До кога…?

MIT UNIVERSITY SKOPJE

**International Journal of Recent Research in Arts and Sciences**

**ISSN: 1857-8128**

Остварувањето и реализацијата на овој „Терористички сон" е можен, за тоа говори и податокот дека денес во светот има преку 3.000 терористички организации со вкупно 200.000 терористи.

За големината и јачината на терористичките организации илустративно говорат извршените 73.785 терористички инциденти од 1970 до 1997 година.

Исто така, мошне значајно е и тоа што тероризмот се става и во функција на интернационализација на војна. Всушност тероризмот во поново време се дефинира и како „војување" – „војување со ниско ниво", „конфликт од мали размери", односно „војување со низок интензитет на употреба на насилство за остварување на определени политички цели."

Но, во исто време, неговите активности се повеќе се ставаат и во функција на интернационализација на војната, посебно на граѓанските конфликти. Создавањето на се поголем број меѓународни терористички организации и сериозноста на тероризмот како нуклеарна, биолошка и хемиска закана претставува Ахилова петица на нашата цивилизација, смртна опасност за иднината на човештвото.

Глобалните закани во целост претставуваат закани на новото време, сериозна опасност за меѓународниот мир и безбедност. Современиот тероризам само ја зголемува таа опасност, кој зајакнува се повеќе од ден на ден.

Корените на модерниот тероризам се врзуваат за Русија во 80-тите години на XIX век, за по една декада тој да се појави во Западна Европа, на Балканот и во Азија.

Иницијатори на овој бран се анархистите. „Бранот анархисти" бил прво глобално или вистинско меѓународно искуство во историјата.

„Националниот бран" започнал во 1920-тата година на минатиот век и траел околу четириесетина години.

Потоа следел „Бранот на нови леви", кој исчезнал до крајот на XX век, оставајќи зад себе само неколку групи, денес сè уште активни во Непал, Шпанија, Обединетото Кралство, Перу и Колумбија.

Во 1979 година се појавил „Религиозниот бран".

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Според шемата на овие три брана, би значело дека тие ќе исчезнат до 2025 година, кога би се родил нов бран.

Искуството на уникатност и упорност на брановите покажува дека теророт е длабоко вкоренет во модерната култура.

Политиката ретко претставува игра меѓу еднаквите, а битката за моќ меѓу оние што ја имаат и оние што ја посакуваат според својата природа претставува неизбалансирана битка.

Во суштина, таа е асиметрична.

Денес, на почетокот на XXI век, балансот на глобалната сила останува во рацете на западните отворени општества.

Сепак, по својата природа, отворените општества се на специфичен начин ранливи во однос на ескалирачката форма на асиметричното политичко насилство.

Оваа форма има име. Се нарекува тероризам. Оние што ја спроведуваат го користат стравот за да го уништат силното чувство на безбедност. Користејќи силно адаптибилни методи, почнувајќи од импровизирани експлозивни направи, па сè до примената на авионите како ракети, тие успеваат да го нарушат балансот на силата, во потрага по нивните сопствени политички цели.

Политичкото насилство не е нов феномен. Примената на сила, како средство за постигнување политички цели, претставува основен аспект на политиката од најдревните времиња.

Без разлика на тоа дали се спроведува од страна на оние што се на власт, како, на пример, државниот терор од страна на нацистичка Германија или сталинистичка Русија или од страна на оние што бараат политичка промена, како што се, на пример, персиските убијци од XI век или „Ал Каеда“ од современите денови, од страна на слабиот или силниот, примената на сила за постигнување политички цели е и заедничка и природна.

Ако постои победничка формула во која било асиметрична битка, таа се состои во изнаоѓањето и искористувањето на слабоста на непријателот, што е можно порано и почесто. Тоа е формула која е сфатена од страна на кинескиот теоретичар Сун Цу,

германскиот Клаузевиц, мислителите за герилски тактики од XX век, денешните теоретичари на четвртата генерација на војување и спречување бунт и решителниот напад врз Ирак.

Едноставно кажано, со зборовите на Самуел Шуберт, се работи за вештина на претворање на нееднаквоста во предност.[66]

## 2.ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ ТЕРОРИЗАМ

Поимот тероризам потекнува од зборот терор. Во извесен период од историјата овие два поима се поистоветувале. Поимот „терор" доаѓа од францускиот збор „terreur" кој во груба смисла значи сеење страв[67] или пак, од латинскиот збор „terror" што значи ужас, страв и треперење, примена на застрашување, политичко насилство.[68] Тероризмот, пак како поим се објаснува и како „доктрина и метод на борба за одредени цели по пат на систематска употреба на сила".[69]

Не постои единствена дефиниција за тероризмот, има повеќе дефиниции од повеќе професори и автори кој овој поим го дефинираат на свој начин и му даваат посебна димензија.

Потребата за дефинирање на тероризмот произлегува од фактот дека тероризмот доаѓа во судир со правниот поредок на секоја држава како опасен извор на загрозување на нејзината национална безбедност.[70]

Според авторот Брајан Џенкинс тероризмот се состои од нелегитимна употреба на сила за постигнување на политичка цел кога невините луѓе служат како мета. Овој автор тероризмот го смета како насилство кое служи да се оствари определен ефект, насилство кое најчесто не е примарно, а понекогаш воопшто не е насочено за постигнување на

[66] http://morm.gov.mk/?shtit
[67] Политичка енциклопедија, Савремена администрација, Белград, 1975.
[68] Мала енциклопедија, ИП Просвета, Београд, 1970.
[69] Вујаклија, М., Лексикон на странски зборови и изрази, Просвета, Белград, 1970.
[70] https://www.slideshare.net/neebitno/65-terorizam-i-antiterorizam

физички ефект на актуелната цел туку насилството најповеќе е насочено кон тоа да предизвикува драматично влијание врз аудиториумот.[71]

Поланд Џемс М.3 Поланд го определува тероризмот како против законска употреба на закани и насилство против лица и имот првенствено за реализирање на натамошни политички и социјални цели. Обично се настојува да се заплаши владата, поединците или групите или да се измени нивното однесување и политика.[72]

Според Игор Приморац - “само две работи се чисти: тероризмот е вид на насилство, и е лоша работа, не е нешто со кое некој би бил горд или би го подржувал.”[73]

Според Радослав Гачинович современиот тероризам е форма на насилно однесување, кој е генератор на насилство или претење со насилство, со цел блокирање и функционирање на влади, односно, на општествено-политичкиот систем и промовирање на политички, идеолошки или повисоки верски принципи на севкупното насилство.[74]

Според Владата на Соединетите Американски Држави тероризмот претставува промислено, политичко мотивирано насилство извршено против невоена цел од страна на субнационални организации или тајни агенти.[75]

Според Стејт департментот тероризмот претставува политички мотивираното насилство во прв степен, кој ќе се одржи против цивилни (noncombatant) цели од локалните групи или лица со прикриен идентитет, обично се наменети да влијае врз јавното мислење, незаконско користење на сила или насилство против лица или имот за да ги заплаши владата, цивилното население или други сегменти и да се промовира на политички или општествени цели.[76]

Според Американското Министерство за одбрана тероризмот претставува незаконско користење на - или заканата од - на сила или насилство против лица или имот

[71] http://www.slideshare.net/neebitno/65-terorizam-i-antiterorizam
[72] https://www.slideshare.net/neebitno/65-terorizam-i-antiterorizam
[73] Primoratz, I., What is Terrorism? in Terrorism: The Philosophical Issues, Igor Primoratz, editor, London: Palgrave, 2004.
[74] Gaćinović, R., Institut za političke studije, Beograd.
[75] http://www.slideshare.net/neebitno/65-terorizam-i-antiterorizam
[76] Banićević, N., Međunarodno pravni i institucionalni aspekti borbe protiv terorizma, 1.2. Definicija terorizma.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

за да ги заплаши владите или општествата, почесто за да се постигне политички, религиозни или идеолошки цели.[77]

Според ФБИ тероризмот претставува бесправно користење сила и насилство, против лица или сопственост, за да се заплаши или принуди една влада, цивилно население или кој било друг дел од општеството на остварување на политички или социјални цели.[78]

Според Парламентот на Турција – тероризмот претставува директно поттикнување на насилство.

Според Обединетите Нации под поимот тероризам се подразбира секој чин извршен со намера да предизвика смрт или тешка телесна повреда на цивил или било кое друго лице кое не учествува во непријателствата во ситуација на вооружен конфликт, кога целта на тој акт, според неговата природа или контекст, е да ја заплаши популацијата или да ги принудат властите или меѓународна организација да направат или да се воздржат од правење на одреден чин.[79]

## 3.ПОЈАВА И РАЗВОЈ НА ВАХАБИЗМОТ

Неусогласеноста помеѓу исламот (мисијата која сам си ја наметнал) и реалноста довело до движењето на обнова, со цел да се запре падот и да се врати славата. Едно од овие движења е и вахабизмот.

Vaha-bizam е конзервативно реформистичко движење кое во Арабија во 18 век е основано од страна на Мухамед ибн Абдул Вахаб (1703-1791).

Следбениците на ова движење се сметаат себеси за „унитарци“, поради страсната посветеност на идејата за Божјо единство, посветеност во откривањето и искоренување на

[77]Banićević, N., Međunarodno pravni i institucionalni aspekti borbe protiv terorizma, 1.2. Definicija terorizma.
[78]http://fb.uklo.edu.mk/fs?file=announcements/2533/files/08f0e9bc-a88e-48c9-9357-e0aa53581025.pdf&name=08f0e9bc-a88e-48c9-9357-e0aa53581025.pdf
[79]Article 2(b) of International Convention for the Suppression of the Financing of Terrorism, May 5, 2004.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

сите ставови и дела што може да се сметаат за идолопоклонство. Членовите на вахабистичкото движење веруваат дека светоста треба да се сведе само на Алах. Бог.

Основачот на ова движење во целост го прифатил ханбалитското учење. Освен Ибн Ханбал, основачот на најстрогото учење на исламски закони, уште една личност на класичната арапската култура кој сторил особено силно влијание врз вахабистичките доктрина е Ибн Тајмија хан, балстски правник кој оштро го осудувал почитувањето и обожавањето на светци.

Ибн Абдул Вахабовите бескомпромисно строги религиозни ставови ги прифатил и Мухамед Ибн Сауд, поглавар на племето на Дариј средината на 18 век.

Верскиот и политички сојуз на емирот и верскиот шеик бил потврден 1743 година помеѓу синот на Мухамед ибн Сауда и ќерката на Мухамед ибн Абдул Вахаб чии потомци подоцна ќе станат господари на речиси целиот Арапскиот Полуостров.

Мухамед Ибн Сауд во 1747 година, јавно изјавил дека го става своето влијание и моќ на страната на вахабистичкото движење и мислењето на Абдел Вахаба го прогласува за најисправно. Тој ја задржал политичката и воената моќ за себе, а Мухамед ибн Абдел-Вахаб станал неприкосновен религиозен авторитет.

Овој потег го утврдил просперитетот и иднината на движењето, кое продолжува да постои како моќно верско-политички сојуз во Арабија, каде саудиската династија и вахабистичкиот фундаментализам имаат целосна доминација. Ширењето на ова реформистичко движење започнува нова ера во Арабија, која може да се смета како почеток на модерна историја на целиот Блиски Исток

Поставувањето на единството на Бога над сè друго и барајќи националната религија да биде исчистена од новини, повикот на Абдел Вахаб одекнал во целиот исламскиот свет, од западна Африка до источна Индија.

Воспоставувањето на суровата форма на исламот што проповеда буквално читање на Куранот, здружен со локалениот владетел Мохамед Ибн Сауд, Абдел Вахаб успеал да ја освои Арабија воспоставувајќи ја својата визија за Исламот.

Мухамед ибн Абдел-Вахаб починал во 1792 година и бил наследен од страна неговиот син.

Англија во 1798 година воспоставила добри односи на солидарност и поддршка со принцот Сауд и не се мешала во нивните религиозни конфликти.

Вахабитите во 1806 година ја превзеле контролата над Мека, со цел да му го оспорат правото на Султанот на Отоманската империја да ги чува светите градови. Медина била освоена во 1804 година.

Ибн Сауд ги информирал Британците со проглас (1810 година) дека издал наредба на своите луѓе да не ги допираат британските бродови и чамци.

Меѓутоа, многу брзо се покажало вистинското лице на Британците кога Сауд побарал помош, поради можен напад од страна на египетскиот валија Мохамед Али Паша. Бидејќи Французите биле вклучени во кампањата на Али Паша, Британците не им дале помош.

Додека се воделе борбите, Британците го искористиле тоа и го завземале Бахреин, со што и го започнале процесот на колонизација.

Во време кога отсечената глава на Караѓорѓе е испратена на султанот, во Цариград бил погубен вахабитскиот емир Абдулах бин Сауд (1818 година) со неколку од неговите следбеници. Така вахабистите буквално до 20 век биле во процес на хибернација.

Во почетокот на 20-от век (1902 година) успеале да го освојат пустинскиот град Ријад, денешниот главен град на Саудиска Арабија, потиснувајќи ја моќната ривалска фамилија Ал Рашид од Неџад која конечниот пораз го доживеала 1922 година, кога ја изгубила подршката на Турција. Саудијците ги повратиле своите позиции за време на големиот Абдел Азиз 2 кој бил крунисан за крал на Хиџаз и Неџа (територија на денешна Арабија) во 1930 година.

Неговите потомци сé уште владеат со Саудиска Арабија.

Сепак, династијата Сауд и вахабистите немало да успеат да завладеат со речиси целиот Арапски Полуостров без поддршка од Британија. Тие го помогнале големото арапско востание (1916-1918 година), со цел да ја ослабнат Турција.

Хасан ал-Бан (1928 година) во Египет го основа „Муслиманското братство" и Мавлана Абу ал-Ала Мавдуди (1941 година) во Индија го основа „Исламското општество" како следбеници на салафистичката реконструкција.

Двајцата имале слични верувања за создавањето на вистинска муслиманска држава преку воспоставувањето на шеријатот и дека насилниот џихад е дозволен против неверните колонизатори.

Во шеесеттите години на 20-от век, идеолог на „муслиманските браќа" и неимар на радикалниот ислам бил Саид Кутба.

Врз основа на неговите текстови е формирана екстремната група во исламскиот свет.

Влијанието на Саид Кутба врз салафистичкиот џихад било од клучно значење.

Војната во Авганистан (1980 година) ги „родила" Ајман ал-Захавири и Осама бин Ладен, кои ја основале базата на Ал-Каеда во 1989 година, која до ден денес проповеда светски џихад.

Војната во Авганистан со Советскиот Сојуз била пресвртница во милитантните движења на муслиманските регенерации.

Целта на вахабистичката реформа била да се уништат сите форми на верување и практика кои немаат основа во најраниот период на исламот, т.е. во првите три години од неговата историја.

Глобализацијата и зголемената демократизација отвориле нови можности за проширување на ова движење низ целиот свет.

Слободниот проток на луѓе, идеи и стоки (првенствено пари), слободно отворен пазар и право на проповедање религија, овозможиле Вахабизмот да се прошири понатаму.[80]

[80] http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2010-prolece/20.%20Vahabizam%20radikalni%20islamisticki%20pokret%20-%20Dragan%20Bojanic.pdf

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 4.ВАХАБИЗАМ – ЕКСТРЕМИЗАМ И ТЕРОРИЗАМ

Со оглед на сѐ почестата поврзаност на вахабистичкото движење со екстремистички и терористички акти, наоѓајќи елементи на екстремизам и тероризам во вахабистичкото толкување и практиката на исламот, се наметнува како императив потребата да се проучува овој феномен преку контекстот на екстремизам и тероризам.

Многу вахабити денес стануваат нетолерантни спрема следбениците на другите верски учења и неверниците, дури и спрема муслиманите, притоа повикувајќи се на пракса каква што постоела во првите векови.

Така, Мухамед ибн Вахаб во почетокот на неговата мисија, убил цело село, населено со муслиманско население само затоа што тие се спротивставиле на вахабистите.

Концептот на глобална војна против западната цивилизација (глобален салафистички џихад) се заснова на еден од основните исламски принципи што го гледа светот поделен на два дела: областа на војната и областа на исламот.

Делата на  Вахаби, Хасан ал Бан и Сејида Кутуб содржат теолошка доктрина на Ал Каеда  која, според мислењето на Бин Ладен е единствено точно толкување на исламот.

Базата (Ал Каеда) е дизајнирана „како мајка“ на сите други исламистички групи и нивната соработка е нераскинлива. Ги собира само најфанатичните, најобразованите и најинтелигентните муслимани од 35 до 50 години. Пожелно е да се  инжињери, хакери, научници во областа на хемијата и електрониката, и обавезно да се од угледни и материјално обезбедени фамилии.

Нивната цел не треба да бидат парите, туку создавање еден вид обединета исламска држава.

На нив им помагаат „јатаци“, за  кои внимателно се грижат во повеќе од 60 земји. Се служат и со ,,такијах“, односно прикривање, за што детално пишува Јевтиќ во книгата Ислам во делата на Иво Андриќ .

Прифаќајќи ги процесите и цивилизациските вредности на западот вахабитите се (практикувајќи современ начин на живот дијаметрално спротивен на оној кој ја проповеда

нивната доктрина), имплементирале во новата средина и така го свртеле вниманието од себе.

Војната во Авганистан со Советскиот Сојуз била пресвртница во милитантни муслимански движења. Има многу докази за нивното учество во светски настани. Во текот на многу години на конфликти и инциденти на територијата на Чеченија, постоеле сомневања за инволвираност и присуство (физички, монетарна, политички), на вахабистичкото движење.

Со прогласување на водачите на чеченските сепаратисти (по потекло од Саудиска Арабија), се докажало она за кое што Кремљ долги години се сомневал, а тоа е дека со чеченските сепаратисти раководат арапски платеници и муслимански екстремисти – вахабити.

Светот дознава повеќе за нив и за нивните терористички дејства по 11 септември 2001 година.

Имено, тогаш беше извршен терористички напад врз Пентагон во Вашингтон и слични терористички акции во кои беа уништени две згради на Светскиот трговски центар во Њујорк, при што загинаа илјадници луѓе. Исто така, во Мадрид, ставајќи бомба во воз на 11.04. 2004 година, 190 лица загинале, а околу 1.500 биле повредени.

Потенцијалното жариште на вахабистичкиот екстремизам е Балканот.

Настаните во деведесеттите години на 20-от век, во Федерација Босна и Херцеговина, со доаѓањето на муџахедини од арапските земји и ужасните злосторства извршени над не-муслиманско население ги потврдиле тие изјави.

Муџахедините во Европа стигнаа со језив ентузијазам, со намера Балканот да го направат нов терен за обука за идни генерации на свети војници самоубијци. Тука се јавува парадоксот кој се состои во фактот дека Америка е најодговорна за ширење исламски идеи во Федерација Босна и Херцеговина.

Имено, по 1948 година и признавањето на Израел, Соединетите Американски Држави мораа да му понудат на незадоволниот исламски свет нешто како замена за светиот град на сите три вери - Ерусалим.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

За да се докажат како заштитници на исламот и, пред сè, да го тргнат вниманието од Блискиот Исток, тие перфидно ги потикнувале Бошњаците и ширеле гласини за нивната загрозеност. Бидејќи не биле подготвени за борбата, Соединетите Американски Држави во игра вовеле нов играч Ал Каеда.

Соединетите Американски Држави со овие свои потези не сакале фанатичните борци да дојдат во регион под нивна команда, туку да претстават дека се на страна на муслиманите.

Поради недоволното познавање на муслиманите, оваа земја по доаѓањето на Бин Ладеновите истомисленици на нејзина територија, сама на себе си направила иден голем проблем.

Со создавањето на воени бази во Федерација Босна и Херцеговина, муслиманите беа во можност да го нападнат Западот, особено Соединетите Американски Држави. По потпишување на Дејтонскиот договор на 21.11.1995 година, Соединетите Американски Држави побарале од босанската влада да ги истера сите странски борци од нејзината територија.

Во Косово и Метохија, Реџеп Боја одигра голема улога во вахбитската индоктринација на албанските муслимани.

Со поддршката на Саудиска Арабија и финансирањето на изградбата на џамии според вахабистичкиот модел (бела џамија, без минаре), како и отворањето на верски училишта врз основа на постулатите на вахабизмот, беше формирана нова генерација на Албанци, која ќе исповеда цврста форма на исламот што не знае за религиозна толеранција и според која исламот треба да се наметне со сила.

Сето ова оди во прилог на фактот каква е општествено-политичката улога на ова движење.

Директорот на угледниот Институт за меѓународни стратешки студии во Вашингтон, Џорџ Копли, изјавил дека има доволно докази за голем број на терористички групи во Косово и Метохија, како и дека „повеќето од нив се поврзани со Ал Каеда“.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Врз основа на доказите во врска со оваа теза зборува Јевтиќ: „Шефот на албанската разузнавачка служба, Фатос Клосе потврдил дека во подготовка на сето она што се случи во Косово и Метохија, учествувал Осама бин Ладен во соработка со Башким Газа Деда, шеф на албанската разузнавачка служба за време на Сали Бериша. Тој организирал посета на Осама бин Ладен, во Република Албанија, организирал носење на борци на Ал Каеда во Република Албанија и Косово, како и помош во градење и набавка на кампови за обука на Ал Каеда, во Косово и во Република Албанија.“

Имајќи ги предвид сите овие фактори, притоа да не се заборави дека повеќето од овие терористи се од редовите на вахабитите информациите стануваат застрашувачки.

Јевтиќ во текстот „Белата Ал Каеда“ предупредува дека идните бели терористи, покрај босанците, чеченците и другите, ќе се регрутираат и од редовите на албанците од Косово и Метохија.

Силните албански лоби групи во Соединетите Американски Држави ја пропагираат приказната за создавање албанска нација со доминантна муслиманска популација, искривувајќи ја вистинската слика.[81]

## 5.ВАХАБИЗМОТ НА БАЛКАНОТ

### 5.1.Вахабистичкото движење во Федерација Босна и Херцегови

После крвавите балкански конфликти водени кон крајот на минатиот век, Федерација Босна и Херцеговина постана најплодна почва во која се вкоренило исламистичкото фундаменталистичко движење кое почнало да се шири во делови на Република Црна Гора, Санџак, Косово, делови на Република Србија, Република Албанија и Република Македонија – најголеми балкански жаришта на исламскиот фундаментализам и радикализам.

[81] https://svjetlo.com/775-razvoj-islamskog-ekstremizma-1

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Во постконфликтниот балкански амбиент почнал да се шири и вахабизмот (на почетокот срамежливо и со незабележително членство кое со текот на времето почнало се повеќе да нараснува и да го збогатува екстремното балканско милје). Ако неговите приврзаници пред десеттина години не пополнуваа повеќе од еден ред на верници во џамиите (нивното место беше во крајните редови), денес сликата е драстично променета во нивна корист.

Состојбата на овој план рапидно се менува од ден на ден, нивниот број во определени средини се зголемува со аритметичка прогресија со што се создава можност да постанат доминантни групи и тивко да ги „окупираат" џамиите во повеќе балкански градови.

Со брзото зголемување на нивната структура, се повеќе се зголемуваат и нивните амбиции и цели, но и нивната агресивност и агресивна реторика, радикализацијата на нивните цели, со што се отвора и патот кон насилство и тероризам на нивните екстремни и радикални јадра. За илустрација на нивното насилно делување ќе потенцираме определен број на безбедносно интересни настани кои се случиле изминативе години на територијата од Босна до Македонија.

Во овој контекст, најотрезнувачки за балканските политичари и безбедносни експерти е нападот на полициската станица во Бугојно (со трагичен епилог). Овој настан ја придвижил босанската власт која и покрај информациите за постоењето на силно вахабистичко движење со центар во селото Горна Маоча, била мошне инертна и не преземала никакви конкретни мерки за елиминирање на безбедносните закани со религиозен признак. Исто така, безбедносната состојба во градот Маглај како резултат на порастот на радикалниот ислам  била драстично нарушена.

Нивното се поагресивно настапување било релаизирано преку серија на инциденти и активности во кои главните актери биле од редовите на агресивното вахабистичко движење во овој дел на Босна и Херцеговина.

MIT UNIVERSITY SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

Вахабистичкото движење и исламскиот фундаментализам сериозно се инфилтрираат и на територијата на Република Србија и тоа посебно во областа Рашка - Санџак.[82]

**5.2.Вахабистичкото движење во Рашката облат и проширувањето низ цела Европа**

Почетоците на вахабистичкото движење на подрачјето на Рашката област се тесно поврзани за Сеница и за Алија Махмутович, координатор на вахабистичката заедница за Рашката област. Вахабистичката пропаганда од страна на Алија Махмутович започнува во 1993 година, по неговото враќање од аџилак од Саудиска Арабија. Тој формира посебен одбор во исламската верска заедница за вахабисти. Со ова започнала мисионерската работа за вмрежување на вахабизмот во Рашката област

Пропагирањето на вахабизмот како по матрица (со што ќе се покаже подоцна) започнува со вербално и физичко малтретирање на верниците и имамите по џамиите и надвор од нив. Со крајот на војната во Федерација Босна и Херцеговина, делувањето на движењето се зајакнувло, во смисла на зајакната координација помеѓу вахабистите и муџахединските формации кои егзистираат во Федерација Босна и Херцеговина. Информациите од медиумите говорат дека поголем број од вахабистите од Рашка завршиле тренинг во муџахединските кампови и на тој начин се вклучиле во глобалните терористички текови.

Понатаму делувањето на движењето е насочено кон омасовување, индоктринација и зајакнување на движењето во секоја смисла. Кон стремежот за исполнување на целата за привлекување на јавното внимание, на 25.09 2002 година во Сеница е организирана колона од десетина автомобили со истакнување на муџахединското знаме извикувајќи „Ја сакаме Босна" и „Санџак е Босна" .

[82] https://www.etd.ceu.edu/2012/music_zlatan.pdf
https://www.cfc.forces.gc.ca/259/290/317/286/bruic.pdf

Најголемите и најчестите собири се случени во џамијата „Валида", најстарата и централна џамија во Сеница. Во Сеница има околу 150-200 граѓани, а со семејствата (жени и деца) овој број значително се зголемува. Од овој број може да се издвојат 40 припадници од „најтврдото јадро".

Ново-пазарската вахабистичка „ќелија" започнала со своето делување кон крајот на 1999 година а набрзо потоа започнува да се зголемува бројот на нејзините членови. Духовниот авторитет и организатор во оваа почетна фаза бил еден граѓанин од Нови Пазар кој имал завршено теолошки факултет во Саудиска Арабија.

Со големиот број на инциденти во џамиите, припадниците на Ново-пазарското вахабистичко движење своите фундаменталистички и исламски аспирации-почнале да ги покажува и на други места.

На 10.02.2002 година бил одржан митинг во знак на протест кон објавувањето на карикатурата на пророкот Мухамед во Данска. Извикувајќи „Аллаху екбер" запалени се голем број на знамиња од оние држави кои според нив, од разумни причини, претставуваат главни исламски непријатели - Америка, Израел и Данска.

Целото случување премногу потсетувало на слични настани во Авганистан, Либан или Палестина. Екстремистичкото делување било исполнето и со систематски напади на автомобили во периферијата на градот. Во тие напади биле тепани и малтретирани, според нив „блудниците". Ниту еден случај не бил пријавен во полицијапоради стравот кој го чувствувале од вахабистите и можните компромитации во јавноста. Интересен е фактот на фаќањето на крадците кои се обидувале да влезат во златарата „Дукат" во Нов Пазар од страна на вахабистите. До пристигнувањето на полицијата еден од крадците доживеал да му биде исечена раката од страна на вахабистите, со која сакал да го украде златото.

Во јавноста е познат случајот на групата „Балканика", која требала да одржи концерт во Нов Пазар, на која пред одржувањето на концертот им биле скршени инструментите од страна на вахабистите под изговор дека оваа „врста“ на музика не била во склад со нормите на исламот.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

Преку сите овие инциденти во кои е изразен најголем, можен екстремизам, вахабистичкото движење јакнело и се издигало со голема самодоверба. Овој број на инциденти не е конечен, тие биле од толкав број и со таков интензитет со што останатите верници барале од Исламската Верска Заедница, да им се забрани влез на вахабистите во џамиите. Оваа иницијатива била одбиена под изговор дека верниците не може да се дискриминираат. Вистинските причини за одбивањето на оваа иницијатива биле од друга природа. Во суштина, првата причина била од финансиска природа, бидејќи финансиските центри кои стоеле зад вахабистичкото движење во голема мера ја финансирале и Исламската Верска Заедница од Санџак.

Причината за интензитетот во употребата на сила и екстремност на Ново-пазарските вахабисти треба да се побара, пред се во самата исламска идеологија на џихадот како средство за воспоставување на исламска држава и структура и организација на заедницата. Ова движење за разлика од другите е длабоко криминално во чиј состав биле вклучени „поранешни“ боксери, нарко дилери, макроа и слично. Поради тие и други причини Ново-пазарските вахабисти релативно брзо тргнале кон патот на тероризмот.

При проверка на оперативните информации од страна на полициски екипи, на 16.03.2007 година на планината Нинај во близина на селото Забрен (во близина на Косовската граница) пронајден е терористички камп, кој всушност претставувал потврда дека Ново-пазарските вахабисти тргнале кон патеката на светските терористи. Во кампот била откриена и скривница за оружје и муниција, поголем број на пропаганден материјал и видео записи.

Полицијата уапсила четворица вахабисти кои се наоѓале недалеку од кампот и биле обвинети за тероризам, нелегално поседување на оружје и членување во странски терористички групи.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

### 5.3.Вахабистичкото движење во Република Косово

Почетоците на вахабистичкото движење на подрачјето на Република Косово можеме да ги лоцираме кон крајот на минатиот век, посебно за време на српско–косовскиот конфликт кога поголем број на муџахедини се бореа на страната на УЧК. По завршувањето на воените дејства, (по примерот на Босна) дел од муџахедините останаа во Република Косово и длабоко се инфилтрираа во локалното население.

Радикалното вахабистичко движење во Република Косово нема посилно изразена поддршка помеѓу населението, меѓутоа загрижувачка е информацијата за пораст на нивното членство – тенденција типична и карактеристична за сите анализирани држави.

Првична цел на движењето е „конфронтација" со регуларната ИВЗ на Косово. Цел со овој „освојувачки поход на срцето и душите на вистинските муслимани" претставува и изведувањето  на континуирани напади врз новите косовски институции (декларирани како прозападни) и намалувањето на влијанието на мисијата Еулекс на Косово. Во овој контекст карактеристично е да се потенцира делувањето на една вахабистичка група составена од околку петаесет лица која „оперира" во Косовска Митровица.

Во Косово е уапсена група од пет членови (за кои се смета дека се вахабисти) осомничени за планирање на вооружени напади и разгорување на омраза. Меѓу уапсените во групата имало косовски албанци и бошњаци кои биле забележани на собирот на сунитските верски екстремисти во Федерација Босна и Херцеговина.[83]

### 5.4.Вахабистичкото движење во Република Македонија

Косовската криза од 1999 и конфликтот во Република Македонија од 2001 година во значителна мера извршија радикализација на етничките албанци и го отворија патот за

[83]https://www.files.ethz.ch/isn/50179/2008_March_Wahabism.pdf
https://scindeks-clanci.ceon.rs/data/ipdf/0042-8426/2022/0042-84262203074V.pdf

вмрежување на екстремните-радикални исламистички учења и брза инфилтрација на исламскиот фундаментализам и вахабистичкото движење во нашата држава.

Од 2001 година па натаму, се поголем е бројот на експерти кои известуваат за присуство на исламистички екстремисти во регионот, а во тој контекст и во Република Македонија.

Според анализите презентирани во определени студии во регионот и во Република Македонија, егзистираат повеќе екстремистички групи од кои се издвојуваат трите најпознати: Тарикат, Црна ружа и Вахабист.

Република Македонија, како и регионот најмногу се погодени од присуството и растечкиот продор на вахабистите кои во континуитет освојуваат нови „простори“ за нивното делување.

Во етничкиот состав на вахабистичото движење во Република Македонија доминираат претставниците на албанската популација, но карактеристично е и присуството на македонски муслимани, босанци и помал број на турци. Вахабистичкото движење во најголема мера е сконцентрирано во Скопскиот регион, во руралните делови на северозападна Македонија (карактеристична за сиромашната неписмена популација, со изразена религиозна приврзаност), во северните делови на Република Македонија кои граничат со територијата на Косово – Куманово, Тетово и Гостивар.

Нивното вмрежување продолжува во Струшкиот регион, во Дебар, во Кичево, но карактеристично е и нивното присуство во Радовиш, Прилеп, како и делумно во Ресен и Охрид (во зачеток).

Како нивни лидери се издвојуваат албанците од Скопскиот регион кои негуваат силни врски со Косово, но и пошироко со определени земји од арапскиот свет.

Во фазата на нивно позиционирање во верскиот пејзаж на Република Македонија нивните напори целосно се фокусирани кон преземање на контролата врз поголемите џамии во Скопје, како и кон преземање на контролата врз Исламската Верска Заедница. Индиректно тоа претставува и суптилна борба за доминација врз муслиманското

население, како и тивка борба за зголемување на јазот на недоверба помеѓу македонците и етничките албанци во Република Македонија.

Основна цел на нивното делување е радикализација на муслиманите, интензивирање на индоктринацијата за проектот „Голема Албанија“ и воведување на младите верници во опасните води на Џихадот сфатен во негативна конотација на неговото изворно значење, односно остварување на целосно влијание врз младата исламска популација.

Во изминатиов период Исламската Верска Заедница на неколку пати била инволвирана во справување со тензиите кои избувнаа помеѓу радикалните вахабисти и традиционалната Суфи Фракција.

Со своето планско, добро организирано и агресивно делување вахабистите успеаја за релативно краток временски период од безначајно малцинство да еволуираат во доминантна категорија која го стави под контрола верскиот живот на муслиманите во главниот град на државата.

Со нивна активна поддршка и инсистирање на младите имами кои своето образование го стекнуваат на Блискиот Исток, Саудиска Арабија, Сирија (а дел од нив и во Истанбул – Турција) вахабистите симболично ја остварија својата „превласт“ во најголемата џамија во Скопје – „Јаја Паша“, за денес да контролираат пет најголеми џамии во градот. Со овој чин се запали и црвеното светло во редовите на Исламската Верска Заедница, која силно алармирана од новата вахабистичка пенетрација во верските објекти, конечно побара заштита од државата.

Нивната позабележителна медиумска промоција е забележана во 2006 година, преку реализација на нивните протести во Скопје и Тетово, како израз на осуда заради објавувањето на карикатурата на пророкот Мухамед. Во исто време тоа значеше и пренесување на дел од верскиот колорит од Блискиот Исток на улиците на главниот град – Скопје, што значеше прва јавна промоција на настани од овој вид во Република Македонија (слични промоции со помал обем имаше и во одредени населени места под „муџахединска заштита“ за време на кризната во 2001 година). Со овој чин вахабистите

јавно го покажаа своето присуство на еден симболичен начин според проверените матрици, веќе видени во Босна, Санџак и Косово.

Во 2002 година, локалните вахабисти, засилени со „борци“ од арапските земји, насилно и со закана со оружје го заседоа тетовското Теќе – главниот верски објект во Тетово. Овој насилнички чин претставуваше кулминација на конфронтацијата со суфизите – бекташи, група која е најзастапена во Тетово и со долга традиција на дејствување во овој регион. Нивната меѓусебна нетрпеливост беше иницирана од дијаметрално различниот приод на толкувањето и практицирањето на исламот, што претставува и вовед во битката помеѓу определени исламски групи во Република Македонија. Оттогаш вахабистите го употребуваат Теќето во Тетово за изведување на своите верски ритуали.

Врз основа на сите објавени студии за пулсирањето на овој феномен на Балканот и во Република Македонија можеме да констатираме неколку суштински цели и методи на делување:

1. Вахабистичката агресивна агенда првенствено е фокусирана врз индоктринацијата, селекцијата и регрутацијата на млади муслимани;
2. Старосната структура на нивната целна група ја претставуваат момчиња на возраст помеѓу 16 и 20 години (но и постари категории);
3. Преку процесот на селекција и безбедносна проценка се врши анализа за нивната економска ситуација, нивото на интелектуална способност, снаодливост, лојалност и верност;
4. Процес на нивно охрабрување и „прочистување“ безрезервно да го прифатат вахабистичкиот стил на живот и размислување;
5. Процес на паралелно запознавање со славата, храброста и животот на муџахедините и нивната борба на глобален план за остварување на нивните свети цели (запознавање со нивната „интернационална борба“ во Босна, Чеченија, Ирак, Авганистан.и сл.);

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

6. По извршената селекција, најдобрите се испраќаат на школување на универзитетите во Саудиска Арабија, Сирија и Египет (но и на други места) за да го проучуваат исламот;
7. Дел од „селектираните“ кадри се испраќаат и во познатите тренинг кампови за терористичка обука;
8. По завршената терористичка обука следува нивно активно вклучување во кризните жаришта во светот или извршување на терористички акти првенствено во Европа, Америка.

Интензивната и растечка инфилтрација на вахабистите во Република Македонија за кратко време постана предмет на научен интерес на голем број експерти кои се занимаваат со проучување на феноменот тероризам.

Уште во 2004 година, францускиот експерт за тероризам Клод Моне ги пласираше своите сознанија дека некои лидери на Исламската Верска Заедница добиваат значителни суми на финансиски средства, најверојатно од Ал-КАеда, а со тие пари вахабистите се стремат да ја преземат Исламската Верска Заедница. Тој исто така предупреди дека околу стотина фундаменталисти поврзани со терористички организации оперираат во Република Македонија. Во предупредувањата за присуството на вахабизам во Република Македонија, од понов датум, може да се земе во предвид и и статијата во британскиот весник „Сандеј Тајмс“ од 26.04.2010 година, кој недвосмислено потврдува дека „Саудиска Арабија инвестира во исламистичките групи на Балканот“, а аналогно на тоа и во Република Македонија.

Но и покрај предупредувањата, македонските власти не сметаат дека нашата земја е главна цел, туку сметаат дека Република Македонија ја користат само како територија за регрутирање на млади вахабисти, како почетна точка од каде што ќе се извршуваат нападите кон Запад. Нивното брзо и ефективно позиционирање во Република Македонија во голема мера е помогнато од лошата економска состојба и длабоко поларизираните и

ISSN: 1857-8128

нестабилни меѓуетнички односи, како и од непречените текови на финансиски средства кои преку разни канали завршуваат во вахабистичките фондови.

Актуелните случувања на овој план од аспект на националната безбедност неизбежно се категоризираат во сферата на безбедносниот ризик од тероризам. Тоа подразбира дека на територијата на државата или надвор од нејзините граници се наоѓа добро позициониран терористички колективитет (со свои структурни елементи: главен сегмент, помошници, известувачи, пропагандни – регрутни – логистички сегменти, тренинг) кои се стремат кон остварување на крајната цел. Во овој контекст, станува збор за динамична и подготвителна фаза која сеуште не прераснала во директна закана кон државата и нејзините витални вредности, односно кон закана која подразбира целосно исполнување на терористичките цели на територијата на нашата земја.

Во прилог на оваа констатација можеме да ги потенцираме и најновите сознанија поврзани со зголемениот интерес на вахабистичките групи за инфилтрирање и позиционирање во структурите на Армијата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи (посебно во специјални служби), во сферата на разузнавачките и контраразузнавачките служби, како и се позачестеното изведување на воена обука со екстремните јадра на вахабисти (посебно во руралните центри по завршувањето на верските обреди).

Дали и Република Македонија со нивното присуство се претвора во „ново гнездо на исламистичкиот тероризам“ заедно со другите држави на Балканот, гнездо во кое ќе се изнедри новата, мошне опасна терористичка закана на Балканот, Европа, но и пошироко?

Иако оваа безбедносна закана сеуште се наоѓа во латентна фаза, таа сепак претставува „змија отровница“ во пазувите на нашето општество - змија која сеуште мирува, но змија која со сигурност на крај ќе го истури својот отров (при првиот обид потенцијалната жртва да направи некој брз и непредвидлив потег, обидувајќи се да ја отстрани непосредната закана).

ISSN: 1857-8128

Во оваа фаза, Република Македонија за оваа змија отровница претставува само нова „оаза на мирот", односно логистичка база или „безбедносен рај", сигурен пат кон Европа, но во наредната фаза пат кон пеколот на национално и глобално ниво.

Во оваа фаза и двете страни се „задоволни" од воспоставената безбедносна status – quo ситуација, во која двете страни „уживаат" во лажниот и привиден мир, се до оној момент кога едната страна прва ќе го повлече фаталниот потез.

Денот „Д" ќе се случи кога екстремистите и фундаменталистите во нивните редови не зајакнат до таа мера што ќе се трансформираат не само во исламистичка закана, туку во закана за исламот и закана за националната безбедност на државата и уште повеќе – закана за исламот, но и закана за
националната, регионалната и глобалната безбедност.[84]

## 6.ЗАКЛУЧОК

Согласно заклучокот изнесен во најновата студија за меѓународниот тероризам во изминатите десет години, Тероризмот во светот не бележи пораст и бројот на терористичките напади на глобално ниво се движи во стабилни граници.

Според Инситутот за економија и мир, кој ја изработил оваа студија „целокупните глобални тенденции влеваат извесен оптимизам, бидејќи драстичниот пораст на терористичките активности забележани од 2003 година до 2007 година престана, но влошувањето на стиуацијата во Сирија и другите можни идни судири на Блискиот Исток би можеле да ја сменат ситуацијата".

[84] https://www.jstor.org/stable/24919736
https://eprints.ugd.edu.mk/22005/1/article%20-%20Nenad%20Taneski%2C%20Ferdinand%20Od%C5%BEakov%20final.pdf
https://www.researchgate.net/publication/273770334_Muslims_and_Islamic_Fundamentalism_in_Macedonia

ISSN: 1857-8128

Според Глобалниот индекс на тероризам, кој го воспоставил овој институт со седиште во Сиднеј, бројот на терористички напади во светот бележи пораст од 2002 до 2007 година, а повеќе од една третина од жртвите меѓу 2002 и 2011 година биле Иранчани.

Бројот на терористички напади најмногу се зголемил меѓу 2005 и 2007 година и покрај случувањата во Ирак.

Терористичките инциденти кои избиле во Пакистан претставуваат 12 отсто од вкупните такви случувања во светот, додека Индија и Авганистан учествуваат со по 11 отсто, односно 10 отсто во глобалните терористички инциденти кои се случиле од 2002 до 2009 година.

Значителен удел во бројот на терористичките инциденти во светот имаат и Тајланд (6 отсто), како и Филипини и Русија со по 4 отсто.

Бројот на погубните напади во Западна Европа се намалил од 2002 година, но во овој дел на светот се уште се забележуваат 19 пати повеќе смртни случаи, отколку во Соединетите Американски Држави.

Северна Америка е регион, кој е најмалку подложен на терористички инциденти и е пред Западна Европа и Латинска Америка.

Само 21 земја во светот не ги „искусиле" терористичките напади помеѓу 2002 и 2011 година.

Земјите со ниски приходи се помалку подложни на тероризам, отколу земјите со средни приходи, што укажува дека сиромаштијата не е главен мотив за таквите напади.

Тероризмот е поврзан со ниската политичка стабилност, недоволна поврзаност на различни групи во општеството, кршењето на човековите прва и високиот степен на меѓусебни обвинувања меѓу различните групи.

Но во моментов, во светот проблемите поврзани со растот на верскиот екстремизам, особено исламски, се акутни.

Во јавната свест, исламскиот екстремизам е силно поврзан со вахабизмот. Во исто време, некои муслимани сметаат дека следбениците на ова религиозно движење се борци за прочистување на исламот.

Вахабизмот како идеолошки тренд во исламот е тесно поврзан со Саудиска Арабија и се користи од страна на владејачките кругови во остварувањето на целите на надворешната политика.

Вахабистите имаат за цел „чистење" на исламот, но методите што ги применуваат за ова не се „поддржани" од Светиот Куран.

Арапско-израелската војна од 1973 година, доведе до брзо зголемување на цените на нафтата. Како резултат на тоа се зголеми богатството на владејачката елита на Саудиска Арабија.

Вахабизмот се искористи од страна на Соединетите Американски Држави како идеолошка основа за справување со распоредувањето на советските трупи во Авганистан во 1979 година.

**7.Користена литература**

1. Политичка енциклопедија, Савремена администрација, Белград, 1975.
2. Мала енциклопедија, ИП Просвета, Београд, 1970.
3. Вујаклија, М., Лексикон на странски зборови и изрази, Просвета, Белград, 1970.
4. Primoratz, I., What is Terrorism? in Terrorism: The Philosophical Issues, Igor Primoratz, editor, London, Palgrave, 2004.
5. Gaćinović, R., Institut za političke studije, Beograd.
6. Banićević, N., Međunarodno pravni i institucionalni aspekti borbe protiv terorizma, 1.2. Definicija terorizma.
7. International Convention for the Suppression of the Financing of Terrorism, May 5, 2004.
8. http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2010-prolece/20.%20Vahabizam%20radikalni%20islamisticki%20pokret%20-%20Dragan%20Bojanic.pdf
9. https://svjetlo.com/775-razvoj-islamskog-ekstremizma-1
10. http://fb.uklo.edu.mk/fs?file=announcements/2533/files/08f0e9bc-a88e-48c9-9357-e0aa53581025.pdf&name=08f0e9bc-a88e-48c9-9357-e0aa53581025.pdf

ISSN: 1857-8128

11. https://www.slideshare.net/neebitno/65-terorizam-i-antiterorizam
12. http://morm.gov.mk/?shtit
13. https://www.files.ethz.ch/isn/50179/2008_March_Wahabism.pdf
14. https://www.etd.ceu.edu/2012/music_zlatan.pdf
15. https://www.cfc.forces.gc.ca/259/290/317/286/bruic.pdf
16. https://scindeks-clanci.ceon.rs/data/ipdf/0042-8426/2022/0042-84262203074V.pdf
17. https://www.researchgate.net/publication/273770334_Muslims_and_Islamic_Fundamentalism_in_Macedonia
18. https://www.jstor.org/stable/24919736
19. https://eprints.ugd.edu.mk/22005/1/article%20-%20Nenad%20Taneski%2C%20Ferdinand%20Od%C5%BEakov%20final.pdf

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# PRISONS IN THE UNITED KINGDOM

*Associate Prof. Dr. Natasha Georgieva*
*natashageorgievaivanovska@gmail.com*
*Faculty of Security Sciences*
*MIT University-Skopje*

*Alexander Arsovski*
*aleksandar.ar@hotmail.com*
*MIT University-Skopje*

## Abstract

The social reaction to criminal behavior throughout history has gone through several stages, starting with expulsion from the community, destruction of property, ridicule, punishments aimed at revenge against the perpetrator and intimidation of other potential perpetrators, humiliation, continuing with various forms of torture, torture and survival, reaching the death penalty. With the development course of the organized society, aspirations for setting up a certain system of measures, in order to ensure the effect of protecting the basic rights and freedoms of man, gradually began to appear. Gradually, with the development of criminal law, a system of criminal sanctions was established in each state. More specifically, this paper provides an elaboration, explanation and analysis of the historical development period of prison institutions with special reference to prisons in the United Kingdom.

**Key words:** *prison, sentence, punishment.*

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ЗАТВОРИ ВО ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО

*Вонр. проф. д-р Наташа Георгиева*

*natashageorgievaivanovska@gmail.com*

*Факултет за безбедносни науки*

*МИТ Универзитет-Скопје*

*Александар Арсовски*

*aleksandar.ar@hotmail.com*

*МИТ Универзитет-Скопје*

**Апстракт**

Општествената реакција на криминалните поведенија низ историјата, минала низ повеќе фази, почнувајќи со протерување од заедницата, уништување на имотот, исмејување, казни насочени кон одмазда спрема сторителот и застрашување на другите потенцијални сторители, омаловажување, продолжувајќи со разни облици на мачење, тортура и изживување, стигнувајќи до смртната казна. Со развојниот тек на организираното општество, постепено започнале да се појавуваат стремежи за поставување на одреден систем на мерки, со цел да се обезбеди ефект на заштита на основните права и слободи на човекот. Постепено, со развојот на казненото право, во секоја држава се воспоставил систем на кривични санкции. Поконкретно во овој труд е дадена елаборација, експликација и анализа на историскиот развоен период на затворските установи со посебен осврт на затворите во Обединетото кралство.

**Клучни зборови:** затвор, казна, казнување.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1.ВОВЕД

Казнувањето постои од кога постојат и престапниците, а заедниците односно државите се труделе да ги заштитат своите вредности и да ги казнат престапниците.

Начините на казнување биле различни како и самите цели.

За поголемиот дел од историјата, затворањето не било само по себе казна, туку начин да се ограничат криминалците додека не се изврши казната (често телесна или смртна казна).

Имало затвори што се користеле за притвор во Ерусалим во времето на Стариот завет, а и Библијата го опишува затворањето на Јосиф во Египет.

Занданите биле користени за да се држат затворениците, особено оние кои не биле убиени или пак заминале таму да умрат, тие честопати станувале робови на галија или биле соочени со казнени пренасочувања.

Во други случаи должниците најчесто биле фрлени во затворите на должникот, додека не платат доволно пари за ограничен степен на слобода.

Затворот како појава се сретнува речиси сите последователни периоди на човековата историја, но својата права смисла и функција ја добива во поновата историја, некаде околу осумнаесеттиот век.

## 2.ИСТОРИЈА НА ЗАТВОРИТЕ

Затворите постоеле во човечкото општество илјадници години.

За затвор се смета институција во која се држи лице лишено од слобода.

Во денешни услови, затворите служат за издржување казна заради извршување кривично дело и прекршување на законски пропишаните правила.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 2.1.Древни затвори

Од раѓањето на современата цивилизација во 3-тиот милениум п.н.е., скоро секоја голема древна цивилизација користела концепт на затворите како средство за задржување и отстранување на личните слободи на одреден тип луѓе.

Во тие рани историски периоди, затворите честопати се користеле како привремена стапица пред да се изрече смрт или живот во ропство, но со текот на времето и развојот на цивилизацијата, затворите почнале да се приспособуваат во вид на воспитно-поправни установи кои започнале со спроведување на концептот на рехабилитација, ресоцијализација и реформа на затворениците.

Освен задржување на осудени или осомничени криминалци, затворите често биле користени за затворање и на политички затвореници, непријатели на државата и воени затвореници.

Најраните записи за затворите доаѓаат некаде од 1 милениуми п.н.е., лоцирани во областите на древните цивилизации на Месопотамија и Египет.

Во тоа време затворите речиси секогаш биле стационирани во подземни зандани, каде што виновниците или осомничените криминалци го поминувале својот живот или чекале смртна казна, или заповед да станат робови (често работеле како робови на бродови).

Исклучок од тоа правило доаѓа од домот на модерната демократија - Грција.

Таму, затворениците биле држени во лошо изолирани згради, каде можеле да бидат посетувани од нивните пријатели и семејството.

Скратувањето на слободата не биле занданите, високите ѕидови или решетките, туку едноставни дрвени блокови.[85]

[85]http://www.prisonhistory.net/prison-history/history-of-prisons/

ISSN: 1857-8128

### *2.2.Римски затвори*

За време на Римската Империја се користеле поостри методи.

Нивните затвори биле изградени речиси исклучиво под земја, со тесни и клаустрофобични премини и ќелии.

Самите затвореници се држеле или во едноставни ќелии или биле оковани на ѕидовите, додека ја отслужувале казната.

Бидејќи во тоа време ропството била прифатена норма, повеќето затвореници кои не биле осудени на смрт, биле продавани како робови или биле користени од страна на римската власт како работна сила.

Една од најпознатата употреба на робовите во Римската Империја била познатата варијанта на „гладијатори“.

Големите нечовечки борби се одржувале во Колосеум Арената во Рим, имало повеќе од 224 робови, кои секојдневно работеле.

Со помош на 24 лифтови се превезувале гладијаторите и дивите животни како противници, од подземните зандани до арената.

Во Рим, постоел древен затвор наречен Мамертин, кој, според традицијата, бил изграден околу 640-616 п.н.е., од страна на Анкус Марциус.

Овој затвор се состоел од две соби кои се наоѓале една над друга.

Долната соба, инаку позната како Тулианум, била наменета за приврзаниците на Картагина, кои биле притворани во неа до погубувањето.

Според легендата и Свети Петар бил затвореник во овој затвор.

Името на долната соба потекнува од латинскиот збор „тулиус“ што значи водоводна цевка. Ова сугерира дека Тулианум бил во облик на резервоар.

Над неа се наоѓала уште една соба, со многу тесни отвори за воздух и дневна светлина. На врвот имало отвор низ кој затворениците биле вметнувани во просторијата.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Тогаш постоеле два вида на заточеништво, првиот во облик на заклучување со окови и вториот вид - затвори.

Најпознатиот римски затвор сè уште може да се посети денес.

При доволно светлина може да се видат остатоци од блескавиот бел мермер на Форумот.

Можат да се посетат само малите соби со дупки во подот од каде биле внесувани затворениците.

Ова било влез во занданата, изграден по наредба на шестиот римски цар, Сервиј Тулиј.

Sallust го опишал на следниов начин - „Неговиот изглед е одвратен и грд поради нечистотијата, темнината и смрдеата“. Тоа било соба, 2м. висока, 30м долга и 22м. широка, каде затворениците, кои биле осудени на смрт биле фрлани низ отворот додека умирале од глад и страв. Оттука потекнува и фразата „да се фрли во затвор“.

Потврда за постоење на други јавни затвори дава и Улпиано, во препис на одредени акти на царот Адријан, кој се занимавал со формализирање на прописите за управување со затворениците.

Забелешката особено се однесувала на „паникулариуми“ или на начините со управување и затворање, преку ефектите што ги имало истото врз затворениците за време на нивното затворање.[86]

---

[86]http://www.prisonhistory.net/prison-history/history-of-prisons/

Nick, S., Archeologists find evidence of St Peter’s prison, 2010.

Hassett, M., Mamertine Prison, in The Catholic Encyclopedia, New York, 1910.

Wilkins, T., A., Sallust’s Tullianum: Reality, Description, and Beyond, in Rome and Her Monuments, Essays on the City and Literature of Rome in Honor of Katherine A. Geffcken, Bolchazy-Carducci, 2000.

Watkin, D., The Roman Forum, 2009.

Millar, F., Condemnation to Hard Labour in the Roman Empire, from the Julio-Claudians to Constantine, in Rome, the Greek World, and the East, Society and Culture in the Roman Empire, University of North Carolina Press, 2004.

Bauman, Crime and Punishment in Ancient Rome.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

## 2.3.Средновековни затвори

Самото затворање не се сметало за казна до 14 или 15 век, наместо тоа, затворите биле наменети само за ограничување на луѓето до нивното судење или наметнување телесно казнување или прогонство.

Затворите биле искористени за притвор на оние од кој владетелите немале корист (политичките затвореници), обичните криминалци, робови, воени затвореници, должници и оние кои беа осудени за предавство.

Затворањето било искористено и за принудување на исплатата на долговите.

Животните услови во раните затвори било недостојни и многу затвореници не преживувале.

Многу затвори биле изградени под земја со малку или без светлина.

Ретко биле одвојувани мажите, жените или пак децата.

Во 13-тиот век, некои затвори почнале да ги одвојуваат жените од мажите и да ги разделуваат престапниците според на делата.

На пример, злосторниците и сериозните престапници често се државе под земја, додека должниците, политичките затвореници и воените затвореници биле чувани во поголеми простории над земјата.

Малку докази постојат за овие древни затвори.

Наспроти ова, секуларните општински затвори на крајот на Средниот век прикажуваат неколку клучни иновации, во кои не спаѓаат внимателните регулативи и административната софистицираност.

Во Фиренца, на пример, имало четворица стражари, четири до шест чувари, нотар, камерлејнер, лекар, капелан, чувар и двајца монаси присутни за потребите на затворениците, како и три различни надзорни одбори за следење на однесувањето на службениците и благосостојбата на затворениците.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Самите вработени живееле и работеле во просториите на новоформираниот - Le Stinche (основан во 1297) – веројатно првиот наменски изграден затвор во Италија и еден од првите во Европа.

Овој модел бил копиран во неколку други градови.

Како посовремена замена на затворот е познатата „работната куќа“ (Rasphuis) од 1600 во Холандија.

Во куќата вообичаено управувала брачна двојка, „татко“ и „мајка“, заедно со мајстор за работа и дисциплина.

Затворениците често го минувале времето во предење, ткаење и изработка на облека, а нивното производство било мерено, така што оние кои го надминувале минимумот добивале мала сума пари со која можеле да купат одредени производи.

Многу повеќе информации може да се најдат за затворите изградени во замоци и тврдини во периодот од 12 до 17 век, бидејќи многу од овие згради се уште стојат.

Често биле градени затвори во камените замоци, во кои исто така каде биле сместени господарот и неговото семејство.

А „donjon“ (денес зандана), обично беше одбранбена структура изградена неколку ката над внатрешниот двор. Оваа област била искористена за притворање на политички затвореници, како и криминалци.

Некои замоци имале железни кафези, кои виселе од таванот во кој се сместувале затворениците.

Други пак биле со повеќе нивоа на притвор, при што најниското ниво често се нарекувало „јама“, резервирани за повеќето престапници или оние со низок социјален статус.

Иако немало „стандардна“ затворска архитектура, затворските простории ги споделуваат заедничките карактеристики: мали прозорци кои често биле повеќе од седум метри над подот, но бидејќи ѕидовите обично биле дебели повеќе од 3 метри, прозорците недоволно обезбедувале светлина или проток на воздух.

Тоалетот обично бил кофа или дупка во подот.

Лондонската кула, една од најстарите кули во Британија, веројатно е најпозната од овој вид затвор.

Се состои од четири нивоа, со најниско ниво (наречено трезор) кои се користел до крајот на 15 век како затвор за бунтовници, пирати и еврејски луѓе кои се предмет на верски прогон.

Лондонската кула, исто така, ги држела политичките затвореници низ вековите и воените затвореници во Првата  Светска Војна.

Во приземјето од кулите во затворите вообичаено биле сместени затвореници и нивните чувари, на вториот кат биле затворени благородни мажи и нивните семејства во пространи простории, а на горниот кат биле сместувани слугите на затворените благородници.

Затворениците кои биле богати не страдале многу,  имале многу храна, а понекогаш биле во можност да имаат и контакт  со нивните семејства кои можеле да останат со нив за одредена цена.

Затворот Килмајнхам Гаол во Ирска имал прозорци покрај улицата, така што затворениците можеле да молат за храна или алкохол од минувачите.

Многу познат пример за овој вид затвор е Бастилја во Франција. Једикуле Хисари во денешен Истанбул, Замокот на Спилберг, Венецијанскиот затвор на дворецот се повеќе примери од овој тип.

Условите во европските затвори останале тешки, сè додека англиската монархија не била повеќе вклучена во нивниот правен систем.

Хенри II ја нарачал изградбата на првиот затвор во 1166 година, заедно со првиот нацрт направен од англискиот правен систем.

Една од најисториските затворски законик бил воведен во 1215 година, кога кралот Џон го потпишал актот познат како Magna carta, која велела дека никој не може да биде затворен без судење.

Со порастот на индустријата помеѓу 16 и 18 век, англиските затвори станале пренатрупани и почнале да се применуваат нови казнени мерки - воено помилување и

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

казнени експедиции (во текот на 18 век, преку 50 илјади затвореници билетранспортирани од Англија во казнени колонии во Северна Америка и Австралија).

Франција продолжила со практиката на казнени колонии дури до средината на 20 век (најмногу во француската Гвајана и озлогласениот затвор Ѓаволски остров), а Русија исто така користела и далечни казнени експедиции во замрзнатиот североисточен Сибир.[87]

## 2.4.Затвори во модерниот период

Во текот на 17 и 18 век, затворањето на криминалците во затворите се проширило низ САД и Европа.

Бидејќи употребата на затворите како казна станало вообичаена практика, казнените иновации низ континентална Европа влијаеле врз развојот на конкурентските системи за дисциплина во затворите во САД.

Спротивно, системи во САД за возврат промовирале промена во казнените политики. Состојбата на затворските системи е добро документирана, од извештаите за сиромашните услови во раните европски затвори преку историски прегледи на физичките затворски структури.

Научниците спровеле студии на случај на историски казнено-поправни установи и ја испитале историјата на жените во затвор, што дава живописна слика за затворите низ историјата.

Во Хамбург се практикувал поинаков модел на затвори во 1669 година, во кој биле примени само злогласните криминалци.

Ова било платено од јавната каса и овој модел се проширил во Германија од осумнаесеттиот век.

[87] Guy, G., The Medieval Prison: A Social History, Princeton University/Princeton University Press, 2008.

https://www.britannica.com/topic/Tower-of-London

http://www.prisonhistory.net/prison-history/history-of-prisons/

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Осаменото затворање на криминалци станало идеално меѓу рационалистичките реформатори на 18 век, кои верувале дека осаменоста ќе му помогне на сторителот да се покае и тоа покајание ќе резултира со реформација.

Оваа идеја за прв пат била тестирана во САД, во источниот државен затвор, кој бил отворен во Филаделфија во 1829 година.

Затвореник на оваа институција останувал сам во неговата ќелија или дворот, работејќи сам на занаети како што се ткаење, столарија или чевларство, и не бил ви контакт освен со службениците на установата и повремени посетители од надвор.

Овој метод на управување со затвор, познат како „посебен систем", станал модел за казнените институции и во неколку други држави во САД и низ цела Европа.

Употребата на смртна казна и судската тортура се намалила во осумнаесеттиот век, а затворањето доминирало во системот, иако реформските движења започнале борба против таквото однесување.

До средината на деветнаесеттиот век, неколку земји иницирале експерименти дозволувајќи им на затворениците да ги изберат професиите за кои требало да се школуваат.

Зголемениот рецидивизам во втората половина на деветнаесеттиот век довело голем број криминолози да тврдат дека „затворањето не го направило и не може да ја исполни својота оригинална идеја на третман со цел да се реинтегрира сторителот во заедницата".

Белгија прва излегла со начинот на воведување на условна казна за одредени прекршители во 1888 година, следствено и Франција во 1891 година и повеќето други земји во следните неколку години.

На почетокот било воведено на експериментална основа во Франција во 1830-тите, со законите за малолетници воведено во 1850 година, а Португалија почнала да го користи за возрасни криминалци од 1861 година.

Затворите, во модемска смисла, се производи од минатиот век.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Тоа е наследство на британското владеење. E.C Winese забележал дека „затворскиот систем во Индиската империја, како и британското владеење во таа земја, не напреднал, се додека не се консолидирала империјата и се вовел поимот третман на криминалците кои подоцна станало поим за изучување меѓу признаените гранки на судската администрација“.

Спред спроведена анкета за сместување во затворите низ териториите на Британската Источноиндиска империја уште во 1805, пред 1835 година „империјата“ имала 43 граѓански, 75 кривични и 68 мешани затвори.[88]

## 2.5.Современи затвори

Во модерните времиња, идејата за создавање безбедни и чисти живеалишта се шири од цивилното население, и тоа на етички основи кои ги укоруваат небезбедните и нехигиенските затвори, ги кршат уставните (законски) забрани против суровото и невообичаено казнување.

Затворските реформи започнале да стапуваат да се развиваат во 19 век во Америка, а во Европа од 20 век, па се до денес.

Во последно време идеите за затворите вклучуваат поголем пристап до правен советник и семејство, брачни посети, проактивна безбедност против насилство и спроведување на домашен притвор со помош на технологија.

Повоените реформи ја нагласиле потребата државата да ја прилагоди казната на поединецот според делото.

Во 1965 година, Шведска донела нов кривичен законик со нагласување на не-институционални алтернативи на казнување, вклучувајќи условни казни, условна казна за прекршителите  и поширока употреба на парични казни.

[88]https://earlymodernprisons.com/
https://link.springer.com/content/pdf/10.1057/9780230277069_1.pdf

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Употребата на условна казна предизвика драматично опаѓање на бројот на жени кои служат долгорочни казни.

Во Франција бројот се намалил од 5.231 во 1946 година на 1.121 во 1980 година.

Во Холандија, религиозните и филантропските групи се одговорни за голем дел од новите начини како функционираат затворите.

Холандската влада многу вложува во казнено-поправниот персонал, и нина едукација сметајќи на побрза рехабилитација на затворениците.[89]

## 3.ЗАТВОРИ ВО ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО

Обединетото Кралство е составено од три различни системи.

Шкотска и Северна Ирска функционираат со пренесени овластувања од британскиот парламент. Според тоа, нивните системи значително се разликуваат на различни начини.

Англија и Велс собираат, пропорционално, десет пати повеќе затвореници отколку во комбинација Шкотска и Северна Ирска.

Нивниот казнено-поправен систем се заснова на Затворските правила од 1999 година.

Овие прилично општи одредби се комплетирани од Наредбите за затворски служби (НЗС) и Упатствата за затворска служба (УЗС).

НЗС и УЗС се обновуваат на секои неколку години и овозможуваат на администрацијата да има постојано развивачко законодавство.

Администрацијата е позната дека објавува важен износ на податоци, како што е неделната статистика на населението.

[89] https://www.unodc.org/unodc/en/justice-and-prison-reform/prison-reform-andalternatives-to imprisonment.html

https://www.easternstate.org/explore/exhibits/prisons-today

https://www.criminaljusticedegreehub.com/modern-prisons-predecessors/

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Приватните актери сѐ повеќе вклучуваат засегнати страни во затворскиот имот: градење и водење на институции, управување со услугите за храна, нудење на ниско платени и широки можности за работа на затворениците, обезбедување на здравствени услуги.

Тие, исто така, привлекуваат широко распространети проблеми, вклучително и од владата. За прв пат во април 2019 година е донесена одлука за ренационализација на установата заради услови на притвор.

Смртната казна беше укината во 1998 година. Изречени се доживотни казни. Овие реченици се користат повеќе од каде било во Европа.

Бројот на лица осудени на „доживотен затвор“ значително се зголеми од 1982 година.

Ниту еден затвореник кој е осуден на доживотен затвор, никогаш не е пуштен на слобода.

Затворањето за јавна заштита (ЗЈЗ), на неопределена казна што им овозможува на судовите да ги задржат луѓето во затвор по датумот на ослободување, доколку сметаат дека се премногу опасни, беше прогласено за нелегално во 2012 година.

Одлуката немаше повратно дејство. 2.489 затвореници, осудени пред тој датум, сѐ уште издржуваат казна за ЗЈЗ.

Затворската администрација става осудени лица во различни установи во зависност од полот, возраста и проценката на личен ризик.

Децата може да бидат затворени од 10 години.

Бремените жени можат да аплицираат да бидат сместени во модерни единици за мајки и бебиња.

Децата се разделени од нивните мајки по 18 месеци.

Системот се заснова на широки списоци на регулативи, но минималните стандарди што ги содржат се поскромни во споредба со другите земји.

Законодавството предвидува минимум 30 минути надвор од нивните ќелии и најмалку едно туширање неделно за затворениците.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Инспекторатот за затвори редовно проследува недостаток на соодветна вентилација, греење и пристап до чиста санитација заради дотраената состојба на затворите што потекнува од викторијанската ера.

Многу аспекти на животот на затворениците се оставени на проценката на затворскиот персонал. Општ недостаток на персонал во целиот имот и нивната ограничена обука (12 недели) честопати се дава како главна причина што не се исполнети пристојните стандарди.

Суштинските аспекти, како што е пристапот до основните права (туш, телефон, итн.), соодветната примарна здравствена заштита и спречувањето самоубиство неразмерно влијаат.

Насилството стана, во некои установи, а особено во институциите за млади сторители, неконтролирано. Тоа предизвика зголемување од 60% од интервенциите на националната елита од 2014 до 2018 година.

Министерството за правда ги класифицира затворениците во различни режими на притвор во зависност од полот, возраста и проценката на личен ризик. Министерството дава дефиниција за секоја од овие категории.

Возрасни машки затвореници:

- Категорија А: Затвореници чие бегство би било многу опасно за јавноста, полицијата или безбедноста на државата. Категоријата А е поделена во три подгрупи - потенцијални, привремени и потврдени. Ризикот од бегство на затворениците од категоријата А се проценува на едно од трите нивоа - стандарден, висок и исклучителен.
- Категорија Б: Затвореници за кои не се неопходни највисоките услови на безбедност, но за кои бегството мора да биде отежнато.
- Категорија В: Затворениците на кои не може да им се верува во отворени услови, но немаат ресурси и волја да направат определен обид за бегство.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

- Категорија Д: Затвореници кои претставуваат мал ризик и може да им се верува во отворени услови.

Возрасни жени и млади затвореници:

- Категорија А: Исти критериуми како возрасни машки затвореници. Многу е ретко кога затвореник жена ги исполнува критериумите за категорија А, и затоа најголемата категорија за безбедност во секојдневна употреба обично е ограничен статус.
- Ограничен статус: Секое женско, младо лице или млад затвореник осуден или притворен, чие бегство би претставувало сериозен ризик за јавноста и од кои се бара да бидат задржани во одредено безбедно сместување.
- Затворени услови: Затвореници за кои не се потребни високи услови за безбедност. Меѓутоа, тие претставуваат преголем ризик за отворени услови или за кои отворени услови не се соодветни.
- Отворени услови: Затворениците кои имаат низок ризик и на кои може да им се верува во отворени услови.

Кога некој ќе пристигне во затвор, има најмалку едно интервју и проценка, така што:

- ќе ги разбере затворските правила и процедури;
- ќе ги знае кои се неговите права;
- се информираме за достапните курсеви;
- добива соодветна здравствена заштита;
- затвореникот добива затворски број, а нивниот имот е снимен и ставен некаде безбеден сè додека не бидат ослободени.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

На затворениците им се дава категорија на безбедност врз основа на:

- колкава е веројатноста да се обидат да избегаат;
- нивниот ризик да им нанесат штета на другите затвореници и вработените во затворите.

Затвореник може да биде пренесен во друг затвор со различна категорија на безбедност во секое време.

Затворениците што ги следат правилата можат да заработат привилегии.

Ова се нарекува „шема на стимуланси и заработени привилегии“.

Затвореник може да:

- да добие повеќе посети од семејство или пријатели;
- да им биде дозволено да трошат повеќе пари секоја недела.

Привилегиите се различни во секој затвор - персоналот може да му објасни на затвореникот како работи шемата.

Затвореник кој крши затворски правила, обично се казнува. Тие можат да бидат:

- чувани во својата ќелија до 21 ден;
- дадени до 42 дополнителни денови во затвор, над првобитната казна;
- Затворот може да им одземе привилегии - на пр. отстранување телевизор од ќелија.

Затворениците имаат права, вклучувајќи:

- заштита од малтретирање и расно вознемирување;
- да може да стапи во контакт со адвокат;
- здравствена заштита - вклучително и поддршка за состојба на ментално здравје.

Сите затвореници треба да можат да поминуваат помеѓу 30 минути и еден час надвор на отворено секој ден.

Затворениците добиваат иста здравствена заштита и третман како и секој надвор од затворот.

Третманот е бесплатен, но мора да биде одобрен од лекар од затвор или од член на тим за здравствена заштита.

Затворите немаат болници, но многу од нив имаат кревети за пациенти.

Повеќето проблеми ги решава здравствениот тим. Доколку здравствениот тим не може да го решат проблемот, затворот може:

- да добие експерт да го посети затворот;
- да организира лекување во надворешна болница.

Здравствениот тим може да побара матичен лекар за нивната евиденција, но само ако затвореникот се согласи на тоа.

Затворениците можат да добијат специјалистичка поддршка - на пример, доколку:

- имаат проблеми со дрога или алкохол;
- имаат ХИВ или СИДА;
- се оневозможени или имаат тешкотии во учењето.

Затвореник може да одбие лекување.

Сепак, здравствениот тим може да избере да се лекува ако затвореникот не е способен сам да донесува одлуки (пример - при состојба на ментално здравје).

Каде и да е можно, здравствениот тим прво ќе разговара за ова со семејството на затвореникот.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Персоналот е обучен да забележи затвореници во опасност од малтретирање, самоубиство или самоповредување.

Затвореникот може да добие свој раководител на случаи, кој ќе се погрижи:

- за нивното ментално здравје - на пр. доколку се чувствуваат депресивни;
- да добијат редовна поддршка од специјалист за здравство.

Повеќето затвори имаат и „шеми на слушатели“ кои нудат емоционална поддршка во доверба - нормално од колеги затвореници.

Затвореник може да биде пренесен во безбедна психијатриска болница заради нивна сопствена безбедност.

Ова се случува само ако исполнуваат одредени услови според Законот за ментално здравје.

Штом затвореникот се подобри, тие се враќаат во затвор.

Некои затвори водат доверлива телефонска линија за посигурно чување притвор каде што можете да оставите порака во која се објаснуваат вашите проблеми.

Жените кои раѓаат во затвор можат да го задржат своето бебе првите 18 месеци во единицата за мајки и бебиња.

Затвореник со дете под 18 месеци може да аплицира да го донесе своето дете во затвор со нив.

Социјалните служби предвидуваат децата над 18 месеци да бидат згрижени, на пример, од родителите на затвореникот или од домови за згрижување.

Курсевите се нормално достапни за да им се помогне на затворениците да добијат нови вештини, на пр. учење да читаат и пишуваат, користат компјутери и да прават основни математички пресметки. Повеќето затвореници добиваат индивидуални планови за учење кои наведуваат курсеви и обука.

Повеќето курсеви водат до квалификации што ги признаваат работодавците надвор од затворот.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Затвореник може да научи вештини, на пр. дрводелство, инженеринг или градинарство.

Многу затвореници добиваат можност да работат додека ја издржуваат својата казна, на пример, да прават облека и мебел или електротехника.

Ова е направено на затворски работилници и обично се работи за платена работа.

Затворениците исто така можат да работат околу самиот затвор - на пример во кујни и алишта.

На затвореникот со низок ризик може да му биде дозволено да работи во заедницата.[90]

## 4.ЗАКЛУЧОК

Казнувањето своите корени ги наоѓа уште во првобитно формирните заедници како одговор на недозволено однесување и кршење на правилата на заедницата.

Тргнувајќи од историскиот развиток, во стариот и средниот век затворите немале карактер на кривична санкција, туку се применувале со цел ограничување на слободата на луѓето се до донесувањето на пресуда, за задржување должници, како и скитници, просјаци и алкохоличари.

Дури во 18-тиот век затворската казна добива карактер на кривична санкција во вистинска смисла на зборот.

Самата идеја дека целта на затварањето е да се казни еден престапник, станала јасна дури во периодот на новиот век.

Всушност главните функции на затварањето на оние кои гикршат законите се: казнување, поправање и заплашување.

[90] https://www.gov.uk/staying-in-touch-with-someone-in-prison
https://www.prisonstudies.org/country/united-kingdom-england-wales
https://churchandprison.org/u-k-prisons/

Денес дизајнот на затворот најчесто вклучува директен или индиректен надзор: Наместо изолирање затвореници во ќелии на линеарен начин, објектот се состои од делови групирани околу централната мониторинг станица.

Затворениците го поминуваат поголемиот дел од своето време во заеднички делови, при што службениците за поправки постојано го следат нивното однесување и директно комуницираат со нив.

Покрај зголемувањето на безбедноста на затворениците и вработените, овие затвори се сметаат за поекономични и поттикнуваат попозитивна, рехабилитациона средина за затворениците.

**5.Користена литература**

1. Bauman, Crime and Punishment in Ancient Rome.
2. Guy, G., The Medieval Prison: A Social History, Princeton University/Princeton University Press, 2008.
3. Millar, F., Condemnation to Hard Labour in the Roman Empire, from the Julio-Claudians to Constantine, in Rome, the Greek World, and the East, Society and Culture in the Roman Empire, University of North Carolina Press, 2004.
4. Nick, S., Archeologists find evidence of St Peter's prison, 2010.
5. Hassett, M., Mamertine Prison, in The Catholic Encyclopedia, New York, 1910.
6. Wilkins, T., A., Sallust's Tullianum: Reality, Description, and Beyond, in Rome and Her Monuments, Essays on the City and Literature of Rome in Honor of Katherine A. Geffcken, Bolchazy-Carducci, 2000.
7. Watkin, D., The Roman Forum, 2009.
8. https://www.britannica.com/topic/Tower-of-London
9. http://www.prisonhistory.net/prison-history/history-of-prisons/
10. https://earlymodernprisons.com/
11. https://link.springer.com/content/pdf/10.1057/9780230277069_1.pdf
12. https://www.unodc.org/unodc/en/justice-and-prison-reform/prison-reform-andalternatives-to imprisonment.html

13. https://www.easternstate.org/explore/exhibits/prisons-today
14. https://www.criminaljusticedegreehub.com/modern-prisons-predecessors/
15. https://www.gov.uk/staying-in-touch-with-someone-in-prison
16. https://www.prisonstudies.org/country/united-kingdom-england-wales
17. https://churchandprison.org/u-k-prisons/

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# BASIC MONEY LAUNDERING SCHEMES

*Biljana Buzlevski, PhD*
*MIT University - Skopje, Republic of North Macedonia*
*biljana.buzlevski@gmail.com*

*Natasha Georgieva, PhD*
*MIT University - Skopje, Republic of North Macedonia* *natashageorgievaivanovska@gmail.com*

**Abstract**

Realizing the importance of money laundering in a global framework and the complexity of the world financial system in which laundered money is brought into legal flows in different ways, in this paper we will look a little at the schemes used in money laundering. There are simple, complex and very complex ways or schemes of money laundering, and in this paper we will look at the basic and simplest money laundering schemes.

**Keywords:** *Financial system, money laundering, basic money laundering schemes.*

# ОСНОВНИ ШЕМИ ЗА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

*д-р Билјана Бузлевски*
*МИТ Универзитет - Скопје, Република Северна Македонија* *biljana.buzlevski@gmail.com*

*д-р Наташа Георгиева*
*МИТ Универзитет - Скопје, Република Северна Македонија*
*natashageorgievaivanovska@gmail.com*

**Апстракт**

Согледувајќи го значењето на перењето пари во глобални рамки и комплексноста на светскиот финансиски систем во кој на различни начини се внесуваат перените пари во легалните токови, во овој труд ќе погледнеме малку кон шемите кои се употребуваат при

перењето пари. Постојат едноставни, сложени и многу сложени начини или шеми на перење пари, а во овој труд ќе ги разгледаме основните и наједноставни шеми за перење пари.

**Клучни зборови:** *Финансиски систем, перење пари, основни шеми за перење пари.*

## 1.ВОВЕД

Постојат неколку основни шеми на перење пари, и тоа:

1. Номинирани лица;
2. Едноставна бизнис-маска;
3. Проста банкарска шема;
4. Комбинација на перење пари банка-бизнис.

Во едноставната шема за перење пари постојат неколку вообичаени чекори кои претставуваат основен клуч на учесниците во шемата за перење пари и секако самите лица-учесници, а тоа се:

- лицето на кое е наменет износот;
- криминалниот соработник преку кого поминуваат парите;
- електронска или готовинска трансакција;
- банка или финансиска институција преку која поминуваат парите;
- банковна или трансакциска сметка на која пристигнува трансакцијата;
- бизнис за покривање на сметката и употребените пари;
- фирмата или корпорацијата која го покрива бизнисот и служи како форма;
- офшор фирма;
- видлив имот како финале на целата процедура.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 2. НОМИНИРАНИ ЛИЦА

Употребата на номинирани лица е основата на секоја шема, а доколку употребата на овие лица е поголемиот дел од шемата за перење пари тогаш е и полесно случајот да се заврши. Преку употребата на номинираните лица не постои некоја длабочина, но овие едноставни шеми се популарни во финансиските измами, иако номинираните лица се елемент и во покомплемсните шеми.

Номинирано лице е било кое лице назначено да врши одредена должност или пак, назначено да изведува одредени дела или функции.

Во случаите на перење пари, поседите како што се автомобили, сметки во банка, или дури и имот, може да се препишат на тоа номинирано лице.[91]

Карактеристики на номинираните лица се:[92]

- секогаш се работи за вистински луѓе;
- свесни се дека се употребувани во овој капацитет;
- тоа се луѓе од доверба од страна на оној кој ги именувал;
- блиски до наименителот за да може да се оствари комуникација;
- најчесто се роднини или блиски пријатели  на организторот.

Главната цел при употребата на номинираното лице е прикривањето и се употребува во фазата на напластување во циклусот на перење пари.

Во некои ситуации, употребата на номинираното лице може да ја сопре процедурата во истрагата на перењето пари, особено доколку оваа лице е адвокат, и во земјата каде што работи овој вид на поседување е во сферата на тајноста. Втор специјален случај е можноста номинираното лице да е поставено за директор на компанијата од страна на менаџментот и воопшто да не е свесно за перењето пари преку неговата компанија.

[91] Madinger, J., Money Laundering: A guide for Criminal Investigators, Taylor & Francis Group, LLC-2nd ed., New York, 2006.
[92] Madinger, J., Money Laundering: A guide for Criminal Investigators, Taylor & Francis Group, LLC-2nd ed., New York, 2006.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

### 2.1. Истрага на шема со номинирано лице

Ранливиот дел од шемата е самото номинирано лице, кое е лице од доверба. Вообичаено е лицето кое е номинирано многу тешко може да врши поголема дејност без фалсификување на некои од финансиските записи, особено затоа што се направени голем број записи, а тоа предизвикува уште едно кривично дело-фалсификување.

Номинираното лице е добар извор на информации, особено доколку треба да објасни како дошол до толку голем имот, а доказите се во можеби најбаналните документи, како што се сметките, комуналиите, сметките за одржување и други второстепени документи.

Корисни информации се добиваат и од редовните финансиски документи како:

- банковни извештаи за извршени трансакции или банкарско работење поврзано со имотот;
- даночни записи за платените даноци;
- бизнис или деловни записи за одржување и други активности.

Корисни се и следењето на номинираното лице и неговите секојдневни активности и употреба на имотот кој наводно го поседува.

Подолу ќе прикажеме една шема на која е претставен наједноставниот начин на употреба на номинирано лице.

**Шема бр.1**
**Едноставна употреба на номинирано лице во перењето на пари**



Оваа едноставна шема овозможува и релативно лесна истрага.

Едноставно, доколку со следењето на номинираното лице е забележливо дека тоа и понатаму го употребува својот стар и комерцијален автомобил, а луксузниот автомобил го употребува номинаторот, тогаш заклучокот е едноставен.

Оваа шема немора да се однесува на купување подвижен имот, секако дека може да се употреби и на купување на недвижнини, па дури и цели фирми.

## 3.ЕДНОСТАВНА БИЗНИС-МАСКА

За прикривањето на перење пари преку номинирано лице како директор на фирма погодни се многу бизниси, еве некои такви:[93]

1. Барови и ноќни клубови (можност за продолжен влез на неконтролирана готовина);
2. Ресторани (готовина);
3. Продавање брза храна;
4. Стоковни куќи (готовина, картички, чекови, потрошувачки кредити);
5. Заложувалници (лихварство);
6. Паркинзи (готовина);
7. Секс шопови (готовина);
8. Перални за возила;
9. Мали продавници;
10. Паркинзи за половни возила;
11. Компании за привремено префрлање на обврзници или брокерски куќи (големи суми во електронски трансакции);
12. Хемиски чистења (готовина, картички);
13. Туристички агенции;
14. Менувачници (трансакции на валути, готовина, чекови);
15. Мотели и хотели (готовина, картички);

[93] Георгиева, Н., Бузлевски, Б., Финансиски криминал и перење пари, Скопје, 2021.

16. Изнајмување опрема и други бизниси.

Овие бизниси воглавно работат со готовина, но не се исклучени и електронските трансакции. Овие бизниси се всушност шемата на *„бизнис маска"* која е прикажана на шемата број 2.

**Шема бр.2**

**Бизнис маска**




Истрагата на овие бизнис маски за перење пари најчесто се остварува преку ревизија на сметководството на бизнисот, бидејќи тој како легално заснован мора да има финансиска документација. Мора да поседува банкарски депозити на сметката на фирмата, извршените трансакции и документацијата за набавки и исплати, односно уплати.

ISSN: 1857-8128

Такви документи се:[94]

- дневниот пазар;
- цената на продадените производи или извршени услуги поединечно;
- внесениот приход на банкарската сметка;
- налози за купување, набавка;
- чекови, фактури, заведени трансакции во главната книга;
- фискални сметки;
- дневник на дневен пазар и др.

Доколку се знае колку изнесува вообичаениот влез и излез на сметката и во касата на фирмата, тогаш врз основа на овие документи многу лесно може да се утврди дали фирмата може да има дневен депозит поголем отколку што е во состојба да продаде или даде услуги. Други извори на информации се:

- бизнис записите од осомничената фирма;
- владините документи (УЈП, Централен регистар и др.);
- банковните деловодници за работа на фирмата и трансакциската сметка;
- информациите на другите бизнис субјекти во истата економска или бизнис гранка, а кои ја следат состојбата на пазарот и конкуренцијата.

Создавањето „маска“ за бизнисот во поглед на труд и трошоци претставува еден чекор над номинираното лице.

Во споредба со индивидуалецот или номинираното лице, „едноставната бизнис маска” има неколку предности:[95]

1. Од бизнисот се очекува да создава приход - ова може да дозволи нелегално стекнатите пари да се измешаат со вообичаените банковни депозити;
2. Наименителот може да го воспостави бизнисот на тој начин што ќе може сè уште да го контролира, во случај на корпорација наименителот може да е единствен или да е мнозинство на акционери;

---

[94] Георгиева, Н., Бузлевски, Б., Финансиски криминал и перење пари, Скопје, 2021.
[95] http://eccfp.uklo.edu.mk/files/PostgraduateUpload/Dupcinova_Snezana.pdf

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

3. Како и со номинираното лице, поседите може да се поседуваат на име на бизнисот, па една површна проверка на поседите нема да го открие уделот на наименителот.

Има случаи, каде, наименителот не ни минува низ предлозите за востановување на вистински бизнис-ентитет, туку само употребува име. „Маската" на бизнисот може да се употреби како главно собиралиште или како место каде би можело да се спроведуваат нелегални активности.

Бизнисот би требало да има неколку карактеристики за да биде „корисен" во фазата на пласман.

Вообичаено се работи за претпријатие, кое по својот карактер работи со готовина, бидејќи нелегалните фондови подобро се прикриваат во готовински приливи и одливи.

## 4.ПРОСТА БАНКАРСКА ШЕМА

Едноставната банкарска операција е основа за покривање на многу покомплицирани шеми за перење пари. Банките се најдобрите институции за промена на парите и тоа во фазата на пласман (напластување) во рамките на циклусот на перење пари.

Доколку перачот нашол начин готовината да ја држи во банка или да ја движи низ легалните банкарски трансакции тој се приближил кон крајната цел за перење на парите, односно прочистување на готовината.

Ова претставува ранлив момент за финансискиот криминал, особено имајќи пред вид дека секоја готовинска трансакција над 10.000 евра мора задолжително да се пријави што ја зголемува изложеноста на откривање на валканите пари.

Едноставните банкарски операции или шеми се ориентирани кон пласман (напластување). Банката може да помогне при напластувањето на готовината и нивна интеграција понатаму.

**Првиот чекор** е отворањето на трансакциска сметка што е сосема легална па дури и пожелна работа. Ретко можете да најдете човек кој денес нема сопствена трансакциска сметка, а од едноставна причина што преку неа одат исплатите на платите, пензиите,

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

испраќањето пари, плаќањето, уплатата на сите видови кредити, особено потрошувачките и револвинг. Оваа сметка се отвора на име на фирмата „бизнис маска" или на име на номинираното лице, така што оваа изгледа потполно нормално.

**Вториот чекор** е спроведување на трансакциите. Трансакциите изгледаат сосема нормално, а што е и главната цел на перачите. При потребата за уплата на поголема готовина на трансакциската сметка или префрлање од други трансакциски сметки, може да се употребат повеќе лица или фирми кои ќе извршат повеќе помали уплати кои нема да предизвикаат внимание, а ова се нарекува *„штрумфување".Втората варијанта* во овој чекор е отворањето на повеќе помали или повеќекратни сметкисо употреба на различни имиња на номинирани лица или бизнис маски. Притоа, *примарната цел е спроведување на готовински трансакции со најмало можно официјално внимание.* Со постигнување на оваа цел, парите може да се употребуваат за наименителот на многу начини.

Ова претставува продолжеток на активностите на „бизнис маската", но основниот проблем е во пласманот на готовината на валкани пари добиени од нелегалниот бизнис и динамиката на нивно постапно префрлање на трансакциските сметки, односно напластување.

Фокусот на истрагата во откривањето на простите банковни шеми е насочен кон доаѓањето на готовината која влегува во банката и на онаа што излегува.

Фазите на истрага се следни:[96]

1. Утврдување на сопствениците и контролорите на сметките;
2. Како се располага со готовината која е на трансакциските сметки (ова може да биде добра трага за откривањето на некоја друга криминална активност);
3. Структурирањето на готовинските уплати заради избегнување на пријавување за големи уплати;
4. Записите направени од сопственикот на сметката и од банката и временските периоди и количини;

[96] Георгиева, Н., Бузлевски, Б., Финансиски криминал и перење пари, Скопје, 2021.

5. Постои ли употреба на корпорации или офшор дестинации;
6. Барањето на другите вмешани и потенцијалниот сведок.

Шемата на просто банкарство може да се види на шема број 3.

**Шема бр. 3**

**Проста банкарска шема**



MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128




Извори на информации во откривањето на овие шеми се:

- банковните евиденции;
- евиденциите на субјектот;
- сведоците;
- владините евиденции (евиденциите на владините финансиски институции).

## 5.КОМБИНАЦИЈА НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ БАНКА-БИЗНИС

Оваа е последната од едноставните шеми за кои зборувавме, но првата која води понатаму во циклусот на перење пари како сложени модели кои се применуваат од криминалните организации.

Во оваа шема перачот на пари се обидува да ги комбинира двете претходни шеми искористувајќи ги најдобрите карактеристики на двете, а со цел да ги пласира и напласти парите добиени во готовина од нелегални активности и криминал, а на крајот дури со сигурност и да ги интегрира парите.

Основната цел е да се прикаже дека парите потекнуват од легитимен извор, а бидејќи повеќето пари доаѓаат во банката од некој извор на бизнис и перачот се обидува истиот да го прикаже во однос на нелегалната готовина.

Колку ќе се успее во тоа зависи пред се од комплексноста на шемата и успешноста за одвлекување на вниманието.

Првиот ограничувачки фактор во употребата на овие шеми е тоа што перачот мора да се откаже од својата флексибилност при користењето на готовината, бидејќи тој треба да работи согласно правилата на банкарските трансакции - правила на светскиот финансиски систем, кој е прецизно организиран и воден, и е во спротивност со барањата на перачот на пари.

Секоја трансакција, секој посед се појавува и пресметува, ништо не се појавува или исчезнува од вака воспоставениот финансиски систем и тоа не е дозволено, бидејќи ќе се одрази негативно врз другите во системот, а најмногу врз државата.

Перачот на пари во оваа ситуација има два избора:

- може да бара места каде законите обезбедуваат тајност која прикрива барем дел од постапките кои сака да ги сокрие;
- може да го употреби системот и неговиот огромен капацитет за документација како предност и да ги прикрива своите активности.

Вообичаено перачот ќе ги комбинира и двата начини.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Алтернативите на истрагата се сведуваат на неколку:

- информатори;
- сведоци (и едните и другите можат да ги препознаат трансакциите и шаблоните на прилив и одлив на готовина);
- банкарски евиденции;
- корпорации и бизнис маски;
- стекнати имоти.

Извори на информации се:

- деловните евиденции;
- банковни евиденции;
- кривични евиденции;
- информатори за криминалот;
- евиденциите кои се однесуваат на комуникациите.

На следната шема број 4 може да се види комбинираната шема банкарство-бизнис.

**Шема бр.4**

**Шема на комбинацијата банкарство-бизнис во перењето пари**



MIT UNIVERSITY SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128



MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128




Во секој случај на перење пари постојат како компоненти бизнис или банка или пак и двете. Дури и доколку парите дојдат од офшор дестинации, банките и бизнисите се вмешани.

## 6.ЗАКЛУЧОК

Современи механизми за перење пари во било која шема на перење пари се банките и бизнисите, а простите шеми кои ги обработивме во овие теми се основ за воспоставување на другите покомплексни шеми за измама.

## 7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] Compendium of International Anti-Money Laundering Conventions & Agreements, United States Department of Treasury, Financial Crimes Enforcement Network, Second Edition, January, 1996.

[2] Graham, T., Bell, E., Elliott, N., Money Laundering (Butterworth's Compliance Series), Butterworth-Heinemann, London, 2006.

[3] Hubbard, R., W., ODonnell, F., Murphy, D., Money Laundering and Proceeds of Crime, Irvin Law, Toronto, Ontario, 2004.

[4] Madinger, J., Money Laundering: A guide for Criminal Investigators, Taylor & Francis Group, LLC-2nd ed., New York, 2006.

[5] Savona, E., Responding to Money Laundering: International Perspectives, Harwood Academic Publishers, Amsterdam, 2000.

[6] Георгиева, Н., Бузлевски, Б., Финансиски криминал и перење пари, Скопје, 2021.

[7] http://eccfp.uklo.edu.mk/files/PostgraduateUpload/Dupcinova_Snezana.pdf

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# GENERAL INTELLECTUAL ABILITY AND SCHOOL SUCCESS IN GIFTED AND TALENTED STUDENTS

**Asst. prof. Dr Anita Azeska**

*MIT University, Department of Psychology, st.Bul. Treta Makedonska Brigada bb, 1000 Skopje Republic of Macedonia*

*a.azeska@gmail.com*

## Abstract

This study researches the relationship between the general intelectual ability ((Deniels, 1977) and school success (Ceci & Williams, 1997) in gifted and talented students. On purposeful sample of 230 students (115 gifted and talented students and 115 average students, from the third classification period of several elementary schools in the Republic of North Macedonia) was applied the test to measure general intellectual ability (TRL) which contains 45 non-verbal tasks and 6 examples. School achievement in this study was measured on the basis of data from school diaries on average student semester achievement. The results obtained in this research show a statistically high positive correlation between general intellectual ability and school success, looking at the correlation at the level of all students involved in the research (both at the level of gifted and talented and at the level of average students).This research will contribute to the increase of empirical knowledge in the area of giftedness and talent. In addition, it is important to apply the research findings to increase the effectiveness of teaching from a content, methodological and organizational point of view, ie to contribute to organized educational treatment of gifted students. Or, how can the education of the intellectually gifted students be improved and their academic failure prevented?

**Keywords:** *general intelectual ability; school success; gifted and talented students; average students*

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ОПШТАТА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СПОСОБНОСТ И УЧИЛИШНИОТ УСПЕХ КАЈ НАДАРЕНИТЕ И ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ

Доц. д-р Анита Азеска

*МИТ Универзитет, Факултет за психологија, ул. Трета Македонска Бригада бб, 1000 Скопје, Република Македонија*

a.azeska@gmail.com

**Апстракт**

Овој труд го истражува односот помеѓу општата интелектуална способност (Deniels, 1977) и училишниот успех (Ceci & Williams, 1997) кај надарените и талентираните ученици. На намерен примерок од 230 ученици (115 надарени и талентирани ученици и 115 просечни ученици од третиот класификационен период од повеќе основни школи во Република Северна Македонија) беше применет тест за мерење на **општата интелектуална способност (TRL)** кој содржи 45 невербални задачи и 6 примери. **Училишниот успех** во ова истражување се мереше врз основа на добиените податоци од училишните дневници за просечниот полугодишен успех на учениците. Резултатите до кои се дојде во ова истражување покажуваат статистички висока позитивна поврзаност помеѓу општата интелектуална способност и училишниот успех, посматрајќи ја поврзаноста на ниво на сите ученици вклучени во истражувањето (и на ниво на надарени и талентирани и на ниво на просечни ученици). Ова истражување ќе придонесе кон зголемување на емпириските сознанија од областа на надареноста и талентираноста. Освен тоа, важноста е во примената на наодите од истражувањето за зголемување на ефективноста на наставата од содржински, методолошки и организациски аспект, односно придонес кон организиран едукативен третман на надарените ученици. Или, како може да се подобри образованието на интелектуално надарените ученици и да се спречи нивното академско потфрлување?

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**Клучни зборови:** ***општа интелетуална способност; училишен успех; надарени и талентирани ученици; просечни ученици.***

## 1. Вовед

Во психологијата долго време на надареноста се гледало како на израз на високите интелектуални способности, општи или специфични, но ваквото сфаќање не можело да даде одговор на еден очигледен емпириски факт: зошто луѓето со еднакво високи способности не постигнуваат и еднакви творечки резултати? Истражувањата поттикнати од ова прашање покажале дека одговорот лежи во способноста на творците да дадат оригинално решение на проблемот на кој подолг период потполно му се посветуваат. Така се концепирале гледиштата според кои надареното однесување во било која област на човековата дејност е детерминирано од развиеноста на одредена група карактеристики во интелектуалната, креативната и мотивациската сфера (Арнаудова & Ачковска-Лешковска, 2000).

Според (Sternberg, 1991, 1996) сите концепции на надареноста, без исклучок, истакнуваат дека **способностите** се битен предуслов за надарено однесување и постигнување забележителни резултати, но постојат разлики во однос на прифатеното гледиште за природата на способностите.

Како и способностите, и **креативноста** е конструкт кој трпел промени во текот на својот 50-годишен развој. Според (Арнаудова, 1996), суштинска одлика на креативната способност е создавање на нови продукти и речиси нема концепција за надареноста во која не е инволвирана способноста за креативна продукција.

Нагласувањето на **мотивацијата** како битна компонента на надареноста стана актуелна последниве децении. Воведувањето на тестовите на личност во истражувањата резултираа со листи на конативно -емотивни особини релевантни за творечка продукција.

За период од околу еден век истражувачите успеале да откријат дека надарените ученици во принцип можат да се пројават и да го развијат талентот само во образовна средина погодна за нивните уникатни способности. Во тој контекст Renzulli (1986; според

Арнаудова & Ачковска-Лешковска, 2000) поаѓа од тезата дека не постои *надареност* како нешто што детето го поседува, како некој златен хромозом кој врз основа на одредени манифестации треба да се открие, туку дека постои *потенцијална надареност* како можност со правилна грижа и едукација да се развие *надарено однесување.*

Доминантен критериум за успешност на поединецот вклучен во системот на формалното образование претставува училишниот успех (Ceci & Williams, 1997). Проучувањето на училишниот успех е тема на бројни истражувања од сферата на образованието. При тоа се проучуваат голем број на фактори и аспекти кои имаат директно или индиректно влијание врз училишниот успех на учениците.

Во последните неколку децении има се повеќе теоретски и практични докази според кои успехот во училиштето не се објаснува пред се со повисокиот степен на развиеност на општите и посебните интелектуални способности. Во поновите испитувања се забележува дека само 50% од успехот во училиштето може да се објасни со интелигенцијата, додека другите 50% од варијансата се сатурирани со фактори од неинтелектуална природа. Ова значи дека интелектуалните способности претставуваат само еден од условите за постигнување добри резултати во училиштето, додека крајниот успех зависи од делувањето на други фактори како што се: карактеристиките на социјалниот и емоционалниот развиток, степенот на мотивираност за учење, специфичноста на одделни особини и црти на личноста, социо-економското и педагошко-културното ниво на семејството итн.

Кога се има во предвид проучувањето на интеракцијата помеѓу интелигенцијата, мотивацијата и креативноста во постигнувањето на училишниот успех кај надарените и талентираните ученици, треба да се истакне дека овие ученици имаат посебни специфичности (Кеверески, 2000).

Значи, нема дилема дека училиштата имаат посебна одговорност во препознавањето и развојот на надарените ученици. Во тој контекст сериозноста на нивната намера да создадат поттикнувачка средина за надрените ученици потребно е да ја изразат во нивната визија (Кеверески, 2007).

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Со оглед на тоа што во нашата педагошка практика постои уверување дека е доминантен психометрискиот концепт во перцепирањето на училишниот успех, овој труд ќе даде нова светлина во однос на разбирањето на училишниот успех. Во таа смисла според (Vranjkovič, 2010) треба да се истакне дека најновите истражувачки трудови имаат тенденција да укажат дека постојат голем број на некогнитивни фактори кои го стимулираат, обликуваат и детерминираат училишниот успех.

Па така дефинирањето на истражувачкиот проблем и постулирањето на хипотезите во ова истражување беа условени од наодите во литературата од каде произлегуваат претпоставки за поврзаноста помеѓу интелигенцијата и училишниот успех кај надарените и талентираните и просечните ученици.

Поставена е следнава хипотеза:

- *Надарените и талентираните и просечните ученици кои покажуваат повисоко ниво на интелектуални способности покажуваат и повисок училишен успех.*

## 2. Метод

### 2.1. Испитаници

Во рамките на истражувањето е користен намерен примерок, кој го сочинуваат ученици од основни училишта во Република Северна Македонија.

Вкупно беа вклучени 230 ученици, од кои 120 момчиња и 110 девојчиња од десетина основни школи во Република Северна Македонија чиј избор беше случаен. Беа избрани 115 ученици (53 девојчиња и 62 момчиња) кои го задоволуваа критериумот за поседување на најмалку една пофалница или награда за учество на натпревари од интернационален, државен или регионален карактер. За групата на ученици која беше избрана на овој начин, а врз основа на списокот на ученици добиен од класните раководители, претпоставивме дека е надарена и талентирана, бидејќи и други автори

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

(Sternberg & Zhang, 1995;) при селектирањето на надарените и талентираните ученици тргнуваат од истите критериуми.

Другата група на ученици (вкупно 115, од кои 57 девојчиња и 58 момчиња) е избрана од учениците од истите основни училишта и од истите класови како и надарената и талентирана група на ученици. И оваа група е составена од ученици кои се членови на одделни училишни секции, меѓутоа, нивните успеси надвор од училиштето не се така евидентни како успесите на надарената и талентираната група на ученици.

## 2.2. Мерни инструменти

За мерење на општата интелектуална способност применет е Тестот на резонирање на ликови (TRL).

Тестот на резонирање на ликови во истражувањето е користен за да може психометриски, брзо и едноставно, да се добие мерка за општите интелектуални способности на испитаниците.

Конструирам е од Deniels, 1949 година, а повеќе пати е преиздаван (1962, 1966, 1977 год.). На просторот на бившите југословенски републики за прв пат е објавен во 1971 година.

TRL претставува невербален тест за мерење на општата интелигенција. Теориската основа на тестот е Spearman-овата теорија за G-факторот и S-факторот. Факторските анализи покажале дека тестот го мери исклучиво G-факторот и во мала мера визуелно - спацијалниот фактор. Неговата заситеност со G-факторот изнесува повеќе од 0,80.

За сигурноста на податоците од овој тест добиени се прилично високи показатели кои ја потврдуваат стабилноста на резултатите постигнати со него: r = 0,96, според методот на делење на тестот на две половини, r = 0,97 според методот тест-ретест во временски период од две недели и r = 0,89 според методот тест-ретест во период од една година.

Според структурата и начинот на решавање мошне е сличен на Равеновите прогресивни матрици. При проверка на валидноста на тестот TRL утврдена е и висока корелативна поврзаност (r = 0,93) со Равеновиот тест.

Тестот содржи вкупно 45 невербални задачи и 6 примери. За реализирање на задачите дозволени се 30 минути и 10 минути за давање на упатства за решавање на тестот. При решавањето на тестот до израз доаѓа способноста на испитаниците да ги увидат односите помеѓу понудените елементи во задачата. Оценувањето на задачите е објективизирано со посебно подготвен клуч за таа намена. Нормите од прирачникот на тестот се однесуваат на возрастите поголеми од десет години.

Во спроведеното истражување Кронбах алфа коефициентот изнесува 0,86 со што се потврдува и високата релијабилност на овој инструмент.

- **Училишниот успех** во ова истражување се мери врз основа на добиените податоци од училишните дневници за просечниот полугодишен успех на учениците.

**2.3. Постапка**

Теренскиот дел од истражувањето е извршен во периодот од декември 2018 година до април 2019 година. Со испитувањето се опфатени основни училишта од територијата на Република Северна Македонија. Изборот на училиштата беше направен случајно. Испитаници беа надарени и талентирани и просечни ученици од шесто до деветто одделение или од третиот класификационен период.

**2.4. Статистичка обработка на податоците**

Одговорите од пополнетите инструменти од страна на испитаниците вклучени во истражувањето беа внесени и статистички обработувани со статистичкиот софтверски пакет SPSS 20 за оперативниот систем Windows.

Хипотезата е тестирана преку утврдување на корелација помеѓу варијаблите односно проверувана е поврзаноста помеѓу општата интелектуална способност и училишниот успех со примена на *Пирсонов коефициент на корелација.*

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 2. Резултати

**Табела 1.** *Корелации помеѓу општата интелектуална способност и училишниот успех кај надарените и талентираните и просечните ученици (N=230)*

| Варијабли | Училишен успех |
|---|---|
| Општа интелектуална способност | 0,56** |

**** p<0,01 коефициентот е значаен на ниво 0,01; * p<0,05 коефициентот е значаен на ниво 0,05**

Од прикажаните податоци во Табела 1 се забележува дека постои статистички значајна позитивна поврзаност помеѓу општата интелектуална способност и училишниот успех (r=0,56; p<0,01) кај надарените и талентираните и просечните ученици.

**Табела 2.** *Корелации помеѓу општата интелектуална способност и училишниот успех кај просечните ученици (N=115)*

| Варијабли | Училишен успех |
|---|---|
| Општа интелектуална способност | 0,17 |

** p<0,01 коефициентот е значаен на ниво 0,01; *p<0,05 коефициентот е значаен на ниво 0,05

Од прикажаните податоци во Табела 2 се забележува дека не постои статистички значајна поврзаност помеѓу општата интелектуална спсобност и училишниот успех (r=0,17; p>0,05) кај просечните ученици.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

*Кај групата од надарени и талентирани ученици *заради константност на варијаблата училишен успех не се смета корелација.*

## 3. Дискусија и заклучок

Главните конструкти во овој труд беа соодветно дефинирани и анализирани од повеќе аспекти. Имајќи ја во предвид предикцијата како главна истражувачка цел, беше испитана поврзаноста помеѓу споменатите конструкти односно истражувачки варијабли. Претпоставките за нивните заемни релации беа базирани на теориски и емпириски заклучоци од релевантните истражувања.

Имено, во повеќе наврати, повикувајќи се на резултатите од истражувањата кои се занимавале со проблематиката на гореспоменатите варијабли според (Ачковска-Лешковска, 2009) потенцирано е дека надареното однесување во било која област на човековата дејност е детерминирано од развиеноста на одредена група карактеристики во интелектуалната, креативната и мотивациската сфера.

Хипотетсската рамка на ова истражување главно се однесуваше на проверување на односот на избраните варијабли, како придонес во дискусијата за добивање на поцелосна слика за природата на надареноста и талентираноста.

Дефинирањето на истражувачкиот проблем и постулирањето на хипотезите беше условено од концепциите за надареноста и талентираноста, поточно од неоспорниот факт дека постојат поединци кои можат да изведуваат одредени активности побрзо, подобро и пооригинално од своите врсници или кои се способни да дадат исклучителни резултати во различни области од човековата дејност. Овој факт сеуште ја прави областа на надареноста атрактивна за истражувачите.

Успехот што учениците го постигнуваат во училиштето претставува резултанта од делувањето на повеќе фактори. Овие фактори се од различна природа. Тие можат да бидат поврзани со личноста, со средината во која ученикот живее како и со задачата што треба да ја научи.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Иако постојат емпириски резултати кои зборуваат дека на успехот покрај интелектуалните способности, во исто толкава мера влијаат и други неинтелектуални фактори, сепак сеуште не е напуштено сваќањето дека успехот што го постигнуваат учениците во училиштето во најголема мера е детерминиран од степенот на развиеност на интелектуалните способности. Во контекст на последново се и одредени истражувања кои покажуваат дека интелигенцијата е најдобриот предиктор за успех во училиштето (Kuncel, Hezlett, & Ones, 2004).

Резултатите од ова истражување покажуваат статистички висока позитивна поврзаност помеѓу општата интелектуална способност и училишниот успех која изнесува 0.56, посматрајќи ја поврзаноста на ниво на сите ученици вклучени во истражувањето (Табела 1). Овој резултат е во согласност со добиените резултати од други истражувачи. Имено, просечната корелација на интелигенцијата и училишниот успех кај учениците од основно училиште изнесува 0.50 (Gustafsson & Undheim, 1996; Jensen, 1980; Neisser et al., 1996). Оваа корелација се намалува во средното образование и е уште пониска на универзитетско ниво (Jensen, 1980). (Chamorro-Premuzic & Furnham, 2005) добиле корелација помеѓу интелигенцијата и училишниот успех: за учениците на возраст од 6 до 12 години во износ од $r = 0.60$; помеѓу 13 и 18 години $r = 0.40$; и за учениците на возраст меѓу 19 и 22 $r = 0.30$. Едно од објаснувањата за овие промени е фактот што постои намалување на варијабилноста предизвикана од селекцијата на учениците, бидејќи учениците со послаб успех со текот на времето се откажуваат од нивното понатамошно образование.

Износот на корелација зависи, меѓу другото, и од тоа како се операционализира училишниот успех. При користење на стандардизирани тестови за знаење како критериум, корелациите се многу високи, меѓу 0.61 и 0.90 (Deary, Strand, Smith & Fernandes, 2007; Frey & Detterman, 2004; Rindermann, 2008), а кога како критериум се користат училишните оценки коефициентите на корелација се нешто пониски. Разликата во поврзаноста на височината може да се објасни со фактот дека објективните тестови за знаење се подобра мерка на знаење од оценките што ги даваат наставниците.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Оценките на наставниците во основа се извори на неколку информации. Покрај тоа што го рефлектираат знаењето, оценките се и мерка за однесување во класот, мотивацијата, социјалното однесување и затоа корелациите помеѓу интелигенцијата и училишните оценки се нешто пониски. При оценувањето на оценките од различни наставни предмети, највисока корелацја (околу 0.40) се добива меѓу интелигенцијата и математиката (Amthauer et al., 2001). Специфичната интелигенција обично е во малку поголема корелација со соодветните училишни предмети отколку општата интелигенција, но ова не е правило (Spinath et al., 2006).

Кај групата од надарени уеници заради константност на варијаблата училишен успех не се смета корелација.

Но посматрајќи ја поврзаноста помеѓу општата интелектуална способност и училишниот успех само кај групата од просечни ученици  резултатите не покажуваат статистички значајна поврзаност (Табела 2). Во овој случај не можеме да заклучиме дека успехот што учениците го постигнуваат во училиштето во голема мера е детерминиран од степенот на развиеност на општата интелигенција. Имено корелационите истражувања во кои е испитувана врската помеѓу интелигенцијата и постигнувањата во училиштата, а особено истражувањата во кои се користени нацрти со попречен пресек, не даваат одговор на прашањето за причинската врска помеѓу овие варијабли. Можно е поинтелигентните поединци да имаат поголем пристап до образование и поголема можност за подолго да се школуваат. Исто така е можно дека подолгото образование да влијае на подобриот резултат во тестовите на интелигенција.  Исто така постои и можност дека врската е взаемна или дека таа оди во двете насоки. Лонгитудиналните истражувања нудат обиди да се одговори на ова прашање.

Во лонгитудиналните истражувања, вообичаено помеѓу интелегенцијата и училишниот успех се добиваат корелации помеѓу 0.6 и 0.9 (Jencks, 1979; Deary, Strand, Smith & Fernandes, 2007; Bouchard, 1984). Судејќи според вака високите корелациски износи, може да се каже дека интелигенцијата има јасно влијание врз постигнувањата во училиштето. Повеќето од истражувањата во кои била проверувана спротивната насока,

односно, влијанието на образованието врз интелигенцијата не се спроведени со лонгитудинални нацрти. Но наодите генерално ја потврдуваат хипотезата дека подолго време поминато во едукација доведува до поголема интелигенција (Baltes & Reinert, 1969).

(Hansen, Heckman & Mulen, 2004), исто така, расправаат за можната нелинеарна врска помеѓу училишниот успех и интелигенцијата. Zarevski (2012) кажува дека учењето овозможува развој на интелигенцијата, а интелигенцијата го олеснува учењето и укажува дека ова е динамичен процес на взаемно зајакнување или слабеење, а не причинско последичен однос.

Сепак треба да се има во предвид и фактот што иако истражувањата покажуваат дека училишниот успех е високо поврзан со интелигенцијата, значителен дел од варијансата не може да се објасни со интелектуалните способности. И овој процент се движи некаде помеѓу 51% и 75% (Rohde & Thompson, 2007).

Во педагошко-психолошката литература во Република Северна Македонија недостасуваат емпириски истражувања насочени конкретно на оваа област. Затоа, задачата на овој труд е да даде свој придонес во расветлувањето на овие појави кај ученичката популација кај нас, како и да поттикне нови емпириски истражувања кои ќе се занимаваат со оваа проблематика.

Наодите од ова истражување препорачуваат подолготрајно континуирано следење на надарените деца, кое ќе опфати проценување и тестирање на нивните карактеристики и евалуација на нивните перформанси и продукти. Поголема стручност или подготвеност за соработка на лицата инволвирани во проценувањето и тестирањето на надарените деца. Да се надмине недостигот од психолошки мерни инструменти и да се унифицираат критериуми за надареност. Да се прифати компромисното решение: интеграција на помали возрасти, а селекција на поголеми со оглед на фактот дека одредени дарби се јавуваат во различни развојни периоди.

Со ова истражување се зголемува свесноста за обезбедување на специјална едукација на надарените, која ќе им овозможи потполн развој на актуелните и потенцијалните способности. Последните години се прават обиди и иницијативи за обуки

на наставниот кадар, за кој веруваме дека ќе придонесат кон поголемо заложување на компетентните субјекти во образовниот процес.

Заклучокот е дека ова истражување дава придонес во зголемувањето на емпириските сознанија од областа на надареноста и талентираноста. Освен тоа, важноста е во примената на наодите од истражувањето за зголемување на ефективноста на наставата од содржински, методолошки и организациски аспект, односно придонес кон организиран едукативен третман на надарените ученици.

## 5. Библиографија


[1] Amthauer, R., Brocke, B., Liepmann, D., Beauducel, A. (2001). *Intelligenz-Struktur-Test 2000R.* Göttingen: Hogrefe.

[2] Арнаудова, В. (1996). *Поттикнување и развивање на креативното мислење со техники на дивергентна продукција.* Објавена докторска дисертација. Скопје: Просветно дело

[3] Арнаудова, В. & Ачковска-Лешковска, Е. (2000). *Надарено дете*. Скопје: Филозофски Факултет.

[4] Ачковска-Лешковска, Е. (2009). *Надареност*. Скопје: Филозофски Факултет.

[5] Baltes, P. B. & Reinert, G. (1969). *Cohort effects in cognitive development of children as revealed by cross-sectional sequences*. Developmental Psychology, 1(2), 169.

[6] Bouchard Jr, T. J. (1984). *Twins reared together and apart: What they tell us about human diversity. In Individuality and determinism.* Springer US, 148-185.

[7] Ceci, S. J. & Williams, W. M. (1997). *Schooling, intelligence and income.* American Psychologist, 52(10), 1051–1058. https://doi.org/10.1037/0003-066X.52.10.1051

[8] Chamorro-Premuzic, T. Furnham, A. (2005). *Personality and intellectual competence.* New Jersey: Lawrence Erlbaum Associates.

[9] Deary, I. J., Strand, S., Smith, P. & Fernandes, C. (2007). *Intelligence and educational Achievement*. Intelligence, 35(1), 13-21.

[10] Frey, M. C. & Detterman, D. K. (2004). *Scholastic assessment or g? The relationship between the scholastic assessment test and general cognitive ability.* Psychological science, 15(6), 373-378.

[11] Gustafsson, J. Y. & Undheim, J. O. (1996): *Individual differences in cognitive functions.* New York: Macmillan, 185-242.

[12] Hansen, K. T., Heckman, J. J. & Mullen, K. J. (2004). *The effect of schooling and ability on achievement test scores.* Journal of econometrics, 121(1), 39-98.

[13] Jencks, C. (1979). *Who Gets Ahead*? The Determinants of Economic Success in America.

[14] Jensen, A. R. (1980). *Bias in mental testing*. New York: Free Press.

[15] Кевересkи, Љ. (2000). *Како да ги препознаеме надарените и талентираните ученици*. Скопје: Ниро, Просветен работник.

[16] Кевересkи. Љ. (2007). *Каков наставник им треба на надарените и талентираните*. Битола: Киро Дандаро.

[17] Kuncel, N. R., Hezlett, S. A. & Ones, D. S. (2004). *Academic performance, career potential, creativity and job performance: Can one construct predict them all?* Journal of Personality and Social Psychology, 86, 149−163.

[18] Neisser, U., Boodoo, G., Bouchard Jr, T. J., Boykin, A. W., Brody, N., Ceci, S. J. & Urbina, S. (1996). *Intelligence: knowns and unknowns*. American psychologist, 51(2), 77.

[19] Rindermann, H. (2008). *Relevance of education and intelligence at the national level for the economic welfare of people.* Intelligence, 36(2), 128-144.

[20] Rohde, T. E. & Thompson, L. A. (2007). *Predicting academic achievement with cognitive ability*. Intelligence, 35, 1, 83-92.

[21] Spinath, B., Spinath, F. M., Harlaar, N. & Plomin, R. (2006*). Predicting school achievement from general cognitive ability, self-perceived ability and intrinsic value*. Intelligence, 34(4), 363-374.

[22] Sternberg, R. J. (1991*). Ka trojnoj teoriji ljudske inteligencije*. Psihologija, 3-4, 127-170.

[23] Sternberg, R. J. (1996). *Cognitive psychology*. Fort Worth: Harcourt Brace & Company.

[24] Sternberg, R. J. (1999.). *Uspješna inteligencija*: kako praktična i kreativna inteligencija određuju uspjeh u životu. Zagreb: BARKA.

[25] Sternberg, R. J. & Zhang, L. F. (1995). *What do we mean by giftedness? A pentagonal implicit theory*. Gifted Child Quarterly, 39(2), 88-98.

[26] Vranjković, Lj. (2010). *Daroviti učenici.* Život i škola, 24 (56), 255-260.

[27] Zarevski, P. (2012). Struktura i priroda inteligencije (II. prošireno izdanje). Jastrebarsko: Naklada Slap.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

# CRITICAL REVIW OF THE PSYCHOLOGICAL PROFILE OF STAVROGIN IN DOSTOEVSKY' S WORK „EVIL SPIRITS"

*Goce Markov[a], Mimoza Rajl[b]*

*[a]MIT University, Faculty of Psychology stl.,,Treta Makedonska Brigada", 1000 Skopje, North Republic of Macedonia,*

*[b]Europa International University, st.,,Nikola Rusinski", 1000 Skopje, North Republic of Macedonia,*

*Email:*

*[a]gmarkov10@yahoo.com*

*Email:*

*[b]mimoza.peperutka@yahoo.com*

## Abstract

Stavrogin's dream

In ,,Evil Spirits", Dostoevsky, as one of the darkest and most difficult works of his creative oeuvre, most explicitly showed the power of evil in the human mind. This work was created during Dostoevsky's stay in Italy, France and in Dresden – Germany. Dostoevsky knew that there must be a change in Europe, a Europe that is completely de-Christianized, that does not believe in God, that has definitely moved away from the idea of the God-man - Jesus. Europe, Dostoevsky says, has placed itself on the map of the superman, of humanism without God, an idea that Dostoevsky was aware must end in atheism. Because if God is not there then man takes his place.

Dostoevsky intended to write a novel without great artistic impression, a novel that would have the appearance of a revolutionary pamphlet. Dostoevsky's original idea was to create a work called ,,The Life of the Great Sinner" or ,,Atheist" and for it to be the crown of his artistic work. However, he never wrote this novel, but two other novels of his, namely ,,Evil Souls" and ,,Brothers Karamazov", which replace the previous titles, derive from that idea.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

The artist, a genius that Dostoevsky was, cannot be reduced to a pamphlet manuscript, but his golden pen is translated into the most difficult novel that world literature knows, ,,Evil Spirits"; (,,Rabies" or ,,Demons", there are different translations for the title of this novel). ,,Evil Spirits" is a novel that will shine in the light of an aesthetically perfect, spiritual novel. Dostoevsky will raise his pamphlet-political and ideological idea to the level of perfect art, as an impeccable criticism of Western Europe in a serious philosophical-metaphysical discussion thanks to the character of Stavrogin.

# КРИТИЧКИ ОСВРТ НА ПСИХОШКИОТ ПРОФИЛ КАЈ СТАВРОГИН ВО ДЕЛОТО НА ДОСТОЕВСКИ „ЗЛИ ДУСИ”

*Goce Markov[a], Mimoza Rajl[b]*

*[a]MIT University, Faculty of Psychology stl.,,Treta Makedonska Brigada”, 1000 Skopje, North Republic of Macedonia,*

*[b]Europa International University, st.,,Nikola Rusinski”, 1000 Skopje, North Republic of Macedonia,*

*Email:*

*[a]gmarkov10@yahoo.com*

*Email:*

*[b]mimoza.peperutka@yahoo.com*

## Апстракт

*Сонот на Ставрогин*

Во „Зли Дуси”, Достоевски како едно од најмрачните и најтегобните дела од неговиот создавачки и творечки опус, најексплицитно ја покажа силата на злото во човековиот ум. Ова дело се создава во времето кога Достоевски престојува во Италија, Франција и во Дрезден - Германија. Достоевски знаел дека во Европа мора да дојде до

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

пресврт, Европа која е целосно дехристијанизирана, која не верува во Бога, која дефинитивно се одалечи од идејата на Богочовекот - Исус. Европа, вели Достоевски се стави на картата на натчовекот, на хуманизмот без Бога, идеја за која Достоевски бил свесен дека мора да заврши во атеизам.Затоа што ако Бог нема тогаш човекот го зазема неговото место.

Достоевски имал намера да напише роман без голема уметничка импресија, роман кој би имал изглед на револуционерен памфлет.Првичната идеја на Достоевски била тој да создаде дело кое ќе се вика „Житието на големиот грешник" или „Атеист", и тоа да биде круната на неговото уметничко дело.Сепак, ова сочинение тој никогаш не го напиша, но токму од таа идеја произлегуваат два други негови романа, а тоа се „Зли дуси" и „Браќа Карамазови", кои што ги заменуваат претходните наслови.

Уметникот, оној гениј каков што бил Достоевски, не може самиот да се сведе на памфлетски ракопис, туку неговото златно перо се преточува во најтегобното дело што светската литература и психолошка анализа го познава „Зли дуси"; („Беснила" или "Демони", постојат различни преводи за насловот на овој роман).

„Зли дуси" е роман кој ќе заблеска во светлината на еден естетски совршен, духовен роман. Достоевски својата памфлетско-политичка и идеолошка идеја ќе ја подигне до ниво на совршена уметност, како беспрекорна критика на западна Европа во една сериозна филозофско-метафизичка расправа благодарение на ликот на Ставрогин.

## 1.Вовед

Личните психолошки процеси и духовни процеси кои се случуваат во човекот, мултидисциплинарноста на тема, се одлична претстава и рефлексија на минатото во современиот свет со сите негови недостатоци, со скриеноста на тоталитаристичкото покрај нихилизмот.Причината да се напише едно дело како „Зли дуси" потекнува од далечната 1869 година кога група околу анархолибералот Нечајев, како про -

револуционер кој дава психолошки профил на револуционер ослободен од емоции, традиција, обичаи...време кога се формираат таканаречените петорки во Русија (во Македонија тоа се тројки), кои се со цел во одреден момент да дигнат револуција.Таквата способност на Достоевски е пророштвото како брзина и точност на перото и мислата.

Поради овој роман, понаму Достоевски се нарекува пророк на револуциите, бидејќи точно го погодил психолошкиот профил на Револуционерот.

*И сите демони го молеа, велејќи му:*

*Прати не во свињите, во нив да влеземе.*

*Тогаш насрнаа по горта крдо на свињи,*

*и молеа да влезат во нив,*

*и дозволено им беше,*

*и тогаш излегоа ѓаволите од човекот и во свињите влегоа,*

*и во силен трк кон езерото се удавиа,*

*а кога селаните тоа го видоа, побегна и по села и градој јавија,*

*изегоа луѓе да видат што било,*

*и кај Исус дојдоа, умен човек побараа од кој ѓаволот избегал.*

*а тој седи крај нозете Исусови, паметен и облечен.*

*И силно се исплашија,*

*и сите кажаа дека бесни се излекувани.*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Ликот на Ставрогин е основниот лајт – мотив за да се создаде дело ,,Мит за Сизиф" на Албер Ками.Ставрогин во ,,Зли дуси" е претставник на западно-европскиот човек.Тој е човек со силна волја, апсолутна харизма, прекрасен физички изглед, полн со себе, човек кој високо котира на социјалната лествица, или, со еден збор ги има сите вредности кои западот на Европа ги протежира.Во ликот на Ставрогин овие западни вредности се максимално застапени.Новиот свет во кој Ставрогин треба да блесне со сиот свој сјај е светот каде што владее атеизмот.Но, атеизмот никогаш не оди сам туку тој се јавува во тријадата на анархизмот, иморализмот и нихилизмот.Бог го нема, значи се брише границата на доброто и злото што е и дефиниција на иморализмот.Џојс Керол Оутс го опишува романот во кој Ставрогин е ликот со дилема за ,,најзбунувачкиот и најнасилниот роман на Достоевски".

,,Потполна слобода ќе има тогаш кога ќе биде сеедно, да се живее или д не се живее".

Во целото уметничко дело на Достоевски силно го чувствуваме влијанието на Шекспир во идејата дека животот е само сон, но и дека ние не знаеме каков сон е тој, ниту каков сон е смртта, се додека не одлучиме да живееме во највисоките постулати на љубовта, а во таа љубов се раѓа и знаењето за бесмртноста.Кај Достоевски на мигови го чувствуваме и влијанието на Имануел Кант. Имено Кант, во ,,Критика на чистиот ум" се занимава со сите можни докази за постоењето на Бог вклучувајќи го и неговиот онтолошки доказ, односно божјото постоење како битие.На крајот од ова Кантово дело гледаме дека божјата егзистенција не може логичко-математички да се докаже, но и не може да се докаже и дека Бог не постои. Во големите мудрости на Истокот (,,Сутрата на срцето" или како да дојдеме до суштината на мудроста), лежи една вистина, дека до Бога или до вистината доаѓаме оној миг кога ќе ги пречекориме границите на нашиот ум.Кант вели:,,Бог не може да се докаже дека постои, но не може да се докаже ниту духовноста, а таа сепак постои".

Бог, вели Кант, *се антиципира како човекова љубов, како силна внатрешна убавина, како светлина, како свесност, достоинство и слобода*". Оваа Кантовска мисла за

постоењето на Бог кај Достоевски е веќе имплицирана.Но токму ова прашање, Достоевски во ,,Зли дуси” го доведува до крајна напнатост, но и разрешница.

,,Зли дуси” е најмрачниот и најнеутешниот роман на Достоевски.Во ,,Записи од мртвиот дом” како и во “Записи од подземјето”, ние ја гледаме темната песимистичка слика на светот во душата на човекот, но во овие дела сепак постои еден блесок на надежта, сепак присутна е една мала врата на која може да влезе тивок воздух и да воздивнеме, но во ,,Зли дуси” тоа никако го нема.Смртта на Марија Шатова сопругата на Ставрогин и нејзиното дете кое го раѓа, сигурно се најдраматичните и најтемните делови, земајќи го предвид целото творештво на Достоевски.

Ставрогин како лик со голема харизма има и ум кој што е извор на идеи кои меѓусебно противречат. Тој заразлика од светот што го обожува, Ставрогин за себе ќе рече дека е ништожник кој го проколнува сопственото дете, ако се земе предвид дека проколнувањето е најрадикален облик на негација (нихилизам, со кој ни ја рушиме божјата креација).Сепак, Ставрогин е лик кој сонува еден сон за рајската состојба на човештвото и создавањето на Европа каде што луѓето сите свои сили ги инвестираат во љубовта и во онаа фантазија за која светците и народите завршуваа распнати, без чиј сон тие не можеа да живеаат, ниту можеа да умрат.

## 2.Сонот на Ставрогин во сликата -Ацис и Галатеја- на Клод Лорен

*Кој ќе ја победи болката и стравот, тој самиот ќе стане Бог*

,,*Сонував еден сон, сон за мене сосема неочекуван и ништо такво порано ми се немаше случено*”. Во Дрезден во галеријата Цвингер се наоѓа една слика на Клаудие Лорен ,,Ацис и Галатеја”, слика која јас ја нарекувам *златно доба*. Ја сонував таа слика, но не како мисла, туку како нешто што не беше од оваа реалност.Тоа беше сон како дел од Античкиот архипелаг со отворени карпи и цветно крајбрежје, волшебна панорама покриена со необично сонце.Таа убавина не се искажува со зборови.Тука, зачувана во оваа

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

прекрасна меморија е лулката на европскиот човек.Таму се одигруваше првата митолошка сцена, рајот на земјата...

Во тој предел живееат чудни волшебни луѓе, среќни и невини, кои се невини како деца.Крајбрежјата ѕвонеа со нивните прекрасни песни.Светкава радост се ширеше во тој воздух на ѕвездена прашина.Голема неискористена енергија се слеваше во љубовта и во несокејдневната жива радост.Сонцето со својата светлина и убавина ги капеше овие острови, радувајќи се на сопствените прекрасни деца.

Каков светлосно-рајски сон?

Зголемената аберација, о, какво ли лутање на светлината!?

Овој е најневеројатниот од сите соништа кои што некогаш постоеле, сон за кој што целото човештво го посветувало својот живот, целата своја енергија, за него се жртвувале, сон за кој што светците беа распнати, пророците убиени, сон без кој народите не можеа и не сакаа да живееат, ниту можеа да умрат.Како да ги преживеав сите овие чувства во овој сон. Не знам што точно сонував, но карпите, морето и косите зраци на зајдисонцето, сето тоа го гледав буден, а кога ги отворив очите за прв пат се пробудив во порој од солзи.Чувството на среќа сеуште за мене непознато помина низ моето срце и предизвика длабока болка.Веќе беше доцна во вечерта и низ прозорецот на мојата мала соба сепак низ зеленилото на цвеќињата на прагот од прозорецот се истураше цела оска на светлесни коси зраци на зајдисонцето и ме капеше во светлината.Ги затворив очите како да копнеаам повторно да се вратам на сонот што помина, но одеднаш среде блесокот на радоста видов една црна дамка.Тоа беше малиот црн пајак.Веднаш се сетив на гредите од гераниум кога косите зраци се слеваа на истиот начин.Тогаш одеднаш како некој остар предмет да влезе во мене и наеднаш се пробудив целосно и седнав на креветот исто како што направив и тогаш, во сонот.

Овој рајски сон на Ставрогин за идеалниот свет, избришан е со симболиката на пајакот како метафора на грешниот човек во вината, во совеста и злото, по кое тој

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

постапува и покрај рајското привидение и светлосниот свет кои ги носи во својата душа. Заоѓањето на сонцето во сонот на Ставрогин, е симболот на смртта на рајската Европа, како последниот ден на човекот кој ја носеше љубовта во своето срце.

„Тогаш посебно погребните ѕвона како да се слушаа ширум Европа. Како темна моќна сила на сив облак да се спушташе на ова рајско место, како се што беше светло да ја губеше последната надеж вели Ставрогин".

Европа, вели Достоевски (преку Версилов) нема да ја срушат војните, палењето на уметничкото богатство на Тулериј во Париз, ниту париската комуна можеше да ја искорени француската култура, не, туку тоа беше едно разочарувачко чувство, дека стариот лик на Европа мора да изчезне и на негово место да дојде некој непознат нејзин лик.

Во сликата на Лорен, оној кој тееба да го убие последниот европски човек, позади љубовниот пар во рајска Европа, е оној кој треба, оној кој ќе ја сруши идејата за доаѓањето на златното доба.А тоа се *нихилизмот, атеизмот и иморалазмот*, кои се составните делови на темниот облак кој ја покри рајската идила на Европа.Убивајќи го последниот европски човек во златното доба, почна да се создава една нова генерација на некои нови, анти-духовни, модерни вредности на злото и аморалноста.Тој демон ги расипува луѓето во златното доба, вели Достоевски.Под дејството на тој демон тие влегуваат во една цивилизациска етапа на перманетното уништување и деструкција, низ која Европа пропаѓа под својот темел и тоне во живата кал.

Преку ликот на Версилов претставен ни е нихилизмот и уништувањето на идилата на златното доба.Она претчувство на Версилов за заоѓањето на сонцето на последниот ден на европскиот човек, тече речиси истовремено со иморализмот на Ставрогин.Ставрогин всушност дозволува да се убие едно мало девојче пред неговите очи, кое тој претходно ќе обесчести.Сонот на Ставрогин и целиот рајски пејсаж кој што тој го гледа во златното доба на Европа, не се доволни да го спречат во злото, гордоста и рамнодушноста кон одземањето на туѓиот живот.Гордоста на Ставрогин е симбол на современиот човек.Тој жртвува млад живот за да не ја изгуби својата репутација во високиот социјален сталеж,

да не се обелодени злото кон девојчето кое е фасцинирано од личноста и харзимата на Ставрогин.Гледањето во пајакот од страна на Ставрогин во почетокот на делото и во миговите кога девојчето се самоубива, го означува крајот на рајската Европа или златното доба, затоа што фокусот кај него е ставен на злото (на пајакот), а не на љубовта кон другиот човек.

Според Достоевски, пропаста на златното доба ќе се случи затоа што човекот кој што во себе ги носи атеизмот и иморализмот е неспособен за активна љубов.Ставрогин нема да и помогне на Матјоша да не се самоубие, туку тој преминува во состојба на една нема, безобразна рамнодушност.Во сликата на Лорен, оној кој ќе ги убие Ацис и Галатеја не се разликува од иморализмот или психолошката рамнодушност на Ставрогин, која што и тој самиот ја признава.

На сликата на Клод Лорен, го гледаме љубовниот пар Ацис и Галатеја и се прашуваме зошто токму оваа слика е толку важна за Достоевски?Сликата ја претставува главната инспирација на Достоевски, за неговото дело „Зли дуси" и речиси дека таа е идентично пресликана во сонот на Ставрогин.Љубовниот пар Ацис и Галатеја ќе биде убиен од дионизискиот Полифем што е симболот на злото (пајакот) во делото.

## 3.Слика Ацис и Галатеја на Клод Лорен, Цвингер галерија, Дрезден

*Кој е Дионизискиот Полифем во сликата на Клод Лорен?*

Дионизискиот Полифем во сликата на Лорен е персонификација за Киклоп кој се наоѓа позади љубовниот пар. Познато е од легендата за Киклоп дека тој бил слеп на едното око и ги јадел луѓето.Одисеј ќе го зароби Киклоп во пештерата позади еден огромен камен давајќи му вино да се опие.Од дрвјата Одисеј ќе направи копје и ќе го ослепи. Во *„Метармофозите" на* Овидије Назан кои што се збир на 250 митски приказни напишани во книги, секоја легенда содржи некоја преобразба.По читањето на легендата на

човек кој подлежи на темелна трансформација. Во легендата за Киклоп, ние гледаме дека Галатеја била и морска нимфа која се викала и Нерида, ќерка на морскиот бог Нереј, во која се вљубува дионизискиот Полифем или Киклоп, син на богот Посејдон.Но, таа не му ја возвраќала љубовта затоа што била вљубена во убавецот од Сцилија, Ацис. Љубоморниот и злобниот Полифем кој не ја поднесувал убавината и љубовта, полн со злоба и љубомора во наплив на силен бес ќе го убие убавиот Ацис.Тогаш Галатеја според легендата од сопствените солзи и крвта негова ќе создаде една река во Сицилија.Постојат легенди и дека Полифем сакал да ги удави Ацис и Галатеја па го разбуркал морето кога биле во него, но тие преплашени се претвориле во риби и допливале до копното.За да не се изгубат во длабоките води се врзале со долга сино-сребрена врпца. Боговите гледајќи ја нивната голема љубов ги претвориле во соѕвездија, а денес тие соѕвездија се познати како соѕвездието на Риби.

Во случајот на Сонот на Ставрогин ние ќе ја земеме предвид легендата кога Полифем ќе ги убие Ациз и Галатеја, диво и од љубомора.Неговата грдотија прикажана во неговиот физички изглед со едно око е метафора за злото кое Достоевски ќе го изложи во тријадата атеизам, нихилизам и иморализам и во нив ќе ја најде причината за самракот на рајот и пропаста на Европа.

Лорен ја создава оваа слика пред убиството на ,,Ацис и Галатеја”, додека сеуште се живи, како еден идеал, во еден идиличен пејсаж на брегот на едно море, со прекрасни карпи и сонцето пред големиот залез.Треба да ја забележиме тенката, темникава нијанса во целиот пејсаж како некое предупредување, како некое преднасетување дека нешто големо но страшно и тегобно, допрва треба да се случи.Но, сепак во тој миг гледаме дека сонцето со своите зраци се истура по светлината на водата во рајска тишина. Треба да се напомене и фактот дека Клод Лорен до ден денес важи за сликар на идеалниот пејсаж. Достоевски кој одредено време живеел во Дрезден, како што дознаваме од ,,Дневникот” на неговата сопруга Ана Глигориевна Достоевска, тој многу често престојувал во галеријата Цвингер и со часови ја гледал токму оваа слика на Лорен.

Достоевски бил фасциниран многу повеќе од овој пејсаж, него ли од сликата на „Систинската Мадона” на Рафаело, која исто така се појавува во „Зли дуси”, како најголемо и највеличанствено уметничко дело кое некогаш било насликано.Идејата на оваа слика вели Достоевски е да се покаже дека целокупното страдање на човештвото, целата оваа трагична егзистенција и мака на луѓето низ милениумите, не значи ништо ако тоа било неопходно за да на крајот од патот се дојде до *Систинската Мадона* во облаци, затоа што таа со својата небеска убавина и вредности, ги искупува сите страдања и сите порази.Тоа е тој нагласен, оригинален и неповторлив метафизички естетицизам кај Достоевски.Тој вели дека во тој возвишен занес мораше еднаш да се најде некој кој ќе ја поврзе уметноста со божественото, затоа што едната без другото не може да постои.

### 4. Дискусија

-*Систинската Мадона, Рафаело, Галерија Цвингер, Дрезден*-

Но, дојде една нова нихилистичка генерација - вели Достоевски, која со вознесување веќе не гледаше во небеското царство и која го уби Бога.Не, тоа не е Ниче, ниту пак социјализмот, туку тоа се случи како самрак на вредностите, како последица на анархизмот, нихилизмот и иморализам, кои се основни компоненти на атеизмот.

Ставрогин го сонува токму тој сон, онаа идилична слика во пејсажот на Лорен пред големиот пад, но и самиот не знаејќи зошто својот сон го нарекува *златното доба*.Во сонот на Ставрогин кој е идентичен со сликата на Лорен за последниот европски човек, треба да поцртаме две главни точки:

1.Идеалната состојба на човештвото кога тоа живее во рајот и сите свои сили ги вложува во љубовта; и

2 Проклетството на злото претставено со смртта на детето на Ставрогин кој предходно ќе го проколне како највисок израз на негација, како судбинска точка

дека се што е родено да живее веќе му е одредено да умре во светот на иманетното зло.

Детето во естетската симболика на ангелските скршените крилја во сликата на Лорен умира, исто како што умира и Матјоша во „Зли дуси".Што Достоевски сака да ни каже преку оваа паралела?

Ова е симболиката дека идните генерации се контаминирани, тие чисти души не можат да опстојат на земјата заради судбинското зло, не можат да живеаат во темниот свет каде што Бог го нема и се е подредено на тријадата атеизам, нихилизам и иморализам.„Зли дуси" на Достоевски можеби е најтемното место во светската книжевност, а нај тешкиот миг е претставен преку губењето на Марија Шатова.Ниту Шекспировиот трагицизам, ниту пеколните огнови на Данте Алигиери, не можат да се споредат со човечкото разорно зло кое го гледаме во „Зли дуси".

Од една страна прикажана е совршената аполонистичка убавина на Европа во фантазијата и идеалниот свет во кој што човекот живее во сонот на Ставрогин, а од друга страна се случува целосна пресвртница во неговата стварност, стварност која што е пеколна и во која се појавуваат нихилизмот и анархизмот.Анархизмот бара се да се сруши и на тие рушевини да се изгради нешто ново.Но, секогаш тоа ново кое се раѓа во крв и страдање на човекот, не може да донесе ништо подобро. Вистинската промена во човекот и светот се случува во растењето во свесноста, во изградбата на една внатрешна духовна структура која не зависи од надворешните околности.Дури тогаш човекот ќе доживее трансформација и тој влегува во златното доба.

Благодарение на ликот на Ставрогин, се поставува и едно друго метафизичко прашање кое се сведува на она епохалното и фундаментално: Што е тоа во животот на човекот кое ја надминува елементарната егзистенција?Што е она позади појавноста која нема очигледен израз, но има еден длабок метафизички вглед кај поединецот?Од каде се тие рајски чувства и соништа ако се во нас е материја, тело и ум, а трето нема?Ако се е материја без оваа фундаментална духовност на која лежи човекот, зошто ние не сме роботи?Од каде е напливот на светлината?Од каде се овие силни светлосни вибрации на

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

чиста радост кога човекот создава и твори?Постои една легенда која вели дека човекот пред да се роди на земјата ја гледа целата убавина небеска и кога ќе дојде на земјата, ја бара таа божествена убавина која само на секвенци на земјата му се пројавува како светлина.Таа убавина вели Достоевски ќе го спаси светот.

Но, Ставрогин е лик кој е носител на двете идеи кои меѓусебно се исклучуваат (рајот и пеколот на злото) и тој страствено ги брани и двете страни.Од една страна сонот во рајот, од друга страна е не одстапувањето на злото преку симболот на пајакот кој што тој го гледа кога ќе се пробуди.

Се чини тука како Русо и Волтер да дебитираат внатре самиот Достоевски, заедно со еден генијален скептицизам.Два великана кои живееле во Париз, кои еден ден можеби пред Пантенон на Нотре Дам стоеле рамо до рамо, но сепак едниот целиот живот го нарекувал другиот лажлив, зол човек, додека другиот му се обраќал со обична занесена будала, но во душата на Достоевски преку ликот на Ставрогин, тие стојат заедно.

Страврогин е лик кој наоѓа двајца свои следбеници, а тоа се Кирилов и Шатов, кои ќе бидат на двете различни страни на оваа идејна интолерантност и неспојливост, внатре во самиот лик на Ставрогин.Тој, Ставрогин самиот за себе вели дека ,,кога верувам - не верувам дека верувам, а кога не верувам - не верувам дека неверувам" наоѓајќи се постојано и интензивно, во една логичка амбиваленција.

Во самата личност на Достоевски гледаме и една величанствена пристрасност кон Христа.Во самата биографија на Достоевски постои еден податок за кој што ни говори норвешкиот славист и автор на биографијата на Достоевски *"Животот на писателот"* Геир Кјетца (Geir Kjetcaa 1937-2008), дека за време на робијашкиот живот на Достоевски во Сибир, во Сен Палатинск, кога тој ја отслужувал својата десет годишна казна заради политички бунт против Царска Русија, единствената книга која ја носел со себе била *Библијата*, а *Евангелието по Јован* му било најмногу поцртувано. Познат е фактот дека Достоевски бил првично осуден на смртна казна и доведен на стрелање, но помилуван во последните пет минути. Во "Идиот" тој преку Кнезот Мишкин ни покажува колкава е таа псхихолошка драма кога човекот е соочен со смртта, колкав е тој

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

страв и трепет кога тој знае дека му остануваат само пет минути живот на земјата и колкава е таму, таа глад за постоењето.Во ,,Записи од мртвиот дом”, Достоевски ќе ни го опише целиот негов престој во Сибир заедно со најголемите злосторници и убијци, навлегувајќи длабоко во нивната душа за причините на нивното злосторство.

Кај Ставрогин постои едно силно хилијастичко верување, за повторното враќање на Христа на земјата и дека рускиот народ ќе има една водечка улога во тој процес да ги поведе народите во спасение, а условот е Русија претходно илјада години да живее во праведност. *Доколку Исус би дошол сега на земјата, злото и злосторниците сигурно повторно би го распнале и ние би сведочеле на второто распетие и второто воскреснување, вели Достоевски.*Од една страна кај Ставрогин имаме пристрасност кон Христа, идеја која ќе ја зграби Шатов, но од друга страна Ставрогин го убедува Кирилов во иморализмот, односно дека не постои граница помеѓу доброто и злото, дека тоа е само предрасуда, човечка измислица, граница која постојано се менува низ историјата.Со тоа Достоевски ни ја дава дефиницијата на иморализмот, што не е исто со аморалноста.Аморалноста не ја негира етиката, постоењето на доброто и злото туку ја прекршува и човекот е свесен за тоа. Аморалниот Раскољников е најдобар пример за казната заради злосторството преку совеста.Но, кај иморализмот се оди чекор понапред, таму човекот целосно ја брише таа граница како фикција, тој тврди дека космичко-етичките вредности не постојат, ниту дека имаат цврста основа на која лежат, па границата на доброто и злото е целосно непостоечка.

Кирилов се фаќа за идејата дека разликата помеѓу доброто и злото е предрасуда речиси истовремено кога и Шатов добива информација од Ставрогин дека рускиот народ е народ богоносец, Ставрогин во тие познати ноќни разговори на оваа тријада го провоцира Кирилов и му вели:,,Ако се е добро (иморализмот во кој злото станува добро) дали е добро да се злоупотреби мало девојче и да се натера на самоубиство?” Тогаш веќе полудениот Кирилов кој фанатично е фатен за идејата на иморализмот вели ,,да, и тоа е добро”. Разликата помеѓу доброто и најголемото зло, веќе гледаме дека не постои.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

Кај Достоевски постои една внатрешна моралистичка граница која вели дека најголемото зло е ако му згрешиш на дете.Ако ти му згрешиш на било кое дете, по некој непишан но евидентен закон ти на крајот ќе мораш да завршиш со лудило или со самоубиство, како Ставрогин кој на крајот ќе полуди и ќе се убие.

Шатов во делото фанатично се држи за ставот дека рускиот народ е народ богоносец. Ставрогин, за да морално го ослабне ќе почне да ја сквнари оваа првично негова идеја, на што Шатов ќе му возврати со шлаканица.Ставрогин тоа стоички ќе го поднесе, без двобој, без одмазда, што во делото е протолкувано како негова голема психичка сила.Во тој миг Ставрогин го прашува Шатов „во ред рускиот народ е народ богоносец, но дали вие индивидуално верувате во Бога", на што Шатов одговара „па јас, како да ви кажам, јас ***ќе верувам***". Шатов во својата индивидуална вера не е воопшто тврд ниту сигурен и прашање е дали тој воопшто верува во Бога, но верува дека рускиот народ е народ богоносец?!Токму тука Достоевски го поставува прашањето на атеизмот и неоатеизмот. Самото прашање за Бога кај Шатов е прашање кое е историско-националистичко, прашање кое се наоѓа над вистинското и над индивидуалното.Но без индивидуалната вера, без овој фундамент се руши целата таа трагичко-колективистичка идеја, затоа што спасот треба прво да дојде кај индивидуата, а дури подоцна во колективната свест (во колективното несвесно). Нема спас во народите, нема спас во колективните патиштата земски, нема спас во колективните патиштата небески, ако нема спас во индивидуата, а тоа е интимната, лична поврзаност со Бога. Во таа смисла, целиот фанатизам на Шатов, дека рускиот народ е народ богоносец е неодржлив, затоа што е изложен без лична вера. Тој фанатизам кај Достоевски ќе остане на маргините на национализмот, а не во чистата метафизичка идеја за Бога. Затоа да се цитира Достоевски е многу опасно, мора да се види кога и во кој контекст нешто е изречено, посебно ние не можеме да тврдиме дека Достоевски нешто кажал без да го земеме предвид целиот контекст и без да ја земеме предвид неговата негација.Сепак во тоа движење и селење од метафизичкиот во стварниот свет, ние го чувствуваме Бога и силно ја гледаме целата генијалност на Достоевски.Таму очигледни се високите божествени одблесоци на еден

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

сосема нов свет кој силно го чувствуваме и кога паѓаме во неможноста сето тоа да го искажеме во материјалниот свет.Токму таа тајна која што се наоѓа помеѓу световите, е тајната која ни е дадена да ја откриеме, кога умот ќе го замолчиме и ќе запливаме во повисоките сфери на нашата свесност.

Во еден миг Ставрогин ќе го предупреди Шатов кој и понатаму не верува во Бога но тврди дека рускиот народ е народ богоносец, дека анархистите ќе го убијат, но не за да му помогне, туку затоа што тој длабоко ги презира и двете страни.Од друга страна ја имаме сцената на веќе сосема полудениот Кирилов кој вели дека нема Бог и дека тој ќе се убие од хир, за да ја докаже слободата на човекот. Значи слободната волја која Бог ни ја даде за да одлучиме дали сакаме да тргнеме по патот на Христа, Кирилов ќе ја осквнари со изјавите дека разликата помеѓу доброто и злото е ирелевантна и дека таа етичка поделба е човечка измислица и предрасуда. Кирилов вели дека таа вистина мора некој да ја објави и тој на себе ја зима таа улога.

Кирилов, за време на неговиот престој во Швајцарија, на Петар Врховенски водачот на анархистите кој треба да ја сруши аристократска Русија, му зема пари на заем и му вели дека за возврат тој ќе се убие, земајќи на себе некое злосторство што не го сторил, тогаш кога тоа од него ќе биде побарано и дека ќе остави писмо во кое ќе напише дека е виновен за злосторството кое не го извршил, а Врховенски, тоа може во секој миг да го искористи. Достоевски на ова место ни покажува дека Кирилов не е целосно доследен во својата идеја да се убие и со тоа да покаже дека нема Бог затоа што и самиот Кирилов не е убеден во оваа идеја. Од него ќе биде побарано дека наводно го убил Шатов. Доколку Шатов и Кирилов не ги гледаме како личности туку како идеи, или *се е човекова волја* и дека верата се заменува со *национализам или колективизам*, ќе видиме дека замислата на Достоевски е да докаже дека на крајот нихилизмот и иморализмот во индивидуалното неверување го убива колективното чувство за Бога.

Кирилов не е ладнокрвен самоубиец, но во самиот чин на самоубиството сепак ја гледа силата на сопствената волја кога вели “ќе се убијам затоа што така сакам и на таков начин ќе покажам дека можам се што сакам да правам”, за да на луѓето им стане јасно

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

дека Бог го нема”. Истиот тој Кирилов од друга страна мисли дека идејата за Христа онака како што му се прикажува во Евангелието, заедно со Христовата мисла, страдање и воскресение е идеја која е возвишена и дека таква идеја нема да се повтори во човештвото. Тука Достоевски сака да ни покаже дека не постои апсолутен атеист внатре човекот, затоа што божествениот дух длабоко е сврзан внатре човековото битие.

Кирилов поттикнат од Ставрогин сепак на крајот ќе се убие (се согласува да се убие). Но на крајот гледаме дека тој чин нема да го изврши затоа што е уверен во иморализмот, дека Бог нема, туку заради целата манијакалност на сцената, во лудилото кое ќе настапи во самиот лик на Кирилов, заради отфрлањето на Бога.Во писмото што ќе го остави дека е виновен за нешто што не го сторил, тој нема да го истакне иморализмот, што ни покажува декаКирилов нај внатрешно има голема потреба од Бога.Затоа и целата сцена на самоубиството е извршена во мигот кога тој ќе го гризне својот прст во целосно лудило и манијакалност, додека за тоа време Петар Врховенски анархистот кој треба да создаде нова Русија на старите рушевини, седи до него и јаде некоја кокошка и вели “кога овој веќе ќе се убие”.Достоевски на ова место кажува дека Царска Русија треба да се сруши, но истовремено и прашува, дали овие кои доаѓаат како Врховенски се подобри, дали оние кои немаат изградено цврста и индивидуална вредносна структура внатре нив и не веруваат во Бога, туку и самите се нихилисти и иморалисти, дали можат со некој неодржлив идеал да го однесат народот во ветената земја и дали тоа значи градење на ново земско царство на постојано едни исти владетели?

Највозбудливото поглавје во „Зли дуси” е поглавјето *„Ноќ”* каде што ни се дадени најважните идеи на Ставрогин, Шатов и Кирилов.Тие идеи се фундаментите на кои почива делото а тоа се атеизмот, нихилизмот и иморализмот, идеи кои што Достоевски уметнички ги изнесува крајно убедливо.Кирилов видовме на крајот ќе се убие, но не со она претходното иморалистичко сфаќање, туку тој ќе го постави прашањето *каков е овој свет*? Тој ќе се убие затоа што овој свет е зол, дека не остана грам добрина во човековата душа и настапи времето на рамнодушноста кон човекот како антипод на љубовта, дека и

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

онака се е се едно и онака сите прават само зло, сите се злосторници и тој вели “па што и ако се убијам или не, исто е”!

Либералното просветителство кое ќе го донесе новиот бран на Француската револуција, според Достоевски, го означи крајот на Христијанството.Тоа свртување на грбот на духовноста, во тоа време ќе го стави во загради и човекот како homo religius и тој ќе тргне по патот на атеизмот.Човекот така е потиснат во највозвишено чувствување на Бога во својата душа и тогаш всушност ќе се изврши трампа со најсветите човекови пориви за сметка на големите идеали и револуции, затоа што човекот на некој начин мора да верува дека ќе дојде рајот на земјата.Ако нема Бог вели Достоевски, мора да постои идеал кој ќе го замени, идеал кој исто така го ветува рајот.

Самата идеја за иморализмот не беше изворно на Кирилов, туку преземена е од Ставрогин.Ставрогин ќе признае на крајот дека е бивалентен во верувањето и во прашањето:

*Има, или нема Бог*, а за едната идеја ќе се фати Шатов, а за другата Кирилов но на деструктивен начин.Кирилов оваа идеја ќе ја сведе на една грозничава манијакалност и апсолутизам нема Бог и се е моја волја.Но сепак иако ја гледаме на секвенци, во срцата на Шатов и на Кирилов нема вистинската вера, ниту ги има возвишените чувства во светлината на ликот на Христа, па тие немајќи индивидуална вера и лично убедување во сопствените идеи, на крајот ќе мора да полудат, или на некој начин да страдаат. Ставрогин кој кога *верува не верува дека верува, а кога неверува не верува дека неверува,* човек е на апсолутната негација, но сепак застапува еден категорички став и вели дека: ,,*И кога вистината би се докажала дека е над Христа, јас попрво би останал со Христа него ли со вистината”.* Имено оваа идеја изворно припаѓа на самиот Достоевски, кога тој во писмото од 1854 година и пишува на госпоѓа Фон Визина и вели дека “кога би се докажало *математички,* или од аспект на материјалистичките ограничени науки дека Бог не постои и јас ќе застанам на страната на Христа”.

Достоевски на овој начин дава критика на егзакните науки чиј принцип на докажување е сведен на рационалното и логички ограниченото, науки кои што не се

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

поставени на вистинскиот фундамент, а тоа е духот.На прашањето, што е постаро кокошката или јајцето, науката нема одговор, затоа што и двете се материјални и не може првата причина да се бара во материјалистичкиот свет.Одговорот на двете е во третата причина, а тоа е духот. Науката го отфрла духот отаде сите научни сознанија можат да се сведат само на некои квантитативни појмови на самата материја, но тоа е далеку од суштината на се што постои и на космичките закони.За жал и денес, двеста години по раѓањето на Достоевски, сеуште на научната сцена доминираат позитивизмот и материјализмот.Материјата е земена како супститут за духовно-космичките законитости, на чија основа науката ги гради сите свои гледишта, со што е ослепена да ја види вистината.Основната идеја на позитивизмот како таков е цврстото држење за фактите во т.н. објективната стварност, стварност која што е дискутабилна од аспект на најновите научно -квантни докази, дека, всушност, не постои објективна стварност како таква, туку дека се е индивидуална перцепција.Затоа што доколку науката ги признае духовно-космичките законитости и ги стави во функција, таа веднаш треба да го сруши својот онтикум на кој почива а тоа е материјата врз која таа ги изгради сите свои ставови.Науката во таа смисла секоја духовна идеја или метафизичка претстава за Бога како Творец, како прв Креатор или како интелигентен ум кој што ја создава материјата, мора априори да ја отфрли.

Достоевски е свесен за апсурдноста и невозможноста да дојдеме до вистината во метафизичката сфера со помош на застарените научно-материјалистички принципи, тој вели не можеме веќе да го излечиме современиот човек со помош на старите лекови.Се додека целата наука не се воздигне до една недуална мудрост, се додека не се сфати дека не постои дуалност, туку дека ние сме дух во материјално тело, тело кое е енергија на најниска фрекфенција, се дотогаш ќе владее секуларизација во целиот материјалистички метод, а доказот за вистината и вистинската природа на човекот нужно ќе изостанува.

Враќајќи се на ликот на самиот Ставрогин ние мора да се запрашаме, што се случува помеѓу него и малата Матријоша и зошто тој на крајот мора да полуди и да се самоубие?

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Ставрогин кој поседува голема харизма и убавина е и многу популарен во својата околина, посебно помеѓу жените.Во тој кош ќе се најде и едно девојче во своите ранливи пубертетски години кое му се восхитува на овој ледено-метален човек, а тој ќе ја злоупотреби оваа нејзина занесеност и ќе ја оскрвнари.По тој чин Ставрогин силно ќе почне да ја мрази Матријоша затоа што се плаши дека тоа може да се прочуе во високите социјални кругови и да испадне смешен, во една околина која е полна со восхит за него и која во него гледа некој вид на натчовек или квизак хатерак.Произлегува дека Ставрогин не чувствува никаква грижа на совеста (тоа е непознаница на неговиот карактер како иморалист), туку се плаши да доживее срам, срам кој би го отфрлил од околината во која се движи и е полна со восхит за него. Тој на едно место вели “шетајќи по градот, во еден миг ќе застанев и ќе замислував како ја убивам Матјоша, сведокот еднаш засекогаш да исчезне,” а токму оваа сцена која доаѓа во неговиот ум постојано, за него ќе стане неподнослива.Ставрогин постојано ја гледа Матјоша со крвави очи, искривено лице и со стегната тупаница како му се заканува дека ќе го убие.Ставрогин оваа ситауација нема да ја сфати како сопствена грешка, туку ќе каже дека “Матјоша го убила Бога во себе”, без да погледне во сопствената постапка со која малото девојче го доведе во таа состојба.Совеста како казна, каењето, страдањето по извршеното злосторство кај Ставрогин никако не можеме да го забележиме.Тој себе си се амнестира од било каков морален престап и како најголема духовна ниского секогаш го обвинува другиот за сопствениот грев, а во случајов тоа е малото девојче, што Достоевски го прикажува како крајно декадентен, егоистички, иморалистички и нарцисоиден став.

Ставрогин по извршениот чин јасно ќе види дека неговото понатамошно присуство во собата на малата Матјоша за неа е неподносливо, но кога повторно кај неа ќе дојде тој не си оди туку останува да молчи, а со тоа ја наведува кај неа да се јават силни чувствата на неподносливост и тоа да предизвика реакција и таа да дигне рака врз себе.Матјоша се качува на еден таван, а Ставрогин точно претпоставува што може таму да се случи. Таа ќе се обеси, но додека тој седи и чека таа да се убие, кај герамидите на прозорецот ќе го здогледа истиот тој мал црн пајак што тој го виде во сонот.Зошто ова е важно да се

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

потенцира? Затоа што кога Ставрогин ќе се пробуди од сонот за исконот на Европа, за таа блажена рајска состојба на човештвото, а тоа е всушност сликата на Клод Лорен "Ацис и Галатеја", што тој ја нарекува златното доба, на крајот ќе го види истиот тој пајак кој што ќе ја разори целата идила и сонот за рајот.

Достоевски на ова место сака да укаже на две главни жаришта во душата наглавниот лик изразени преку симбиликата на пајакот.Од една страна тој чека малата Матјоша која ја обесчести да се обеси, да дигне рака на себе, додека го гледа пајакот како метафора за злото во себе си од кое тој не може да се спаси. А тоа е истиот оној пајак кој го буди од сонот, во мигот кога Ставрогин ќе го види златното доба на човештвото, каде што сите сили се вложуваат во љубовта, а не во злосторства кон мали деца. Токму тука јасно гледаме една суштинска бивалентност во душата на Ставрогин.Тој е можеби единствениот лик кој може да го носи восхитот и проклетството, злосторството и љубовта кон Христа, христијанството и атеизмот истовремено, во целата негова бивалентност и комплексност на структурата на ликот, кој иако има визија за рајот, сепак не може да се откаже од сопственото зло. Со сликата на пајакот како суптилен детал, Достоевски на индиректен начин ги спојува тие две дијаметрално спротивставени мотивациски целини, кои сами по себе се сложени во својата спротивставеност.Токму таа противречност, ќе го изгради ликот на Ставрогин кој го гледа рајот, кој поверува во него, а од друга страна го гледаме Ставрогин иморалистот во чие внатрешно битие е избришана границата на доброто и злото. Идејата на Достоевски е да го освестиме сопственото зло, но штом тоа го направиме дефинитивно да се ослободиме и да останеме во светлината.Еднаш освестеното зло вели Достоевски веќе не е случајност ако го повториме, туку е избор.Суштината на пораката преку ликот на Ставрогин е да дојдеме до само една недуална хармонија преку убавината и светлината во Христовиот лик, до рајот изразена преку сликата на Клод Лорен.Во таа слика Достоевски гледа еден совршен естетицизам во самото срце на Европа, чија убавина заради овој несовршен свет на злото за сега не може да дојде и ќе мора да почека некоја нова стварност. Затоа што се додека демне злото во вид на иморализам, атеизам и нихилизам, ќе победува анархизмот, а тие заедно постојано ќе го

ISSN: 1857-8128

создаваат земскиот пекол и така секоја надеж за доаѓањето на златното доба ќе мора да умре.

Гордоста, недистанцирањето од злото кај Ставрогин се помали гревови од оној кога тој ќе дозволи со крајна рамнодушност Матјоша да си го одземе животот.Ставрогин по ова злосторство длабоко чувствува дека нема да најде спокој, ниту на земјата ниту по смртта. Со овој чин тој ја затвора вратата на најмалата надеж за спас на неговата душа и тој знае дека со ваквото зло тој не може да се стопи во убавината на златното доба која ја виде во својот сон.Интересно е дека и покрај ова сознание, кај Ставрогин победува злото. Достоевски на ова место се прашува од каде е овој нагон кога и по цена да не влеземе во рајот на нашата душа, сепак остануваме во злото.Ставрогин размислува за злото, гледа во пајакот и се збогува за навек со божественото внатре неговата душа.Од тој миг Ставрогин почнува да халуцинира, да полудува, останува сам, целосно фрлен на ветриштата и бурите на злото и неговите немилосрдни сили.Во тие ветришта кои тој самиот ги предизвика заради сопственото зло, Ставрогин постојано ја гледа Матјоша со искривено лице и црвени очи, како му се заканува со тупаница.

Достоевски вели дека не постојат крајни атеисти, дека идејата за Бога е длабоко закопана во секоја душа, дека допирот со другите светови е латентен, но намерно и по слободната волја кај човекот е неразвиен, покриен со дебелите слоеви на рационализмот и егоизмот. Основната идеја на Кирилов во „Зли дуси”, “ако Бог го нема тогаш човекот го зазема неговото место”, дава за последица не воздигнување на човекот во Бога, туку како резултат го добивме современиот натчовек кој ни го отслика Ниче.Божјата волја како најголем израз на љубовта кон човекот е избришана во умот и таа не постои за овој натчовек, туку постои само сопствената волја како злоупотреба на слободата.Токму во оваа идеја на човекот да го заземе Божјото место, е идејата во која според Достоевски, лежи најголемата опасност. Човекот тогаш одлучува да не дејствува според својата доблесност во вертикалниот од кон Бога, туку тој станува Бог на испразнетото место, како семоќен човек во својот егоизам и материјализам.Така се случи современиот човек самиот да се прогласи за Бог во науката, техологијата, вештачката интелигенција, а тоа е идејата

на Мефистофел кој го гледаме кај Гетеовиот ,,Фауст", или злото кое се наоѓа во умот на човекот.Во таа смисла и Гете и Достоевски навистина биле пророци.

Личниот живот на Достоевски бил доста проблематичен уште од самото детство.Неговиот татко тиранин и деспот, а неговата мајка е во симболиката на Богородица. Овие два спротивставени до крајности архетипа лежат во душата на Достоевски, а преку ликовите на своите дела ја покажуваа оваа генијална способност – во миг да го запали пожарот на деструкцијата, за да веќе следниот гледаме како тој гори во оганот на Христовата љубов, во еден крајно бивалентен однос.Токму таков е и ликот на Ставрогин. Кај Ставрогин секако дека можеше да победи сонот за рајска Европа или златното доба, но зошто тој не можеше да се ослободи од злото? Кај Достоевски гледаме *три клучни точки* кои ако човекот ги премине, оди во неповратниот пекол на својата душа во самоказната затоа што човекот самиот себе си најстрашно си суди преку совеста.

1.*Ако нанесеме зло на дете* (Ставрогин чека да се убие Матјоша без да и помогне и ја посакува нејзината смрт, што од аспект на уметничка диспонираност е исто со самото злосторство или чинот на убиството);

2.Идејата за *човекобогот (натчовекот)* која лежи во тријадата- атеизам, нихилизам и иморализам;

3.*Гордоста* на Ставрогин, да се покае, како израз на целосно отсуство на *совеста*.

Сите овие три ,,смртни гревови", Достоевски не може да ги проголта и затоа Ставрогин е казнет со најжестоката казна, со најдлабокото шекспировско лудило и дефинитивна смрт, која тој ќе ја проживува низ вечното страдање.Ставрогин ќе се убие на истото место каде што се уби Матјоша и на истото место каде што тој го виде црниот пајак, а токму на тоа место Ставрогин можеше да го спречи злото, да се покае, да се случи

пресврт, но тој не направи ништо, само остана рамнодушен. Рамнодушноста на ова место е сфатена како најсилен антагонизам на љубовта..„Навистина ви велам ако семето падне на земјата и не умре ништо нема да се промени, но ако умре, (ако се случи трансформацијата од злото во светлосниот лик на Христа), многу плод ќе даде.

Интимниот и брачниот живот на Достоевски исто така е многу дискутабилен. Три пати се женел, првата жена му умира, втората се здобива со тешки психички проблеми, дури со третата Ана Глигориевна тој се смирува, иако од нејзиниот интимен дневник дознаваме дека тој дури и таму не ја остварува посакуваната љубовна идила и хармонија. Коцкарската страст го доведува до работ на неиздржливоста, болеста и честите напади на епилепсија, миграцијата во Европа заради долгови, го прават неговиот живот доста турбулентен.Голем број на светско познати литературни критичари тврдат дека Достоевски не можел да пишува доколку себе си не се довел до крајно-гранична и невозможна ситуација и дека токму во тие ситуации кај него се палела инспирацијата.Се чинело дека тој тогаш како да излегувал од сопственото тело и влегувал во еден сосема друг светлечки дух, дух од кој што Достоевски писателот ја дознава целата вистина за небото и земјата.Оттаму од небесното Достоевски ги црпел своите инспирации и ги пишувал своите соништа, толку реални за духот, но толку нереални за умот човечки и за злото во светот.

Ставрогин е лик кој како што видовме е претставник на атеизмот, иморализмот, нихилизмот и анархизмот кој вели дека најдобро е на сите четири страни на светот (како антипод на светиот крст), да се стави динамит, светот да изгори и да нема повеќе ништо. Оваа е анархистичката, мефистолско - демонската идеја во која ѓаволот тврди дека нема ништо, нема Бог и токму оваа идеја, овој нихилизам, претставува најголем бунт и удар кон Креаторот на светот и космосот. Демонот и кај Гете ни кажува дека Бог нема, дека нема живот вечен, дека тука сме се нашле случајно да се испоубиеме помеѓу себе, да го уништиме другиот, да направиме другите да страдаат до крајните граници на нивното постоење, затоа што и така нема Бог, нема ништо по смртта, иако Исус велеше „се што ќе му направите на другиот човек, мене сте ми направиле”. Затоа и онака како што

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

размислува и чувствува божествениот човек во кој Светиот дух дејствува, е знаењето кое тој го има длабоко во себе, дека ѓаволот нема да победи, ниту последен ќе биде триумфот на демонската идеја.

Ставрогин на едно место и самиот ќе признае дека развратот и нихилизмот во кои што тој живее не му носат задоволство и дека мора да постои нешто многу подобро од тоа.Тој на почетокот помислува дека мора да направи некоја жртва и на тој начин да ги искупи сопствените гревови. Како Ставрогин тоа ќе го изведе?Тој ќе се ожени со Марија Лебљаткиња, најгрдата хрома девојка која никој не би ја погледнал.Ќе се венча, но тајно и замислува каков скандал ќе избие кога за тоа би се дознало. Најкомичниот лик во делото нејзиниот брат Лебљаткин, инаку претставник на наесвесниот човек, вели дека штом наутро стане од кревет веднаш е атеист, но кога ќе зајде сонцето и кога ќе падне темнината, тој веднаш почнува да верува. Критиката на Достоевски се однесува на полуатеистичкото човештво кое верува и го бара Бога единствено во темните ноќи на нивната душа како комично начело, затоа што верувањето вели Достоевски ако не е апсолутно, суштинско и најдлабоко во јадрото на душата човечка, во тој случај се работи за човек кој е неверник. Сета оваа полифонија во делото не се одвива на патетичен начин, туку тоа е една бурлеска, за да го видиме човекот во својата несвесна, ниска природа.

Марија Лебљаткина за својот сопруг Ставрогин кој е љубезен кон неа мисли дека е натчовек, сокол сив, сокол кој лета низ височините и во сонцето гледа, а сето тоа нејзе како девојка која никој не сака да ја погледне многу и импонира.За неа Ставрогин е оној натчовек кој на Бога му се поклонува ако сака, а ако не сака не мора.Толку Ставрогин е за неа е силен во својата супериорност што тој веќе не е ни човекобог, туку нешто над тоа.Од друга страна Петар Врховенски, водачот на анархистите го убедува Ставрогин да ја убие Марија Лебљаткина и да се ожени со Елизабета Иванова, преубавата големопоседничка, а со тоа Ставрогин да им помогне на анархистите во рушењето на царска Русија.Ставрогин првично ќе го одбие Врховенски и му вели дека неговиот анархизам воопшто не го интересира.Од оваа сцена гледаме дека кај Ставрогин повторно немаме спротивставување на злосторството да не ја убијат Марија Лебљаткина, туку отпорот тој го дава против

финансирањето на анархистите, а со тоа Достоевски ни ја опишува најсликовито гордоста во егоизмот и иморализмот како кулминација на најголемото зло. Ставрогин ја убива Марија Лебљаткина која на крајот пред да умре ќе го презре во неговата злосторничка природа.Со ова Достоевски потсетува на древната вистина на Светото писмо: *,,Не барајте идеал на земјата, ниту под водата ниту на копното, ниту во човекот, ниту во светот вие имате само еден Бог а тој е на небесата"*.

Истовремено, правејќи го ова злосторство, го гледаме Ставрогин како добива се поголеми халуцинации, насекаде ја гледа малата Матијоша како му се заканува со тупаница.Борејќи се со демонот внатре себе си, Ставрогин во еден миг заминува да се исповеда кај Старецот Тихон, кој е пандан на ликот на Старецот Зосима во ,,Браќа Карамазови".На тој Старец, Ставрогин му ги пишува своите злосторства на ливчиња затоа што нема храброст тоа да го каже отворено, но веднаш потоа тој се негира, кај него се јавува негацијата и амбиваленцијата и вели дека сето тоа го измислил.Старецот Тихон веќе разбира за што станува збор и му вели; *,,знаете Ставрогине, постојат злосторства кои што се премногу одвратни"*.Старецот Тихон веќе е свесен дека Ставрогин ќе загази во уште поголеми злосторства, на што Ставрогин му одговара:

,,Па да, вие сакате да се покајам, но мојата гордост тоа не го дозволува, да станам семеен човек, во недела да одам на литургија, да се молам за опрост и вие да ми доделите епитимија". Но кога Ставрогин ќе ја одбие епитимијата за него веќе нема спас, тој ќе отиде на таванот и ќе се обеси на истото место и на истиот начин како што тоа го направи Матјоша.Ставрогин ќе остави писмо кое ќе биде пронајдено по неговата смрт во кое ќе напише ,,не кривете никого сам сакав".Последната реченица во *Зли дуси* е ,,лекарите ја исклучија секоја можност на душевна болест.Николај Ставрогин е нормален".

Така го заврши својот живот Ставрогин, човекот кој имаше свој сон, сон во кој што го гледа златното доба за рајската идилична земја, земја во која се слави љубовта, а злото не постои.Таму преовладува едно митско доживување на светот и животот, рајски живот како longinquo tempore, како одамна завршено време кога Бог и луѓето се сакаа и си живееја во хармонично блаженство, а тоа е рајот на земјата во ритамот и хармонијата со

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

природата, во убавината на возвартената љубов.Во ,,Сонот на смешниот човек" самиот Достоевски ја опишува таа океанска среќа на целината и хармонијата, а во колективното и во индивидуалното несвесно се наоѓа вистината дека токму таа хармонија треба да се оствари уште на земјата, оној миг кога човекот ќе се откаже од злото.

Во вториот дел од сонот гледаме дека Ставрогин ќе се пробуди во една пеколна стварност. Тој е лик кој има свест за рајот и исконот на идиличната Европа, а сепак носи во себе едно иманетно зло од кое не се откажува свесно, зло кое е толку стварно, силно и стравично, зло изразено во една манијакална демонска страст да се живее по темнината на сопствената волја, наспроти светлината во вистината.Демонот кај Ставрогин на крајот победува за сметка на рајското, светлосно чувство, а тоа е мигот кога тој се откажува од Бога и тргнува по патот на демонот.Пред човекот стои една одлука вели Достоевски, тој да се откаже свесно од злото, да застане еднаш засекогаш на страната на љубовта и рајското чувство во својата душа, на страната на сопствениот рајски сон.Затоа што токму таму се гледа најголемата сила на човечка тој никогаш да не потклекне пред злото во гордоста, егоизмот и бесот како најниски сфери на постоењето.Таму се гледа големата психолошка сила на еден човек.Може ли прашува Достоевски човекот да има ваков свет сон, а сепак да падне во Содома?Ставрогин е персонификација на модерниот западен човек, горд, богат и развратен, тој оди од едно зло до друго, ја брише границата на доброто и злото и ја памфлетира онаа идеја дека сите вредности ја изгубија својата вредност во низилизмот, дека Бог го нема и дека единствено е важна човечката волја и неговите злосторнички нагони. Неговиот иморализам учи дека човекот има право да убива ако му се може, да одљубува и да прави се што во тој миг ќе посака.Тоа е дефиницијата на натчовекот со силна гордост и егоизам раководен од најниските инстинкти.Но токму тој негов злосторнички идеал на крајот ќе биде распрскан на милјарда делови и тој мора да пропадне.

Целата драма која што се одигрува во душата на Ставрогин мора да заврши кобно.Тој во сите ситуации не одлучува со срцето туку единствено со разумот, а токму само тие идеи нему му се блиски.Срцето го нема во гордоста, иморализмот и цинизмот,

тоа секогаш ја бара сопствената саможртва во љубовта.Достоевски знае дека највнатрешната природа човечка, не го поднесува богохулењето.Кирилов кој велеше дека нема божја воља и Шатов дека рускиот народ е богоносец, во суштина немаа искрена индивидуална вера а сакаа да ги поведат масите, на крајот мораше да пропаднат.Затоа ние не можеме да ја прифатиме онаа теза на Фоербах која вели, *„Ако Бог е се, човекот е ништо”*.Човекот никогаш не е одвоен од Бога и во тоа сфаќање лежи *целата христијанска идеја*. Односот не ниту господар - роб, како што вели Хегел во своите дијалектички расправи со Бога.Човекот е створен според ликот и духот Божји, но само човекот има избор дали ќе го одбере патот каде што Бог го нема и за замена ќе ја стави сопствената волја како израз на злоупотребената слобода.

Достоевски го преднасетувал доаѓањето на новиот материјалистички свет каде што на човекот не му е потребен никаков Бог.Денешниот човек е некоја варијанта на самозамислениот Прометеј кој сонува дека само тој е Бог.Но, Прометеј исто како и Исус ја дадоа светлината на човештвото, а за таа саможртва едниот беше окован, а другиот распнат. Но злото во светот е сеуште иманетно и нема критичната маса на освестеност која човештвото би го однела до рајската земја.

Со сопственото иманетно зло човекот е неспособен да тргне по Исусовиот пат, тој мора да го избрише Бога од умот и од срцето. Така се создава човекот со вечна гордост под чие лице седи самиот демон.Најмоќното оружје на гордоста е самоволието на човекот а таму лежи човековата пропаст.Тогаш, излишно ли е прашањето, што значи моќта на гордоста за судбината на човекот и за судбината на целите народи, по сите крвави војни кои што ги доживеа човекот?Тоа е нихилизмот или одрекнувањето од сите вредности.Самоволните луѓе кои не веруваа во Бога, ставија човек кој ќе ги води, го ставија на местото на Бога како свој идол, како највисок идеал, но при првиот негов пад тие одвај чекаа да го прегазат.Во ликот на Ставрогин видовме точно што е натчовекот во својата воља, од која што Достоевски не одвраќаше. Достоевски ни покажа кои сме точно ние во слободата на изборот, затоа што токму тој избор ни ја покажува нашата вистинска природа и нашата судбина. Дали го избираме демонскиот пат каде Бог го нема, или патот

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

кој ни го покажа Исус кога рече „јас сум патот на безусловната љубов, на непоколебливата вера во вечниот живот", како највисок израз на љубовта.Мотото „мојата гордост и моето самоволие секогаш на прво место", е мотото под кое големите диктатори подлегнаа како најголем израз на демонизмот.Волјата за таква моќ мора да доведе до псеудо религија, псеудо наука и псеудо филозофија, за да тие самите можат да владеаат. Достоевски во ликот на Ставрогин ни дава една скриена морална порака, а тоа е колку атеизмот е погубен за единката и какво зло тој суштински продуцира за судбината на човекот, а отаде за целото човештво.Тоа е и онаа вера во неверувањето на Кирилов, онаа демонска потреба човекот да застане на местото на Бога, потреба во која лежи суштинскиот атеизам.Се додека човекот верува во Бога, нему љубовта му е дадена, тој се труди да ја оствари, тој ја чувствува божјата љубов врз себе и сака да ја даде на другиот.Затоа и Исус на едно место ќе каже според Евангелието по Јован:

„Јас не ве нарекувам веќе слуги, затоа што слугите не знаат што прави нивниот господар, туку ве нарекувам пријатели мои, затоа што со вас го споделив сето она кое го слушнав од Таткото мој небесен како највисок израз на љубовта".За атеистот пак љубовта е излишна и непотребна.Тој се откажува од индивидуалната љубов во име на некој идеал, каде Бог го нема. А за луѓето кои тврдат дека се атеисти а знаат да љубат, најдобро пишува Френсис Бекон кога вели „атеизмот е повеќе на усните, а помалку во срцето на човекот".

Но, строгиот индивидуалец кој е ставен на премисите на гордоста и атеизмот вели Достоевски мора да пропадне.Ставрогин кој е прототип на европскиот интелектуалец, кој знае се, на се се потсмева (затоа што ако се се знае, според Ниче, тоа значи се да се презира) не верува ниту во Бога ниту во човекот.

Современиот човек не е ниту космополит ниту националист, лишен од секоја креативна идеја тој е горд и студен, аморален и первезен, иморалист кој нема способност да го разликува доброто од злото, максимално не способен за љубовта.Прототип на таквиот човек е и Кирилов кој се стреми да го преобрази човекот и светот, но со голем презир и надменост наспроти другиот човек.Сите овие современи прототипови

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

завршуваат трагично, со самоубиство или полудуваат, оставајќи зад себе плач, пустош, страдање и страшна смрт.

Во таа смисла послушноста (слушањето) на Бога од љубов (затоа што човекот е послушен од љубов, а покорен од страв), е најголемата доблест човечка.Но Достоевски преку ликот на Петар Врховенски ни покажува што значи ако послушноста не е свртена кон Бога, туку кон човекот и неговата волја која доаѓа од нискиот ум на алчноста.Петар Врховенски анархистот кој не сака да е послушен на стариот режим на Царска Русија, бара од масите него да го слушаат, да му се покоруваат од страв, тоа е онаа иста маса која тој ја исмева и ја убива.Во тој случај гледаме дека дошло само до промена на царевите, а човекот останал само со пропадат идеал дека на земјата работите можат да се променат.,,Новиот човек", во тоа ,,ново земско царство", според Кирилов треба да живее без страв, без болка, без Бога и без совест.Во тој свет *се е добро*.И да се убие мало девојче и тоа е добро.Но оној кој тргнува од така сфатената слобода вели Достоевски завршува како деспотски злосторник.Од таквите деспоти злосторници, денес во прашање се доведува опстанокот на целата планета.

Затоа слободата, о, каква ли храброст му треба на човекот да остане слободен во Христова смисла и да тргне по неговиот пат!?Да дејствува и твори по одлуките на сопственото срце, а таму во таа слобода да се остане верен на божјата волја и да и се предаде, а не на сопственото самоволие.Тоа е победата што човекот ја извојува протв анималното во себе, победа врз личниот егоизам и тогаш тој се очовечува во свесната индивидуа.

Преку *Сонот на Версилов* во романот ,,Момче" на Достоевски, гледаме лик кој како веќе да сведочел на претходните пропаднати револуции и се гади од крвопролевањето.Тој го сонува сонот за исконот и последниот спас кој ќе дојде и луѓето ќе живеаат во братска љубов.Но, зошто оваа идеја на Версилов мора да пропадне?Затоа што вели Достоевски, човекот мора најпрво внатре во себе да развие апсолутна вера без грам сомнеж, да создаде цврст индивудалитет во кој претходно свесно се откажал од злото, а дури тогаш е способен да развива некоја идеја како што е идејата за братската

љубов.Затоа што еднаш кога човекот ќе почне да живее со активната љубов која е во него, братското поврзувањето со другите луѓе е само последица.Достоевски знаел дека на човекот и на светот не му се потребни само да ги види романескиte ликови како Ставрогин и Кирилов кои се носители на пропаста, совршено злосторнички извајани во нивниот душевен живот, туку дека му се неопходни најмногу оние кои го носат и го примиле Христа во своето срце.

Дали човештвото научи нешто од претходните историски искуства, искуства во илузорни и промашени идеи - дека може да постои свет без Бога и на негово место да застане човекот, или некоја друга елитна група која ќе ги презира масите, ќе го убива и мрази индивидуалецот?Дали баш секоја генерација мора да ја искуси злата крв на еден Ставрогин, Кирилов или Врховенски?

Достоевски не стигна да напише еден посебен роман за Аљоша Карамазов како социјалист, Аљоша кој излегува од манастирот со некоја нова идеја, некој нов идеал, затоа што смртта го затекна во тоа време.И тоа е добро, што овој христолик човек Аљоша Карамазов, остана до крајот единствено со Бога.Секој човек носи во себе една сенка на злото која мора јунговски кажано да ја освести и да расчисти со неа еднаш засекогаш. Секој во себе носи некој Ставрогин, Иван Карамазов или Раскољников.Отаде секој човек треба прво да го отфрли сопственото зло и сопствената злосторничка маска, да го стави срцето на преден план и да го прелие со љубовта на Христа, како што тоа го направи ликот на Старецот Зосима во ,,Браќа Карамазови”.

Тоа е аманетот на Достоевски за секој оној кој ќе доживее метафизичко разочарување, да не го менува светот и околностите со самоволие, туку да опстои во таа трансцедентална свест во љубовта со благодарно срце, да и се препушти на Креацијата и нејзиниот план и постојано да ја бара смислата во Бога и преку него да го гради сопствениот лик.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

## 5.Заклучок

*Сонот за Кристалниот дворец*

Во контекст на Сoништата на Достоевски вреди да се напомене и четвртиот сон на Вера Павловна, сон кој почива на едно длабоко етичко прашање:

Како да се однесува човекот опкружен со злото и злосторството во овој трагичен свет?

Истовремено гледаме дека и Николај Чернишевски е уверен дека златното доба еднаш мора да дојде, но за некои други генерации.,,Златното доба ќе се случи Димитриј, тоа е она што сигурно го знаеме.Сега сме на почетокот на железното доба но тоа завршува, наскоро ќе дојде златното доба".Четвртиот сон на Вера Павловна открива постоење на едно совршено општество налик на Платоновата *идеална држава*, општество кое ќе биде сместено во кристален дворец, но тоа допрва треба да се оствари.

Достоевски пак во ,,Зимските белешки на летните импресии", вели дека тој ,,кристален дворец" постои, но не како архитектонско постигнување, туку како еден вид на лажен *идеал* за човештвото од кој што навреме треба да се дистанцираме.

,,Во Кристалниот дворец се случува една универзална изложба.Изложбата е впечатлива и многу гламурозна.Мислата е дека однадвор постои некоја страшна сила која ве обединува како триумф на едно победоносно јато,на сите луѓе кои доаѓаат Европа.Свесни за таа величествена идеја на обединување тие веќе чувствуваат дека нешто е постигнато и дека тука веќе лежи победата.Но, во индивидуата и понатму постои страв и силен немир, постојано тукание се плашиме од некого, постојано некој друг ни кажува дека не сме доволно добри.И секогаш помислуваме дали тоа е идеалот кој го сонуваме и дали е постигнат.

Достоевски е мајстор на зборот, и прашува за крајот на таа исцрпувачка психолошка војна и дали таа епизода од борба завршува тука во Кристалниот дворец!?

Дали ова треба да се прифати како конечна вистина, како како постигната цел и дали е дефинитивно кога да се занеми!?

Дали сега треба личниот сон да го угасиме на сметка на колективниот?

Погледот оттаму е победоносен и триумфален.Кристалниот дворец е сместен на еден голем рид, таму, во срцето на Европа.Таму гледате реки од народи кои чекаат да влезат преку кристалната порта, и тие мислат дека борбата е завршена и нешто значајно е постигнато.Тоа е како сликата на Библијата која потсетува на Вавилон, и пред вашите очи се исполнува пророштвото на апокалипсатаЧувствувате дека внатре во себе ја барате вечната количина на отпор и духовен напор на сето она што секојдневно како робот го исполнувате, за да не ве обземе целосно впечатокот – зошто овој Кристален дворец го нарекувате свој идеал!?

Но, вие на крајот сте освестениот Мојсие, како кога ги гледаше паганските народи како играат пред шареното тело, кога тој истиот сфати и разбра дека паганските народи сеуште немаат свест да ги прифатат божјите закони.Таква е и смислата на рационалноста денес кога напротив, безидејноста и нихилизмот на современиот човек го тера да врши ирационалности.

Така е и ден денес, туѓите соништа „се наши за сонување а нашите по се изледа некој друг ги сонува".

## 6. Литература

[1] Достоевски Ф.М., Бедни луѓе, 1846
[2] Достоевски Ф.М., Браќа Карамазови, 1879
[3] Достоевски Ф.М., Демони, 1872
[4] Достоевски Ф.М., Понижени и навредени, 1861
[5] Достоевски Ф.М., Записи од подземјето, 1864
[6] Достоевски Ф.М., Злосторство и казна, 1866
[7] Достоевски Ф.М., Идиот, 1869
[8] Достоевски Ф.М., Момче, 1875
[9] Петковски Станислав, Интерперсонални комуникациски вештини, 2016

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ACTIVITIES, ROLES AND FUNCTIONS OF MANAGEMENT

*Orhideja Robevska*

orhidejarobevska2015@gmail.com

## Abstract

Management is the process of shaping and maintaining an environment in which individuals, working together in groups, effectively achieve chosen goals. Employees who perform the functions of planning, organizing, managing human resources, leading and controlling can be called managers. Each management function is performed by all managers, but each of them has a certain degree of engagement for a specific function.

**Keywords:** *managers, functions, planning, employees*

# АКТИВНОСТИ, УЛОГИ И ФУНКЦИИ НА МЕНАЏМЕНТОТ

Орхидеја Робевска

orhidejarobevska2015@gmail.com

## Апстракт

Менаџментот е процес на обликување и одржување на средина во која поединците, работејќи заедно во групи, ефикасно ги постигнуваат избраните цели. Вработените кои ги извршуваат функциите на планирање, организирање, управување со човечки ресурси, водење и контролирање може да се наречат менаџери. Секоја функција на управување ја вршат сите менаџери, но секој од нив има одреден степен на ангажираност за одредена функција.

**Клучни зборови:** *менаџери, функции, планирање, вработени*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## Вовед

Планирањето, како прва функција на менаџментот, е и основа за сите други функции. Планирањето е тежок процес кој дефинира што сака да постигне една организација, т.е. кои се нејзините цели и стратегии и како се обидува да ги постигне. Организирањето е управувачка функција која го следи планирањето, односно по утврдувањето на целите и изборот на соодветни стратегии. Кадровската функција има за цел да ги добие човечките ресурси неопходни за извршување на одредени задачи. Ова вклучува вработување на нови вработени и распоредување на вработените на соодветната позиција. Иако долго време беше запоставена кадровската функција, во последните неколку години има значителни промени во концептот на човечки ресурси, па се посветува поголемо внимание на самата функција. Лидерството е единствената управувачка функција која не може делумно да се пренесе на други, како и другите функции. Сите други функции имаат свои организациски единици (планирање, организирање, екипирање и контрола), додека не може да се формира посебна организациска единица за управување. Контролирањето е петтата и последна функција на менаџментот. Може да се дефинира како: систематски процес преку кој менаџерите ги регулираат активностите во организацијата така што тие се во согласност со очекувањата поставени преку организациската мисија, цели, планови и стандарди на извршување. Тоа е споредба на планираното и реализираното заради преземање корективни мерки во случај кога отстапувањата меѓу овие објекти се поголеми од прифатливи.

## 1. Функции на менаџментот

Менаџментот се смета за процес, па активностите во тој процес може да се наречат функции на менаџментот. Разликуваме пет функции кои мора да ги следи успешното управување и тоа: планирањето како функција на управување има широко конципирана содржина. Во основа содржи дијагноза на деловната позиција на компанијата, определување на курсот на дејствување, цели кои треба да се постигнат на тој пат,

MIT UNIVERSITY
SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

стратегија што треба да се избере за да се постигнат овие цели и менаџерско одлучување во сите овие фази. Според тоа, овде планирањето се појавува како метод за премостување на јазот помеѓу местото каде што е компанијата и каде сака да биде во иднина [1].

**Слика 1.Функции на менаџментот**




Организирањето е продолжување на планирањето – кога се одредуваат целите што треба да се постигнат и стратегиите за нивно постигнување, како и ресурсите што ќе се користат за нивно остварување. Персоналот е фокусиран на „материјализација“ на организацијата на компанијата. Бидејќи улогите се дефинирани од организацијата, задачата на персоналот е да ги додели овие улоги на одредени луѓе кои најдобро ќе ги извршуваат. Лидерството се однесува на фазата на управување во која е потребно да се насочат сите актери на работниот процес кон посакуваната цел. Бидејќи лидерството подразбира следење, од лидерот се бара да понуди средства за задоволување на потребите и желбите на следбениците, а тоа имплицира дека лидерството вклучува мотивација, стилови на лидерство и комуникација со луѓето. Контролирањето значи процес на мерење на постигнувањето на избраните цели и преземање корективни активности за постигнување на овие цели. Основните функции на ефективната контрола обично се сведуваат на поставување стандарди за изведба, мерење на тековните перформанси во однос на стандардот и преземање корективни мерки кога е потребно.

## 1.1.Планирање

Планирањето е исклучително важно во секојдневниот живот, затоа и планирањето е важен дел од менаџерската работа и е првата менаџерска функција која е поврзана со сите други менаџерски функции. Вршењето на менаџерските функции без планирање не е во согласност со менаџерската практика и не дава позитивни резултати. Планирањето се состои од дијагностицирање на деловната позиција на компанијата, одредување на саканиот правец на движење на компанијата, целите кои треба да се постигнат на тој пат, стратегиите што се користат за постигнување на саканите цели и менаџерско одлучување во сите споменати фази [1]. Истиот автор исто така наведува дека планирањето всушност се појавува како метод кој овозможува премостување на јазот помеѓу тоа каде е компанијата сега и каде сака да биде во иднина. Ако планирањето не се спроведе, компанијата ќе талка во различни правци и нема да се развива на посакуваниот начин [2].

Планирањето е поглед во иднината и подготовка за идни настани, а главна задача и цел на менаџментот е успешно извршување на активностите за кои е задолжен, што бара многу размислување за идните настани и преземање чекори однапред за да се обезбеди квалитетна работа на компанијата. Планирањето во организациите е исклучително важно за успешно работење, развој и функционирање на системот. Планирањето овозможува да се избегне доведување на компанијата во несакана положба, а доколку тоа се случи последиците да бидат што е можно помали [3]. Менаџерската функција на планирањето е ориентирана кон иднината на организацијата и насочување на соработниците кон заедничко остварување на целите за подобрување и развој на организацијата. Планирањето ги вклучува и внатрешните и надворешните делови на организацијата со цел да биде што е можно посигурно дека планот ќе се спроведе на посакуваниот начин.

## 1.2. Организирање

Менаџерската функција на организирање е функција која е поврзана со функцијата за планирање. По завршувањето на планирањето потребно е да се организира имплементација на плановите. Кога целите и стратегиите на организацијата се поставени,

а ресурсите за нивна реализација се обезбедени, тогаш се наметнува потребата од формирање на соодветна организација на компанијата за реализација на овие цели.

Организирањето е процес во кој се дијагностицира постојното ниво на организација на компанијата и се дизајнираат и имплементираат иновативни или целосно нови организациски решенија. Од оваа дефиниција евидентно е дека целта на организациската функција е постојан напредок на компанијата со што е можно подобро усогласување и што е можно помал напор.

Функцијата на организирање вклучува:

- воспоставување и класификација на сите потребни активности на организацијата, •
- групирање на активности кои се неопходни за постигнување на целите на организацијата,
- доделување задачи и улоги на поединечни организациски единици; вработените и менаџерите,
- обезбедување на координација во организациската структура на таков начин што ќе ги одреди улогите на луѓето кои работат заедно.

## 1.3.Кадровска политика -управување со човечки ресурси

Луѓето, односно вработените се единствениот жив ресурс на организацијата и затоа е потребно посебно знаење за управувањето со човечки ресурси. Секој човек е посебен на свој начин и има свои специфични вредности, знаење и потенцијал. Менаџерите имаат задача да ги препознаат овие вредности, знаења и потенцијали и да ги искористат на најдобар можен начин, и ако е можно, да развијат ново знаење. Многу е важно човечките вредности да се усогласат со организациските вредности за да може организацијата да функционира на посакуваниот начин. Организациските вредности се идеи и верувања за стандардите на однесување кои членовите на организацијата мора да ги почитуваат и идеи за видовите цели што членовите на организацијата треба да ги постигнат [4]. Преку

ISSN: 1857-8128

организациските вредности, организациите постигнуваат различни економски, социјални, етички, културни и еколошки цели [5].

Една од главните цели на управувањето со човечките ресурси е да ги изрази целите на организацијата преку посебни цели на одделенијата или деловните функции на разбирлив и мерлив начин за вработените [6]. Истите автори наведуваат дека тоа е една од главните причини зошто функцијата за управување со човечки ресурси е една од главните функции во организацијата, а нејзиното успешно функционирање се потпира на нивоата на управување на другите деловни сектори. Оваа менаџерска функција промовира мек пристап кој поаѓа од претпоставката дека вработените се највредниот ресурс на организацијата и поради оваа причина овој ресурс мора да биде третиран на посебен начин од страна на менаџерите. Општо познато е дека работникот кој не е задоволен од својот статус или атмосферата во организацијата не е доволно мотивиран за работа и не ги постигнува поставените цели и резултати кои се очекуваат од него. Квалитетниот менаџер мора да знае како успешно да ги води вработените, а за да го постигне тоа мора да биде способен добро да комуницира, правилно да размислува, да управува со емоциите и да испраќа и прима информации. Со подобрување на деловните услови, позицијата во организацијата и поголемата мотивација, менаџерот директно влијае на перформансите на вработените и полесно се постигнуваат посакуваните цели.

- Трите примарни цели на функцијата за управување со човечки ресурси: препознавање и привлекување на квалитетна работа сила на организацијата,
- развивање на работната сила во согласност со нејзиниот потенцијал,
- одржување на работната сила на подолг период.

Во согласност со главните цели, се развиваат задачите што треба да се извршат за да се постигнат целите: „планирање на кадровски потреби, ангажирање на работници, вработување работници, унапредување на работниците, отпуштање работници, менаџмент на работници, исплата на работниците, евалуација на вработените, администрација на работната сила“ [7].

За добро да се изврши функцијата на управување со човечки ресурси, потребно е сите задачи да се извршуваат на најдобар можен начин. Вработените со голем потенцијал и знаење нема да бидат од голема помош доколку не се раководат добро и не им се доделат улоги и задачи каде што можат да обезбедат најголема корист. Исклучително е важно да се препознае позицијата во која вработените најдобро ќе се снајдат и да им се обезбеди можност за дополнително образование и напредување во организацијата. Оваа функција се занимава со насочување на соработниците во организацијата за да можат добро да ги извршуваат своите задачи во сегашноста и во иднина.

### 1.4.Лидерство

- Заштита на човековите права: ОН го промовира почитувањето на човековите права и владеењето на правото во контекст на мерките за борба против тероризмот и работи на тоа да осигура дека антитерористичките мерки не ги нарушуваат човековите права или го поткопуваат владеењето на правото.

Неколкуте документи кои ја покажуваат посветеноста на Обединетите Нации за спречување и спротивставување на тероризмот и обезбедуваат рамка за меѓународна соработка во оваа област се:

- Глобална стратегија за борба против тероризмот на Обединетите нации: Усвоена од Генералното собрание на ОН во 2006 година, оваа стратегија опишува сеопфатен пристап за спречување и борба против тероризмот.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- Меѓународна конвенција за сузбивање на финансирањето на тероризмот: Усвоена од Генералното собрание на ОН во 1999 година, оваа конвенција има за цел да го спречи и сузбие финансирањето на терористички акти.
- Резолуции на Советот за безбедност на ОН: Советот за безбедност усвои неколку резолуции насочени кон спротивставување на тероризмот, вклучувајќи ја и резолуцијата 1373 (2001), која ги повикува сите држави да преземат мерки за спречување и сузбивање на финансирањето на тероризмот и обезбедувањето безбедно засолниште за терористите.
- Канцеларија на ОН за борба против тероризмот (UNOCT): Основана во 2017 година, служи како фокусна точка за напорите на ОН за борба против тероризмот.

## 7. Безбедносни мерки за заштита на граѓани

Заштитната безбедност вклучува комбинација од физички, информациски и кадровски безбедносни мерки кои работат заедно за да обезбедат бизнис. Овој пристап помага да се одвратат и детектираат безбедносни закани, како и да се минимизираат последиците од каков било напад.

Мерките за физичка безбедност вклучуваат различни инсталации, контроли и мерки кои штитат од физички напади, како што се откривање натрапници, контрола на пристап и обезбедување. Мерките за безбедност на информации имаат за цел да ги заштитат податоците и нивното складирање и дистрибуција, како што е заштитата на ИТ системите од електронски напади и обезбедувањето информации на мобилни уреди и хартија. Безбедноста на персоналот се однесува на управувањето со ризикот од персоналот или изведувачите кои го користат нивниот легитимен пристап до организацијата за неовластени цели и вклучува проверка на идентитетот, проверка пред вработувањето и тековни безбедносни мерки.

Најефективното оружје е возило-бомба која може да содржи неколку тони експлозив и може прецизно да се насочи кон целта. Уредите што се пренесуваат од луѓе се

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

сокриени врз лицето или се носат во торба, актовка или ранец и обично се дизајнирани да предизвикаат жртви и структурни оштетувања. Запаливите уреди, од друга страна, се запалуваат наместо да експлодираат и се наменети да предизвикаат оштетување и прекини, како што се пожари или активирање на системот за прскање.

Повеќето организации користат комбинација од добри практики за одржување на домаќинството и соодветни инвестиции во безбедносни мерки како видео надзор, аларми за натрапници и осветлување. Овие мерки не само што ги откриваат терористичките напади, туку и штитат од други криминални активности и се однесуваат на грижите за здравјето и безбедноста на вработените. Во ситуации кога е потребна повеќе специјалистичка опрема, како што е технологијата за скенирање пошта, организациите треба да побараат стручен совет пред да донесат какви било поголеми одлуки.

Одржувајќи ги надворешните, јавните и комуналните области јасни и уредни, заклучувајќи ги ненаселените канцеларии и минимизирајќи го мебелот и растенијата на влезовите и јавните површини, деловните субјекти може да им олеснат на персоналот да забележи какви било сомнителни предмети. За време на периоди на зголемена закана, бизнисите треба да размислат и за отстранување на корпи за отпадоци и користење на проѕирни пластични кеси како привремена алтернатива. Следењето на овие мерки не само што може да помогне да се намали бројот на лажни аларми, туку и да се зголемат шансите за откривање потенцијални закани.

Нормативната поставеност на законските акти на Република Северна Македонија јасно говори за намерата да се овозможи и осигури учество на Република Северна Македонија во меѓународната соработка во борбата против тероризмот, а со тоа и прилагодување на македонското законодавство кон предизвиците на современите форми на тероризам во Република Северна Македонија и исполнување на еден од предусловите за влез на Република Северна Македонија во Европското семејство.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 8. Заклучок

Тероризмот претставува актуелен проблем на модерната ера. При организирање на борбата против тероризмот се применуваат различни техники и методи.

Во зависност од степенот на загрозеност и проценката на безбедносната состојба, се утврдуваат мерките и дејствијата што ќе се користат во борбата против тероризмот. Кога станува збор за техниките и мерките на борба против тероризмот, акцентот е на одбранбените мерки, односно превентивни мерки и акции, со цел што повеќе да се спречат терористички напади.

Спречувањето на тероризмот подразбира организирана форма на социјална превенција, како и криминална профилакса како основна функција на криминалната политика.

Современите извори на тероризам и облиците на загрозување на вредностите на општеството ја прават неопходна потребата од високо материјално-техничко ниво на опременост на органите на државната безбедност, нивна ефикасна организација, како и создавање на сѐ поголем простор за примена на резултатите од истражувањата во различни научни области кои го проучуваат феноменот на тероризмот.

## Користена литература

[1] Адријан Гелке, 2009, Новата ера на тероризмот и меѓународниот политички систем,

[2] Одри Курт и Џејмс М. Лудс, 2009, Напад на тероризмот - елементи на грандиозна стратегија

[3] Проф. Д - р Злате Димовски, Тактика на примена на стандардни процедури пост терористички напади.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# TYPES OF HYPOTHESIS

**Stefanija Jovcevska**

[1]*Mit University, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia*

[2]*Faculty of Security Sciences, Mit University in Skopje, Republic of North Macedonia*

*Corresponding author, email:* stefanija.jovcevska@gmail.com

## Abstract

Hypotheses are basic elements in the scientific method, serving as a basis for empirical research. They are categorized into three basic forms: null hypotheses, alternative hypotheses, and directional hypotheses. This paper presents the different types of hypotheses that are commonly encountered in scientific research. The meaning and application of all types of hypotheses are explained, highlighting their role in shaping research questions and guiding the scientific research process.

**Keywords**: *hypotheses, types of hypotheses*

# ВИДОВИ ХИПОТЕЗИ

**Стефанија Јовчевска**

[1]*Мит Универзитет, 1000 Скопје, Република Северна Македонија*

[2] *Факултет за безбедносни науки, Мит Универзитет во Скопје, Република Северна Македонија*

*Контакт автор, е-маилл:* stefanija.jovcevska@gmail.com

## Апстракт

Хипотезите се основни елементи во научниот метод, кои служат како основа за емпириско истражување. Тие се категоризирани во три основни форми: нулти хипотези, алтернативни хипотези и насочувачки хипотези. Овој труд ги прикажува различните типови хипотези кои најчесто се среќаваат во научните истражувања. Објаснето е

значењето и примената на сите видови хипотези, истакнувајќи ја нивната улога во обликувањето на истражувачките прашања и водење на научно-истражувачкиот процес.

**Клучни зборови**: *хипотези, видови хипотези*

## 1. Вовед

Со текот на времето, вистината се истражувала преку различни агли. Науката, како систематска студија за реалноста, се базира на искуството, набљудувањето, фактите и тестирањето на хипотезите и теориите.

Проблемот на хипотезите е клучен аспект во методологијата на науката, обединувајќи формулирање, откривање, класификација, структура и докажување. Научното истражување е систематски, критички и контролиран процес за стекнување на нови знаења. Секое истражување започнува со проблем, а хипотезата претставува привремено решение што ги истражува врските и правилноста помеѓу фактите и законите.

Хипотезите ги поттикнуваат истражувањата и откривањето на нови знаења. Преку тестирање, можат да се потврдат или отфрлат, овозможувајќи научен напредок кон вистина. Испитувањето на големите хипотези е неопходно за напредок во науката и разбирање на светот околу нас.

## 2. Поим за хипотези

Формулирањето на хипотези е клучна етапа во научниот процес, каде науката ги користи како метод за истражување. Хипотезите играат важна улога историски и методолошки, а терминот потекнува од грчките зборови "hypo" (под) и "thesis" (подлога). Се однесуваат на предвидување за законитосте што треба да се потврдат или отфрлат со истражување.

Хипотезата има логичка форма на став и претставува преминувачка идеја во научниот процес, поврзувајќи ја појавата со можни причини. Процесот на формулирање и проверка на хипотезите се од суштинско значење за научниот напредок, креирање на нови

идеи и објаснување на сложени појави. Хипотезите се појавуваат како пробни решенија за прашања или проблеми, кои се потврдуваат или отфрлаат преку истражување.

## 3. Историја на хипотезите

Во античките времиња, луѓето барале објаснувања за феномени и почнале со систематско истражување. Филозофи како Аристотел и Сократ се занимавале со истражување на природниот свет. Концептот на хипотеза се формирира во 17 век, а Сер Френсис Бејкон и Исак Њутн играат клучни улоги во развојот. Во 18 и 19 век, научниците како Линеус, Лавоазие и Максвел формулирале хипотези и правеле експерименти. Современите научни дисциплини ги користат хипотезите, вклучувајќи ги теориите на Ајнштајн, Дарвин и Фројд. Технологијата и машинското учење сега дополнително ја развиваат употребата на хипотези во научното истражување.

## 4. Видови на хипотези

Со цел подобро разбирање на начинот на кои се извршуваат сите видови проценки потребно е да ги утврдиме различните видови на хипотези. Во литературата постојат различни класификации.

### 4.1 Ништовна хипотеза

Нултата хипотеза тврди дека нема врска помеѓу испитуваните променливи, како што е процентот на успешни студенти во две групи. Ако статистички тест покаже дека нема статистички значајна разлика, нултата хипотеза се прифаќа. Во спротивно, ако има статистичка разлика, нултата хипотеза се отфрла во корист на алтернативната, која ја покажува разликата меѓу групите.

За проверка на хипотезата за разлика во процентот на успешни студенти меѓу две групи, се изведува статистички тест. Ако резултатите не покажуваат статистичка разлика,

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

нултата хипотеза се прифаќа. Во спротивно, ако има статистичка разлика, нултата хипотеза се отфрла во корист на алтернативната, која ја покажува разликата меѓу групите.

### 4.2 Општа или теоретска хипотеза

Општи или теоретски хипотези се поставуваат концептуално пред студија и не ги квантифицираат променливите. Тие произлегуваат од процесите на генерализација, базирани на одредени набљудувања за феномен кој треба да се проучи. Пример: "На Факултетот за психологија има поголем број студентки отколку студенти."

### 4.3 Хипотеза за работа

Работната или оперативната хипотеза се обидува да демонстрира конкретна врска помеѓу променливите и се проверува преку научниот метод.

Асоцијативната хипотеза определува врска помеѓу две варијабли, каде што познавањето на едната променлива предвидува вредноста на другата.

Атрибутивната хипотеза се користи за објаснување и опишување на настани помеѓу варијаблите и може да содржи само една варијабла.

Каузалната хипотеза воспоставува врска помеѓу две варијабли, при што зголемувањето или намалувањето на едната варијабла влијае на другата. За потврда на каузалната хипотеза е потребно идентификување на каузална или статистичка врска. Примери вклучуваат асоцијативна, атрибутивна и каузална хипотеза.

### 4.4 Алтернативна хипотеза

Хипотезите кои се обидуваат да дадат одговор на истото прашање како и работните хипотези се нарекуваат алтернативни хипотези. Алтернативната хипотеза се обидува да

истражи разлипчни односи и објаснување на начин што ќе се истражат различни хипотези за време на една иста научна студија.

### 4.5 Повеќе видови хипотези што се користат во науката

Условните хипотези ја докажуваат зависноста на една променлива од вредноста на уште две, додека релативните хипотези ги истражуваат влијанијата на две или повеќе варијабли врз друга променлива.

Пример за релативна хипотеза: "Ефектот од падот на БДП по глава на жител врз бројот на луѓе со приватни пензиски планови е помал од ефектот на падот на јавните трошоци врз стапката на неухранетост на децата."

Пример за условна хипотеза: "Ако играчот добие жолт картон и е предупреден од судијата, тогаш мора да биде исклучен од играта 5 минути." Во овој случај, и двете причини се потребни за да се појави ефектот на исклучување.

### 4.6 Други видови на хипотези

Сите видови на хипотези што ги објаснувавме се најпопуларните во научните и академските истражувања, но постојат и други видови на хипотези, ретко користени, класифицирани според други параметри.

Веројатните хипотези предвидуваат веројатна врска помеѓу две варијабли, вели дека врската ќе биде вистинита во повеќето случаи.

Детерминистичките хипотези ја опишуваат врската помеѓу променливите како важечка секогаш без исклучок. Пример:„Ако студентот не носи опрема на часот по физичко образование, тој нема да може да игра”.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 5. Заклучок

Хипотезите се критични во наука, почетни точки што овозможуваат истражување и развој на нови концепции. Базирани на набљудувања и истражувања, тие ги поставуваат прашањата и формулираат целите за истражувањето. Со систематско и прецизно истражување, истражувачите ги тестираат и потврдуваат или отфрлаат хипотезите, што потоа може да прерасне во научни теории и модели. Важно е да се истакне дека не сите хипотези се потврдуваат, но и отфрлувањето на нив насочува кон нови идеи и подобрување на концепциите. Хипотезите стимулираат дизајн на експерименти, собирање на податоци и користење на методи за објективни и повторливи резултати. Без разлика дали се потврдени или отфрлени, хипотезите играат клучна улога во напредокот на науката.

**Користена литература**

[1] Видови хипотези во научните истражувања (и примери) - Психологија - 2023 (warbletoncouncil.org)

[2] mikostic2016.pdf

[3] https://www.jstor.org/stable/1624668

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# CRITICAL REVEW OF THE CHARACTER OF RASKOLNIKOV – A MORAL SUFFERER WITH AN AX OR AN ISOLATED DELUSION OF THE ANAIMAL IN AN ATEMT

*Goce Markov[a], Mimoza Rajl[b]*

*[a]MIT University, Faculty of Psychology stl.,,Treta Makedonska Brigada", 1000 Skopje, North Republic of Macedonia,*

*[b]Europa International University, st.,,Nikola Rusinski", 1000 Skopje, North Republic of Macedonia,*

*Email:*

*[a]gmarkov10@yahoo.com*

*Email:*

*[b]mimoza.peperutka@yahoo.com*

## Abstract

The critical review of this composition is an effort to develop Dostoevsky's idea of the punishment that is the result of the crime, as an open hypothesis for social isolation as the last filter and for the so-called "a moral sufferer with an ax or an isolated animality in an attempt", and that life is actually a dream undreamed of and everyone's task is to fulfill and realize that dream, but along the path of accepting God and the essential essence instead of living "after each price" and role reversal, understanding Raskolnikov's conception of "ordinary and extraordinary people", and seeking spiritual healing in punishment, that time heals the wounds of the soul, and that an anti-hero is only a ,,right of action" based on isolated animality and a definition of mental health that is only achieved by one who becomes aware of interpersonal relationships. As a function of the research hypothesis, an answer and a solution to the problem will be sought,

while it will seek knowledge and similarities in practical life through comprehensive analyzes and a comprehensive and broad review will be made in the literature, which will be a kind of unique or separate critical research that it has not been done in this way before.

The mental matrix that was created in the novel ,,Crime and Punishment" by Dostoevsky, in the character of Raskolnikov, a moral sufferer with an ax or isolated animality in an attempt, is a victim of social and social reality, but also a victim of his own psychic reality.

**Keywords**: *isolation, antihero, moral sufferer*

## КРИТИЧКИ ОСВРТ НА ЛИКОТ НА РАСКОЛНИКОВ - МОРАЛЕН СТРАДАЛНИК СО СЕКИРА ИЛИ ИЗОЛИРАНА ЗАБЛУДА НА АНИМАЛНОТО ВО ОБИД

*Goce Markov[a], Mimoza Rajl[b]*

*[a]MIT University, Faculty of Psychology stl.,,Treta Makedonska Brigada", 1000 Skopje, North Republic of Macedonia,*

*[b]Europa International University, st.,,Nikola Rusinski", 1000 Skopje, North Republic of Macedonia,*

*Email:*

*[a]gmarkov10@yahoo.com*

*Email:*

*[b]mimoza.peperutka@yahoo.com*

### Апстракт

Критичкиот осврт на ова сочинение, труд е да се развие идејата на Достоевски за казната која е резултат на злосторството, како отворена хипотеза за социјалната изолација како последен филтер и за оној т.н. ,,морален страдалник со секира или изолирана

анималност во обид", и дека животот е всушност еден сон недосонуван и задача на секој е да го исполни и реализира тој сон, но по патот на прифаќање на Бог и есенцијалната суштина наместо живеење ,,по секоја цена" и замена на улогите, разбирање на концепцијата ,,обични и необични луѓе" на Расколников, и барање духовно исцелување во казната, дека времето ги лечи раните на душата, и дека антихерој е само ,,право на дејствие" базирано на изолираната анималност и дефиниција на менталното здравје кое се постигнува само кај оној кој станува свесен за интерперсоналните односи.Во функција на истражувачката хипотеза ќе се бара одговор и решение на проблемот, при што истиот ќе бара сознанија и сличности во практичниот живот преку сеопфатни анализи и ќе се направи еден сеопфатен и широк преглед во литературата што ќе биде еден своевиден уникат или засебно критичко истражување кое досега не е направено на ваков начин.

Менталната матрица која е создадена во романот ,,Злосторство и казна", од Достоевски, во ликот на Расколников, *морален страдалник со секира или изолирана анималност во обид,* е жртва на општествената и социјалната релност, но воедно и жртва на сопствената психичка реалност.

**Клучни зборови**: *изолација, антихерој, морален страдалник*

## 1. Вовед

Уште од каменото време, човекот живеел во групи, споделувал искуства и основна мотивација за опстанок му била припадноста кон одредена група.Припадноста на човечкото битие од минатото до денес е да се биде дел од група, семејство, заедница и други референтни модели кои директно влијаат врз нашето чувство на припадност е првата и основна појава на опшествениот живот.Колку повеќе одлики и заеднички цели споделуваме во групата, толку повеќе е веројатно дека како единка ќе се идентификуваме со самата група.Воопшто Никогаш не било важно колкава е групата, дали е мала или голема, семејство на пр. каде споделуваме физички однесувања, заедничка историја,

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

економска и емоционална зависност.Маалото, улицата, соученици, колеги на работа и соработници, и други социјални групи се првите интеракции и обликување на карактерот на индивидуата.Припадноста е чувство каде различните социјални средини и односи создаваат различен тип на на комплексни односи и духовни нивоа.Различни социјални групи креираат различен тип на припадност:

- Религиски, имаме православни, католици, евреи, муслимани, хиндуисти...
- Спортски, фудбалски клубови, Барса, Реал, Вардар, Осогово...
- Урбани племиња, металци, емо, панкери, скин хедс, алтернативци...
- Политички, конзервативци, националисти, комунисти, либерали, демохристијани...

Адаптацијата во групата, ново одделение, ново работно место, прифаќање на нова припадност, развивање самодоверба во новите социјални односи, наместо неприфаќање на пр. детето не е прифатено во семејството и развива „семоќен карактер”, и се убедува дека не му е потребна ничија љубов и не му е потребен никој...или обратно, може да развие „леплив карактер” па на било кој начин да бара минимално внимание и љубов, за да ја исполни празнината поради нереализираната празнина на припадност.И во двата случаи се соочуваме со емоционална нестабилност, тапости инертност на духот.

Кај сите нас постои потребата да бидеме прифатени но сепак треба да знаеме дали сакаме да припаѓаме на таа група или не.

*Социјалната изолација е ризик фактор за рана смртност, исто како и пушењето и дебелината*.Затоа сите модели во динамичната психотерапија се насочени кон психологијатата на две единки, кои преку интерперсоналните искуства се центар на сите нови обликувања на личноста, која е резултат на интеракциите со други значајни човечки суштества.Пасивната зависност, изолацијата, напорните вложувања, неможноста за израз на бесот се обид да се излезе од лавиринтот на анималноста, да се сочува идентитетот како човечко суштество наспроти интерперсоналната патологија која ќе се

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

развие ако не ја третираме соодветно инерперсоналната депресија.Сиромаштијата во комуникацијата, лошата клима на култура и безизлезноста на единката даваат чувство на немоќ, неефикасност и губење на правец во општествената депресија.

### 1.1.Ние не сме социјални животни

*,,Менталното здравје го постигнува само оној кој станува свесен за интерперсоналните односи”.*

Менталната матрица која е создадена во романот ,,Злосторство и казна”, од Достоевски, во ликот на Раскољников, *морален страдалник со секира или изолирана анималност во обид,* жртва на општествената и социјалната релност, но воедно и жртва на сопствената психичка реалност.Таква е темата, содржината и епилогот од дејството кое го врши Родион Романович Расколников, двојното убиство е Темата, следува казната, повеќе психолошка отколку физичка или страв од физичка – затвор.Тука се крие Идејата – човекот сам се казнува повеќе отколку општеството.Секој живот е важен, е Епилогот, додека ја издржува физичката казна наспроти неговата морална.

*,,Затоа велиме дека ние не сме само социјални животни, на кои им се допаѓа само да бидат во видното поле на своите блиски, туку имаме и вродена склоност да бидеме поволно забележани од целиот наш вид.”(В.Џејмс)*

Задоволството во интерперсоналните односи е директно поврзано со самодовербата и почетните ставови на индивидуата, но се до моментот кога се губи општествената  пропорционалност и единката запаѓа во извртувања на реалоноста и барање изговори и алиби за својата психичка состојба.Ваквата селективна перцепција на единката е духовен пораз и пад во општествениот амбис гледано преку очите на Расколников кој ја отслужува својата казна за направеното злосторство.Секојдневните потиснувања и грешките во прецепцијаата која е селективна и извртена може само да му наштети на оној кој ја практикува и живее.Лошата проценка и неспособноста на единката да има реална и внимателна проекција за својата иднина и своите чекори ја доведува истата во една низа на грешки кои понатаму го дефинираат патот.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

*Родион Р. Расколников е пресек и комбинација на спротиставено општество и на реален лик од блиската околина, потекло и планови за подобра иднина*.

Страшното е што Расколников не ги слуша другите, му пречат сите, и иако не им се потсмева на послабите и секогаш помага алтруистички, со емпатија  и со високо ниво на морал, во преголемата желба за успех ќе изгори во пепелта на сопствената ,,големина”.

## 2. Сонот на Расколников – заблудата дека се во рацете на човекот и изолирана анималност

*Идејата на антихеројот е концепт или само правец на неговото ,,право на дејствие”  базирано на ,,необични и обични луѓе”.*

Со оглед на денешните случувања и параметри, основната идеја на убиството (двојно убиство), тогаш во услови на промена на општествен систем, влез во либерализам, и денес, со *специфична промена на тезата,* кога две - три децении се живее еден постсоцијализам да се реализира истражување како *компаративна анализа и синтеза* на убиство, Достевски со убиството од времето на неговите современици и убиството денес со сите пораки, специфики и поуки кои ги носи.

И денес врие од Расколникови, останува само да докажеме дека психологијата на личноста во одредени услови, одредена средина, под влијание на фактори, реагира и реализира соодветно.

*,,Затоа велиме дека ние не сме само социјални животни, на кои им се допаѓа само да бидат во видното поле на своите блиски, туку имаме и вродена склоност да бидеме поволно забележани од целиот наш вид.”(В.Џејмс)*

Откако ќе го изврши злосторството, Расколников доживува длабок духовен шок и запаѓа во канџите на лудило и самоубиствени нагони, живеејќи го пеколот на ,,ледената пустина”.Постепено во самата приказна овој ,,морален страдалник со секира”, ја разбира вредноста на животот, најпрвин барајќи изговори и алиби за да на крај го прифати фактот

на обична личност наспроти Наполеоновската компарација, необични наспроти обични луѓе.Седумгодишното прогонство со Соња, инспирацијата да се биде пред се човек е неговото болно доживување на ,,уредност”.Доказ дека само љубовта е новото Јас, новото воскресение за нов живот.Филозофската мисла на Расколников не го оправдува двојното убиство, нарушената општествена комуникација и изолираноста во системот кој функционира на база на идентификација и себепрепознавање.

,,Обичните луѓе се оние кои живеат во покорност и се трпеливи и се должни да трпат и да бидат послушни и достојни за презир.Необичните или вонредни луѓе се силни и тие имаат право да кршат закони, да бидат усвоени од мнозинството и преку трупови да дојдат до целта.Затоа, пак ќе кажам дека и денешниов свет е полн со Расколникови и полн со егоизам, со себечувствие без самопрепознавање...свет каде сите мислат дека можат да направат се’ и да останат ,,живи”.Ангелот на десното рамо на Расколников или оној духовен глас за трансформација е Соња.Тука дефиницијата за ментално здравје се докажува како par exelans за погрешните интерперсонални односи кои ги доживува Родион.

Сонот на Расколников е неговата заблуда дека се’ е во рацете и во волјата на човекот(Мимоза Рајл)

Антихеројот кому Достоевски му дава да направи експеримент и да ја наметне својата волја (волјата по дефиниција е аспект на човековото его) е Расколников.Тој, Расколников вели дека се’ е во рацете на човекот како волја.Според неговото мислење, обичните луѓе мора да живеат во покорност, а необичните, како на примет Наполеон, кој екој е злосторник треба да владеат со светот.Затоа Расколников добива незгаслива желба да стане необичен човек и да биде како Наполеон.Мора да се дејствува со сила,вели тој, затоа што со сила се добива поголема сила.Според мислењето на Расколников,со силата и со царството на разумот ќе дојдеме ќе дојдеме до светлината, а светлината е да владееш со другите преку својата волја.Тој што има волја, ја има силата на умот и тој е господар.Таквиот човек треба да ја има и власта.На крајот, се’ е во рацете на човекот, вели Расколников, па и да се убие една баба не е злосторство, а цената на тоа убиство е тој да

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

стане необичен човек.Тој навистина ќе го изврши убиството, но дали ќе стане необичен човек е нешто сосема друго.

Расколников на крајот полудува, мрачна и мачна тегобност татне во него, целиот во бунило, тој не може да ги собере своите мисли и емоции, веќе нема сили да владее со себе.Во најдлабокиот очај тој, Расколников го повикува Бога и вели:„Господе, што е ова, мене разумот ме напушта".Се во него почнува да се распаѓа и дроби.Болката на Расколников му ја раздвојува коската од месото нерв по нерв, умот од мислите, душата од телото.Расколников постојано гори во пожарот на болката, но не согорува.Тој е во пеколот на својата душа.Распадот на неговата личност се врши постепено, но сигурно.Тој е распрснат на милиони делови, целосно дезорентиран.Во длабочината на својата душа тој се покајува, но на рационално логичкото ниво, и понатаму останува на своето.Таа дуалност внатре во личноста на Расколников, го доведуваат до внатрешен раскол, во центарот на неговото битие и тука е неговата трагедија.Неговиот ум и понатаму вели дека убиството на една зла баба лихварка, која зема пари од мали деца, не е злосторство потпирајќи го овој став на една цврста логичка аргументација.Но, неговата душа протестира против таа аргументација и во таа борба се урива темелот на неговото внатрешно светлосно јадро.Неговата душа гори во пожарот на неговата совест и тој самиот за себе вели дека е злосторник што мора да се покае.Неговата душа не го поднесува злосторството.Таа не може да го оправда злото во овој свет.Душата на Расколников не може да ги издржи огнените маки на својата покајничка крв.Тој, носен од некоја внатрешна сила оди и му се исповеда на судијата за својот грев и ја признава вината.

Сонот што го сонување Расколников дека се' е во рацете на човекот и дека мора да направи нешто за стане необичен човек, е еднаков до максимата на Ниче „Се' е волја човечка", сон што целосно капитулира во култното дело на Достоевски „Злосторство и казана".Достоевски ни покажа како преку убиството на другиот се уби и уништи и самиот себе.Расколников на крајот сфаќа дека во животот постои нешто многу поважно и посвето од човековата волја.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Расколников, пропаднатиот сдудент и маргиналец од велеградската калдрма, решава дека извесна зла постара жена, лихварка,не треба да живее и решава да ја убие.Достоевски тука со огромна леснотија и умствена едноставност го покажува моралното и духовно застранување на овој лик како симбол на современиот човек.Тој ни покажа дека зад секое злосторство лежи демонската измама и верувањето во некој идеал, но идеал во кој го нема Бог.Без разлика дали зад убиството стои Расколников или Наполеон, Достоевски вели дека токму таму виси идеалот за демонското совршенство на уништувањето, уривањето и пеколот.Тоа е најголемата измама на демонот сместен длабоко во човековиот ум.

Достоевски во овој роман уште на крајот од првиот дел го покажува зосторникот, знаеме кој е убиецот, но и покрај тоа таму е екстремно интензивно и напнато, постојано се прашуваме што ќе се случи со душата на Расколников.Во ,,Злосторство и казна", Достоевски не поставува прашањето кој, туку *зошто* главниот лик го извршил убиството.Кој е тој душеве порив кој го насочува човекот кон злото

Злостворството се наоѓа во волјата како најизразен аспект на човековото его во злоупотреба на слободата, а во душата човечка по злосторството моментно е активиран најсуровиот пекол.Рајот и пеколот, ни покажа Достоевски, не се места надвор од нас самите, ние одиме во едното или другото чувство, во зависност од нашата одлука:

Што е тоа на што го темелиме животот, на Бог, волјата,злото, демонот?

Достоевски не' носи во умот на убиецот, за да видиме како таму се бори со сопствената душа, со совеста, осуден на едно интензивно темелно страдање.Достоевски не' води во душата на злосторникот и не' насочува да го погледнеме таму светот ама со неговите очи.

,,Расколников, тој се разбуди борејќи се да дојде до здив, уплашен и скршен од очај, од кошмарор, а во душата му завладеа мрак и целосна конфузија.Романот ,,Злосторство и казна" всушност е рефлексија на злото во современиот свет, духовната криза и моралниот пад на човекот.Треба ли одново да се запрашаме :,,Каков е овој свет"?

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

Достоевски вели дека светот е рефлексија на човечката душа, токму затоа индивидуалното освестување е свртувањето кон Бога има круцијално значење во овој миг.

Големи биле критиките на јавноста за овој роман на Достоевски, бил нарекуван изопашена фикција, иако веднаш станал бестселер.Читајќи го ова дело, луѓето останувале вџасени, а некои дури и физички се разболувале.На ваквите критики, самиот Достоевски им одговорил:,,Тие што тврдат дека ова е фикција не го гледаат реалниот свет околу себе, тогаш кој е фантазер а кој реалист"Достоевски тврдел дека сите овие трагедии и случки за кои пишува, реално постојат и се вистински.

Достоевски најсликовито ни ја даде потресната судбина на сите идеолози и промотори на човечката волја, која нужно се стопува во атеизам, нихилизам и иморализам.Сите потфати на овие промотори на натчовекот, завршуваат со пораз и кршење.Нивните мисли се финализираат во бунилото на противречности, или завршуваат со помирување со сопствената немоќ.Нивните души се распарчени на милиони делови, изгубени во една возвишена творба според сопствената волја, а имаа шанса да го живеат рајот.

Каде е семоќта на нивниот бог – човек?

Каде е нивната душа?

Таа е распарчена во најситни делови, целозно дезинтегрирана во тешкиот стравичен пекол на нивната совест.

## 3.Дискусија

Студент - нихилист или роден убиец е прашањето кое само се поставува преку размислувањата на Достоевски!?Или цитати од мастило, наспроти закони на хартија е идејата на постмодерните самонаречени пророци а политичари кои преку реконструкција на Расколњиков даваат дестабилизација на идентитетите во име на денешната ,,демократија".

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Достоевски не’ раскажува некаков психолошки роман, туку дава насоки, односи, релации и размислува заедно со екплицитниот читател.Каква моторика носат сивите вијуги на ваквиот психо – физички состав т.е. комбинација на биологија, генетика и општествена реалност ќе дознаеме од тезата која од обичниот и мал човек создава ладнокрвен убиец.

Суштината на насобраниот негативизам  и нихилизам за ваквото интерперсонално препознавање е индексот на анимата колку може да обработи и колку може да произведе љубов и духовен премин на еден моментум на „собирање на парчињата” и создавање обратен процес од духовната дефрагментација во која запаѓа Родион.Тоа внатрешно чувство на адаптирана комуникација, емпатија и заменети обрасци е лајт - мотивот за теоријата на „големиот човек” стане против - тежа на злосторството.Казната е духовно ослободување, физичката е неважна а онаа другата, моралната е извор на новиот спокој и портал која ја спроведува анимата до следното ниво.Секое „алиби” си има своја сопствена филозофија, за да другите го оправдаат злосторникот, но пред се’, и над се’ да си ја смири душата за чинот наспроти ладното и неправено општество.Неговиот нихилистички пристап на делење револуционерна т.н. правда е опомена и за денешнив свет на 21 – ви век каде сите ние заедно, живееме во наводници, цитираме лажни пророци, т.н. политичари и вреднуваме симулакруми (лажни оригинали), така многу слободно би се изразил: Магистер наспроти Министер е Адидас наспроти Адибас.

*„Смртта на Бог”* е една од причините за лажните психолошки оправдувања кои го доведуваат до самата бездна а љубовта и жртвата се чекор кон исплаќање на гревот, жртвата и саможртвата, семејните односи (причина или последица и поледица и причина), несебични пријателства, доверба, и позитивен пристап кон животот.Затоа исплаќањето на гревот е првиот чекор кон духовна либерација.Злосторството ќе не убие самите себеси доколку дозволиме да живееме како набљудувачи и неми демонстратори ослободени од гнев и бес, наспроти новиот правец кој иако е лавиринт е духовен премин и портал преку кој лузните на душата се помалку важни од општествените контрадикции кои и ден -

денес се секојдневие.Преобразбата на човечкото, и животните патешествија на Родион Р. Расколников се новата ,,вера” која му недостига, онаа цела година во која нема лице да ја погледне Соња во очи за да има сила да ја прими љубовта.Емпатијата и идентификацијата со сопствените емоции е способност да се соочиме со нашите внатрешни демони и да го победиме огледалото.Освен да се умее да се каже благодарам, добро утро, убав ден, единката секогаш ќе има потреба од позитивна евалуација од групата, контрола на бесот и гневот, соочување со внатрешните стравови и капацитет за соработка, споделување со групата на идеи и проекти, на емоции и толеранција.Општеството е преполно со предизвици, и без поставени цели а преполни со  конфликти и дефокус, единката не може да си го најде местото под сонцето.Секоја вредност ќе добие лажен двојник и секоја вистина ќе добие друга ако незнаењето го прифаќаме како знаење и вредност.

## 4. Заклучок

Темата во досегашните истражувања во научната литература е анализирана на милиони јазици но никоаш во крајна линија не е доведена болната страна на авторот, неговите сознанија, премрежија, неговата духовна и физичка транформација,затвор наспрема комфор...сублиматите на збор и дело се негово воведување во денешната експериментална психологија.Ваквите пристапи на кинење од душата на авторот и давање дел за анализа и биопсија ни даваат еден позитивен цито – патолошки резултат на малигнитет кој е светлата точка во раскажувањето.Ваквите анализи се од огромна важност за науката, и преку низа од уметнички и психолошки методи и средства да се просветли најтемниот дел на човечката психа од најтемниот дел на душата, и да отворат нови општествени хоризонти преку временска паралела на различни параметри, односи и случувања кои биле фактор и се фактор и ден - денес за определени девијантни појави кои во својата есенција се слични.

Психолошки и етички, религиски и филозофски, степенот на делото кое го води Расколников и структурата која е изградена врз основа на принципот на конфликност, ни

дава едно сочинение кое е синтеза на различни карактеристики.Анализата на психолошките моменти на ликовите, однесувањето и интеракциите ги даваат оние внатрешни монолози и интрапсихички конфликти кои се секојдневие во сиромашните предградија и стрмни калдрми каде освен пороците како ,,услов за живот”, владее свет на интерперсонални конфликти кои се стапица за човечкото битие.Самата Соња е воскреснатиот Бог кај Раскољников, и нејзините грешки се сплет на околности под притисок, каде телото е грешно а душата е чиста.Осум години на Сибир се духовната трансформација или казната, т.е. прочистувањето на стариот вредносен систем наспроти можностите.На крајот на краиштата, Расколников е обичен човек со нарушени интерперсонални односи каде социјалниот дел е базата за психолошкиот трилер кој е вовед во искушение и утешение на грешните.Во антагонизам со логичкото, во конфликт со самата анима доаѓа до рушење на бариерите кои ги поставил човечкиот организам за саморегулација и амортизација на притисоци.

И пак за крај ќе потенцирам:Нихилизмот преку напишани илјадници страни на ламба тогаш е еквивалент на андроидите кои денес преку сублимираната реалност на виртелниот свет ни прават ,,црна и бела магија” истовремено алиби или злоупортеба на речта на интрапсихички и интраперсонален план како спин, посредништво на медиуми за да се добие перформанс (посредништво со кажување) act by saying, или НЗС – манипулација со соговорникот или експлицитниот читаел, или гледач.Затоа и денес врие од Раскољникови, со таа разлика што секирата им е секогаш остра, Соња ја нема во кадар, а желбата да се биде човек е намалена.

## 5. Литература

[1] Вишњик Мирослав, Сведоци,

[1] Вајт Кристи, Психолошки профил на убиец во 6 типични црти, 2021

[2] Балзак, О.Д., Чичко Горио, 1834,

[3] Достоевски Ф.М., Злосторство и казна, 1866

ISSN: 1857-8128

[4] Достоевски Ф.М., Бедни луѓе, 1846

[5] Достоевски Ф.М., Браќа Карамазови, 1879

[6] Достоевски Ф.М., Понижени и навредени, 1861

[7] Наседин Н.Н., Расколников и Досторвски, 2003, Москва

[8] Писатели Росии 19 ти век

[9] Петковски Станислав, Интерперсонални комуникациски вештини, 2016

[10] Пушкин А.С., Полтава,

[11] Пушкин А.С., Евгениј Онегин, 1837

[12] Расколников и сликата на Родион во романот Злосторство и казна, thestrip.ru, 2019

[13] Силјан Раде, Странски автори и дела, 2001, Скопје

[14] Берхнард Томас, Дополнителна заработувачка,1978

[15] Берхнард Томас, Шивачка, 1978

[16] Берхнард Томас, Граничен камен. 1978

[17] Берхнард Томас, Работници во фабриката за хартија. 1978

[18] Берхнард Томас, Неисполнета желба, 1978

[19] Берхнард Томас, Премногу, 1978

[20] Берхнард Томас, Милосрдие, 1978

[21] Чапек Карл, Обично убиство

[22] Анализа на ликовите во Злосторство и казна, scribd.com

[23] Hall Joan 6 types of social skill, 2021

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

**International Journal of Recent Research in Arts and Sciences**

**ISSN: 1857-8128**

# HISTORICAL CYCLICISM

*Assoc. Professor PhD, Marjan Madjovski*

*Email:marjanmadjovski@gmail.com*

## Abstract

How to explain the phenomenon of repetition of similar historical events according to stable and complementary time rhythms and the surprisingly regular rhythm of personal changes at the head of states from antiquity to the present day? As a reaction to the simplified, mechanistic and optimistic theory of linear evolution and inevitable progress of human societies, which did not materialize in practice, cyclical theories of society appeared in the period of the 19th and the first half of the 20th century. Otherwise, they are as old as people and systemically shaped social thoughts. The authors of the cyclical positions do not agree with the main, worldwide "mainstream" political ideology, and use the comparative method and deviate from the dominant positivist approach to social phenomena.

**Keywords:** *cyclicism, history, linear and circular motion, chaos, free will*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ИСТОРИСКИ ЦИКЛИЗАМ

*Д-р Марјан Маџовски*

*Email:marjanmadjovski@gmail.com*

**Апстракт**

Како да се објасни феноменот на повторување на слични историски настани според стабилни и комплементарни временски ритмови и изненадувачки редовниот ритам на лични промени на чело на државите од антиката до денес? Како реакција на поедноставената, механистичка и оптимистичка теорија за линеарна еволуција и неизбежен напредок на човечките општества, кои не се реализираа во пракса, цикличните теории на општеството се појавија во периодот на 19 и првата половина на 20 век. Инаку, тие се стари колку и луѓето и системски обликуваните општествени мисли. Авторите на цикличните стојалишта не и погодуваат на главната, светска „меинстрим“ политичка идеологија, а го користат компаративниот метод и прават отклон од доминантниот позитивистички пристап кон општествените појави.

**Клучни зборови:** *циклизам, историја, линеарно и кружно движење, хаос, слободна волја*

## 1. Вовед

...нема ништо ново под сонцето...

Идеите за циклизмот се стари колку и луѓето и системски обликуваните мисли за општественото движење, промени и катастрофи. Во Стариот завет практично се е кажано: „Сите реки течат во морето, а морето сепак не се преполнува. Реките одново се враќаат на своите врутоци и одново го започнуваат својот тек... Она што било, пак ќе биде, и она што се правело, пак ќе се прави, и така, нема ништо ново под сонцето. Има ли нешто за кое би можело да се рече: „Види, ова е ново“? Тоа веќе постои од дамнина. Она што постои, настанало пред нас.“ (Стар завет, Книга Проповедник, Еклизијаст).

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Античката идеја за циклично време ја наоѓаме во ведскиот период во вториот милениум п.н.е. преку хиндуистичкиот концепт на калпа, односно кружното движење на времето - четири југа. Архаичната природа на цикличната идеја е потврдена и во древната кинеска цивилизација која го формирала својот светоглед преку таоизмот, чии корени потекнуваат од бронзеното доба, а чиј натуралистички принцип Тао, како принцип на ритмот на времето и просторот, се обидувал да го долови ритамот на космосот. За Лао Це: „Основното својство на Тао е цикличната природа на неговото континуирано движење и промена“. „Враќањето е движење на Тао“, вели Лао Це, „и да се оди далеку значи да се вратиш“. Идејата е дека сите појави во природата, и оние од физичкиот свет и оние од човечките ситуации, покажуваат циклични обрасци на доаѓање и заминување“ (Цапра, 1989: 123-124).[97]

Во сличен контекст, можеме да ја спомeнеме и подоцнежната месопотамска приказна за падот на Саргон Акадски и древните египетски записи за распадот на Старото Кралство, каде што е направен обид да се долови логиката на колапсот. Така доаѓаме до Античка Грција и фрагментите на Хераклит за ритамот на космичките движења, каде што почетокот и крајот се на исто место на периферијата на кругот. Потоа, доаѓаме до Платоновата определба за времето како слика на вечноста, каде што не се гледа како такво - како минување на времето, или низа настани, туку како неисцрпност, совршенство, а со тоа и - цикличност. Во Аристотеловите циклични концепции за времето, самото време е еден вид круг. Историчарот Полибиј, прави биолошки аналогии на растот, зрелоста и пропаѓањето, со кои ги опишува цивилизациските движења на Картагина и Рим. Затоа, кружното сфаќање на времето отсекогаш го претставувало, не само времето без почеток и крај, туку и бесконечноста како довршување и целосно совршенство.

Оваа незапирливост на космичкиот ритам на кружното движење се задржа до христијанското сфаќање на времето, каде што цикличноста е напуштена како доминантна идеја, за да се нагласи неповторливоста на настаните преку концептот на линеарно време.

[97] Цапра, Тритјоф: Тао физике, Опус, Београд, 1989.

ISSN: 1857-8128

Линеарното, оптимистичко разбирање на движењето на човечкото општество подоцна е усвоено како теорија од новите интелектуални сили на просветителството и рационализмот, со што станува владејачка парадигма во однос на човечката историја. Напуштајќи го концептот на времето како циклично, тоа исто така престанува да биде поврзано со движењето, а фокусот се префрла на човечкото дејствување како центар за разбирање на текот на настаните. Како реакција на поедноставената, механистичка и оптимистичка теорија за линеарна еволуција и неизбежен напредок на човечките општества, кои не се реализираа во пракса, цикличните теории на општеството се појавија во периодот на 19 и првата половина на 20 век. Овие теории ги следат процесите на колапс на човечките општества, стагнација на цивилизациските моќи и исчезнување на културните вредности, кои завршуваат со нивно конечно распаѓање.[98]

Се поставува прашањето - дали има доволно востановени феномени во историјата што би можеле да се опишат со закономерност? Ако историскиот тек не е одреден, туку повеќе или помалку случаен, како што тврди науката денес, како да се објасни изненадувачки редовниот ритам на лични промени на чело на државите од антиката до денес? Зарем природата не воспоставила посебен ред во промените на владетелите на власта и времетраењето, не само на нивното владеење, туку и на нивните животи (Вулиќ, 2019: 4).[99]

## 2. Прашањето за циклично единство на природата (или космосот) и општеството?

Биолозите знаат дека активностите на живите организми се подредени на космичките ритми. Нобеловецот Питер Медавар смета дека: „Општо земено, биолошкиот процес е приказна за циклуси во циклуси во циклуси. Најразбирливите циклуси се, се разбира, космичките [...], а активностите на живите организми се вклопуваат во нив и ја

[98] **Павловић, Никола,** предговор књиге **„Заборављени закони историје“, 2021** https://www.arheofutura.rs/izdavastvo/zaboravljeni-zakoni-istorije-todor-vulic/
[99] Вулиќ, Тодор: Историја као пододељак биологија и физике, 2019.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

прифаќаат брзината на нивниот пулс“ (Медавар, 1986: 21).[100] Според тоа, науката го прифаќа фактот дека природата (или космосот) ги одредува активностите на организмите, ги одредува и предодредува нивните животи. Медавер со право верува дека социологијата е многу посебна и ограничена подгрупа на биологијата... Физичарот Фритјоф Цапра смета дека во секојдневниот живот не сме свесни за единството на сите нешта, туку го делиме светот на изолирани работи и настани (Цапра, 1989: 150).[101] Кинескиот мислител Чен Шун, кој живеел пред околу 1200 години, тврдел дека природата и човечкото општество се во совршено единство. Тој ги вклучува и социјалните настани во законот на природата (Ли): „Ли е природниот и неизбежен закон на настаните и нештата“. Значењето на изразите природно и неизбежно е дека (човечките) работи и (природните) нешта се така направени да точно се вклопуваат. Значењето на зборот закон е дека ова вклопување се случува без и најмал одвишок или недостаток“ (Цапра, 1989: 346). Треба да се спомене Освалд Шпенглер, кој, во оваа смисла, вели: „Сите творби на културата - државата, општеството, моралот, согледувањата и погледите - се производи на природата; сите тие се подложни на истите услови на постоење на кои другите творби подлежат на строг закон: дека ништо не останува и дека сѐ се менува. Едно од најголемите откритија на Хераклит е тоа што тој го забележал овој внатрешен афинитет меѓу културата и природата“ (Вујиќ, 2018: 5).[102]

Користењето аналогии меѓу развојот на општествените ентитети и животниот циклус е соодветно, бидејќи и општествата се живи структури. Ако човекот е и биолошки и социјален факт, одвојувањето на биологијата на човекот од неговата општественост може да се направи само преку неприродно и произволно насилство врз тој факт. Во седумдесеттите години на минатиот век, Едвард Вилсон основа нова научна дисциплина - социобиологија, утврдувајќи дека сите форми на општествено однесување имаат биолошка основа. (Одвојувањето на идентични близнаци и нивното воспитување во

---

[100] Медавар, Питер: Наука о животу, Нолит, Београд, 1986.

[101] Цапра, Тритјоф: Тао физике, Опус, Београд, 1989.

[102] Вујић, Владимир, Предговор: Пропаст Запада I, од Шпенглера, Освалда, Службени гласник, Београд, 2018.

различни општествени средини покажа дека генетскиот состав на една личност ја одредува дури и неговата политичка ориентација). Затоа биологот и нобеловец Питер Медевар вели дека социологијата е само еден вид подсекција на биологијата [...], а биолошкиот процес е приказна за циклуси во циклуси во циклуси. Професорот Питер Турчин за „запчаникот во запчаникот“ вели: „Ајде сега да го набљудуваме „кругот во кругот“ на античкиот Рим“ (Турчин, 2006: 286).[103] Поглавјето од неговата книга од кое е преземен претходниот цитат е насловено „Кругови во кругови: Многуте паѓања на Римската Империја“. Понатаму, како што социологијата е еден вид потсекција на биологијата, така и биологијата е исто така еден вид потсекција на физиката, а циклицизмот - обезбедување непроменливост преку промена - е универзален закон за битствување и опстанок на чие делување е подложно се што постои и опстојува во времето: и живо и неживо, и биологијата на човекот исто како и неговата општественост. Со овој заклучок, принципот на Окам би бил доведен до крајност, па би гласел - што е можно поедноставна теорија и само една (универзална) теорија.

Општетвените науки не го прифаќаат важењето на биолошко-социолошкиот детерминизам во толкувањето на главните причини и обрасци кои стојат зад општествената динамика и развој. Главните научни текови во социлогијата и историјата така резонираат. Сосема на маргините од овие главни текови е теоријата на циклизмот. Верувајќи дека историскиот процес е низа од случајни и непредвидливи настани, историчарите одбиваат сериозно да се занимаваат со една појава која е многу присутна во историите на народите и државите: феноменот на повторување на слични историски настани според стабилно и комплементарно временски ритмови. Некои од нив спомнуваат нешто од таа појава во своите дела, но со задолжителен пропратен коментар, кој веќе во корен ги прави безначајни сопствените или туѓите набљудувања од тој вид. (Вулиќ, 2019: 5).

[103] Турчин, Питер: Рат и мир и рат/ Животни циклуси империјалних нација. ПортаЛибрис, Београд, 2006.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

## 3. Циклични стојалишта

### 3.1. П. Сорокин, А. Тојнби и О. Шпенглер

Авторите кои го застапуваат становиштетот на циклизмот (како „споредна" теорија), пред се П. Сорокин, А. Тојнби и О. Шпенглер, заземаат најмалку простор во книгите што даваат преглед на социолошката теорија, како во социолошките речници. Исклучок е збирката „Вовед во историјата на социологијата" (Барнс, 1982)[104] во која и Сорокин и Тојнби имаат свои посебни глави, додека Шпенглер се споменува како цикличар што ги развил идеите на Зимел за улогата на парите и влијаел на некои германски социолози (Шљукић С, Шљукић М, 2013: 473-474).[105] Причината лежи и во фактот шти сите три автори не и погодуваат на главната, светска „меинстрим" политичка идеологија. Тројцата автори го користат компаративниот метод и прават отклон од доминантниот позитивистички пристап кон општествените појави.

Сорокин подвлекува дека научниците, во обид да воведат поредок во социокултурниот свет кој ни се претставува како „комплексен и неисцрпен хаос од безброј, различни и навидум неповрзани фрагменти", користат две постапки: едната е откривање на „каузално-функционалните формули", а другата „логичко-семантичкиот метод". Суштината на вториот метод (кој го претпочита Сорокин) е во изнаоѓање на „централен принцип" кој ги пробива сите компоненти и ги поврзува како целина; овој „централен принцип на логичка интеграција" треба да се смета за валиден тогаш кога може да издржи логична проверка, но и кога е во согласност со „релевантни факти" (Сорокин, 2002: 19-26).[106] Тој се противи „екстернистичка теорија на промена", инаку доминантна не само во теоријата, туку и во политиката практика, според која причините за промените треба да се бараат меѓу надворешните фактори и ја застапува „иманентната

[104] Barnes, H. E. (1982). *Uvod u istoriju sociologije I-II*. Beograd: BIGZ.
[105] Срђан Шљукић, Марица Шљукић, Цикличне теорије и друштвени сукоби, *Социолошки преглед*, vol. XLVII (2013), no. 4, стр. 473–487, 2013
[106] Sorokin, P. (2002). *Društvena i kulturna dinamika*. Beograd i Podgorica Službeni List i CID.

теорија на социокултурните промени“, што ги става внатрешните фактори во преден план (Сорокин, 2002: 567-570). Како жесток противник на позитивизмот, Шпенглер тврди дека науката за природата е „доцен и минлив феномен, кој припаѓа на есента и зимата на тие големи животни текови и дека живее само неколку века (...) како и дека во текот на тие векови конечно ги исцрпиле нејзините можности (...) Нејзиниот најјасен израз е култот на егзактни науки, дијалектика, докази, искуство, каузалност (...) егзакната наука оди кон самоуништување“ (Шпенглер, 2003а: 512, 571-572). Мртвите форми (природата) можат да се разберат преку математичкиот закон, а живите преку аналогии, и затоа предлага (компаративна) морфологија на светската историја која мора да го разликува органското од механичкото, формата од законот, сликата и симболот од формулата и системот. Човекот не е само дел од природата, туку и дел од историјата, која од природата суштински се разликува, како живото од мртвото, како настанувањето од настанатото. Не е доволно историјата само разумски да се сфати, таа мора да се согледа, а согледувањето е искуствен чин: „Природата треба да се третира научно, а историјата треба да се замислува“ (Шпенглер, 2003а: 35, 151).[107]

### 3.2. Освртот на Хоаким Микел Александар на делото на Деулофеу Торес - „Математика на историјата“

Александар Деулофеу Торес (1903 – 1978) е автор на оригиналната теорија за историскиот циклизам – „Математика на историјата“. Меѓу ретките осврти за оваа теорија е делото на Хоаким Микел под наслов „Математиката на историјата: непознатата теорија на Александар Деулофеу“[108] во кое на самиот почеток авторот поставува неколку прашања кои историчарите по правило ги заобиколуваат во широк лак и во продолжение објаснува зошто оваа теорија за историскиот циклизам е прикриена и исфрлена од науката: „Во моментов е речиси невозможно да се најде некое негово дело во книжарниците. Неговото дело е заборавено дури и во неговата сопствена земја. […]

---

[107] Шпенглер, О. (2003а). *Пропаст Запада*, књига прва. Београд: Утопија.
[108] Miquel, Joaqim: „The Mathematics of History: Alexanre Deulofeu’s Unkown Theory.“ 2012. Imperis, imperis.cat/sites/default/files/pdf/MathematicsOfHistoryUnkwonTheory.pdf.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Неговите предлози се вознемирувачки и не се лесни за прифаќање, бидејќи се чини дека ја ограничуваат човековата слобода. [...] Иако [теоретичарите] се занимаваат со нив долго време, цикличните теории на историјата никогаш не уживале добра репутација. Кога слушаме за цикличната теорија, веднаш помислуваме на повторување на настани [...] мноштво генералности и предрасуди кои мора задолжително да се избркаат. Во овој труд ќе се обидеме да покажеме дека теоријата на Деулофеу се заснова на издржани принципи и има вистинска емпириска основа. Како последица на тоа, може да биде од голема корист за денешната наука. Ова, се разбира, не значи дека не треба да се критикува, менува и ажурира“ (Mikel, 2012: 1).[109] Во продолжение, Микел накратко ги наведува основните начела на теоријата на Деулофеу:

• Сите народи наизменично минуваат меѓу периоди на голема демографска поделба [или фрагментација], со периоди на големо обединување или империјални периоди.

• Периодите на големи поделби траат шест и пол века. Периодите на големо обединување траат десет и пол века. Така, еволутивниот циклус опфаќа седумнаесет века.

• Во текот на овој еволутивен процес, луѓето поминуваат низ совршено дефинирани фази. На крајот од циклусот, тие се во иста положба како на почетокот.

• Еволутивниот циклус ги вклучува сите видови на човекови активности, така што покрај разгледувањето на политичкиот циклус, мора да го земеме предвид и општествениот, уметничкиот, филозофскиот и научниот циклус.

• Сите нации ја следат истата еволуција, но таа напредува или заостанува во зависност од географската положба на секоја земја.

• Не сите народи ја покажуваат истата креативна моќ [во исто време]. Во секој циклус има област со максимален креативен интензитет и од неа тргнува еден циклус до следниот следејќи ги чекорите на целиот процес. Во Европа тоа оди преку Медитеранот од исток кон запад, потоа од Пиринејскиот полуостров до Галија, потоа до Британските

[109] Тодор Вулић: Александар Деулофеу и математика историје, 2021. https://stanjestvari.com/2021/07/12/todor-vulic-aleksandar-deulofeu-i-matematika-istorije/

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

острови, потоа преку германските народи и на крајот стигнува до северните и словенските народи.

• Царските јадра што доведуваат до периоди на големо политичко обединување совршено ги следат биолошките процеси…

• Трансформацијата на општествено-политичките режими не се одвива во согласност со постојан нагорен или надолен тренд, туку со чекори напред и назад“ (Микел, 2012: 6-7).

Заедно со овие постулати, Микел дава и график на циклусот Деулофеу.

Во статијата посветена на овој труд за Микел, Тодор Вулиќ проникливо забележува дека Микел не го забележал односот меѓу времетраењето на двата основни периоди од циклусот на Деулофеу: односот на времетраењето на периодот на големото обединување (10,5 века) и периодот на големите поделби (6,5 века) е (10,5 : 6,5 = 1,61), значи 1,61. Ова е вредноста на односот на времетраењето на целиот циклус (17 века) и периодот на големо обединување (17,0 : 10,5 = 1,61). Во математиката овој однос се нарекува златен пресек или златен пресек (латински: sectio aurea).[110]

### 3.3. Питер Турчин и неговата книга „Војна и мир и војна“

Питер Турчин, професор на Катедрата за екологија и еволутивна биологија на Универзитетот во Конектикат и на Катедрата за математика на истиот универзитет, во својата книга „Војна и мир и војна“, во поднасловот „Животните циклуси на царските нации“, вели дека добрата теорија не е нужно точна теорија: „Всушност ние во науката немаме апсолутно точни терии. Сето научно знаење е привремено и подложно на промени, како што тоа го покажала Ајнштановата теорија која ја собори Њутновата физика“...

Меѓутоа, историчарите (социолозите, политиколозите), со чесни исклучоци, не помислуваат да ја поправат и ажурираат теоријата што се заснова на здрави циклични

[110] Исто, Тодор Вулић

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

принципи и основи. Според Микел, кога историчарите ќе слушнат за цикличната теорија не тераат: „Веднаш да помислиме на повторувањето на настаните [...] на многу општи места и предрасуди“.

Како и другите циличари, Деулофеу забележува присуство на обрасци во историјата: „Делото на Деулофеу беше амбициозен проект во областа на општествените науки, а негов голем придонес е неговата способност да воочи и идентификува обрасци во големата пајакова мрежа на историски факти“ (Микел, 212:15).

Во сето ова, мошне интересен и илустративен е ставот на Хоаким Микел, кој покрај тоа што е искрено импресиониран од цикличната теорија на Деулофеу, истовремено се плаши дека бранејќи ја може да изгледа ненаучен поради општиот одиум што го покажува општествените науки кон цикличноста. Микел, според Вулиќ, во стремежот да биде научен, ја брани цикличноста на Деулофеу со тоа што го негира во неговата суштинска поставеност, па во таа насока вели: „Во теоријата на хаосот прифатено е дека може да се предвидат некои однесувања според некои закони кои делуваат во одредени граници, но надвор од нив тие престануваат да важат.“ Воведувајќи ја теоријата на хаосот во приказната за циклицизмот, според која историскиот тек е цикличен, но само во одредени граници, на своето „релевантно“ прашање - дали е можно циклицизмот во одреден момент да престане да функционира - сугерира дека е можно ? Стим во врска со Микел прашува: „Дали човештвото ќе успее да ги избегне законите кои се чини дека доминираат во неговата иднина?“ (Микел, 2012: 4). И на ова прашање тој дава потврден одговор. Во избегнувањето на законите на историската динамика, според него, важна улога би одиграле два аспекта: „Првото е слободната волја на човекот, која би било невозможно да биде подложена на надворешни закони кои би го условувале нашето однесување одредено со нашата слобода. Вториот аспект е мислењето дека грешките од минатото нема да се повторат“.(Микел, 2012: 29).

Согласно погоре анализираното Вулиќ заклучува: „Значи, според Микел, слободната волја на човекот може да биде посилна од законот? По ова, се поставува прашањето - како тогаш Микел може да зборува афирмативно за математика на историјата

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

на Деулофеу, заснована на закони, според која слободната волја на човекот подлежи на „надворешни закони“? Од друга страна, наспроти претходно реченото, Микел заклучува: „Никој во областа на општествените науки не направил толку многу предвидувања засновани на теорија со толку многу погодоци“. Зарем ова не е доволно добра причина да му се даде кредибилитет“ (Микел, 2012, 36). Затоа Вулиќ се обидува да ги соочи овие противречноти во ставовите на Микел: „Прво, со помош на теоријата на хаосот и слободната волја, на циклусизмот на Деулофеу му се одзема прогностичкиот кредибилитет, а потоа бара да му се даде кредибилитет токму поради големиот број хитови на идните настани?“

Слично на она што Микел ѝ го прави на теоријата на Деулофеу, Арнолд Тојнби го направил на сопствената теорија пред него. Забележувајќи го законски уредениот развој на сите претходни цивилизации, во кои слични фази од тој развоен процес се повторуваат по ист редослед, завршувајќи со колапс на цивилизацијата, Тојнби доаѓа до модерната цивилизација за која го менува ставот: „Божествената искра на креативната моќ е инстинктивна во нас, и ако […] ја запалиме во пламен, тогаш ниту ѕвездите на нивните патишта не можат да ги фрустрираат нашите напори да ја достигнеме целта на човечките аспирации“ (Toynbee, 1971: 267-269 ).

Мора да се нагласи дека американскиот професор Питер Турчин, пред Микел, ја воведува во историјата моментално многу популарната математичка теорија на хаосот, па вели: „Од науката на нелинеарната динамика познато е дека повеќе совршени циклични повторувања можат во одредени комбинации да произведат нециклична динамика – со други зборови хаос [...] Во хаотичниот систем незначителна активност на еден о неговите елементи – човечко суштество кои делува со слободна волја – може да има несогледливи [...] Динамиката на на вистинските човечки општества не може да се предвиди долгорочно поради хаотичното однесување, слободната волја и природните катастрофи“ (Турчин, 2006: 11). Вулиќ, за ова, со право зебележува дека: „Да потсетиме дека овој цитат за хаотичното однесување на човечките општества е преземен од книгата на Турчин, со поднаслов: „Животните циклуси на царските нации“? Тврдејќи го она што го тврди,

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Турчин не ни дава показатели по кои би ги препознале историските периоди во кои функционирал циклицизмот, и периодите во кои историскиот тек бил хаотичен? Напротив, тој во својата книга упорно зборува за циклуси и ги покажува овие циклуси во процесот на развој на царските народи? Турчин, вели: „Историјата има својствен ритам што ги принудува општествата наизменично да минуваат низ секуларни (вековни) периоди на просперитет и криза. И таквите секуларни циклуси не се единствени само за европската историја - можеме да ги набљудуваме во сите аграрни општества“ (Турчин, 2006: 207). Значи, од човечките општества кои „се однесуваат хаотично“, дојдовме до историскиот ритам што ги тера истите овие општества да минуваат низ периоди на просперитет и криза на цикличен и редовен начин?[111]

Во дезинтегративните фази на секуларните циклуси, и само во нив, дејствува друга сила - социјалната психологија. Тој ги објаснува циклусите на „татковци и синови“ со социјалната психологија: „Граѓанските војни имаат тенденција да прескокнат една генерација - децата на револуционерите сакаат да избегнуваат немири по секоја цена, но внуците се подготвени да ги повторат грешките на нивните дедовци.“ (Турчин, 2006: 285).

Ако се додаде асабијата (способност на општеството да дејствува заедно) Турчин разликува и повеќе типови циклуси. Покрај веќе споменатите краткотрајни циклуси на „татковци и деца“ и долготрајни секуларни циклуси, тој ги дефинира и најдолготрајните асабиски циклуси. Бидејќи пократките циклуси се случуваат во подолгите: „Динамиката на царските подеми и падови е затоа како механизам со запчаник во запчаник“ (Турчин, 2006: 285). Но, Турчин не го вклучува во тој „механизам“ и неговите запчаници и она со што почна - хаотичното однесување, слободната волја и катастрофите, поради кои, како што рече, динамиката на човечките општества е невозможно долгорочно да се предвиди. Ако тие фактори толку силно, дури и решително, влијаат на историската динамика, дали тогаш тие можат да бидат исклучени од „механизмот на царски подеми и падови?“ Уште во 14 век, Вилијам Окам посочил научен принцип (Окамов жилет), кој гласи - што е можно поедноставна теорија и што е можно помалку теории. Принципот налага дека

[111] Исто, Тодор Вулиќ

објаснувањето на која било појава треба да следи со што е можно помалку претпоставки - по можност само една. Турчин, при претставувањето на својата теорија, ги наведува како активни силите на историската динамика: хаотичното однесување, слободната волја, катастрофите, асаби, демографијата, нерамнотежата меѓу народот и елитата, социјалната психологија...[112] Нели, токму поради овој недостаток на јасна идеја теоретичарите, почнувајќи од 19 век, го дефинираа како активна сила која ја обликува и насочува историската динамика следново: Апсолутен дух (Хегел), Иманентна волја (Шопенхауер), класна борба (Маркс), големите луѓе (Карлајл), постојаниот раст на човечкото знаење (Попер), развојот на науката и особено технологијата (Фукујама), јамката за повратни информации меѓу науката, империјата и капиталот (Харари)... и уште многу друго, вклучувајќи ги Турчиновите фактори. Согласно сето ова Вулиќ прашува дали и само ова површно набројување на активни сили не е доволен доказ дека општествените науки денес не знаат што ја обликува и насочува историјата...

Микел се повикува на Џозеф Тејнтер и неговата критика на цикличарите (Шпенглер, Тојнби, Ибн Калдун...) и со тоа до аналогиите на развојот на социјалните и биолошките организми: „Со право вели дека аргументите обезбедени од повеќето цикличари се засновани на мистични фактори. [...] Да се објаснува еволуцијата на империите само со мистични метафори (младост, зрелост, опаѓање) не е никако убедувачко (Микел 2012: 27). Затоа, според Тејнтер и Микел, аналогијата во развојот на општествениот организам (да речеме, империја) со развојот на биолошките организми е неверодостојна бидејќи е мистична. Сепак, според Микел, тоа не се однесува на цикличноста на Деулофеу: „Точно е дека Деулофеу ги користи термините опаѓање, исполнетост, младост, кои се типични за цикличните теории, но точно е и дека тој секогаш ја објаснува внатрешната тенденција со која овие општества се развиваат како што се развиваат.“ (Микел, 2012: 27).

[112] Исто, Тодор Вулиќ

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

### 3.4. Некои историски повторувања – монографијата Константин XI: Бесмртниот император“ од Доналд Никол

Во својата монографија за последниот византиски император, „Константин XI: Бесмртниот император“, Доналд Никол пишува и за првиот патријарх на Константинопол по падот на овој град од Турците, Генадиј.[113] Патријархот им докажувал на своите современици дека самата промисла одиграла најголема улога во освојувањето на римската престолнина: „Тој забележал дека христијанската империја на Рим започнала со царот Константин и неговата мајка Елена, а завршила со Константин, синот на Елена, кој бил убиен за време на освојувањето на неговиот град. Меѓу првиот и последниот Константин немало ниту еден цар со тоа име чија мајка се викала Елена. Генадиј понатаму забележува дека првиот патријарх на Константинопол, во времето на Константин I, се викал Митрофан, а така се викал и последниот патријарх... Меѓу првиот и последниот цариградски патријарх немало друг патријарх со име Митрофан“. Цитирајќи ги другите современици, кои забележале исти коинциденции, Никол заклучува: „Освен ако Бог навистина не договорил тоа да се случи... оваа случајност, поврзана со имињата на првиот и последниот император и нивните мајки, секако е од типот што особено ја сакаат педантните антиквари“. Од ист тип е и „случајното“ совпаѓање на имињата на основачот на Рим, Ромул, и последниот владетел на Западното Римско Царство, Ромул (Августул). Меѓу првиот и последниот Ромул, ниту еден друг владетел на Стариот Рим не го носел ова име. Тривековното владеење на Романови над Руската империја започнало во 1613 година од Михаил I, а завршило во 1917 година, „случајно“, со еднодневното владеење на Михаил II... Јакоб Буркхарт во неговото капитално дело: „Доба на Константин Велики“, на едно место ја забележува соодветноста на навлегувањето на Константиновите трупи од Галија во Италија на почетокот на четвртиот век, со навлегувањето на наполеоновите трупи од Франција во Италија, петнаесет века подоцна. Буркхарт вели: „Ако таа (Константинова) војна не беше пофалена од такви сомнителни писатели, можеби ќе се

[113] Donald Nikol:Besmrtni car. Klio – Glas srpski, Beograd – Banja Luka, 1997, str. 92-94.

споредеше со италијанската кампања на младиот Наполеон Бонапарта, кога некои битки се водеа на истите места". Освојувањето на Суза со јуриш, битката кај Торино... упадот во Милано, коњаничката битка кај Бреша, сето тоа е слично на походот на Наполеон во 1796 година. Тешката битка на Константин за освојување на Верона може да се спореди со освојувањето на Мантова. Но, и непријателите на Константин се достојни за споредба со противниците на Наполеон. Тие се бореле храбро и упорно и не преминале на (противничката) страна..."[114] Значи, овие два историски настани „можеби" би биле слични по содржина, доколку „толку сомнителни писатели" не пишувале за првиот.[115]

### 3.5. Анатолиј Фоменко и неговата „Статистичка хронологија – математички поглед на историјата

Рускиот математичар Анатолиј Фоменко во својата книга „Статистичка хронологија – математички поглед на историјата" користејќи оригинален статистички метод, наоѓа голем број повторени историски настани и серија владетели со соодветни биографии. Објаснувањето за сето ова често повторување во детали за антички и средновековни историски приказни, Фоменко открил во „фалсификаторската" дејност на основачот на современата научна хронологија, Јосиф Скалигери (1540 – 1609). Еден од доказите на Скалигериевата вина е „фактот" дека после него не се случува копирање на историски настани? Овие паралели Фоменко ги нашол во биографиите на Константин Велики и неговиот претходник Октавијан Август? Почетното име на двајцата било Гај. Октавијан бил победник на вториот триумвират, а Константин победник на втората тетрархија. Во поморската битка кај Актиум, Октавијан целосно го победил својот последен противник Антонио. Во поморската битка кај Адријанопол, и Константин конечно го скршил неговиот последен конкурент Лициниус. Победата на Октавијан заврши периодот на граѓански војни во историјата на Рим. Победата на Константин, исто така, стави крај на периодот на граѓански војни во историјата на Рим. Антониј, кого

[114] Jakob Burkhart: *Doba Konstantina Velikog*. Izdavačka knjižarnica Zorana Stojanovića, Novi Sad, 2006, str. 315-316.
[115] Вулиќ, Тодор, Поновљена историја,

Октавијан го поразил, на почетокот бил близок пријател и господар на Октавијан, а потоа и неговиот смртен непријател. Поразениот Ликиниј бил близок пријател и владетел на Константин, а потоа непријателот. Октавијан Август бил прогласен за „светец". Константин исто така бил прогласен за светец и рамноправен на апостолите. Август ги концентрирал сите важни функции во свои раце - воени, цивилни и верски властите, како и Константин. „Во времето на Август, Рим се промени од град на дрво и тули во град од мермер", а во времето на Константин бил изграден Нов Рим (Константинопол) како „камена престолнина" (Рим се „променил" по невидената плачкосување на Египет, по поразот врз Антониј (пред тоа Јулиј Цезар) и Клеопатра VII, и згаснувањето на лозата на Птоломеите, чиј последен претставник е Клеопатра (VII Теа Филопатор) м.з.)... Октавијан бил одличен законодавец. Тој воведе нови закони и ги обнови претходните кодекси. Константин го направи истото...итн. Во анализата на Фоменко, сѐ е подредено на биографските сличности на двајца различни владетели историски периоди. Врз основа на овие паралели, биле формирани паралелни серии на биографски близнаци. Временскиот распон помеѓу двојното владеење на овие секвенци често варира за неколку декади.

### 3.6. Рене Генон и неговата збирка трудови „Мрачно доба"

Накратко и за ставовите за циклизмот на француският метафизичар Рене Генон изнесени во неговата збирка трудови „Мрачно доба". Прва каратеристика која Генон ја наведува се однесува за времето: „Вистината е дека времето не е нешто што се одвива рамномерно, и затоа неговото геометриско претставување со права линија, како што обично го сметаат современите математичари, со прекумерно поедноставување дава само една целосно расипана идеја за тоа... Вистинското претставување на времето е она што го обезбедува традиционалната концепција на циклусот, концепција која, се разбира, во суштина е концепција на обележано време" (Генон, 2008: 37).

Друга важна особина на манвантара е: „надолната насока на циклусот, ако тој се разгледува како хронолошки израз на еден процес на појавност кој подразбира постепено отстапување од принципот [од кој потекнува] (Генон, 2008: 39). Така, насоката на

циклусот од „супериорно до инфериорно“ е целосно спротивна на модерната идеја за „напредок“ во историјата. Во ова циклично движење, постои само прогресивна „материјализација“, бидејќи движењето започнува од доба чиј израз е во чиста духовност. Со текот на времето, светот, поради духовната регресија и материјалната прогресија, станува деспиритуализиран и неспособен да знае нешто надвор од материјалната реалност. Затоа знаењето и вистините на златното доба на духовноста, чувани под превезите на митовите и легендите, денес се доживуваат како „бајки“ на архаичните луѓе.

Третото суштинско својство на оваа доктрина е следново: „Бидејќи надолното движење на појавноста и, следствено на тоа, движењето на циклусот чиј израз го претставува, се врши од позитивниот или суштинскиот пол на постоењето кон неговиот негативен или супстанцијален пол, од него произлегува дека сите работи мора да примат сѐ помалку и помалку квалитативен вид, а се повеќе и повеќе квантитативен; и затоа последниот период од циклусот мора особено... да се потврди како правило на квантитетот. На крајот на краиштата, кога велиме дека мора да биде така за сите нешта, не мислиме само на начинот на кој тие биле разгледувани од гледна точка на човекот, туку мислиме и на вистинска промена на самата средина. Секој период од историјата на човештвото кој одговарал на точно еден конкретен космички момент, нужно морал да поседува постојана усогласеност меѓу состојбата на самиот свет, или она што се нарекува природа во најобична смисла на [тој] збор... и состојбата на човештвото чие постоење очигледно е условено од таа средина“ (Генон, 2008: 39-40).

За крај можеме да се потсетиме со една мисла на Генон: „Можеме да забележиме дека многу работи кои сега се сметаат за неверојатни, за старите тоа не биле и не мора повеќе да бидат [ниту] за оние кои, со ветувањето за одредени традиционални сознанија, имаат зачувано концепти кои овозможуваат реконструкција на сликата за изгубениот свет, впрочем исто како да се предвиди во главни црти каква ќе биде сликата на идниот свет, бидејќи поради самата цикличност  на законите кои управуваат со појавното, минатото и иднината се исто така поврзани, така што... таквите предвидувања, всушност, немаат ни

најмал пророчки карактер, туку целосно почиваат на она што го нарековме квалитативни определби на времето“ (Генон, 2008 г. : 40).

## 4. Заклучок

Историскиот циклизам е слоевита матрица на повторувања, кружно-спирални, кои се одвиваат во различни временски циклуси за различни народи (посложени општествено-државни формации и помали ентитети), со холограмска структура на запчаник во запчаник; повторувачки процеси на събития и настани кои можат да бидат драматични, (но и со фарсични фази и меѓуфази), спирални процеси кои започнуваат со растеж, водат кон зрелост и завршуваат со опаѓање, на конструкција и деконструкција, со фрекфенција на движење напред-назад, а опфаќаат спектар на области (персонално-политички, економско-социјални, културолошки и други) кои го сочинуваат историскиот тоталитет на едно време и чинителите во него. Слободната волја, општествениот хаос и катастрофите влијаат на циклусите, но не го спречуваат нивниот тек.

Главните текови на научните доктрини често не знаат да го издржат тестот на времето и биваат заменети со нови. Научното клише знае да стане препрека за сеопфатен истражувачки пристап.

Останува клучното прашање што го поставува и Микел - дали „општествените науки и историјата можат да ги надминат своите стари ограничувања и да станат вистински науки“. Како еден вид заклучок во заклучок би ја навеле следнава негова констатација: „Напредокот во општествените науки бара отворена дискусија без предрасуди. Споредувањето на општествата со животниот циклус, дури и да се употребува како метафора, крие многу повеќе сличности отколку што тоа можеле да си го замислат оние кои тоа го сториле прв пат или оние кои подоцна ги критикувале. Теоријата на сложеност учи дека преку комбинацијата ба основните делови се појавуваат нови структури. Структурите користат енергија и деловите мора да се заменат. Всушност, ова им се случува и на општествата. Општествата се живи структури. (Микел, 2012: 35-36)

Маргинализацијата на цикличната социјална теорија во мејнстрим научниот дискурс не се должи на надминатоста и несоодветноста на овие идеи, во смисла на разбирање на современиот свет и идните настани, туку затоа што тие се во директна спротивност со владејачката научно-вредносна парадигма, во која доминираат идеите за прогресивистичкото движење на човечката историја и слепата верба во технологијата и политичките иделогии кои стојат зад неа. Прогресивното, линеарно гледање на историјата сака целата општествена реалност да ја сведе на технологија. Технолошкиот напредок е очигледен факт и низ човечката историја постојано се појавува нешто ново, но сепак ова ново е трајно врзано за старите архетипски обрасци. Сведувајќи ја општествената реалност на технологија, таа всушност води кон затворање во една парадигма, што неизбежно води до стагнација на знаењето.

Многумина се повикани, а малку се одбрани. Научните откритија може да служат и за напредок, но и за разорувања и цивилизациски колапси. Знаењата се јавни, но и скриени. Цивилизацискиот напредок не може да се измери само линеарно. Потребни се повеќе „мерни единици“. Оптимизмот на линеарното општествено движење и напредок историјата многупати го демантирала.

## Користена литература

[1] Вујић, Владимир, Предговор: Пропаст Запада I, од Шпенглера, Освалда, Службени гласник, Београд, 2018.

[2] Вулиќ, Тодор: Историја као пододељак биологија и физике, 2019. https://www.arheofutura.rs/clanci/najnovije/istorija-kao-pododeljak-biologije-i-fizike/

[3] Barnes, H. E. (1982). *Uvod u istoriju sociologije I-II*. Beograd: BIGZ.

[4] Constantini, Anthony J. *What Happens When the Third Rome Falls*? 2022. https://www.theamericanconservative.com/what-happens-when-the-third-rome-falls/

[5] Генон, Рене: *Мрачно доба*, Градац К [etc.], Чачак [etc.], 2008.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

**International Journal of Recent Research in Arts and Sciences**

**ISSN: 1857-8128**

[6] Kaurin, D. (2007). Ciklične teorije društvenih promena – Špengler i Tojnbi. *Sociologija*, vol. 49, no.4, str 289-312.

[7] *Collins Dictionary of Sociology* (1995). Edited by David and Julia Jary. Glasgow: HarperCollins

[8] Publisher. Coser, L. (1977). *Master of Sociological Thought: Ideas in historical and Social Context*. New York: Harcourt Brace Jovanovich.

[9] Lalman, M. (2004). *Istorija socioloških ideja I i II*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

[10] Lipsky, W. E. (1976). Comparative Approaches to the Study of Revolution: A Historiographic Essay.

[11] *The Review of Politics* Vol. 38, No. 4, pp. 494-509.

[12] *Oxford Dictionary of Sociology* (1998). Edited by G. Marshall. Oxford University Press.

[13] Медавар, Питер: Наука о животу, Нолит, Београд, 1986.

[14] Miquel, Joaqim: „The Mathematics of History: Alexanre Deulofeu's Unkown Theory." 2012.

[15] Накарада, Р. (2011). Путеви помирења. Годишњак Факултета политичких наука Универзитета у Београду, бр. 5. стр. 361-376.

[16] Popović M, Ranković M. (1981). *Teorije i problemi društvenog razvoja*. Beograd: BIGZ.

[17] Ramsbotham O, Woodhouse T, Miall H. (2005). *Contemporary Conflict Resolution*. Cambridge: Polity Press.

[18] Ricer, Dž. (2009). *Savremena sociološka teorija i njeni klasični koreni*. Београд: Службени Гласник.

[19] Simmel, G. (1904). Sociology of Conflict I, II. *American Journal of Sociology*. Vol. 9. No. 4, 5. pp.490-525, 872-689.

[20] Сорокин, П. (1932). *Социологија. Савремени правци и теорије*, књига прва. Београд: Издавачка књижарница Геце Кона.

ISSN: 1857-8128

[21] Sorokin, P. (1938). A Neglected Factor of War. *American Sociological Review*. Vol. 3. No. 4. pp. 475-486.

*[22]* Sorokin, P. (1944). The Conditions and Prospects for a World Without War. *The American Journal of Sociology*. Vol. 49. No. 5. pp 441-449.

[23] Sorokin, P. (2002). *Društvena i kulturna dinamika*. Beograd i Podgorica Službeni List i CID.

[24] *Sociološki leksikon* (1982). Glavni redaktori R. Lukić i M. Pečujlić. Beograd: SAVREMENA ADMINISTRACIJA.

[25] *Sociološki rečnik* (2007). Priredili A. Mimica i M. Bogdanović. Beograd: Zavod za udžbenike.

[26] Spengler, O. (1920). *Prussianism and Socialism.* <http://home.alphalink.com.au/~radnat/spengler/prussianism.html> 8.5.2013.

[27] Spengler, O. (1936). Is World Peace Possible? *Cosmopolitan* January 1936. <http://home. alphalink.com.au/radnat/spengler/worldpeace.htm> 8.5.2013.

[28] Toynbee, A. (1961). Islam’s Place in History. From *A Study of History,* Vol. XII, Oxford University Press. <www.globalwebpost.com/farookm/study_res/islam_misund_toynbee.html> 8.5.2013.

[29] Тојнби, А. (2002). *Проучавање историје*. Београд и Подгорица: ЈП „Службени лист СРЈ“ и ЦИД.

[30] Турчин, Питер: Рат и мир и рат/ Животни циклуси империјалних нација. ПортаЛибрис, Београд, 2006.

[31] Цапра, Тритјоф: Тао физике, Опус, Београд, 1989.

[32] Срђан Шљукић, Марица Шљукић, Цикличне теорије и друштвени сукоби, *Социолошки преглед*, vol. XLVII (2013), no. 4, стр. 473–487, 2013

[33] Шпенглер, О. (2003а). *Пропаст Запада*, књига прва. Београд: Утопија.

[34] Шпенглер, О. (2003б). *Пропаст Запада*, књига друга. Београд: Утопија.